РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Број 1356

Скопје, 1 јули 2026 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Уредник на издавачката дејност на УКИМ:
проф. д-р Биљана Ангелова, ректор

Уредник на Билтенот:
Илија Богоевски

Лектор:
Весна Илиевска-Цветановска

Техничко уредување:
Зоран Кордоски

СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1356 ОД 1 ЈУЛИ 2026 ГОДИНА

АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област архитектонско проектирање, на Архитектонскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Александар Петановски**).....6-22
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област архитектонско инженерство, на Архитектонскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Марија Петрова**).....23-43
3. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања за група предмети во наставно-научната област: историја на архитектура и уметност (2.01.02.05) на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност на Архитектонскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Михајло Стојановски**).....44-58
4. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Димитар Крстески**).....59-72

ГРАДЕЖЕН ФАКУЛ ТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област 2.01.01.02 – конструкции, на Градежниот факултет во Скопје (**д-р Дејан Јанев**).....73-88
2. Рецензија на ракописот **Информациско моделирање на градби (БИМ): концепти, технологии и примена** од авторот **проф. д-р Сергеј Чурилов**.....89-95
3. Рецензија на ракописот **Земјотресно инженерство** од авторите: **Елена Џумова- Јованоска** и **Кристина Милкова**.....96-101
4. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Дарко Димитровски, Виктор Кукутанов, Марија Поповска, Семир Бајрами, Игор Димитровски, Горјана Мицевска, Изабела Устијаноска, Марко Мутавџиќ, Никола Стоев, Шабан Нуредини, Марија Николиќ, Младен Илиевски, Симона Јаковлевска, Арбнора Ахмеди, Крсте Митров**).....102-103
5. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Анастасија Михајловска, Ален Адровиќ, Душко Грозданов, Никола Тасевски, Сашо Цветановски, Бети Крстева, Сашка Митевска, Марија Стојменовска, Ељмир Мустафаи, Артан Синани, Филип Милески, Зоран Николовски, Анастасија Крстевски, Катерина Велкова**).....104-105

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**Арбана Селими, Миланка Димовска**).....106

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и кардиологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**вонр. проф. д-р Јорго Костов**).....107-128
2. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и кардиологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**вонр. проф. Емилија Антова**).....129-154

3. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: фармакологија и клиничка фармакологија и токсикологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**н. сов. д-р Емилија Атанасовска**).....155-181
4. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања по предметите од научните области: фармакологија и клиничка фармакологија и токсикологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**насл. вонр. проф. д-р Кристина Павловска**).....182-202
5. Реферат за избор на два асистента по предметот Гинекологија и акушерство, на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Весна Чибишева Чалоска, ас. д-р Влатко Ѓиревски**).....203-212
6. Рецензија на ракопис **Health Promotion – Textbook** од авторите: **проф. д-р Фимка Тозија, в. н. сор. д-р Данче Гудева Никовска, д-р Александра Стаменова, ас. д-р Моника Стојчевска** и **д-р Иван Панговски**.....213-217
7. Рецензија на ракопис **Рехабилитација во кардиологијата и пулмологијата**, од група автори.....218-223

ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

1. Реферат за избор на асистент по предмети од областите музички уметности и науки на македонски наставен јазик, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје (**ас. м-р Билјана Весковска**).....224-234
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Поврзувањето помеѓу социолошките и педагошките фактори во воспитно-образовните постигнувања на учениците од прво до петто одделение во Република Косово** од **м-р Мевлуде Сула**, пријавена на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.....235-250

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Парламентите како чинители (агенси) на политичка социјализација: улогата на нивните едукативни програми во обликувањето на демократската политичка култура кај младите (Parliaments as Agents of Political Socialization: the Role of the Educational Programmes in Shaping Democratic political culture among Youth)** од **м-р Томе Гушев**, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.....251-256
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Ана Марија Михаилова**).....257

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Исправка на техничка грешка Во Рефератот за избор на **м-р Славица Тофиловска Камишевска** во звањето асистент, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1354 од 1.6.2026 година.....258

ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

1. Рецензија за за оцена на докторската **Алтернативи на месо од растително потекло – технолошки процес, значење и идна визија** од **Ернеса Горчај**, поднесена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.....259-265

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Реферат за избор на асистент по предметите од наставно-научната област електроника, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**м-р Марко Камиловски**).....266-270

2. Реферат за избор на асистент по предметите од наставно-научната област системско инженерство, автоматика и роботика, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**м-р Благој Христов**).....271-275
3. Реферат за избор на асистент по предметите од наставно-научната област електромагнетика, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**м-р Бојан Глушица**).....276-281
4. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Развој на напредни алгоритми за управување на хибридни CNC-машини и нивна имплементација на вградлив систем со ограничени ресурси** од **м-р Никола Јовановски**, пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.....282-287

ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ
1. Рецензија оцена на докторската дисертација **Влијанието на физичката активност и седентарното однесување врз моторната компетенција кај децата од 6 до 8-годишна возраст** од **м-р Мартин Андоновски**, пријавена на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје.....288-293

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Граѓанското содружништво во социјалните политики во Македонија** од **м-р Андон Танас Дамовски**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....294-306
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Ментор Сулејмани**).....307
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ирена Лозановска Панчевска, Симона Петровски, Јулија Пановска, Надица Банишка**).....308

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“
1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Петрит Читаку, м-р Бесарта Даути Рамадани, м-р Зијад Шабани**).....309
2. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Јованка Пачовска**).....310

ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА
1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Иво Достиновски**).....311

ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА
1. Реферат за избор на истражувач во научното звање научен соработник/доцент во Одделението за македонска народна литература, при Институтот за македонска литература во Скопје (**д-р Жарко Иванов**).....312-325
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Цариградските топоси и македонската културна преродба** од **м-р Марина Цветаноска**, пријавена на Институтот за македонска литература во Скопје.....326-334

ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“
1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**М-р Сузана Мицева**).....335

Прилоī бр. 2

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 5.6.2026 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област архитектонско проектирање (2.01.02.01), на Институтот за проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 08-6/121, донесена на 31. седница одржана на 16.6.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Саша Тасиќ, редовен професор на Архитектонскиот факултет, д-р Минас Бакалчев, редовен професор на Архитектонскиот факултет и д-р Зорица Блажевска, редовен професор на Архитектонскиот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област архитектонско проектирање (2.01.02.01), во предвидениот рок се пријави ас. д-р Александар Петановски.

1. Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Александар Петановски е роден на 1.8.1989 во Скопје. Средно образование завршил во гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во Скопје, во 2008 година. Со високо образование се стекнал на Архитектонскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што завршил интегрирани петгодишни академски студии од прв и втор циклус, со просечен успех 8,06. Во 2013, магистрирал на Архитектонскиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Минас Бакалчев на тема: „Инцизија: *“Инцизија; Рассекување како тактика на поврзување на станбените фрагменти на градот Скопје”*, со што се стекнал со звањето магистер инженер архитект.

Кандидатот активно се служи со англиски јазик, ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа – CERF издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во 2021 се запишал на трет циклус (докторски) студии по архитектура и урбанизам на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршил со просечен успех 10,00.

Докторската дисертација ја работел под менторство на проф. д-р Саша Тасиќ на тема: *Коегзистирачки модели на домување во град. Типо-морфолошка и социолошка анализа на Градскиот sug и на избрани примери од допирните станбени зони (Студија на случај: Скопје XX/XXI)* и ја одбранил на 18.5.2026 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Минас Бакалчев (претседател), проф. д-р Зорица Блажевска, проф. д-р Влатко Коробар, проф. д-р Митко Хаџи Пуља и проф. д-р Саша Тасиќ (ментор). Со тоа се стекнал со звањето доктор на технички науки од областа на архитектурата и урбанизмот.

Од 31.12.2020 година, кандидатот е вработен на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што бил избран во соработничко звање – асистент на Институтот за проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, со реферат за избор објавен во Билтенот бр. 1228 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 15.12.2020 година.

Во 2023 година е избран по втор пат во соработничко звање – асистент на Институтот за проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, со реферат за избор објавен во Билтенот бр. 1296 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 1.12.2023 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1228

(15.12.2020) и Билтен бр.1296 (1.12.2023), како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Архитектонскиот факултет во Скопје, при УКИМ, кандидатот д-р Александар Петановски, во периодот од академската 2020/2021 до 2025/2026 година, континуирано учествува во наставата по предметите Архитектонско студио V, Архитектонско студио VI, Архитектонско студио VII, Архитектонско студио VIII и Архитектонско студио IX на прв и втор циклус студии.

Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

Д-р Александар Петановски, како автор и коавтор, има објавено вкупно 6 научни труда, објавени во меѓународни списанија и зборници од меѓународни конференции, каде што членовите на научниот комитет се од најмалку три земји. Од приложените научни трудови, 3 се објавени во меѓународни научни списанија и 3 во зборник од меѓународен научен собир.

Кандидатот д-р Александар Петановски активно е вклучен во стручно-уметничката работа, во која има реализирано и јавно претставено значаен број на архитектонски дела, од кои се издвојуваат: учество како кокуратор на светска архитектонска манифестација за Национално претставување на Република Македонија на 18. Меѓународна архитектонска изложба La Biannale Di Venezia, “Stories from the summer school of architecture in the St. Joakim Osogovski monastery 1992-2017”, Scuola dei Laneri, Venice, 2023 година, учество на интернационалната архитектонска изложба 7th BALKAN ARCHITECTURAL BIENNALE 2023 година, „New Bauhaus on Balkan“, локација Белград, Србија, 2025 година, изложба по повод наградата „Андреа Дамјанов” на проф. д-р Зорица Блажевска, ААМ, Скопје, 2023 година, учество на Биенале на македонската архитектура (БИМАС), 2014, 2016, 2018, 2025 година, како и учество на Голема годишна награда за архитектура во 2016 година.

Коавтор е на 4 изведени архитектонски дела, меѓу кои се истакнуваат: „Тренинг центар на ФК Вардар“, локација Хиподром ,Скопје, инвеститор: ФК Вардар (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, А. Петановски, Г. Петров), 2015 година и „Куќа за четири домаќинства“, локација: Скопје (автори: А. Петановски, Г. Петров), 2023 година.

Во рамките на професионалната дејност, кандидатот е добитник на (9) наградени архитектонски конкурсни решенија како дел од поширок тим, вклучувајќи 3 први награди, 2 втори награди, 2 трети награди и 2 откупа. Учествува во 14 архитектонски конкурси, интернационални и домашни, од кои се истакнуваат наградените: наградено учество на архитектонско-урбанистички конкурс за „Повеќенаменска Спортска сала“, локација: Градски парк, Скопје, инвеститор: о. Центар (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, Г.Петров, А.Петановски, М.Петрова), 2017 год., трета награда, наградено учество на конкурс за идеен архитектонски проект за „Библиотека во Велес“, локација: Велес, инвеститор: О. Велес, (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, А. Петановски, Г. Петров, М. Петрова), 2018 година, прва награда, наградено учество на архитектонско-урбанистички конкурс: „Детска градинка во населба Аеродром“ (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, М. Петрова, А. Петановски, Г. Петров, Д. Крстески), трета награда, 2022 година, и наградено учество на архитектонско-урбанистички конкурс: „Партерно и хортикултурно уредување на парк, Чаир“ (автори: М. Бакалчев, С.Тасиќ, М. Петрова, Г. Петров, А. Петановски, И. Божиновска, С. Бениќ, А. Вејселовски), прва награда, 2025 година.

Називите на трудовите, проектите и другите активности се наведени во табелата во Образец 1 и Образец 2, согласно со член 3 од Анекс 1 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Александар Петановски активно е вклучен во стручно-апликативната работа во делот на архитектонското проектирање, доминантно од областа на домувањето, како учество во изработка на идејни архитектонски проекти (10), како учесник/соработник на главни проекти (10) и проекти за ентериер (13).

Во рамките на професионалната дејност, кандидатот е добитник на Големата годишна награда за архитектура во 2015 година, со реализираниот објект „Тренинг центар на ФК Вардар“, локација Хиподром, Скопје, инвеститор: ФК Вардар (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, А. Петановски, Г. Петров).

Покрај стручно-апликативната дејност, активно е вклучен и во дејности од поширок интерес за професијата и научната заедница. Кандидатот д-р Александар Петановски учествува како заменик-одговорен уредник за архитектура во меѓународното научно списание „South East Journal of Architecture and Design“ - (SEJAAD), (eISSN: 1857-9353, DOI: 10.3889/seejad.

Во рамки на професионалното и научното усовршување, тој реализирал студиски престој на Università Iuav di Venezia, Scuola di Dottorato in Culture del Progetto, (Prof. Arch. Armando Dal Fabbro), 15 – 23.5.2023.

Називите на проектите и другите активности се наведени во табелата во Образец 2, согласно со член 4 од Анекс 1 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Александар Петановски, во континуитет, добивал позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на ас. д-р Александар Петановски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот во наставната, научноистражувачката и високостручната дејност, со сигурност може да се констатира дека ас. д-р Александар Петановски успешно го продолжува својот академски и професионален развој. Сериозноста, одговорноста, аналитичноста, продлабочениот пристап и креативноста што ги демонстрира во својата работа претставуваат трајни обележја на неговото академско созревање и професионално дејствување.

Досега постигнатите резултати, како и постојано присутниот стремеж кон учење, истражување и стекнување нови знаења, претставуваат јасен показател за неговиот исклучителен потенцијал и капацитет за натамошен развој во наставно-научната кариера. Посветеноста и одговорниот пристап кон наставниот процес, препознаени и високо вреднувани од студентите и колегите, резултираат со квалитетна, современа и инспиративна настава.

Паралелно со тоа, благодарение на својата трудољубивост, аналитичност и нескриен копнеж за учење, истражување и споделување на архитектурата, кандидатот зад себе остава значаен корпус на проектантски и градителски остварувања, со што ја потврдува својата стручна компетентност и професионална зрелост.

Имајќи го предвид сето наведено, Комисијата оценува дека ас. д-р Александар Петановски во целост ги исполнува законските и подзаконските услови за избор во наставно-научното звање доцент и со уверување му предлага на Наставно-научниот совет да го избере во звањето доцент во научната област архитектонско проектирање (2.01.02.01).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, ас. д-р Александар Петановски да биде избран во звањето **доцент** во научната област архитектонско проектирање (2.01.02.01).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Саша Тасиќ, претседател, с.р.
Проф. д-р Минас Бакалчев, член, с.р.
Проф. д-р Зорица Блажевска, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Александар Зоранчо Петановски
Институција: Архитектонски факултет – Скопје, Институт за архитектонско проектирање
Научна област: архитектонско проектирање

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	**Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *** Просечниот успех изнесува 8,06 за интегрираните студии.	ДА
2	**Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира** Назив на научната област: *архитектонско проектирање*. Научно поле: *градежништво*. Научно потполе: *архитектура*. Научно подрачје: *инженерство и технологија*. Просечен успех за трет циклус студии: 10,00 (Архитектонски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје).	ДА
3	**Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор**	ДА
3.1	**Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** 1. Назив на зборникот: Proceedings of the 21st International Symposium of MASE / Зборник на трудови 21ви Меѓународен симпозиум на ДГКМ 2. Назив на меѓународниот собир: 21st International Symposium of MASE – Macedonian Association of Structural Engineers. Охрид, Северна Македонија, 24–27 септември 2025. 3. Имиња на земјите: Македонија, Хрватска, Србија, Данска, Канада, Швајцарија, Германија, Црна Гора, Словенија, Бугарија, САД. 4. Наслов на трудот: MEGASTRUCTURE AS A PARERGON FOR URBAN HOUSING COEXSISTENCE: THE CASE OF THE SKOPJE CITY WALL 5. Година на објава: 2025	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
3.2	**Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** 1. Назив на зборникот: WORLD HERITAGE and FOOD TO FEED – Le Vie dei Mercanti_XXIII International Forum / World Heritage and Food to Feed. Atti 2. Назив на меѓународниот собир: XXIII International Forum “Le Vie dei Mercanti”, Naples | Capri, 20–21 June 2025. 3. Имиња на земјите: Италија, Турција, Мароко, Франција, Португалија, Германија, Србија, Албанија, Јапонија, Шпанија, Кина. 4. Наслов на трудот: Fruit Trees in the City: The Example of Skopje 5. Година на објава: 2025	
3.3	**Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** 1. Назив на научното списание: South East European Journal of Architecture and Design — SEEJAD / SEE J Archit Des, eISSN: 1857-9353 2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO. 3. Наслов на трудот: Integrated Living Within the Forms of Architectural Housing Structures in the Period 1945–1970: The Case of Skopje 4. Година на објава: 2024	
3.4	1. Назив на научното списание: South East European Journal of Architecture and Design — SEEJAD / SEE J Archit Des, ID: 10005, http:/doi.org/10.5281/zenodo.7277569. 2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO. 3. Наслов на трудот: Lifestyle as a Habitat of Tommorow. Coexisting Models of Housing in the City. 4. Година на објава: 2020	
3.5	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија;** 1. Назив на научно списание: South-East European History, Volume 14: Parks in the Balkan Capitals – Leisure, Urban Impact, Monuments, Stories and Significance. Peter Lang – International Academic Publishers, ISBN-10: 1636678211, ISBN-13: 978-1636678214 2. Назив на членката на ЕУ: Швајцарија 3. Наслов на трудот: Episodes from the City Park in Skopje. 4. Година на објава: 2023	
3.6	**Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** 1. Назив на зборникот: Post-Pandemic Sustainability in Europe	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	2. Назив на меѓународниот собир: 16th Sixteenth Annual International Academic Conference on European Integration – AICEI 2021, Универзитет Американ Колеџ – Скопје, 2021. 3. Имиња на земјите: Македонија, Австралија, Обединето Кралство, Унгарија, Италија, Србија, Босна и Херцеговина 4. Наслов на трудот: The city of the New Normality: The example of Skopje. 1. Година на објава: 2021	
4	**Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа** 1. Странски јазик: англиски Ц1 според CEFR 2. Назив на документот: Уверение 3. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ 4. Датум на издавање на документот: 8.5.2026	
5	**Има способност за изведување на високообразовна дејност**	ДА

***** На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Саша Тасиќ, претседател, с.р.
Проф. д-р Минас Бакалчев, член, с.р.
Проф. д-р Зорица Блажевска, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Александар Зоранчо Петановки
Институција: Архитектонски факултет – Скопје, Институт за проектирање
Научна област: архитектонско проектирање

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Одржување на вежби	
1	**Архитектонско студио 5.1** 2025-2026, зимски семестар (0+6); 2024-2025, зимски семестар (0+6); 2023-2024, зимски семестар (0+6); 2022-2023, зимски семестар (0+6); 2021-2022, зимски семестар (0+6);	15x30x0,03=**13,5**
2	**Архитектонско студио 6.1** 2024-2025, летен семестар (0+6); 2023-2024, летен семестар (0+6); 2022-2023, летен семестар (0+6); 2021-2022, летен семестар (0+6); 2020-2021, летен семестар (0+6);	15x30x0,03=**13,5**
3	**Архитектонско студио 7.1** 2025-2026, зимски семестар (0+6); 2024-2025, зимски семестар (0+8); 2023-2024, зимски семестар (0+6); 2022-2023, зимски семестар (0+6); 2021-2022, зимски семестар (0+6);	15x32x0,03=**14,4**
4	**Архитектонско студио 8.1** 2024-2025, летен семестар (0+6); 2023-2024, летен семестар (0+6); 2022-2023, летен семестар (0+6); 2021-2022, летен семестар (0+6); 2020-2021, летен семестар (0+8);	15x32x0,03=**14,4**
5	**Интегративно студио 9.1** 2025-2026, зимски семестар (0+16); 2024-2025, зимски семестар (0+16); 2023-2024, зимски семестар (0+16); 2022-2023, зимски семестар (0+16); 2021-2022, зимски семестар (0+16);	15x64x0,03=**28,8**
	Вкупно	**84,6**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** Наслов на трудот: Integrated Living Within the Forms of Architectural Housing Structures in the Period 1945–1970: The Case of Skopje. Автори: Saša Tasić, Aleksandar Petanovski, Marija Petrova. Објавено во: South East European Journal of Architecture and Design, Volume 10, Scientific Foundation SPIROSKI, Skopje, Republic of North Macedonia, 10 December 2024, pp. 8–11. Назив на електронската база на списанија: EBSCO. eISSN: 1857-9353. DOI: https://doi.org/10.3889/seejad.2024.6045.	5*0,8=**4**
2	Наслов на трудот: Lifestyle as a Habitat of Tommorow. Coexisting Models of Housing in the City. Автори: Aleksandar Petanovski, Dimitar Papasterevski, Gordan Petrov Објавено во: South East European Journal of Architecture and Design, Volume 10, Scientific Foundation SPIROSKI, Skopje, Republic of North Macedonia, 2020 Назив на електронската база на списанија: EBSCO. ID: 10005, http:/doi.org/10.5281/zenodo.7277569	5*0,8=**4**
	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји	
3	Наслов на трудот: Megastructure as a Parergon for Urban Housing Coexsistence: The Case of the Skopje City Wall. Автори: Aleksandar Petanovski, Marija Petrova. Објавено во: Proceedings of the 21st International Symposium of MASE, Macedonian Association of Structural Engineers – MASE, Ohrid, North Macedonia, 24–27 September 2025, pp. 1224–1233. ISBN 978-608-4510-67-3.	5*0,9=**4,5**
4	Наслов на трудот: Fruit Trees in the City, the Example of Skopje.	5*0,6=**3**

	Автори: Violeta Bakalcev, Sasha Tasic, Marija Petrova, Aleksandar Petanovski, Minas Bakalcev. Објавено во: WORLD HERITAGE and FOOD TO FEED – Le Vie dei Mercanti, XXIII International Forum, Gangemi Editore spa / Gangemi Editore International, Rome, Italy; Naples and Capri, Italy, 20–21 June 2025, pp. 256–264. ISBN: 978-88-492-5399-3. ISSN: 3035-5141.	
5	Наслов на трудот: The city of the New Normality: The example of Skopje. Автори: Violeta Bakalcev, Sasha Tasic, Aleksandar Petanovski, Minas Bakalcev. Објавено во: Post-Pandemic Sustainability in Europe, Proceedings of the 16th Sixteenth Annual International Academic Conference on European Integration – AICEI 2021, Универзитет Американ Колеџ – Скопје, 2021. https://doi.org/10.5281/zenodo.7277569 ISBN: 978-608-4607-54-0)	5*0,6=**3**
	Труд со оргинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија;	
6	Наслов на трудот: Episodes from the City Park in Skopje. Автори: Виолета Бакалчев, Саша Тасиќ, Александар Петановски, Минас Бакалчев Објавено во: South-East European History, Volume 14: Parks in the Balkan Capitals – Leisure, Urban Impact, Monuments, Stories and Significance. Peter Lang – International Academic Publishers, 2023 ISBN-10: 1636678211 | ISBN-13: 978-1636678214	5*0,6=**3**
	Учество на научен/стручен собир со реферат - усна презентација	
7	Наслов на презентацијата: MEGASTRUCTURE AS A PARERGON FOR URBAN HOUSING COEXSISTENCE: THE CASE OF THE SKOPJE CITY WALL. Презентиран на: 21st International Symposium of MASE / 21. Меѓународен симпозиум на ДГКМ Време/место: Охрид, Македонија, 24 – 27 септември 2025.	1
8	Наслов на презентацијата: Типо-морфолошка и социолошка анализа на домувањето во град преку животните стилови на 21 век (Студија на случај: Град Скопје) Презентиран на: Прва годишна конференција на докторски студии по архитектура и урбанизам, Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Време/место: Скопје, 25 – 27 мај 2022	1
9	Наслов на презентацијата: Коегзистирачки модели на домување во град: Типо-морфолошка и социолошка анализа на Градскиот ѕид и избрани примери од допирните станбени зони (студија на случај: Скопје)	1

	Презентиран на: Годишна конференција на докторски студии по архитектура и урбанизам, Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Време/место: Скопје, 1 јуни 2023	
10	Наслов на презентација: Домување во град на примерот на Скопје XX/XXI век / Преглед на архитектонските модели на домување Презентиран на: Годишна конференција на докторски студии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Време/место: Скопје, 18.12.2025	1
	Апстракти објавени во зборник на конференција – национална:	
11	Наслов на трудот: Типо-морфолошка и социолошка анализа на домувањето во град преку животните стилови на 21 век (Студија на случај: Град Скопје) Автор: Александар Петановски Објавено во: Апстракти: Прва годишна конференција Издавач: Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Година: 2022 ISBN: 978-9989-118-38-8	0,5
12	Наслов на трудот: Коегзистирачки модели на домување во град: Типо-морфолошка и социолошка анализа на Градскиот sид и избрани примери од допирните станбени зони (студија на случај: Скопје) Автор: Александар Петановски Објавено во: Апстракти: Годишна конференција Издавач: Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Година: 2023 ISBN: 978-9989-118-43-2	0,5
13	Наслов на труд: Домување во град на примерот на Скопје XX/XXI век / Преглед на архитектонските модели на домување Автор: Александар Петановски Објавено во: Апстракти: Годишна конференција Издавач: Архитектонски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Година: 2025 ISBN: 978-9989-118-43-2	0,5
	Вкупно	**27**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Јавно изведено или претставено архитектонско дело од областа на архитектурата и урбанизмот, во облик признат во струката	
1	Изложба: „Приказни за Летната школа по архитектура во манастирот Св. Јоаким Осоговски” Место: Кабинет на претседателот Отворање: 15.12.2023	8

	https://pretsedatel.stevopendarovski.mk/en/izlozba_venecisko_bienale-2/	
	Изведен архитектонски објект	
2	„Сервис Дукати“, локација: Скопје, 2025 год. (автори: Г. Петров, А. Петановски), 2025 год.	6
3	„Куќа за четири домаќинства“, локација: Скопје (автори: А. Петановски, Г. Петров), 2023 год.	6
4	„Надградба на индивидуална куќа“ локација: Ѓорче Петров, Скопје (автор: А. Петановски, Г. Петров), 2022/2024 год.	6
5	„Тренинг центар на ФК Вардар“, локација: Хиподром, Скопје, инвеститор: ФК Вардар (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, А. Петановски, Г. Петров), 2015 год.	6
6	**Учество на светска архитектонска и урбанистичка манифестација со национално претставување** 18. Меѓународна архитектонска изложба: La Biannale Di Venezia, “Stories from the summer school of architecture in the St. Joakim Osogovski monastery 1992-2017”, Scuola dei Laneri, Venice, 2023.	8
7	Изложба на 3. Меѓународна архитектонска изложба на Lisbon Architectural Triennale – Close, Closer, Fundacao Portugesa das Comunicacoes, Лисабон, 6 – 15.12.2013	8
	Наградено учество на архитектонски или архитектонско-урбанистички конкурс	
8	Наградено учество на архитектонско-урбанистички конкурс за „Повеќенаменска Спортска сала“, локација: Градски парк, Скопје, инвеститор: О. Центар (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, Г.Петров, А. Петановски, М. Петрова), 2017 год., трета награда	4
9	Наградено учество на конкурс за идеен архитектонски проект за „Библиотека во Велес“, локација: Велес, инвеститор: О. Велес, (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, А. Петановски, Г. Петров, М. Петрова), 2018 год., прва награда	4
10	Наградено учество на архитектонско-урбанистички конкурс: „Детска градинка во населба Аеродром“ (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, М. Петрова, А. Петановски, Г. Петров, Д. Крстески), трета награда, 2022 год.	4
11	Наградено учество на архитектонско-урбанистички конкурс: „Партерно и хортикултурно уредување на парк, Чаир“ (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, М. Петрова, Г. Петров, А. Петановски, И. Божиновска, С. Бениќ, А. Вејселовски), прва награда, 2025 год.	4
12	Наградено учество на архитектонско-урбанистички конкурс: „Отворен базен“ (автори: М. Бакалчев, С.Тасиќ, Г. Петров, А. Петановски), Агенција за млади и спорт, локација: Скопје, втора награда, 2016 год.	4
13	Наградено учество на повикан архитектонско-урбанистички конкурс: „Тренинг центар на ФК Вардар“, (автори: М. Бакалчев, С.Тасиќ, Г. Петров, А. Петановски), прва награда, 2016 год.	4
14	Наградено учество на повикан архитектонско-урбанистички конкурс: „Административен објект Мак Аутостар“, локација: Скопје (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, Г. Петров, А. Петановски), втора награда, 2015 год.	4
15	Наградено учество на архитектонско-урбанистички конкурс:	4

	„Основно училиште“, локација: Капиштец, Скопје (автори: М. Бакалчев, С.Тасиќ, Г. Петров, А. Петановски), откуп, 2013 год.	
16	Награден проект на архитектонско-урбанистички конкурс за *Едносемејни станбени куќи*, локација: Јака, Скопје, инвеститор: О. Илинден, (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, А. Петановски, Г. Петров), откуп, 2013 год.	4
	Куратор на изложба од областа на архитектурата и урбанизмот	
17	Изложба по повод наградата „Андреа Дамјанов” на проф. д-р Зорица Блажевска, ААМ Место: МАНУ, Скопје Отворање: 31.1.2023 https://marh.mk/od-dodeluvanjeto-na-nagradata-za-zivotno-delo-adnreja-damjanov/	2
18	Изложба: „ТВРДИНАТА КАКО TABULA SCRIPTA“ Место: Галерија КО-РА, Скопје Отворање: 21.3.2023 https://marh.mk/tvrdinata-kako-tabula-scripta/	2
19	Изложба „Животно дело“ на Благој Чушков Место: МАНУ, 2018 Отворарање: 01.11.2018	2
20	ИАС27 – Изложба на архитектонски студија (зимски семетар 2025/2026) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ. 4.2.2026	2
21	ИАС26 – Изложба на архитектонски студија (летен семетар 2024/2025) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ. 23.6.2025	2
22	ИАС25 – Изложба на архитектонски студија (зимски семетар 2024/2025) при Архитектонски факултет - Скопје, УКИМ. 02.2025	2
23	ИАС24 – Изложба на архитектонски студија (летен семетар 2023/2024) при Архитектонски факултет - Скопје, УКИМ. 24.6.2024	2
24	ИАС23 – Изложба на архитектонски студија (зимски семетар 2023/2024) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ. 02.2024	2
25	ИАС22 – Изложба на архитектонски студија (летен семетар 2022/2023) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ. 26.6.2023	2
26	ИАС23 – Изложба на архитектонски студија (зимски семетар 2022/2023) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ. 15.2.2023	2
27	ИАС22 – Изложба на архитектонски студија (летен семетар 2022/2023) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ. 22.9.2023	2
28	ИАС21 – Изложба на архитектонски студија (зимски семетар 2022/2023) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ. 15.2.2023	2
	Групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела	

29	7th BALKAN ARCHITECTURAL BIENNALE 2023 „New Bauhaus on Balkan“ Локација: Белград, Србија. Отворање: 12.11.2025 https://www.bab.rs/wp-content/uploads/2026/01/BAB25-catalogue-with-review-online-ISBN-signed.pdf	2
30	XXII биенале на македонската современа архитектура БИМАС 2025 Локација: МСУ, Скопје Отворање: 6.10.2025 https://marh.mk/xxii-bienale-na-makedonskata-sovremena-arhitektura-bimash-2025/	2
31	XVIII биенале на македонската современа архитектура БИМАС 2018 Локација: Музеј на Град Скопје, Скопје Отворање: 17.5.2016 https://aam.org.mk/en/bimas-2016-xviii-bienale-na-makedonskata-arhitektura-en-translation/	2
32	Голема годишна награда за архитектура 2016 Музеј на Град Скопје	2
33	XXII биенале на македонската современа архитектура БИМАС 2018 Локација: Музеј на Град Скопје, Скопје Отворање: 13.9.2018 https://aam.org.mk/bimas-2018-xix-bienale-na-makedonskata-arhitektura/	2
34	XXII биенале на македонската современа архитектура БИМАС 2018 Локација: Музеј на Град Скопје, Скопје Отворање: 6.5.2014 https://aam.org.mk/bimas-2014-xvii-bienale/	2
	Учество на архитектонски или архитектонско-урбанистички конкурс	
35	Архитектонско-урбанистички конкурс за: Универзитет „Мајка Тереза“, Скопје (автори: З. Блажевска, М. Бакалчев, С. Тасиќ, А. Ахмети, А. Петановски, соработници: Р. Фазлиу, М. Петрова), 2017 год.	2
36	Архитектонско-урбанистички конкурс за: Општинска зграда во населба Аеродром, Скопје (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, А. Петановски, Г.Петров), 2021 год.	2
37	Архитектонско-урбанистички конкурс за: Идејно решение за станбено – деловен објект, локација: ГП 04.01јужен дел– централно градско подрачје во Скопје, (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, Г. Петров, А. Петановски, М. Петрова), 2020 год.	2
38	Архитектонско-урбанистички конкурс за: Станбен комплекс со дополнителни содржини во Подгорица, локација: Подгорица, Црна Гора (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, Д.Папастеревски, Г. Петров, А. Петановски, М. Петрова), 2022 год.	2
39	Учество на интернационален архитектонски конкурс *OpenGap – “Innatur_2“* (автори: А. Петановски, Г. Петров), 2012 год.	2
	Вкупно	**130**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Идеен архитектонски проект – учесник/соработник	
1	Идеен архитектонски проект: Трем и базен со уредување на двор, Сопиште (автори: Г. Петров, А. Петановски), 2025 год.	1
2	Идеен архитектонски проект за „Куќа за четири домаќинства“, локација: Скопје (автори: А. Петановски, Г. Петров), 2022 год.	1
3	Идеен архитектонски проект: Станбена зграда во населба Момин Поток, приватен инвеститор, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А. Петановски, М. Петрова), 2022 год.	1
4	Идеен архитектонски проект: Станбена зграда на ул. „Адолф Циборовски“, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А.Петановски, М.Петрова), 2022 год.	1
5	Идеен архитектонски проект: Станбена зграда во Црниче, приватен инвеститор, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А. Петановски, Т. Стеваноска), 2025 год.	1
6	Идеен архитектонски проект: Надградба на куќа во населба Ѓорче Петров, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А. Петановски, Т. Стеваноска), 2025 год.	1
7	Идеен архитектонски проект: „Едносемејна куќа во населба Хром“, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А. Петановски, М. Петрова), 2024 год.	1
8	Идеен архитектонски проект: Стаклен павилјон, приватен инвеститор, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А. Петановски), 2019 год.	1
9	Идеен архитектонски проект: Станбена зграда во Пржино, локација: Скопје, инвеститор: СЦТ ДООЛ (автори: Г. Петров, А. Петановски), 2016 год.	1
10	Идеен архитектонски проект „Европски центар – Дом за живеење и нега на лица во трето животно доба”, локација: Битола, инвеститор: приватен (автори: З. Блажевска, М. Бакалчев, С. Тасиќ, Г. Петров, А. Петановски), 2018 год.	1
	Главен (основен) архитектонски проект – учесник/ соработник	
11	Главен (основен) проект за: Надградба на индивидуална куќа, локација: Ѓорче Петров, Скопје (автор: Г. Петров, А. Петановски, Т. Стеваноска), 2025	2
12	Главен (основен) проект за: Сервис Дукати, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А. Петановски), 2025 год.	2
13	Главен (основен) проект за: Станбена зграда во населба Момин Поток, приватен инвеститор, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А. Петановски, М. Петрова), 2025 год.	2
14	Главен (основен) проект за: Станбена зграда во Пржино, локација: Скопје, инвеститор: СЦТ ДООЛ (автори: Г. Петров, А. Петановски), 2016 год.	2
15	Главен проект за изведба на натстрешница и базен со уредување на двор, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А. Петановски), 2025 год.	2

16	Главен (основен) проект за: Пакување и складирање на шеќер, Варимекс интернационал, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А. Петановски), 2020 год.	2
17	Главен (основен) проект за: Викенд-куќа за фам. Марковски, локација: Козјак, Скопје (автори: Г. Петров, А. Петановски), 2014 год.	2
18	Главен (основен) проект за: Повеќесемејна станбена зграда Кисела Вода, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А.Петановски), 2017 год.	2
19	Главен (основен) проект за архитектонски објект: *„Тренинг центар на ФК Вардар“*, локација: Хиподром, Скопје, инвеститор: ФК Вардар (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, А. Петановски, Г. Петров), 2015 год.	2
20	Главен (основен) проект за: Едносемејна куќа во населба Хром, локација: Скопје, (автори: Г. Петров, А. Петановски, М. Петрова), 2024 год.	2
	Главен (основен) архитектонски проект – одговорен проектант	
21	Проект за ентериер за стан во Жданец, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А. Петановски, Т. Стеваноска), 2026	4
22	Проект за ентериер за индивидуална куќа на ул.А.Циборовски, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А. Петановски, Т. Стеваноска), 2026 год.	4
23	Проект за ентериер: Продажен салон за ISMOD, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А. Петановски), 2024 год.	4
24	Проект за ентериер за индивидуална куќа во Хром, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А. Петановски, М. Петрова), 2024 год.	4
25	Проект за ентериер на стан, Music Box Apartment, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А. Петановски), 2022 год.	4
26	Проект за ентериер: Угостителски објект „Флафи 2“, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А. Петановски), 2020 год.	4
27	Проект за ентериер за стан во објект Палата Унија, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А. Петановски), 2020 год.	4
28	Проект за ентериер: Угостителски објект „Флафи“, локација: Скопје, (автори: Г. Петров, А. Петановски), 2018 год.	4
29	Проект за ентериер за угоститлски објект „Плеј кафе“, локација: Скопје, (автори: Г. Петров, А. Петановски), 2016 год.	4
30	Проект за ентериер за угостителски објект „Коно-пица“, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А. Петановски), 2016 год.	4
31	Проект за ентериер за стан за издавање „Music Box Apartment“, локација: Кисела вода, Скопје, (автори: Г. Петров, А. Петановски), 2016 год.	4
32	Проект за ентериер за угостителски објект „Коно-пица“, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А. Петановски), 2016 год.	4
33	Проект за ентериер за угостителски објект „Барик91“, локација: Велес (автори: Г. Петров, А. Петановски), 2016 год.	4
Дејности од поширок интерес		
33	**Студиски престој во странство – до три месеци** Università Iuav di Venezia Scuola di Dottorato in Culture del Progetto Prof. Arch. Armando Dal Fabbro 15 – 23.5.2023	0,5

	Член на факултетска комисија	
34	Комисија за попис и расходување на инвентар и опрема (основни средства), 2023	0,5
35	Комисија за попис и расходување на компјутерска опрема, 2021	0,5
36	Член на комисија за спроведување на приемен испит, 2023/24	0,5
37	Заменик-одговорен уредник за архитектура во “South East Journal of Architecture and Design”, (eISSN: 1857-9353 DOI: 10.3889/seejad, URL: https://seejad.eu/index.php/seejad/index	3
	Вкупно	**87**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**84,6**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**27**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	**130**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**87**
Вкупно	**328,6**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Саша Тасиќ, претседател, с.р.
Проф. д-р Минас Бакалчев, член, с.р.
Проф. д-р Зорица Блажевска, член, с.р.

Прилоī бр. 2

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АРХИТЕКТОНСКО ИНЖЕНЕРСТВО НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 5.6.2026 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област архитектонско инженерство (2.01.02.04), на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 08-6/120, донесена на 31. седница одржана на 16.6.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Димитар Папастеревски, редовен професор на Архитектонскиот факултет, д-р Страхиња Трпевски, редовен професор на Архитектонскиот факултет, и д-р Горан Марковски, редовен професор на Градежниот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област архитектонско инженерство (2.01.02.04), во предвидениот рок се пријави ас. д-р Марија Петрова.

1 Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Марија Петрова е родена на 19.12.1995 година, во Кочани. Средно образование завршила во Кочани во гимназијата „Љупчо Сантов“. Во учебната 2014/2015 се запишала на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура на Архитектонскиот факултет во Скопје, каде што што магистрирала со магистерскиот труд на тема: „Од фрагменти на маалска заедница до нова колективна заедница“, под менторство на проф. д-р Минас Бакалчев. Магистерските студии ги завршила со просечен успех 9,85.

Кандидатката активно се служи со англиски јазик: ниво Ц2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа – CERF, издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и сертификатот Cambridge English Level 1 Certificate in ESOL International, Grade B, First Certificate in English, Level B2.

Во 2021 година се запишала на трет циклус (докторски) студии по архитектура и урбанизам на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршила со просечен успех 10,00.

Докторската дисертација ја работела под менторство на проф. д-р Минас Бакалчев на тема: „Вертикалните форми на населување во македонските градови како просторен, социјален и конструктивен феномен – станбените кули од втората половина на XX век“ и ја одбранила на 22.5.2026 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Зорица Блажевска (претседател), проф. д-р Минас Бакалчев (ментор), проф. д-р Горан Марковски, проф. д-р Димитар Папастеревски и проф. д-р Ана Ивановска-Дескова. Со тоа се стекнала со звањето доктор на технички науки од областа на архитектурата и урбанизмот.

Од 31.12.2020 година, кандидатката е вработена на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што била избрана во соработничко звање – асистент на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје, со реферат за избор објавен во Билтенот бр. 1228 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 15.12.2020 година.

Во 2023 година е избрана по втор пат со соработничко звање – асистент на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје, со реферат за избор објавен во Билтенот бр. 1296 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 1.12.2023 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1228 (15.12.2020) и бр. 1296 (1.12.2023), како и вкупните научни, стручни, педагошки и други

остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Архитектонскиот факултет во Скопје, при УКИМ, кандидатката д-р Марија Петрова во периодот од академската 2020/2021 до 2025/2026 година, континуирано учествува во наставата по предметите: Архитектонско конструкции 1, Архитектонски конструкции 2, Архитектонски конструкции 3, Архитектонски конструкции 4 (нова програма), Архитектонски конструкции 5 (нова програма), Менаџмент и организација на инвестициска изградба, Архитектонско студио V, Архитектонско студио VI, Архитектонско студио VII, Архитектонско студио VIII и Архитектонско студио IX на прв и втор циклус студии.

Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

Д-р Марија Петрова, како автор и коавтор, има објавено вкупно 10 научни труда, објавени во меѓународни списанија и зборници од меѓународни конференции, каде што членовите на научниот комитет се од најмалку три земји. Од приложените научни трудови, 1 е објавен во меѓународни научни списанија и 9 во зборник од меѓународен научен собир.

Кандидатката д-р Марија Петрова активно е вклучена во стручно-уметничката работа, во која има реализирано и јавно претставено значаен број на архитектонски дела, од кои се издвојуваат:

- кокуратор на светската архитектонска манифестација за национално претставување на Република Македонија на 18. Меѓународна архитектонска изложба La Biannale Di Venezia, “Stories from the summer school of architecture in the St. Joakim Osogovski monastery 1992-2017”, Scuola dei Laneri, Venice, 2023 година;
- дел од тимот за подготовка и работа на изложба по повод наградата „Андреа Дамјанов” на проф. д-р Зорица Блажевска, ААМ, Скопје, 2023 година;
- учество на интернационалната архитектонска изложба 6th BALKAN ARCHITECTURAL BIENNALE 2023 година, „BACK TO THE ROOTS“, локација: Белград, Србија, 2023 година;
- автор на самостојна изложба „Александар Гицов – Портрет на еден архитект“ со публикација (ISBN 978-9989-847-97-4) во НУЦК „Бели Мугри“ – Кочани (2023);
- автор на изложба во рамки на национален проект при Министерството за култура и туризам „Вертикални форми на населување на градот Велес“ во Ликовен салон – Велес (2025);
- учество на Биенале на македонската архитектура (БИМАС) во 2018 и 2025 година.

Реализира неколку архитектонски објекти и ентериери, меѓу кои се истакнуваат:

- „Куќа за одмор“, локација: Athani, Lefkada, Грција, (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, М. Петрова), 2023 год.
- „Надградба на индивидуална куќа“ локација: Ѓорче Петров, Скопје, (автор: М.Петрова), 2022/2024 год.
- „Реконструкција на куќа Јовановски“, локација: Скопје (автор: М.Петрова), 2021/2024 год.
- „Дом за СП&ЕЃ“, локација: Скопје (автор: М.Петрова), 2024/2025 год.

Во рамките на професионалната дејност, кандидатката е добитник на (5) наградени архитектонски конкурсни решенија како дел од поширок тим, вклучувајќи 3 први награди и 2 трети награди. Учествува во 15 архитектонски конкурси, интернационални и домашни, од кои се истакнуваат наградените:

- наградено учество на архитектонско-урбанистички конкурс за „Повеќенаменска Спортска сала“, локација: Градски парк ,Скопје, инвеститор: о. Центар (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, Г.Петров, А.Петановски, М.Петрова), 2017 год. - трета награда;
- наградено учество на конкурс за идеен архитектонски проект за „Библиотека во Велес“, локација: Велес, инвеститор: о. Велес, (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, А. Петановски, Г. Петров, М. Петрова), 2018 година. – прва награда;

- наградено учество на архитектонско-урбанистички конкурс: „Детска градинка во населба Аеродром“, (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, М. Петрова, А. Петановски, Г. Петров, Д. Крстески), трета награда, 2022 година;
- наградено учество на архитектонско-урбанистички конкурс: „Партерно и хортикултурно уредување на парк, Чаир“, (автори: М. Бакалчев, С.Тасиќ, М. Петрова, Г. Петров, А. Петановски, И. Божиновска, С. Бениќ, А. Вејселовски), прва награда, 2025 година.

Називите на трудовите, проектите и другите активности се наведени во табелата во Образец 1 и Образец 2, согласно со член 3 од Анекс 1 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Марија Петрова активно е вклучена во стручно-апликативната работа во делот на архитектонското проектирање, како одговорен проектант/учесник во изработка на идејни архитектонски проекти (11), како одговорен проектант/учесник на главни проекти (13) и како автор/коавтор на проекти за ентериер (20).

Во рамките на професионалната дејност, кандидатката е добитник на повеќе награди за постигнатиот студентски успех, од кои се издвојува признанието „Инженерски прстен“ за најдобар дипломиран студент на Архитектонскиот факултет во Скопје, под покровителство на претседателот, во организација на Инженерската институција на Македонија и Комората на овластени архитекти и овластени инженери (2021). Во 2024 година е одликувана со признанието „Иднината почнува дома“, во организација на ТИРЗ и Стопанска комора на Република Северна Македонија (2024), во рамки на проектот кој препознава успешни личности со цел да ги поттике младите во својата област на професионално работење да ја насочат кон домашните капацитети.

Во рамки на професионалното и научното усовршување, реализирала студиски престој на Università Iuav di Venezia, Scuola di Dottorato in Culture del Progetto (Prof. Arch. Armando Dal Fabbro), 15 – 23.5.2023

Називите на проектите и другите активности се наведени во табелата во Образец 2, согласно со член 4 од Анекс 1 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката д-р Марија Петрова, во континуитет, добивала позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на ас. д-р Марија Петрова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека ас. д-р Марија Петрова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето доцент во научната област архитектонско инженерство (2.01.02.04).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, ас. д-р Марија Петрова да биде избрана во звањето **доцент** во научната област архитектонско инженерство (2.01.02.04).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Димитар Папастеревски, претседател, с.р.
Проф. д-р Страхиња Трпевски, член, с.р.
Проф. д-р Горан Марковски, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Марија Ванчо Петрова
Институција: Архитектонски факултет – Скопје, Институт за високоградба
Научна област: архитектонско инженерство

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	**Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *** Просечниот успех изнесува 9.85 за интегрираните студии.	ДА
2	**Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира** Назив на научната област: а*рхитектонско инженерство*. Научно поле: *градежништво*. Научно потполе: *архитектура*. Научно подрачје: *инженерство и технологија*. Просечен успех за трет циклус студии: 10,00 (Архитектонски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје).	ДА
3	**Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор**	ДА
3.1	**Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** 6. Назив на зборникот: Proceedings of the 21st International Symposium of MASE / Зборник на трудови, 21. Меѓународен симпозиум на ДГКМ 7. Назив на меѓународниот собир: 21st International Symposium of MASE – Macedonian Association of Structural Engineers. Охрид, Северна Македонија, 24 – 27 септември 2025. 8. Имиња на земјите: Северна Македонија, Хрватска, Србија, Данска, Канада, Швајцарија, Германија, Црна Гора, Словенија, Бугарија, САД. 9. Наслов на трудот: MEGASTRUCTURE AS A PARERGON FOR URBAN HOUSING COEXSISTENCE: THE CASE OF THE SKOPJE CITY WALL 10. Година на објава: 2025	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
3.2	**Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** 6. Назив на зборникот: WORLD HERITAGE and FOOD TO FEED – Le Vie dei Mercanti_XXIII International Forum / World Heritage and Food to Feed. Atti 7. Назив на меѓународниот собир: XXIII International Forum “Le Vie dei Mercanti”, Naples | Capri, 20–21 June 2025. 8. Имиња на земјите: Италија, Турција, Мароко, Франција, Португалија, Германија, Србија, Албанија, Јапонија, Шпанија, Кина. 9. Наслов на трудот: Fruit Trees in the City: The Example of Skopje 10. Година на објава: 2025	
3.3	**Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** 1. Назив на зборникот: 10th International Academic Conference on Places and Technologies 2025 – Proceedings: Keeping Up with Technologies to Shape Joyful Cities 2. Назив на меѓународниот собир: 10th International Academic Conference on Places and Technologies 2025, Belgrade, 22–23 May 2025. 3. Имиња на земјите: Србија, Португалија, Унгарија, Романија, Австрија, Босна и Херцеговина, Обединето Кралство, Турција, Холандија, Норвешка, Северна Македонија, Италија, Хрватска, Финска, Албанија, Шпанија, Литванија, Црна Гора, Грција. 4. Наслов на трудот: THE MACEDONIAN TOWERS OF THE 20TH CENTURY AS A LEGACY OF AN OUTDATED FUTURE - A CASE STUDY OF KOCANI 5. Година на објава: 2025	
3.4	**Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** 2. Назив на зборникот: World Heritage and Cities in Emergencies. Abstract / World Heritage and Dwelling on Space | 14, Architecture Heritage and Design, Le Vie dei Mercanti – XXII International Forum. 3. Назив на меѓународниот собир: XXII International Forum “Le Vie dei Mercanti” – World Heritage and Cities in Emergencies, Naples / Capri, 14–15 June 2024. 4. Имиња на земјите: Italy, Turkey, France, Germany, USA, Serbia, Albania, Japan, Spain, China. 5. Наслов на трудот: Brutalism as a Post-war Syndrome. The Case of City Archives by Georgy Konstantinovski	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	6. Година на објава: 2024	
3.5	**Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** 1. Назив на зборникот: ON ARCHITECTURE — SHAPING THE CITY THROUGH ARCHITECTURE. Proceedings 2. Назив на меѓународниот собир: 2024 ON ARCHITECTURE (OA2024) – “Shaping the City through Architecture”, 12th International Multimedia Event / International Conference, Belgrade, Serbia, 5–6 December 2024. 3. Имиња на земјите: Србија, Белгија, Турција, Грција, Италија, САД, Австралија, Хрватска, Норвешка, Германија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Словенија 4. Наслов на трудот: From Past to Future: Urban Development Strategies for Tetovo 5. Година на објава: 2024	
3.6	**Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** 4. Назив на научното списание: South East European Journal of Architecture and Design — SEEJAD / SEE J Archit Des, eISSN: 1857-9353 5. Назив на електронската база на списанија: EBSCO. 6. Наслов на трудот: Integrated Living Within the Forms of Architectural Housing Structures in the Period 1945–1970: The Case of Skopje 7. Година на објава: 2024	
3.7	**Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** 3 Назив на зборникот: Proceedings of the 20th International Symposium of MASE / Зборник на трудови на 20. Меѓународен симпозиум на ДГКМ. 4 Назив на меѓународниот собир: 20th International Symposium of MASE / 20. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија – ДГКМ. 5 Имиња на земјите: Северна Македонија/Македонија, Унгарија, Хрватска, Данска, Италија, Канада, Германија, Бугарија, Србија, Црна Гора, Албанија, САД, Шведска и Кина. 6 Наслов на трудот: Reviving vertical living: Development of residential towers in Macedonian cities	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	7 Година на објава: 2023	
3.8	**Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** 1. Назив на зборникот: Keeping Up with Technologies to Imagine and Build Together Sustainable, Inclusive, and Beautiful Cities – Proceedings of the 8th International Academic Conference on Places and Technologies. 2. Назив на меѓународниот собир: 8th International Academic Conference on Places and Technologies 2023, Belgrade, Serbia, 19–21 October 2023. 3. Имиња на земјите: Portugal, Hungary, Romania, Austria, Serbia, Bosnia and Herzegovina, United Kingdom, Turkey, Poland, North Macedonia, Italy, Croatia, Finland, Albania, Spain, Montenegro, Lithuania, Norway, Greece, Netherlands. 4. Наслов на трудот: THE FUTURE PROSPECTS OF THE RESIDENTIAL TOWERS IN THE MACEDONIAN CITIES 5. Година на објава: 2023	
3.9	**Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** 1. Назив на зборникот: Structures and Architecture: A Viable Urban Perspective? Proceedings of the Fifth International Conference on Structures and Architecture (ICSA 2022), Aalborg, Denmark, 6–8 July 2022. 2. Назив на меѓународниот собир: Fifth International Conference on Structures and Architecture — ICSA 2022, Aalborg, Denmark, 6–8 July 2022. 3. Имиња на земјите: Australia, United States, Denmark, Norway, Canada, China, Portugal, Singapore, United Kingdom, Germany, Spain, Switzerland, The Netherlands, Belgium, Finland, Poland, Greece, Cyprus, Czech Republic, Sweden, Slovenia, Italy, Sri Lanka, India, North Macedonia, Turkey и други. 4. Наслов на трудот: Living among the clouds: From tower to texture 5. Година на објава: 2022	
3.10	**Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** 1. Назив на зборникот: Structures and Architecture: A Viable Urban Perspective? Proceedings of the Fifth International Conference on Structures and Architecture (ICSA 2022), Aalborg, Denmark, 6–8 July 2022. 2. Назив на меѓународниот собир: Fifth International Conference on Structures and Architecture — ICSA 2022, Aalborg, Denmark, 6–8 July 2022.	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	3. Имиња на земјите: Australia, United States, Denmark, Norway, Canada, China, Portugal, Singapore, United Kingdom, Germany, Spain, Switzerland, The Netherlands, Belgium, Finland, Poland, Greece, Cyprus, Czech Republic, Sweden, Slovenia, Italy, Sri Lanka, India, North Macedonia, Turkey и други. 4. Наслов на трудот: Lessons from Skopje 1963–2020: How to build back better? 5. Година на објава: 2022	
4	**Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа** *Документ 1:* 5. Странски јазик: англиски Ц2 според CEFR 6. Назив на документот: Уверение 7. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ 8. Датум на издавање на документот: 8.5.2026 *Документ 2:* Сертификат Cambridge English Level 1 Certificate in ESOL International, Grade B, First Certificate in English, Level B2	ДА
5	**Има способност за изведување на високообразовна дејност**	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Димитар Папастеревски, претседател, с.р.
Проф. д-р Страхиња Трпевски, член, с.р.
Проф. д-р Горан Марковски, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Марија Ванчо Петрова
Институција: Архитектонски факултет – Скопје, Институт за високоградба
Научна област: архитектонско инженерство

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Одржување на вежби	
1	**Архитектонски конструкции 1 (стара програма)** 2025-2026, зимски семестар (0+4); 2024-2025, летен семестар (0+4); 2023-2024, зимски семестар (0+6); 2022-2023, летен семестар (0+6); 2022-2023, зимски семестар (0+4); 2021-2022, летен семестар (0+4); 2021-2022, зимски семестар (0+4); 2020-2021, летен семестар (0+6);	15x38x0,03=**17,1**
2	**Архитектонски конструкции 1 (нова програма)** 2025-2026, зимски семестар (0+4); 2024-2025, зимски семестар (0+4);	15x8x0,03=**3,6**
3	**Архитектонски конструкции 2 (нова програма)** 2024-2025, летен семестар (0+4); 2023-2024, летен семестар (0+4);	15x8x0,03=**3,6**
	Архитектонски конструкции 2 (стара програма) 2024-2025, летен семестар (0+2); 2023-2024, летен семестар (0+4); 2023-2024, зимски семестар (0+6); 2022-2023, летен семестар (0+4); 2022-2023, зимски семестар (0+6); 2021-2022, летен семестар (0+4); 2021-2022, зимски семестар (0+6); 2020-2021, летен семестар (0+6);	15x38x0,03=**17,1**
4	**Архитектонски конструкции 3 (нова програма)** 2024-2025, зимски семестар (0+6);	15x6x0,03=**2,7**
5	**Архитектонски конструкции 4 (нова програма)** 2024-2025, летен семестар (0+6); 2023-2024, летен семестар (0+4);	15x10x0,03=**4,5**
6	**Архитектонски конструкции 3 (стара програма)** 2025-2026, зимски семестар (0+4); 2024-2025, летен семестар (0+4); 2024-2025, зимски семестар (0+6);	15x26x0,03=**11,7**

	2023-2024, летен семестар (0+4); 2022-2023, летен семестар (0+4); 2021-2022, летен семестар (0+4);	
7	**Архитектонски конструкции 5 (нова програма)** 2025-2026, зимски семестар (0+4); 2024-2025, зимски семестар (0+6);	15x10x0,03=**4,5**
8	**Менаџмент и организација на инвестициска изградба** 2024-2025, зимски семестар (0+4); 2023-2024, зимски семестар (0+4); 2022-2023, зимски семестар (0+4); 2021-2022, зимски семестар (0+6);	15x18x0,03=**8,1**
9	**Архитектонско студио 5.1** 2025-2026, зимски семестар (0+8); 2024-2025, зимски семестар (0+6); 2023-2024, зимски семестар (0+6); 2022-2023, зимски семестар (0+6); 2021-2022, зимски семестар (0+6);	15x32x0,03=**14,4**
10	**Архитектонско студио 6.1** 2024-2025, летен семестар (0+6); 2023-2024, летен семестар (0+6); 2022-2023, летен семестар (0+6); 2021-2022, летен семестар (0+6); 2020-2021, летен семестар (0+6);	15x30x0,03=**13,5**
11	**Архитектонско студио 7.1** 2024-2025, зимски семестар (0+8); 2023-2024, зимски семестар (0+6);	15x14x0,03=**6,3**
12	**Архитектонско студио 8.1** 2024-2025, летен семестар (0+6); 2020-2021, летен семестар (0+8);	15x14x0,03=**6,3**
13	**Интегративно студио 1** 2023-2024, зимски семестар (0+16);	15x16x0,03=**7,2**
	Вкупно	**120,6**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Монографија** „Александар Гицов – Портрет на еден архитект“ Автор: Марија Петрова – Фафа ISBN 978-9989-847-97-4	8
2	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една**	5*0,8=4

	електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование Наслов на трудот: Integrated Living Within the Forms of Architectural Housing Structures in the Period 1945–1970: The Case of Skopje. Автори: Saša Tasić, Aleksandar Petanovski, Marija Petrova. Објавено во: South East European Journal of Architecture and Design, Volume 10, Scientific Foundation SPIROSKI, Skopje, Republic of North Macedonia, 10 December 2024, pp. 8–11. Назив на електронската база на списанија: EBSCO. eISSN: 1857-9353. DOI: https://doi.org/10.3889/seejad.2024.6045.	
	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји	
3	Наслов на трудот: MEGASTRUCTURE AS A PARERGON FOR URBAN HOUSING COEXSISTENCE: THE CASE OF THE SKOPJE CITY WALL. Автори: Aleksandar Petanovski, Marija Petrova. Објавено во: Proceedings of the 21st International Symposium of MASE, Macedonian Association of Structural Engineers – MASE, Ohrid, North Macedonia, 24–27 September 2025, pp. 1224–1233. ISBN 978-608-4510-67-3.	5*0,9=4,5
4	Наслов на трудот: Fruit trees in the city, the example of Skopje. Автори: Violeta Bakalcev, Sasha Tasic, Marija Petrova, Aleksandar Petanovski, Minas Bakalcev. Објавено во: WORLD HERITAGE and FOOD TO FEED – Le Vie dei Mercanti, XXIII International Forum, Gangemi Editore spa / Gangemi Editore International, Rome, Italy; Naples and Capri, Italy, 20–21 June 2025, pp. 256–264. ISBN: 978-88-492-5399-3. ISSN: 3035-5141.	5*0,6=3
5	Наслов на трудот: THE MACEDONIAN TOWERS OF THE 20TH CENTURY AS A LEGACY OF AN OUTDATED FUTURE – A CASE STUDY OF KOCANI. Автори: Marija Petrova. Објавено во: Keeping Up with Technologies to Shape Joyful Cities – Proceedings of the 10th International Academic Conference on Places and Technologies, University of Belgrade – Faculty of Architecture, Belgrade, Serbia; Belgrade, Serbia, 22–23 May 2025, pp. 392–401. ISBN: 978-86-7924-383-6. DOI: https://doi.org/10.18485/arh_pt.2025.10.ch46.	5
6	Наслов на трудот: Brutalism as a Post-war Syndrome. The Case of City Archives by Georgy Konstantinovski.	5*0,6=3

	Автори: Violeta Bakalcev, Sasha Tasic, Marija Petrova, Minas Bakalcev. Објавено во: World Heritage and Cities in Emergencies – Le Vie dei Mercanti, XXII International Forum, Gangemi Editore spa / Gangemi Editore International, Rome, Italy; Naples and Capri, Italy, 14–15 June 2024, p. 14. ISBN: 978-88-492-5129-6.	
7	Наслов на трудот: From Past to Future: Urban Development Strategies for Tetovo. Автори: Vlera Thaci, Marija Petrova. Објавено во: On Architecture – Shaping the City through Architecture – Proceedings, STRAND – Sustainable Urban Society Association, Belgrade, Serbia; Belgrade, Serbia, 2024, pp. 36–44. ISBN: 978-86-89111-38-5. DOI: https://doi.org/10.60152/6o0n1m2n	5*0,9=4,5
8	Наслов на трудот: Reviving vertical living: Development of residential towers in Macedonian cities. Автори: Marija Petrova. Објавено во: Proceedings of the 20th International Symposium of MASE, Macedonian Association of Structural Engineers – MASE, Skopje, Republic of North Macedonia, 28–29 September 2023, pp. 1075–1086. ISBN: 978-608-66946-3-0.	5
9	Наслов на трудот: THE FUTURE PROSPECTS OF THE RESIDENTIAL TOWERS IN THE MACEDONIAN CITIES. Автори: Marija Petrova. Објавено во: Proceedings of the 8th International Academic Conference on Places and Technologies, University of Belgrade – Faculty of Architecture, Belgrade, Serbia, 19–21 October 2023, pp. 267–276. ISBN: 978-86-7924-343-0. DOI: https://doi.org/10.18485/arh_pt.2024.8.ch31.	5
10	Наслов на трудот: Living among the clouds: From tower to texture. Автори: Marija Petrova, Teodora Mihajlovska. Објавено во: Structures and Architecture: A Viable Urban Perspective? Proceedings of the Fifth International Conference on Structures and Architecture — ICSA 2022, CRC Press/Balkema, Taylor & Francis Group, Aalborg, Denmark, 6–8 July 2022, pp. 1229–1238. ISBN: 978-0-367-90281-0; 978-1-003-02355-5. DOI: https://doi.org/10.1201/9781003023555.	5*0,9=4,5
11	Наслов на трудот: Lessons from Skopje 1963–2020: How to build back better? Автори: Teodora Mihajlovska, Marija Petrova. Објавено во: Structures and Architecture: A Viable Urban Perspective? Proceedings of the Fifth International Conference on Structures and Architecture — ICSA 2022, CRC Press/Balkema, Taylor & Francis Group, Aalborg, Denmark, 6–8 July 2022, pp. 467–475. ISBN: 978-0-367-90281-0; 978-1-003-02355-5. DOI: https://doi.org/10.1201/9781003023555-56.	5*0,9=4,5

	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание	
12	Петрова М, „Улогата на цртањето е витална во процесот на архитектонското проектирање“, Списание Порта 3, број 280, Мај 2019, стр. 36-39, ISSN 1409-7389	2
13	Petrova M, “Novi modeli stanovanja”, Oris časopis, Issue 123, July 2020, pp.124-131, ISSN 1331-7571	2
	Учество на научен/стручен собир со реферат **- усна презентација**	
14	Наслов на презентацијата: MEGASTRUCTURE AS A PARERGON FOR URBAN HOUSING COEXSISTENCE: THE CASE OF THE SKOPJE CITY WALL. Презентиран на: 21st International Symposium of MASE / 21ви Меѓународен симпозиум на ДГКМ Време/место: Охрид, Македонија, 24 – 27 септември 2025.	1
15	Наслов на презентацијата: THE MACEDONIAN TOWERS OF THE 20TH CENTURY AS A LEGACY OF AN OUTDATED FUTURE - A CASE STUDY OF KOCANI Презентиран на: 10th International Academic Conference on Places and Technologies 2025 – Proceedings: Keeping Up with Technologies to Shape Joyful Cities Време/место: Belgrade, 22–23 May 2025.	1
16	Наслов на презентацијата: THE FUTURE PROSPECTS OF THE RESIDENTIAL TOWERS IN THE MACEDONIAN CITIES Презентиран на: 8th International Academic Conference on Places and Technologies 2023 Време/место: Belgrade, Serbia, 19–21 October 2023.	1
17	Наслов на презентацијата: Нови прототипови на вертикални форми на населување Презентиран на: Прва годишна конференција на докторски студии по архитектура и урбанизам, Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Време/место: Скопје, 25 – 27 мај 2022	1
18	Наслов на презентација: Преглед на станбените кули од втората половина на 20 век во Македонија – хронологија, типологија и конструкција Презентиран на: Годишна конференција на докторски студии по архитектура и урбанизам, Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Време/место: Скопје, 1 јуни 2023	1
19	Наслов на презентација: Преглед на станбените кули од втората половина на XX век во македонските градови Презентиран на: Годишна конференција на докторски студии при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје Време/место: Скопје, 29 – 30 мај 2025	1
	Учество на научен/стручен собир со реферат **- постер**	
20	Наслов: Reviving vertical living: Development of residential towers in Macedonian cities	0,5

	Презентиран на: 20th International Symposium of MASE / 20. Меѓународен симпозиум на ДГКМ Време/место: Скопје, 28 -29 мај 2023	
	Апстракти објавени во зборник на конференција – национална:	
21	Наслов на трудот: Нови прототипови на вертикални форми на населување Автор: Марија Петрова Објавено во: Апстракти: Прва годишна конференција Издавач: Архитектонски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Година: 2022 ISBN: 978-9989-118-38-8	0,5
22	Наслов на труд: Преглед на станбените кули од втората половина на 20 век во Македонија – хронологија, типологија и конструкција Автор: Марија Петрова Објавено во: Апстракти: Годишна конференција Издавач: Архитектонски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Година: 2023 ISBN: 978-9989-118-43-2	0,5
23	Наслов на труд: Преглед на станбените кули од втората половина на XX век во македонските градови Автор: Марија Петрова Објавено во: Апстракти: Годишна конференција Издавач: Архитектонски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Година: 2025 ISBN: 978-9989-118-43-2	0,5
	Вкупно	**63**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Јавно изведено или претставено архитектонско дело од областа на архитектурата и урбанизмот, во облик признат во струката	
1	„Приказни за Летната школа по архитектура во манастирот Св. Јоаким Осоговски” Место: Кабинет на претседателот Отворање: 15.12.2023 https://pretsedatel.stevopendarovski.mk/en/izlozba_venecisko_bienale-2/	8
2	„Александар Гицов - Портрет на еден архитект” Место: НУЦК „Бели Мугри“ – Кочани Отворање: 30.12.2023 https://marh.mk/aleksandar-gicov-portret-na-eden-arhitekt-fotogalerija/	8
3	Изложба: „ Вертикални форми на населување на градот Велес” Место: Ликовен салон – Велес Отворање: 27.10.2025 https://marh.mk/izlozba-vertikalni-formi-na-naseluvanje-na-veles/	8
	Изведен архитектонски објект	

4	„Куќа за одмор“, локација: Athani, Lefkada, Грција (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, М. Петрова), 2023 г.	6
5	„Надградба на индивидуална куќа“ локација: Ѓорче Петров, Скопје (автор: М. Петрова), 2022/2024 г.	6
6	„Реконструкција на куќа Јовановски“, локација: Скопје (автор: М. Петрова), 2021/2024 г.	6
7	„Бутик One&Only“, локација: Кочани (автор: М. Петрова), 2024 г.	6
8	„Дом за СП&ЕЃ“, локација: Скопје (автор: М. Петрова), 2024/2025 г.	6
9	**Учество на светска архитектонска и урбанистичка манифестација со национално претставување** 18. Меѓународна архитектонска изложба La Biannale Di Venezia, “Stories from the summer school of architecture in the St. Joakim Osogovski monastery 1992-2017”, Scuola dei Laneri, Venice, 2023.	8
	Наградено учество на архитектонски или архитектонско-урбанистички конкурс	
10	Наградено учество на архитектонско-урбанистички конкурс за „Повеќенаменска Спортска сала“, локација: Градски парк, Скопје, инвеститор: О. Центар (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, Г. Петров, А. Петановски, М. Петрова), 2017 год., трета награда	4
11	Наградено учество на конкурс за идеен архитектонски проект за „Детска градина – Бутел 2“, локација: Бутел, Скопје, инвеститор: град Скопје, (автори: В. Бакалчева, М. Бакалчев, С. Тасиќ, соработник: М. Петрова), 2018 год., прва награда	4
12	Наградено учество на конкурс за идеен архитектонски проект за „Библиотека во Велес“, локација: Велес, инвеститор: о. Велес, (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, А. Петановски, Г. Петров, М. Петрова), 2018 год., прва награда	4
13	Наградено учество на архитектонско-урбанистички конкурс: „Детска градинка во населба Аеродром“ (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, М. Петрова, А. Петановски, Г. Петров, Д. Крстески), трета награда, 2022 год	4
14	Наградено учество на архитектонско-урбанистички конкурс: „Партерно и хортикултурно уредување на парк, Чаир“ (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, М. Петрова, Г. Петров, А. Петановски, И. Божиновска, С. Бениќ, А. Вејселовски), прва награда, 2025 год.	4
	Куратор на изложба од областа на архитектурата и урбанизмот	
15	Изложба по повод награда „Андреа Дамјанов” на проф. д-р Зорица Блажевска, ААМ Место: МАНУ, Скопје Отворање: 31.1.2023 https://marh.mk/od-dodeluvanjeto-na-nagradata-za-zivotno-delo-adnreja-damjanov/	2
16	Изложба: „ТВРДИНАТА КАКО TABULA SCRIPTA“ Место: Галерија КО-РА, Скопје Отворање: 21.03.2023 https://marh.mk/tvrdinata-kako-tabula-scripta/	2
17	ИАС27 – Изложба на архитектонски студија (зимски семетар 2025/2026) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ. 04.02.2026	2
18	ИАС26 – Изложба на архитектонски студија (летен семетар 2024/2025) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ.	2

	23.06.2025	
19	ИАС25 – Изложба на архитектонски студија (зимски семетар 2024/2025) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ. 02.2025	2
20	ИАС24 – Изложба на архитектонски студија (летен семетар 2023/2024) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ. 24.06.2024	2
21	ИАС23 – Изложба на архитектонски студија (зимски семетар 2023/2024) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ. 02.2024	2
22	ИАС22 – Изложба на архитектонски студија (летен семетар 2022/2023) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ. 26.06.2023	2
23	ИАС23 – Изложба на архитектонски студија (зимски семетар 2022/2023) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ. 15.02.2023	2
24	ИАС22 – Изложба на архитектонски студија (летен семетар 2022/2023) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ. 22.09.2023	2
25	ИАС21 – Изложба на архитектонски студија (зимски семетар 2022/2023) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ. 15.02.2023	2
	Групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела	
26	БИМАС 2018 – XIX биенале на македонската архитектура Локација: Музеј на град Скопје, Скопје Отворање: 13.9.2018 https://marh.mk/xxii-bienale-na-makedonskata-sovremena-arhitektura-bimash-2025/	2
27	6th BALKAN ARCHITECTURAL BIENNALE 2023 „BACK TO THE ROOTS“ Локација: Белград, Србија Отворање: 21.11.2023 https://www.bab.rs/wp-content/uploads/2024/11/BAB23-online-katalog-compressed-2-signed.pdf	
28	XXII биенале на македонската современа архитектура БИМАС 2025 Локација: МСУ, Скопје Отворање: 6.10.2025 https://marh.mk/xxii-bienale-na-makedonskata-sovremena-arhitektura-bimash-2025/	2
	Учество на архитектонски или архитектонско-урбанистички конкурс	
29	Студентски конкурс за „Индустрија во град“, локација: Цементарница „УСЈЕ“, Скопје, (автори: М. Петрова, Г. Трајановски, М. Гогол, Б. Дамјановски, Д. Илиов), 2017 год.	2
30	Архитектонско-урбанистички конкурс за „Студентски дом Тодор Александров“, локација: бул. „Илинденска“, Скопје (автори: Георги Константиновски, соработник: М. Петрова), 2017 год.	2
31	Архитектонско-урбанистички конкурс за „Студентски дом Тодор Александров“, локација: бул. „Илинденска“, Скопје (автори: З. Блажевска, С. Тасиќ, соработник: М. Петрова), 2017 год.	2

32	Архитектонско-урбанистички конкурс за „Универзитет Мајка Тереза“, Скопје (автори: З. Блажевска, М. Бакалчев, С. Тасиќ, А. Ахмети, А. Петановски, соработници: Р. Фазлиу, М. Петрова), 2017 год.	2
33	Студентски конкурс за „The Intimate city - Dinning in the Urban“, локација: Скопје (автори: М. Петрова, Г.Трајановски, Љ.Бојаџиева), 2020 год.	2
34	Архитектонско-урбанистички конкурс за „Идејно решение за станбено-деловен објект“, локација: ГП 04.01јужен дел – централно градско подрачје во Скопје (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, Г. Петров, А. Петановски, М. Петрова), 2020 год.	2
35	Архитектонско-урбанистички конкурс за „Хотел Европа“, локација: Бледско Езеро, Словенија (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, Д. Папастеревски, А. Петановски, М. Петрова), 2020 год.	2
36	Меѓународен архитектонски конкурс за „Куќа за жени“, локација: Senegal, Africa (автори: М. Петрова, Г. Трајановски, Љ. Бојаџиева, Ф. Ајруш, С. Јовановска), 2021 год.	2
37	Архитектонско-урбанистички конкурс за „Станбен комплекс со дополнителни содржини во Подгорица“, локација: Подгорица, Црна Гора (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, Д. Папастеревски, Г. Петров, А. Петановски, М. Петрова), 2022 год.	2
38	Меѓународен архитектонски конкурс за „Torre Rinalda“, локација: Lecce, Italy (автори: М. Петрова, Т.Стеваноска, А.Пошка, Г.Трајановски,), 2023 год.	2
	Вкупно	**130**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Идеен архитектонски проект - одговорен проектант	
1	Идеен архитектонски проект: „Доградба и надградба на индивидуална куќа ГП 6.2, КП 803/3“, локација: КО Ѓорче Петров 1 - Ново Село, Општина Ѓорче Петров, Скопје (автори: М. Петрова – одговорен проектант, М. Јанева), 2023 год.	2
2	Идеен архитектонски проект: „Проект за индивидуална куќа, ГП 08.11, КП 16378/1“, локација: КО Кочани, Општина Кочани (автор: М.Петрова-одговорен проектант), 2024 год.	2
3	Идеен архитектонски проект: „ Проект за индивидуална куќа, КП 1687/5“, локација: КО Долно Лисиче-Вонград (автор: М.Петрова-одговорен проектант), 2024 год.	2
4	Идеен архитектонски проект: „ Надградба на индивидуална куќа ГП 2.3, КП.бр.6075/1“, локација: КО Карпош, Скопје (автори: З.Блажевска, М.Петрова – одговорен проектант), 2024 год.	2
5	Идеен проект: „Фасадно решение за црква – Преображение Христово“, локација: Кочани (автор: М. Петрова), 2024 год.	2
6	Идеен проект: „Фасадно решение за црква - Св. Константин и Елена“, локација: Соколарци, Кочани (автор: М. Петрова), 2024 год.	2
7	Идеен проект: „Фасадно решение за камбанарија – Преображение Христово“, локација: Кочани (автор: М. Петрова), 2026 год.	2
	Идеен архитектонски проект – учесник/соработник	

8	Идеен архитектонски проект: „Станбена низа“, локација: Визбегово, Скопје, (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, А. Ахмети, соработник: М. Петрова), 2018 год.	1
9	Идеен архитектонски проект: „Куќа Кракорница“, локација: с. Кракорница, Галичник (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, М. Петрова), 2019 год.	1
10	Идеен архитектонски проект: „Трајков“, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А. Петановски, М. Петрова), 2022 год.	1
11	Идеен архитектонски проект: „Адолф Циборовски“, локација: Скопје, (автори: Г. Петров, А. Петановски, М. Петрова), 2022 год.	1
	Главен (основен) архитектонски проект - одговорен проектант	
12	Проект за ентериер: „Стан Амазон“, локација: Кочани (автор: М. Петрова), 2021 год.	4
13	Проект за ентериер: „Стан Аеродром“, локација: Скопје (автор: М. Петрова), 2021 год.	4
14	Проект за ентериер: „Куќа Разнопромет“, локација: Кочани (автор: М. Петрова), 2021 год.	4
15	Проект за ентериер: „Кат Елена&Трајче“, локација: Кочани (автор: М.Петрова), 2022 год**.**	4
16	Проект за ентериер: „Канцеларии Базар“, локација: Кочани (автор: М. Петрова), 2022 год.	4
17	Проект за ентериер: „Кат Марјан З.“, локација: Кочани (автор: М. Петрова), 2022 год.	4
18	Проект за ентериер: „Стан Глигорчо П.“, локација: Кочани (автор: М. Петрова), 2022 год.	4
19	Проект за ентериер: „Стан Шаро“, локација: Кочани (автор: М. Петрова), 2022 год.	4
20	Проект за ентериер: „Стан EastGate“, локација: Скопје (автор: М. Петрова), 2023 год.	4
21	Проект за ентериер: „Стан Ристе В.“, локација: Кочани (автор: М. Петрова), 2023 год.	4
22	Проект за ентериер: „Стан Аеродром Татјана С.К.“, локација: Скопје, (автор: М. Петрова), 2023 год.	4
23	Проект за ентериер: „Стан Цветан&Мартина“, локација: Штип, (автор: М. Петрова), 2023 год.	4
24	Основен архитектонски проект: „Доградба и надградба на индивидуална куќа ГП 6.2, КП 803/3“, локација: КО Ѓорче Петров 1 - Ново Село, Општина Ѓорче Петров, Скопје (автори: М. Петрова – одговорен проектант, М. Јанева), 2023 год.	4
25	Основен архитектонски проект: „ Проект за индивидуална куќа, КП 1687/5“, локација: КО Долно Лисиче-Вонград (автор: М.Петрова-одговорен проектант), 2024 год.	4
26	Основен архитектонски проект: „Надградба на индивидуална куќа ГП 2.3, КП.бр.6075/1“, локација: КО Карпош, Скопје (автори: З. Блажевска, М. Петрова – одговорен проектант), 2024 год**.**	4
27	Проект за ентериер: „Центар за функционално здравје и рехабилитација“, локација: Кочани (автор: М. Петрова), 2024 год.	4
28	„Бутик One&Only“, локација: Кочани (автор: М. Петрова), 2024 год.	4
29	Проект за ентериер: „Стан со двор ММ“, локација: Кочани (автор: М. Петрова), 2024 год.	4
30	„Дом за СП&ЕЃ“, локација:Скопје (автор: М.Петрова), 2024/2025 г.	4

31	Проект за ентериер: „В.Чадиковски“, локација: Скопје (автор: М. Петрова), 2025 год.	4
32	Проект за ентериер: „Куќа Симона&Александар“, локација: Штип (автор: М. Петрова), 2026 год.	4
33	Проект за ентериер: „Стоматолошка ординација“, локација: Кочани (автор: М. Петрова), 2026 год.	4
	Главен (основен) архитектонски проект – учесник/соработник	
34	Главен (основен) архитектонски проект: „Дом на култура“, локација: општина Чаир, Скопје (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, соработник: М. Петрова), 2019 год.	2
35	Основен проект за објект за „Објект за индивидуално домување на КП15916/8“, Кочани (автори: М. Јанева, соработник: М. Петрова), 2020 год	2
36	Основен проект за објект за „Објект наменет за лесна и незагадувачка индустрија Г2 – Производствена хала гп 1.1.5 КО Тркање“, Кочани (автори: М. Јанева, соработник: М. Петрова), 2020 год.	2
37	Основен проект за реконструкција за „Реконструкција и адаптација на дел од објект наменет за основно образование, КП 11592, КО Кочани“, Кочани (автори: М. Јанева, соработник: М. Петрова), 2020 год.	2
38	Главен (основен) архитектонски проект: „Хала Дивисо“, локација: Скопје (автори: М. Јанева, соработник: М. Петрова), 2021 год.	2
39	Проект за ентериер: „Ентериер НБ“, локација: Скопје (автори: Г. Петров, А. Петановски, М. Петрова), 2021 год.	2
40	Главен (основен) архитектонски проект: „Викенд куќа - Пониква“, локација: Пониква, Пробиштип (автори: М. Јанева, соработник: М. Петрова), 2021 год.	2
41	Основен проект за објект за „Објект за индивидуално домување на КП16471/14“, Кочани (автори: М. Јанева, соработник: М. Петрова), 2021 год.	2
42	Основен проект за објект за „Објект со намена индивидуално домување ГП А41.52, КП 12478“, Кочани (автори: М. Јанева, соработник: М. Петрова), 2022 год.	2
43	Главен (основен) архитектонски проект: „Станбена зграда“, локација: ул. „Наум Наумоски-Борче“ бр. 64, К.П. 9942, КО Центар, Скопје, (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, М. Петрова, К. Богеска, К. Димеска, В. Тачи), 2024 год.	2
44	Главен (основен) архитектонски проект: „Станбена зграда“, локација: ул. „3-та Македонска бригада“, К.П. 1805/1, КО Кисела Вода 2, Скопје, (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, М. Петрова, С. Љубиновска, А. Младенова, А. Вејселовски, Д. Павловска), 2024 год.	2
Дејности од поширок интерес		
	Државна награда за научни постигнувања и уметнички постигнувања – самостоен	
45	Пофалница и награда – Златник – за најдобро дипломиран студент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет, за учебната 2019/2020 година, 2021	5
46	Награда „26-ти Јули“ за најдобар студент во учебната петта година на Архитектонски факултет – Скопје, доделена од Фондацијата „Франк Манинг“, 2019	5
	Награда за научни постигнувања од струкова организација	
47	Признание „Иднината почнува дома“ – ТИРЗ и Стопанска комора на Република Северна Македонија, 2024	3

48	Признание „Инженерски прстен“ за најдобар дипломиран студент на Архитектонски факултет – Скопје, под покровителство на претседателот Стево Пендаровски, во организација на Инженерската институција на Македонија и Комората на овластени архитекти и овластени инженери, 2021	3
49	Награда „Гоце Аџи-Митревски“ за колекција записи практикувани во работата на предметот Интегративно студио, 2019	3
50	Признание за најдобар студент со завршена четврта студиска година на Архитектонски факултет – Скопје, за учебната 2018/2019	3
51	Признание за највисок успех во трета студиска година на Архитектонски факултет, за учебната 2017/2018	3
52	„Награда ИАС 09“ за најдобар проект од прв циклус студии на семестралната изложба ИАС09 на Архитектонски факултет – Скопје, зимски семестар 2017	3
53	Признание за највисок успех во втора студиска година на Архитектонски факултет – Скопје, за учебната 2016/2017	3
54	**Студиски престој во странство – до три месеци** Università Iuav di Venezia Scuola di Dottorato in Culture del Progetto Prof. Arch. Armando Dal Fabbro 15 – 23.5.2023	0,5
	Член на факултетска комисија	
55	Комисија за попис и расходување на инвентар и опрема (основни средства), 2025	0,5
56	Комисија за попис и расходување на инвентар и опрема (основни средства), 2024	0,5
57	Комисија за попис и расходување на инвентар и опрема (основни средства), 2023	0,5
58	Комисија за попис и расходување на инвентар и опрема (основни средства), 2022	0,5
59	Комисија за попис на библиотечен фонд, 2021	0,5
	Вкупно	**159**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**120,6**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**63**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	**130**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**159**
Вкупно	**472,6**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Димитар Папастеревски, претседател, с.р.
Проф. д-р Страхиња Трпевски, член, с.р.
Проф. д-р Горан Марковски, член, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ: ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРА И УМЕТНОСТ (2.01.02.05) НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ГРАДИТЕЛСКОТО НАСЛЕДСТВО, ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРАТА И УМЕТНОСТ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 5.6.2026 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања за група предмети во наставно-научната област: историја на архитектура и уметност (2.01.02.05) на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност на Архитектонскиот факултет во Скопје, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, 08 бр. 6/122 донесена на 16.6.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Елизабета Касапова, професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, претседател, д-р Ана Ивановска Дескова, професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, член и д-р Јован Ивановски, професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања за група предмети во наставно-научната област: историја на архитектура и уметност (2.01.02.05) на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност при Архитектонскиот факултет во Скопје, во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Михајло Стојановски, асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје.

1 Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Михајло Стојановски е роден на 6.11.1992 година во Скопје. Средно образование завршил во гимназијата „Раде Јовчевски-Корчагин“ во Скопје. На интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се запишал во септември 2011 година, а ги завршил во јануари 2017 година со просечен успех 8,74.

Магистерскиот труд со наслов: „Автономија на архитектурата – нови урбани парадигми и нивниот одраз врз типолошките редефиниции на јавните објекти на примерот на населбата Аеродром во Скопје“ под менторство на проф. д-р Анета Христова Поповска јавно го одбранил на 31.1.2017 година, со што се стекнал со стручното звање *магистер инженер архитект* (Master of Architecture).

Во учебната 2021/2022, кандидатот д-р Михајло Стојановски се запишал на трет циклус – докторски студии по архитектура и урбанизам на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, под менторство на проф. д-р Ана Ивановска Дескова. Докторска дисертација пријавил на 7.3.2025 година, на тема: „Критичка историја и вреднување на населбата Аеродром во Скопје како пример на доцномодерно архитектонско наследство“, и ја одбранил на 20.5.2026 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Елизабета Касапова, претседател, проф. д-р Ана Ивановска Дескова, ментор, проф. д-р Јасмина Хаџиева Алексиевска, член, проф. д-р Влатко П. Коробар, член и проф. д-р Јован Ивановски, член. Со тоа се стекнал со научниот степен *доктор на технички науки од областа на архитектурата и урбанизмот* (Ph.D. in technical sciences in the field of architecture and urbanism).

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, за што е поднесено и соодветно уверение и има познавање од германскиот јазик.

По завршувањето на студиите, во текот на 2018 и 2019 година, кандидатот д-р Михајло Стојановски работел како архитект проектант во „Студио 90“, а во текот на 2020 година во „ОРТО Архитекти“. Во периодот од 2018 до 2023 г., кандидатот хонорарно соработува и со Македонската опера и балет и изработува дизајн на сценографии за низа балетски и оперски претстави.

На 30.12.2020 година, кандидатот е избран во соработничко звање – асистент на група предмети од областите развој на архитектурата и урбанизмот и архитектонското наследство

(20103) и конзервација и ревитализација на културно-историски споменици (20113) на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност при Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

На 21.12.2023 година е реизбран во соработничко звање – асистент на група предмети од областа развој на архитектурата и урбанизмот и архитектурното наследство (20103) на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност при Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во моментот е вработен како асистент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1296 од 1.12.2023 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1228 од 15.12.2020 год. и бр. 1296 од 1.12.2023 год., како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

Наставно-образовна дејност

Во периодот од 2016 до 2018 година, кандидатот бил ангажиран како демонстратор во рамки на Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, и тоа: во учебните 2016/2017 и 2017/2018 година на Архитектонското студио 5.2 и Архитектонското студио 6.2 (водени од проф. д-р Анета Христова Поповска) и во учебната 2017/2018 година на Архитектонското студио 3 и Архитектонското студио 4 (водени од вонр. проф. д-р Јован Ивановски).

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Архитектонскиот факултет во Скопје, кандидатот д-р Михајло Стојановски изведува вежби, теренска настава, консултации и сл. на студиската програма Интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура (2018 – 2023), на студиската програма Додипломски студии од прв циклус по архитектура (2023 – 2028) и на студиската програма Постдипломски студии од втор циклус по архитектура (2023 – 2028). Од вработувањето во декември 2020 до денес, кандидатот учествувал во наставата на матичниот институт на предметите: *Конзервација и реставрација на градителското наследство* (VIII сем.), *Ревитализација на градителското наследство* (IX сем.), *Заштита на градителско наследство* (VIII сем.) и *Заштита на градителско наследство 2* (IX сем.) во втор циклус студии на двете студиски програми, како и на предметите *Архитектурата во Македонија во XIX и XX век* (IV и VI сем.), *Цртање* (I сем.) и *Пластично обликување* (III сем.) во прв циклус студии на двете студиски програми. При тоа, кандидатот покажува исклучителна посветеност на наставниот процес во работата со студентите.

Освен на матичните предмети на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност, кандидатот д-р Михајло Стојановски на покана од предметните наставници учествува и во реализацијата на наставата на предметите во Институтот за архитектонско проектирање како: Архитектонско проектирање 1 (I сем.), Архитектонско студио 3 (III сем.) и Архитектонско студио 4 (IV сем.) во прв циклус студии на двете студиски програми.

Покрај учеството во практичната настава – вежбите, кандидатот е активно вклучен и во изведувањето на теоретската настава по предметите кои ги води проф. д-р Елизабета Касапова. Во изминатиот период, д-р Михајло Стојановски одржал неколку самостојни предавања под менторство на предметниот наставник на предметите Историја на архитектура и уметност 2 / среден век и Историја на архитектура и уметност 3 / нов век.

Кандидатот д-р Михајло Стојановски бил ментор на 3 летни школи, од кои 2 меѓународни, учествувал на уште една меѓународна летна школа и на 4 архитектонски работилници, од кои 3 меѓународни.

Научноистражувачка дејност

Д-р Михајло Стојановски има објавено вкупно 5 научни труда од областа на историјата на архитектурата на 20 век и заштитата на наследството од модерната, од кои 2 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание) индексирани во Scopus и Web of Science, 1 труд во меѓународно научно списание и 2 труда во зборници од меѓународни научни собири. Покрај ова, кандидатот учествувал на 5 научни/стручни собири со реферати и презентации.

Д-р Михајло Стојановски учествувал во 7 национални и 5 меѓународни научни проекти како дел од повеќе научноистражувачки тимови од земјата и од странство.

Стручно-уметничка дејност

Д-р Михајло Стојановски, како дел од тим, реализирал 11 јавно претставени дела од областа на архитектурата и урбанизмот, во облик признат за струката, поточно 6 изложби во земјата и 5 на меѓународната сцена како во: Атина, Солун, Берлин, Њујорк и Венеција. Дел од изложбите се проследени со публикации.

Покрај ова, кандидатот учествувал на 6 архитектонски и архитектонско-урбанистички конкурси, од кои 2 биле наградени со прва и 2 со втора награда.

Д-р Михајло Стојановски се реализирал и во изработката на сценографии за балетски и оперски претстави, па така во периодот од 2018 до 2023 год. има изработено 4 сценографии за претстави на Македонската опера и балет во Скопје.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Михајло Стојановски во стручно-апликативната дејност има реализирано две дела од графички дизајн на илустрации во универзитетски учебници. Покрај тоа, соработувал во подготовка на една меѓународна изложба на Музејот на современа уметност од Скопје во Виена.

Д-р Михајло Стојановски во 2022 година остварил стручно усовршување во странство со студискиот престој на Техничкиот универзитет Оствестфален-Липе (TH OWL) – Универзитет за применети науки и уметности во Детмолд, Германија. Покрај ова, за свое стручно и научно усовршување присуствувал на повеќе стручни собири, конференции, изложби и студиски патувања.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Архитектонскиот факултет. Меѓу другото, кандидатот бил член на еден организационен одбор на меѓународен научен собир и една работна група за изработка на монографија на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Михајло Стојановски, во континуитет, добива позитивни оценки од анонимно спроведените анкети на студентите на Архитектонскиот факултет. На последните анкети од зимскиот семестар во учебната 2025/2026 година, добил просечна оценка 4,82.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Михајло Стојановски.

Од увидот во доставените материјали, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Михајло Стојановски постигнал завидни резултати од областа на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-уметничката и стручно-апликативната дејност, во еден подолг период кој започнува уште во неговите студиски години. Неговата серизност и посветеност во работата е препознаена од наставниците и тој со задоволство е ангажиран како соработник во научноистражувачки проекти и како демонстратор во наставата. По вработувањето на Архитектонскиот факултет во Скопје, неговата соработка со колегите, професори и асистенти, продолжува со уште поголемо темпо. Интересот на д-р Михајло Стојановски е, главно, во градителското наследство од XX век, што ќе биде предмет на истражување и во неговиот докторски труд. Резултатите од истражувачките работи кандидатот ги изложува на јавна верификација преку изложби, проекти, објавени трудови, учества на конференции и сл., на домашната и на меѓународната сцена. Д-р Михајло Стојановски има широк интерес за творечка работа што се потврдува со неговите учества во архитектонско-урбанистички конкурси кои се често наградувани. Посебно внимание привлекува неговиот интерес за изработка на сценографии за балетски и оперски дела во што е прилично успешен. Во досегашната работа како асистент во наставата на Архитектонскиот факултет, со студентите покажува исклучителна професионалност, одговорност и педагошка зрелост, што е показател за квалитетите на д-р Михајло Стојановски како иден наставен кадар на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека д-р Михајло Стојановски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент во научната област историја на архитектура и уметност (2.01.02.05) на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот фкултет во Скопје, д-р Михајло Стојановски да биде избран во звањето **доцент** во научната област историја на архитектура и уметност (2.01.02.05) на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност при Архитектонскиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Елизабета Касапова, претседател, с.р.
Проф. д-р Ана Ивановска Дескова, член, с.р.
Проф. д-р Јован Ивановски, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Михајло Сашо Стојановски
Институција: Архитектонски факултет, УКИМ – Скопје, Институт за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност
Научна област: историја на архитектура и уметност (2.01.02.05)

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: / Просечниот успех на втор циклус изнесува: / Просечниот успех на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус изнесува 8,74.	ДА
2	Научен степен - доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: историја на архитектура и уметност (2.01.02.05); научно потполе: архитектура (2.01.02); научно поле: градежништво (2.01); научно подрачје: инженерство и технологија (2).	ДА
3	Објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	ДА
3.1.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: „Sustainability“, MDPI 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science, SCIE 3. Наслов на трудот: „Rehabilitation of Mass Housing as a Contribution to Social Equality: Insights from the East-West European Academic Dialogue“ 4. Година на објава: 2022	ДА
3.1.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: „Sustainability“, MDPI	ДА

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science, SCIE 3. Наслов на трудот: „Approaching Extracurricular Activities for Teaching and Learning on Sustainable Rehabilitation of Mass Housing: Reporting from the Arena of Architectural Higher Education“ 4. Година на објава: 2023	
3.2.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1. Назив на научното списание: Periodica Polytechnica Architecture 2. Меѓународен уредувачки одбор составен од 10 членови од 9 различни земји (Италија, Романија, САД, Словачка, Финска, Швајцарија, Австрија, Србија и Турција). 3. Наслов на трудот: „Searching the archives: Modern visions and development of Eastern part of Skopje“ 4. Година на објава: 2026	ДА
3.3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Назив на научното списание: _____ 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД _____ 3. Наслов на трудот: _____ 4. Година на објава: _____	/
3.4	Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Наслов на книгата: _____ 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД _____ 3. Издавач, година и место на издавање/објавување: _____	/
3.5.1	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: DOCONF 2023 / Facing post-socialist urban heritage - Proceedings 2. Назив на меѓународниот собир: DOCONF 2023 / Facing post-socialist urban heritage 3. Имиња на земјите: Унгарија, Србија, Германија, Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Холандија, Швајцарија, Франција, Романија, Чешка, Италија, Словачка, Бугарија 4. Наслов на трудот: „Buildings, parks and humans: The case of Aerodrom neighborhood“ 5. Година на објава: 2023	ДА
3.5.2	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји	ДА

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
	1. Назив на зборникот: 9th International Academic Conference on Places and Technologies - Proceedings 2. Назив на меѓународниот собир: 9th International Academic Conference on Places and Technologies - Proceedings 3. Имиња на земјите: Србија, Унгарија, Португалија, Романија, Австрија, Босна и Херцеговина, Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Турција, Холандија, Норвешка, Македонија, Италија, Хрватска, Финска, Албанија, Литванија, Грција, 4. Наслов на трудот: „Liveability and population dynamics: The case of urban municipalities of North Macedonia“ 5. Година на објава: 2024	
3.6	Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност 1. Наслов на преведеното капитално дело: _____ 2. Година на објава: _____ 3. Издавач, место на издавање и година: _____	/
4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 1. Странски јазик: англиски (Б2) 2. Назив на документот: Cambridge ESOL Level 1 Certificate in ESOL International 3. Издавач на документот: University of Cambridge: ESOL Examination 4. Датум на издавање на документот: јуни 2009	ДА
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Елизабета Касапова, претседател, с.р.
Проф. д-р Ана Ивановска Дескова, член, с.р.
Проф. д-р Јован Ивановски, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Михајло Сашо Стојановски
Институција: Архитектонски факултет, УКИМ – Скопје, Институт за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност
Научна област: историја на архитектура и уметност (2.01.02.05)

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Одржување вежби:	**73,35**
1	Конзервација и реставрација на градителското наследство - летен семестар 2020/2021 (14 часа * 15 недели * 0.03)	6,3
2	Архитектонско студио 4 - летен семестар 2020/2021 (6 часа * 15 недели * 0.03)	2,7
3	Ревитализација на градителското наследство - зимски семестар 2021/2022 (6 часа * 15 недели * 0.03)	2,7
4	Архитектонско студио 3 - зимски семестар 2021/2022 (6 часа * 15 недели * 0.03)	2,7
5	Архитеконско проектирање 1 - зимски семестар 2021/2022 (4 часа * 15 недели * 0.03)	1,8
6	Заштита на градителското наследство - летен семестар 2021/2022 (6 часа * 15 недели * 0.03)	2,7
7	Архитектонско студио 4 - летен семестар 2021/2022 (6 часа * 15 недели * 0.03)	2,7
8	Ревитализација на градителското наследство - зимски семестар 2022/2023 (6 часа * 15 недели *0,03)	2,7
9	Архитектонско студио 3 - зимски семестар 2022/2023 (6 часа * 15 недели * 0.03)	2,7
10	Заштита на градителското наследство - летен семестар 2022/2023 (8 часа * 15 недели * 0.03)	3,6
11	Архитектурата во Македонија во 19 и 20 век - летен семестар 2022/2023 (2 часа * 15 * 0.03)	0,9
12	Архитектонско студио 4 - летен семестар 2022/2023 (6 часа * 15 недели * 0.03)	2,7
13	Ревитализација на градителското наследство - зимски семестар 2023/2024 (3 часа * 15 недели * 0.03)	1,35
14	Заштита на градителското наследство 2 - зимски семестар 2023/2024 (2 часа * 15 недели * 0.03)	0,9
15	Цртање - зимски семестар 2023/2024 (6 часа * 15 недели * 0.03)	2,7
16	Архитектонско студио 3 - зимски семестар 2023/2024 (6 часа * 15 недели * 0.03)	2,7
17	Заштита на градителското наследство - летен семестар 2023/2024 (8 часови * 15 недели * 0.03)	3,6
18	Архитектурата во Македонија во 19 и 20 век - летен семестар 2023/2024 (1 час * 15 недели * 0.03)	0,45
19	Пластично обликување - летен семестар 2023/2024 (6 часа * 15 недели * 0.03)	2,7
20	Архитектонско студио 4 - летен семестар 2023/2024 (6 часа * 15 недели * 0.03)	2,7

21	Заштита на градителското наследство 2 - зимски семестар 2024/2025 (1 час * 15 недели * 0.03)	0,45
22	Цртање - зимски семестар 2024/2025 (4 час * 15 недели * 0.03)	1,8
23	Архитектонско студио 3 - зимски семестар 2024/2025 (6 часа * 15 недели * 0.03)	2,7
24	Заштита на градителското наследство - летен семестар 2024/2025 (8 часови * 15 недели * 0.03)	3,6
25	Архитектонско студио 4 - летен семестар 2024/2025 (6 часа * 15 недели * 0.03)	2,7
26	Заштита на градителското наследство 2 - зимски семестар 2025/2026 (1 час * 15 недели * 0.03)	0,45
27	Ревитализација на градителското наследство - зимски семестар 2025/2026 (3 часа * 15 недели * 0.03)	1,35
28	Архитектонско студио 3 - зимски семестар 2025/2026 (6 часа * 15 недели * 0.03)	2,7
29	Заштита на градителското наследство - летен семестар 2025/2026 (8 часа * 15 недели * 0.03)	3,6
30	Архитектонско студио 4 - летен семестар 2025/2026 (6 часа * 15 недели * 0.03)	2,7
	Настава во школи и работилници:	**8**
31	Учесник на меѓународна студентска работилница: Open Room, организирана од Архитектонскиот факултет во Скопје, УКИМ, во 2013 година	1
32	Учесник на Меѓународната летна школа за архитектура, Манастир „Св. Јоаким Осоговски“, Крива Паланка, во организација на Архитектонскиот факултет во Скопје, УКИМ, сесија 2014, на тема „Капела за природата“, раководител: вонр. проф. д-р Јован Ивановски, гостин тутор: Сами Ринтала од архитектонското студио Ринтала-Егертсон (Rintala-Eggertsson)	1
33	Учесник на меѓународна студентска работилница: Наутилус конструкт, соработка на Архитектонскиот факултет во Скопје, УКИМ и ЕТН од Цирих, Швајцарија, во 2015 година. Проектот е воден од TEN + NGO City Creative Network – Скопје	1
34	Учесник на работилница: Скопје – градот што може(ше) да биде, посветена на проектите на арх. Живко Поповски за Скопје, поддржана од Министерството за култура на Република Северна Македонија во 2020 година; раководители: проф. д-р Анета Христова Поповска и вонр. проф. д-р Мери Батакоја	1
35	Ментор на 30-та сесија на Меѓународната летна школа за архитектура во организација на Архитектонскиот факултет во Скопје, Лазарополе, 2021: „Essential places“ со Maruša Zorec	1
36	Учество на четвртата традиционална Демирхисарска летна школа организирана од општина Демир Хисар, манастирот Слепче и истражувачкиот центар за културно наследство при МАНУ, Демир Хисар, 2021 (соработник во архитектонската секција, под менторство на проф. д-р Елизабета Касапова)	1
37	Ментор на 31-ва сесија на Меѓународната летна школа за архитектура во организација на Архитектонскиот факултет во Скопје, Лазарополе, 2022: „The Use and Reuse of Buildings through Time“ со Gunnar Hartman	1
38	Учесник на третата архитектонска работилница во рамки на меѓународниот научен проект „Rehabilitation of Mass Housing Neighbourhoods as a Tool for Social Equality“, насловена „Rethinking the Commons“, одржана на Архитектонскиот факултет во Скопје,	1

	2022 со проф. д-р Јован Ивановски и проф. д-р Ана Ивановска Дескова	
	Вкупно:	**81,35**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Национални научни проекти:	**21**
1	Учество во научноистражувачки проект: Македонски архитектонски атлас, на Архитектонскиот факултет во Скопје/Галерија Ко-Ра во Домот на култура „Кочо Рацин“ во Скопје, 2017 година. Проектот е под раководство на проф. д-р Анета Христова Поповска и вонр. проф. д-р Мери Батакоја	3
2	Учество во национален научноистражувачки проект: „Скопските вертикали“, финансиран од Министерството за култура на РМ, 2017 година. Проектот е под раководство на вонр. проф. д-р Јован Ивановски, вонр. проф. д-р Ана Ивановска Дескова и Владимир Десков	3
3	Учесник во национален научноистражувачки проект: „Загрозени видови“, финансиран од Министерството за култура на РМ, 2018 година. Проектот е под раководство на вонр. проф. д-р Јован Ивановски, вонр. проф. д-р Ана Ивановска Дескова и Владимир Десков	3
4	Учество во научноистражувачки проект: Документирање и архивирање на проектантското творештво на архитект Живко Поповски, на Архитектонскиот факултет во Скопје финансиран од средствата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2018/19 година. Проектот е под раководство на проф. д-р Анета Христова Поповска и вонр. проф. д-р Мери Батакоја	3
5	Учесник во национален научноистражувачки проект: „Улогата на жените архитекти во постземјотресната обнова на Скопје“, финансиран од Амбасадата на Швајцарија во РМ. 2021 година (коавтор на истражувањето заедно со вонр. проф. д-р Ана Ивановска Дескова, арх. Владимир Десков, вонр. проф. д-р Јован Ивановски и ас. м-р Теа Дамјановска)	3
6	Учесник во национален научноистражувачки проект: „Атлас на македонската модерна архитектура“, финансиран од Министерството за култура на РМ, 2022 година Носители на проектот се вонр. проф. д-р Ана Ивановска Дескова, вонр. проф. д-р Јован Ивановски и арх. Владимир Десков (коавтор на проектот заедно со ас. м-р Теа Дамјановска)	3
7	Учесник во национален научноистражувачки проект: „Нови индустрии на стари локации“, финансиран со средства на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2023 година. Раководител на проектот е вонр. проф. д-р Горан Мицковски (коавтор на проектот заедно со вонр. проф. д-р Јован Ивановски, вонр. проф. д-р Ана Ивановска Дескова, ас. м-р Теа Дамјановска и ас. м-р Димитар Крстевски)	3
	Меѓународни научни проекти:	**25**
8	Учесник во меѓународен научноистражувачки проект: „The Future as a Project, Doxiadis in Skopje“, финансиран од Хеленскиот институт за архитектура од Атина, Грција, Министерството за култура на РМ, Музејот „Бенаки“ од Атина, Грција и Музејот на град Скопје, 2018 година. Проектот е под раководство на Калиопи	5

	Амигдалу и проф. д-р Костас Циамбаос од Атина и вонр. проф. д-р Ана Ивановска Дескова, вонр. проф. д-р Јован Ивановски и Владимир Десков од Скопје	
9	Меѓународен научноистражувачки проект „Sustainable Management Of Cultural Heritage In Response To Climate Change“ реализиран во 2021 (учесник во проектот заедно со поширока група на асистенти од Архитектонскиот факултет – Скопје. Проектот во целост беше спроведен online поради состојбата со COVID пандемијата)	5
10	Учесник во меѓународен научноистражувачки проект: „Rehabilitation of Mass Housing Neighbourhoods as a Tool for Social Equality“, финансиран од германскиот сервис за академска размена ДААД (DAAD), 2022 година. Во проектот учествуваат Архитектонскиот факултет од Белград, Србија, Факултет за архитектура и внатрешна архитектура во Детмолд, Германија и Архитектонскиот факултет, УКИМ – Скопје, РС Македонија	5
11	Учесник во меѓународен научноистражувачки проект: „FOMA_Forgotten Masterpieces“, финансиран од страна на Креативна Европа (Creative Europe), 2022 – 2023 година. Носител на проектот е Arhitektuul, а претставува соработка помеѓу Македонија, Германија и Литванија	5
12	Учесник во меѓународен научноистражувачки проект: „The Future as a Project, Doxiadis in Skopje“, финансиран од Министерството за култура на РС Македонија и Амбасадата на Република Грција, 2023 – 2024 година	5
	Објавени научни трудови:	**31,4**
13	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт фактор (и.ф. 3,9 за 2022, и.ф. 4,0 за последните 5 години, индексирано во Scopus и Web of Science): „Rehabilitation of Mass Housing as a Contribution to Social Equality: Insights from the East-West European Academic Dialogue“, Sustainability 14(13):8106, July 2022, DOI: 10.3390/su14138106 (со група автори / 60%*8=4,8+и.ф.3,9)	8,7
14	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт фактор (и.ф. 3,9 за 2023, и.ф. 4,0 за последните 5 години, индексирано во Scopus и Web of Science): „Approaching Extracurricular Activities for Teaching and Learning on Sustainable Rehabilitation of Mass Housing: Reporting from the Arena of Architectural Higher Education“, Sustainability 15(3):2476, January 2023, DOI: 10.3390/su15032476 (со група автори / 60%*8=4,8+и.ф.3,9)	8,7
15	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји: „Buildings, parks and humans: The case of Aerodrom neighborhood“, DOCONF 2023/ Facing post-socialis urban heritage, e-proceedings, October 2023, ISBN: 978-963-421-932-3 (два автори / 90%*5)	4,5
16	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји: „Liveability and the population dynamics: The case of urban municipalities in North Macedonia“, 9th International Academic Conference on Places and Technologies, Proceedings, May 2024, ISBN: 978-963-626-395-9	4,5

	(два автори / 90%*5)	
17	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови: „Searching the archives: Modern visions and development of Eastern part of Skopje“, Polytechnica Periodica Architecture, Март 2026 DOI: 10.3311/PPar.42459	5
	Учество на научен/стручен собир со реферат/презентација:	**5**
18	Научен/стручен собир Rehabilitation of Mass Housing Neighborhoods: PhD Talks, Архитектонски факултет при Универзитетот во Белград, 14 – 15 мај 2022 година, усна презентација на трудот „From utopia of the city to the reality of the neighborhood - the case of Aerodrom“	1
19	Презентација на настанот „FOMA Hackathon“, дваесет и четиричасовен онлајн настан посветен на препознавање и вреднување на модерната архитектура во рамки на проектот „Forgotten Masterpieces“, Скопје, 2023 година	1
20	Научен/стручен собир DOCONF 2023 / Facing post-socialis urban heritage, Архитектонски факултет при Универзитет за технологија и економија во Будимпешта, 5 – 7 октомври 2023 година, усна презентација на трудот „Buildings, parks and humans: The case of Aerodrom neighborhood“	1
21	Научен/стручен собир 9th International Academic Conference on Places and Technologies, Факултет за инженерство и информациски технологии при Универзитет во Печуј, 8 – 9 јули 2024 година, усна презентација на трудот „Liveability and the population dynamics: The case of urban municipalities in North Macedonia“	1
22	Научен/стручен собир City Street 6 - Architecture as Infrastructure: Toward Sustainable, Inclusive and Beautiful City Streets, Архитектонски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 24 – 27 септември 2024 година, усна презентација на трудот „Living-streets of Aerodrom neighborhood: Between avant-garde planning and everyday practice“	1
	Вкупно:	**82,4**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Јавно претставено дело од областа на архитектурата и урбанизмот, во облик признат од струката:	**48**
1	„Скопските вертикали“, јавно претставен истражувачки труд/дело од областа на архитектурата, Музеј на град Скопје, Скопје, 2018 година (со Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски, Владимир Десков и Теа Дамјановска)	8
2	„Загрозени видови“, јавно претставен истражувачки труд/дело од областа на архитектурата, Природонаучен музеј на Македонија, Скопје, 2018 година (со Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски, Владимир Десков и Теа Дамјановска)	8

3	„Жените архитекти во постземјотресната обнова на Скопје“, јавно претставен истражувачки труд/дело од областа на архитектурата, НУ Музеј на Македонија, Скопје, 2021 година (со Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски, Владимир Десков и Теа Дамјановска)	8
4	„Атлас на македонската модерна архитектура“, јавно претставен истражувачки труд/дело од областа на архитектурата, Младински културен центар, Скопје, 2022 година (со Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски, Владимир Десков и Теа Дамјановска)	8
5	„Скопје: нови индустрии на стари локации“, јавно претставен истражувачки труд/дело од областа на архитектурата, Младински културен центар, Скопје, 2023 година (со Горан Мицковски, Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски, Димитар Крстевски и Теа Дамјановска)	8
6	„Иднината како проект, Доксијадис во Скопје“ (The Future as a Project, Doxiadis in Skopje), јавно претставен истражувачки труд/дело од областа на архитектурата, Музеј на современата уметност, Скопје, септември 2023 – април 2024 година (со Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски, Владимир Десков и Теа Дамјановска)	8
	Учество на светска архитектонска и урбанистичка манифестација со национално претставување:	**40**
7	„Иднината како проект, Доксијадис во Скопје“, јавно претставен истражувачки труд/дело од областа на архитектурата, Музеј Бенаки, Атина, Грција, декември 2018 година; (со Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски, Владимир Десков и Теа Дамјановска)	8
8	„Страда Бруталисима“, јавно претставен истражувачки труд/дело од областа на архитектурата, Венециско биенале, Арсенале, Венеција, мај - ноември 2025 година; (со Благоја Бајкоски, Ана Рафаиловска, Невенка Манчева-Аџиевска, Марија Антиќ-Николова и Теа Дамјановска)	8
9	„Жените во македонската архитектура: обновата на Скопје“, јавно претставен истражувачки труд/дело од областа на архитектурата, Македонски културен центар во Њујорк, САД, август 2025 година; (со Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски, Владимир Десков и Теа Дамјановска)	8
10	„Иднината како проект, Доксијадис во Скопје“, јавно претставен истражувачки труд/дело од областа на архитектурата, Архитектонски факултет при „Аристотел“ Универзитетот во Солун, Грција. ноември 2025 година; (со Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски, Владимир Десков и Теа Дамјановска)	8
11	„Жените во македонската архитектура: обновата на Скопје“, јавно претставен истражувачки труд/дело од областа на архитектурата, BAUHAUS reuse pavilion во Берлин, Германија, ноември 2025 година; (со Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски, Владимир Десков и Теа Дамјановска)	8
	Наградено учество на архитектонски или архитектонско-урбанистички конкурс:	**16**
12	Идејно архитектонско решение за просторот на киното во Железничарската зграда во Скопје, под покровителство на „Локомотива – центар за нови иницијативи во културата и уметноста“, 2017 година, втора награда (со Миа Ширић)	4
13	Второнаграден конкурсен урбанистичко-архитектонски проект за јавен простор „Бисер“ во населбата Аеродром во Скопје, 2020 година (со група автори)	4

14	Првонаграден конкурсен урбанистичко-архитектонски проект за велосипедско паркирање во рамки на Железничката Станица во Скопје, 2020 година (со Теа Дамјановска)	4
15	Второнаграден прворангиран конкурсен урбанистичко-архитектонски проект за локалитетот на поранешната фабрика Треска во Скопје, 2021 година (со група автори)	4
	Учество на архитектонски или архитектонско-урбанистички конкурс:	**4**
16	Архитектонско-урбанистички проект за детска градинка „Пчелка“ во населбата Аеродром во Скопје, 2022 година (со група автори)	2
17	Архитектонско-урбанистички проект за управна зграда на Општина Аеродром во Скопје, 2021 година (со група автори)	2
	Изработка на сценографии:	**32**
18	Авторство/продукција на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од голем формат, балетска претстава „Либертанго“ во Македонска опера и балет, јуни 2019 (со Александар Ношпал)	8
19	Авторство/продукција на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од голем формат, оперска претстава „Кармен“ во Македонска опера и балет, ноември 2019 (со Елена Иванова)	8
20	Авторство/продукција на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од голем формат, балетска претстава „Жизел“ во Македонска опера и балет, октомври 2021 (со Александар Ношпал)	8
21	Авторство/продукција на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од голем формат, балетска претстава „Молитви на моето тело“ во Македонска опера и балет во Скопје, декември 2023 год.	8
	Вкупно:	**140**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Дела од архитектонска визуелизација, мултимедиски и графички дизајн:	**7**
1	Графичко уредување на книгата *Прирачник за Етика* од проф. д-р Дејан Донев, издадена од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2019, ISBN: 978-9989-43-441-9	3
2	Графичко уредување на книгата *Биоетички есеи* на Фриц Јар, преведена на македонски од проф. д-р Дејан Донев, издадена од Дејан Донев, 2023 година	3
3	„No Feeling Is Final, The Skopje Solidarity Collection“ Kunsthalle, Виена, 2023 (учество во подготовка на изложбата на Музејот на современа уметност од Скопје)	1
	Учество во промотивни активности на факултетот:	**0,5**
4	Член на Работна група за изработка на јубилејна монографија: *70 години Архитектонски факултет во Скопје*, во 2019 година	0,5
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС		
	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир:	**1**
5	City Street 6 во организиција на Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 25 – 27 септември 2024 година	1
	Студиски престој во странство до 3 месеци:	**2,5**

6	Меѓународна мобилност на Техничкиот универзитет Оствестфален-Липе (TH OWL) – Универзитет за применети науки и уметности, Детмолд, Германија, 2023 година	0,5
7	Присуство на научен симпозиум: The Future as a Project, Doxiadis in Skopje“, Музеј Бенаки, Атина, Грција, 2018 година	0,5
8	Присуство на стручен собир: „Викенд со ОРИС“ во Дубровник, Хрватска, 2018 година	0,5
9	Присуство на стручен собир: „Денови на ОРИС“ во Загреб, Хрватска, 2022 година	0,5
10	Присуство на стручен собир: „Triennale Moderne“, Берлин, 2022 год.	0,5
	Член на факултетска комисија:	**2,5**
11	Комисија за извршен попис на благајна во 2021, 2022, 2023, 2024 и 2025 година (5x0,5)	2,5
	Вкупно:	**13,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**81,35**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**82,4**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	**140**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	**13,5**
Вкупно:	**317,25**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Елизабета Касапова, претседател, с.р.
Проф. д-р Ана Ивановска Дескова, член, с.р.
Проф. д-р Јован Ивановски, член, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје, објавен на 8.6.2026 година во весниците „Вечерпрес“ и „Коха“, за избор на наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од наставно-научната област архитектонско проектирање (2.01.02.01), на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 08-6/116 од 12.6.2026, донесена на 32. седница одржана на 16.6.2026, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Александар Радевски, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје (претседател), д-р Горан Мицковски, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје (член) и д-р Елизабета Касапова, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје (член). Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од наставно-научната област архитектонско проектирање (2.01.02.01), на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предвидениот рок се пријави ас. д-р Димитар Крстески.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот Димитар Крстески е роден на 9.12.1981 година, во Скопје. По дипломирањето во 2012 година на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, магистрирал во областа на архитектонското проектирање – стопански објекти на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во 2016 година. На трет циклус – докторски студии се запишал во учебната 2021/2022 година, на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што работи на својот труд под менторство на проф. д-р Александар Радевски. На 21.5.2026 година ја одбранил докторската дисертација со наслов: „Анализа на стопанските дворови и нивното влијание врз просторните промени во селата на Скопска Црна Гора“.

Во периодот од 2016 до 2020 година, како стручњак од практиката, учествувал во изведувањето на наставата по предметите Архитектонско студио 7, Архитектонско студио 8 и Интегративното студио. Во 2020 година е избран за асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во својата научноистражувачка и стручно-уметничка дејност има објавено научни трудови од областа на архитектурата и има учествувано на домашни и меѓународни изложби и конкурси. Неговото истражување се фокусира на архитектонската типологија на стопанските дворови во контекст на одржлив развој. Во 2023 година, учествувал на 18. Меѓународна изложба на архитектура – La Biennale di Venezia, како кокуратор на проектот на Македонскиот павилјон со наслов: „Приказни за летната школа за архитектура во манастирот Св. Јоаким Осоговски“.

Автор и проектант соработник е на повеќе идејни и основни архитектонски проекти, меѓу кои има и голем број на реализации. За својата работа во областа на архитектурата и образованието во 2005 година ќе добие Златна плакета за придонес во развојот и афирмацијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кадидатот во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-уметничката и стручно-применувачката дејност од почетокот на академската кариера, објавени во Билтен бр. 1228 од 15.12.2020 година и бр. 1296 од 01.12.2023 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТАВРУВАЊА ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кандидатот д-р Димитар Крстески во периодот од 2020 до денес бил ангажиран како соработник во наставата во својство на асистент задолжен за одржување на вежби, консултации и теренска настава на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура, како и на студиските програми од прв и втор циклус на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во периодот од академската 2021/2022 до академската 2024/2025 година, континуирано учествувал во реализацијата на вежбите по предметот Архитектонско студио 1, а во периодот од академската 2020/2021 до академската 2024/2025 година, континуирано учествувал и во реализацијата на вежбите по предметот Архитектонско студио 2. Покрај учеството во вежбите по предметите од првиот циклус, кандидатот бил вклучен и во одржувањето на вежбите по предмети и од вториот циклус студии. Во периодот од академската 2021/2022 до академската 2025/2026 година, континуирано учествувал во реализацијата на вежбите од предметите Архитектонско студио 7-3 и Интегративно студио, а во периодот на академската 2020/2021 до академската 2024/2025 година, континуирано учествувал во реализацијата на вежбите по предметот Архитектонско студио 8-3.

Конкретните активности на кандидатот со датуми и пресметка се наведени во Образец 2, согласно со член 2 од Анекс 1 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Научноистражувачка и стручно-уметничка дејност

Кандидатот д-р Димитар Крстески има остварено научноистражувачки и стручно-уметнички активности од областа на архитектонското проектирање.

Во рамките на неговата научноистражувачка дејност, како автор и коавтор има објавено вкупно 4 научни труда. Од нив, еден е објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што е Ebsco. Останатите три се објавени во зборници на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.

Во рамките на стручно-уметничката дејност, кандидатот д-р Димитар Крстески има реализирано неколку архитектонски изложби во својство на куратор или учесник, а има и учествувано на повеќе конкурси на кои има освоено неколку награди. Особено значајно е неговото учество како кокуратор на 18. Меѓународна архитектонска изложба La Biannale Di Venezia, „Stories from the summer school of architecture in the St. Joakim Osogovski monastery 1992-2017”, Scuola dei Laneri, Venice, 2023, која потоа е презентирана и во Кабинетот на претседателот. Од 5-те освоени награди на архитектонски конкурси од наголема важност е 1-вата награда на Меѓународниот студентски конкурс EAAE-AG2R (Reflections in the living environment for the elderly) за проектот Пензионерски дом „Јане Сандански“ и нова станбена низа, каде што работи со колегите студенти А. Ѓуреска, К. Доневска, Љ. Сачкаровски, а под менторство на проф. д-р З. Блажевска. За овој проект, авторите и менторот ќе ја добијат и Големата награда на АСК 2004 (Град Скопје – Главен архитект).

Називите на трудовите, изложбите, конкурсите, наградите и другите активности се наведени во табелата во Образец 1 и Образец 2, согласно со член 3 од Анекс 1 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Стручно-применувачка дејност и дејности од поширок интерес

Кандидатот д-р Димитар Крстески активно е вклучен во апликативната работа на студии, идејни и основни архитектонски проекти како самостоен проектант или во тим.

Учествува во работниот тим при изработката на Стопанска студија за ГУП на град Битола 2023 – 2033, а исто така е учесник и во Студија за развој на индустријата на град Скопје за ГУП 2022 – 2032.

Како самостоен проектант, автор е на два идејни проекта за викенд-куќи во с. Булачани, Општина Гази Баба. Како одговорен проектант учествува во изработка на Основен проект за санација и реконструкција на фасадна обвивка на Феријален сојуз на Македонија – Скопје и Основен проект за викенд-куќа во с. Башино Село, Општина Велес.

За потребите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, учествува во 5 проекти, односно, како проектант соработник, дел е од тимовите коишто ги изработуваат: Основниот проект за реконструкција на опожарен дел на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Основен проект за реконструкција на повеќенаменска спортска сала „Св. Кирил и Методиј“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Основен проект за надградба на Фармацевтски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Основен проект за ентериерно уредување на амфитеатар и голема сала на Архитектонскиот факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Основен проект за ентериерно уредување на амфитеатар на Интерна клиника на Медицински факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како проектант соработник учествува во изработка на 31 основен проект за ФВ централи низ целата држава и на еден основен проект за дом за стари лица – Сопиште и еден основен проект за санација на фасадна обвивка на деловен објект – Аутомакедонија. За основниот проект за санација на фасадна обвивка на деловен објект – Аутомакедонија на Биеналето на македонската архитектура 2023 БИМАС XX – XXI, ќе добие Признание за особен придонес од областа на архитектурата како дел од авторскиот тим заедно со проф. д-р А. Радевски и арх. В. Ставриќ Радевски.

Кандидатот д-р Димитар Крстески, како студент, заедно со тимот со којшто ја освои 1-вата награда на Меѓународниот студентски конкурс EAAE-AG2R (Reflections in the living environment for the elderly), добитник е на Златна плакета која му ја додели Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Називите на студиите, проектите и другите активности се наведени во Образец 2, согласно со член 4 од Анекс 1 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Димитар Крстески, во континуитет, добива позитивни оценки за наставно-образовната дејност од анонимно споведените анкети на студентите на Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-уметничката, стручно-применувачката и дејноста од поширок интерес на ас. д-р Димитар Крстески. Посебно внимание заслужува неговата изразена етичка чувствителност, која се манифестира како во професионалниот, така и во човечкиот аспект на неговото дејствување. Оваа суштинска карактеристика го прави ас. д-р Димитар Крстески исклучително кредибилен и ценет колега.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Рецензентската комисија заклучи дека ас. д-р Димитар Крстески поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува општите и посебните услови да биде избран во звањето доцент во научната област архитектонско проектирање (2.01.02.01).

Според гореизнесеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ас. д-р Димитар Крстески да биде избран во звањето доцент во научната област архитектонско проектирање (2.01.02.01).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Александар Радевски, претседател, с.р.
Проф. д-р Горан Мицковски, член, с.р.
Проф. д-р Елизабета Касапова, член, с.р.

О Б Р А З Е Ц 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Димитар Лазо Крстески
Институција: Архитектонски факултет – Скопје, Институт за архитектонско проектирање
Научна област: архитектонско проектирање

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	**Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *** Просечниот успех изнесува 8,28 за интегрираните студии од првиот и вториот циклус.	ДА
2	**Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира** Научна област: архитектонско проектирање. Научно потполе: архитектура. Научно поле: градежништво. Научно подрачје: инженерство и технологија. Просечен успех за трет циклус студии изнесува 10,00 (Архитектонски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје).	ДА
3	**Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор**	ДА
3.1	**Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** 1. Назив на научното списание: South East European Journal of Architecture and Design — SEEJAD / SEE J Archit Des, eISSN: 1857-9353 2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO. 3. Наслов на трудот: Agricultural yards in rural areas in the context of sustainable development – The example of Gornjane village 4. Година на објава: 2025	
3.2	**Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	1. Назив на зборникот: Proceedings of the International Conference SINARG 2025 – Sinergy of Architecture and Civil Engineering - Vol.1 2. Назив на меѓународниот собир: International Conference SINARG 2025 – Sinergy of Architecture and Civil Engineering 3. Имиња на земјите: Србија, Швајцарија, САД, Романија, Хрватска, Италија, Германија, Австрија, Унгарија, Северна Македонија, Кина, Полска, Бугарија, Босна и Херцеговина, Португалија, Чешка, Кипар, Ирска, Црна Гора, Словенија, Турција 4. Наслов на трудот: Agricultural yards in rural areas in the context of sustainable development – The example of Brodec village 5. Година на објава: 2025	
3.3	**Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** 1. Назив на зборникот: Proceedings of the 20st International Symposium of MASE / Зборник на трудови – 20. Меѓународен симпозиум на ДГКМ 2. Назив на меѓународниот собир: 20st International Symposium of MASE / 20. Меѓународен симпозиум на ДГКМ 3. Имиња на земјите: Северна Македонија, Хрватска, Србија, Данска, Канада, Германија, Црна Гора, Словенија, Бугарија, САД. 4. Наслов на трудот: Perspectives for industry development in Skopje 5. Година на објава: 2023	
3.4	**Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** 1. Назив на зборникот: Zbornik radova – Osmi nacionalni naučno-stručni skup sa međunerodnim učešćem Instalacije & Arhitektura 2021 / Зборник на трудови – Осми национален научно-стручен собир со меѓународно учество *Инсталации и архитектура 2021* 2. Назив на меѓународниот собир: Osmi nacionalni naučno-stručni skup sa međunerodnim učešćem Instalacije & Arhitektura 2021 / Осми национален научно-стручен собир со меѓународно учество *Инсталации и архитектура 2021* 3. Имиња на земјите: Србија, Грција, Албанија, Унгарија, Босна и Херцеговина, Англија, Русија, Црна Гора, Хрватска, Северна Македонија 4. Наслов на трудот: Alternative models of modern rurban environments throught transformation of the agricultural yards 5. Година на објава: 2021	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
4	**Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа** 9. Странски јазик: англиски Ц1 според CEFR 10. Назив на документот: Уверение 11. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ 12. Датум на издавање на документот: 9.6.2026	ДА
5	**Има способност за изведување на високообразовна дејност**	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Александар Радевски, претседател, с.р.
Проф. д-р Горан Мицковски, член, с.р.
Проф. д-р Елизабета Касапова, член, с.р.

О Б Р А З Е Ц 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Димитар Лазо Крстески
Институција: Архитектонски факултет – Скопје, Институт за архитектонско проектирање
Научна област: архитектонско проектирање

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Одржување на вежби	
1	**Архитектонско студио 1** 2024-2025, зимски семестар (0+6); 2023-2024, зимски семестар (0+6); 2022-2023, зимски семестар (0+6); 2021-2022, зимски семестар (0+6);	15x24x0,03=**10,8**
2	**Архитектонско студио 2** 2024-2025, летен семестар (0+6); 2023-2024, летен семестар (0+6); 2022-2023, летен семестар (0+6); 2021-2022, летен семестар (0+6); 2020-2021, летен семестар (0+6);	15x30x0,03=**13,5**
3	**Архитектонско студио 7.3** 2025-2026, зимски семестар (0+6); 2024-2025, зимски семестар (0+8); 2023-2024, зимски семестар (0+6); 2022-2023, зимски семестар (0+6); 2021-2022, зимски семестар (0+6);	15x32x0,03=**14,4**
4	**Архитектонско студио 8.3** 2024-2025, летен семестар (0+6); 2023-2024, летен семестар (0+6); 2022-2023, летен семестар (0+6); 2021-2022, летен семестар (0+6); 2020-2021, летен семестар (0+8);	15x32x0,03=**14,4**
5	**Интегративно студио** 2025-2026, зимски семестар (0+16); 2024-2025, зимски семестар (0+16); 2023-2024, зимски семестар (0+16); 2022-2023, зимски семестар (0+16); 2021-2022, зимски семестар (0+8);	15x72x0,03=**32,4**
	Вкупно	**85,5**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Учесник во национален научен проект	
1	Научноистражувачки проект: „Скопје: нови индустрии на стари локации“ Раководител: Г. Мицковски Учесници: А. Ивановска Дескова, Ј. Ивановски, Д. Крстески, Т. Дамјановска, М. Стојановски, М. Гавриловска	**3**

	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование	
1	Труд објавен во научно списание South East European Journal of Architecture and Design – Vol.11 No.1, на ден 24.10.2025 година. Наслов на трудот: Agricultural yards in rural areas in the context of sustainable development – The example of Gornjane village Автори: Д. Крстески, А. Радевски, Г. Мицковски elSSN 1857-9353	5x0,8=**4**
	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји	
1	Труд објавен во Proceedings of the International Conference SINARG 2025 – Sinergy of Architecture and Civil Engineering – Vol.1, која се одржа 11-12.09.2025 година во Ниш, организирана од Градежно-архитектонскиот факултет при Универзитетот во Ниш. Наслов на трудот: Agricultural yards in rural areas in the context of sustainable development – The example of Brodec village Автори: Д. Крстески, А. Радевски, Г. Мицковски ISBN 978-86-82810-15-5	5x0,8=**4**
2	Труд презентиран на 20. Меѓународен симпозиум на ДГКМ – Отпорни конструкции (Resilient Structures), кој се одржа 28 – 29.9.2023 година во Скопје, организиран од Друштво на градежни конструктори на Македонија. Наслов на трудот: Perspectives for industry development in Skopje Автори: Г. Мицковски, С. Велевски, А. Радевски, Д. Крстески	5x0,6=**3**
3	Труд објавен во Зборникот на трудови од Осмиот национален научно-стручен собир со меѓународно учество - Instalacije & Arhitektura 2021, кој се одржа на 2.12.2021 година во Белград, организиран од Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Белград. Наслов на трудот: Alternative models of modern rurban environments throught transformation of the agricultural yards Автори: А. Радевски, Д. Крстески ISBN 978-86-7924-277-8	5x0,9=**4,5**
	Вкупно	**18,5**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Јавно изведено или претставено архитектонско дело од областа на архитектурата и урбанизмот, во облик признат во струката	
1	„Приказни за Летната школа по архитектура во манастирот Св. Јоаким Осоговски” во Кабинетот на претседателот, 15.12.2023 https://pretsedatel.stevopendarovski.mk/en/izlozba_venecisko_bienale-2/	**8**

	Изведен архитектонски објект	
1	Викенд-куќа на КП 141/17, КО Башино Село вгр, Општина Велес, 2022	**6**
2	Санација на фасадна обвивка на деловен објект – Аутомакедонија, 2017	**6**
	Учество на светска архитектонска и урбанистичка манифестација со национално претставување	
1	18. Меѓународна архитектонска изложба La Biannale Di Venezia, “Stories from the summer school of architecture in the St. Joakim Osogovski monastery 1992-2017”, Scuola dei Laneri, Venice, 2023	**8**
	Наградено учество на архитектонски или архитектонско-урбанистички конкурс	
1	Архитектонски конкурс во Општина Аеродром, 2022: Награда: 3-та награда Проект: Детска градинка во населба Аеродром Автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, М. Петрова, А. Петановски, Г. Петров, Д. Крстески	**4**
2	Архитектонски конкурс од Агенција за млади и спорт, 2018: Награда: 2-ра награда Проект: Затворен пливачки базен Автори: Д. Крстески, А.Богоевски	**4**
3	Архитектонски конкурс во Општина Чаир, 2018: Награда: 3-та награда Проект: Детска градинка во населба Чаир Автори: А.Радевски, Д. Крстески	**4**
4	Студентски конкурс ISOVER, 2005: Награда: 3-та награда Проект: Планински хотел како пасивна зграда Автор: Д. Крстески	**4**
5	Меѓународен студентски конкурс EAAE-AG2R (Reflections in the living environment for the elderly): Награда: 1-ва награда Проект: Пензионерски дом „Јане Сандански“ и нова станбена низа Автори: А.Ѓуреска, Д. Крстески, К.Доневска, Љ.Сачкаровски Ментор: З.Блажевска	**4**
	Куратор на изложба од областа на архитектурата и урбанизмот	
1	ИАС27 – Изложба на архитектонски студија (зимски семетар 2025/2026) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ, февр. 2026	**2**
2	ИАС26 – Изложба на архитектонски студија (летен семетар 2024/2025) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ, јуни 2025	**2**
3	ИАС25 – Изложба на архитектонски студија (зимски семетар 2024/2025) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ, февр. 2025	**2**
4	ИАС24 – Изложба на архитектонски студија (летен семетар 2023/2024) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ, јуни 2024	**2**
5	ИАС23 – Изложба на архитектонски студија (зимски семетар 2023/2024) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ, февр. 2026	**2**
6	ИАС22 – Изложба на архитектонски студија (летен семетар 2022/2023) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ, јуни 2023	**2**
7	ИАС21 – Изложба на архитектонски студија (зимски семетар 2022/2023) при Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ, февр. 2026	**2**

	Групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела	
1	БИМАС XX – XXI (Биенале на македонската архитектура), 2023: Награда: Признание за особен придонес од областа на архитектурата Проект: Санација на фасадна обвивка на деловен објект – Аутомакедонија Автори: А. Радевски, В. Ставриќ Радевски, Д. Крстески	**2**
2	АСК 2004 (Град Скопје – Главен архитект): Награда: Голема награда Проект: Пензионерски дом „Јане Сандански“ и нова станбена низа Автори: А. Ѓуреска, Д. Крстески, К. Доневска, Љ. Сачкаровски Ментор: З. Блажевска	**2**
	Вкупно	**66**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Студија – учесник	
1	Стопанска студија за ГУП на град Битола 2023 – 2033, 2023: Работен тим: А. Радевски, Г. Мицковски, Д. Крстески	**1**
2	Студија за развој на индустријата на град Скопје за ГУП 2022 – 2032, 2022: Раководител: Г.Мицковски Учесници: С. Велевски, А. Радевски, Д. Крстески	**1**
	Идеен архитектонски проект – автор	
1	Идеен проект за викенд куќа на ГП 1 на дел од КП 2240, КО Булачани, Општина Гази Баба, 2025: Автор: Д. Крстески	**2**
2	Идеен проект за викенд куќа на ГП 2 на дел од КП 2240, КО Булачани, Општина Гази Баба , 2025: Автор: Д. Крстески	**2**
	Основен архитектонски проект – одговорен проектант	
1	Основен проект за санација и реконструкција на фасадна обвивка на Феријален сојуз на Македонија – Скопје , 2025: Одговорни проектанти: А. Радевски, Д. Крстески	**4**
2	Основен проект за викенд-куќа на КП 141/17, КО Башино Село вгр, Општина Велес, 2022: Одговорни проектанти: С. Вановска, Д. Крстески	**4**
	Основен архитектонски проект – проектант соработник	
1	Основен проект за реконструкција на опожарен дел на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, 2026: Одговорен проектант: А. Радевски Проектанти соработници: Б. Каранаков, Д. Крстески	**2**
2	Основен проект за реконструкција на повеќенаменска спортска сала „Св. Кирил и Методиј“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2025: Одговорен проектант: А. Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
3	Основен проект за поставување на ФВ централа на СУГС „Панче Арсовски“ - Скопје, 2020: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
4	Основен проект за поставување на ФВ централа на Раде Кончар ДОО - Скопје, 2020: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
5	Основен проект за поставување на ФВ централа на Полотекс ДОО - Берово, 2020: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски	**2**

	Проектант соработник: Д. Крстески	
6	Основен проект за поставување на ФВ централа на Ал-макс ДОО - Струмица, 2020: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
7	Основен проект за поставување на ФВ централа на Караорман АД - Скопје, 2020: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
8	Основен проект за поставување на ФВ централа на Фортуна груп ДОО - Пробиштип, 2020: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
9	Основен проект за поставување на ФВ централа на Фустеларко борец ЗД - Битола, 2020: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
10	Основен проект за поставување на ФВ централа на Фреш фарм ДОО - Скопје, 2020: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
11	Основен проект за поставување на ФВ централа на Амор-компани ДООЕЛ - Кочани, 2020: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
12	Основен проект за поставување на ФВ централа на Деалтаск фреш ДООЕЛ - Ресен, 2020: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
13	Основен проект за поставување на ФВ централа на Еко-циркон ДОО - Скопје, 2020: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
14	Основен проект за надградба на Фармацевтски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2019: Одговорни проектанти: О. Марина, А. Радевски Проектанти соработници: Б. Каранаков, Д. Крстески	**2**
15	Основен проект за дом за стари лица - Сопиште, 2019: Одговорен проектант: А. Радевски, Проектанти соработници: В. Ставриќ Радевски, Д. Крстески	**2**
16	Основен проект за ентериерно уредување на амфитеатар и голема сала на Архитектонскиот факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2019: Одговорни проектанти: Г. Мицковски, А. Радевски Проектанти соработници: Ј. Ивановски, Д. Крстески	**2**
17	Основен проект за поставување на ФВ централа на Фротирка компани АД - Делчево, 2019: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
18	Основен проект за поставување на ФВ централа на Алпин-ком ДОО - Делчево, 2019: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
19	Основен проект за поставување на ФВ централа на СУГС „Владо Тасевски“ - Скопје, 2019: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
20	Основен проект за поставување на ФВ централа на Технички факултет - Битола, 2019: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**

21	Основен проект за поставување на ФВ централа на Макпрогрес ДОО - Виница, 2019: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
22	Основен проект за поставување на ФВ централа на Офис Експрес ДООЕЛ - Кочани, 2019: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
23	Основен проект за поставување на ФВ централа на СЕТУ „Михајло Пупин“ - Скопје, 2019: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
24	Основен проект за поставување на ФВ централа на Макс ДООЕЛ - Струмица, 2019: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
25	Основен проект за поставување на ФВ централа на Алевадо ДОО - Велес, 2019: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
26	Основен проект за поставување на ФВ централа на Мактоис ДОО – с. Лешок, 2019: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
27	Основен проект за поставување на ФВ централа на Поликлиника „Јане Сандански“ - Скопје, 2019: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
28	Основен проект за поставување на ФВ централа на ФФМ - Скопје, 2019: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
29	Основен проект за поставување на ФВ централа на Ларс ДООЕЛ - Штип, 2019: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
30	Основен проект за поставување на ФВ централа на Технокооп ДОО - Скопје, 2019: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
31	Основен проект за поставување на ФВ централа на Интеграл ДООЕЛ - Скопје, 2019: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
32	Основен проект за ентериерно уредување на амфитеатар на Интерна клиника на Медицински факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2018: Одговорен проектант: А.Радевски Проектанти соработници:, Б.Каранаков, Д.Крстески	**2**
33	Основен проект за поставување на ФВ централа на Алпиневуд ДОО – с. Прељубиште - Јегуновце, 2018: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
34	Основен проект за поставување на ФВ централа на Прогрес компани ДООЕЛ – с. Долно Коњари - Петровец, 2018: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
35	Основен проект за поставување на ФВ централа на Ариљеметал ДОО - Скопје, 2018: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**

36	Основен проект за поставување на ФВ централа на Топ-Траде ДОО - Скопје, 2018: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
37	Основен проект за поставување на ФВ централа на Витаминка АД - Прилеп, 2018: Одговорен проектант: В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
38	Основен проект за санација на фасадна обвивка на деловен објект - Аутомакедонија, 2017: Одговорни проектанти: А.Радевски, В. Ставриќ Радевски Проектант соработник: Д. Крстески	**2**
Дејности од поширок интерес		
	Државна награда за научни постигнувања и уметнички постигнувања - учесник во тим	
1	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2005: Државна награда: Златна плакета за придонес во развојот и афирмацијата на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Автори: А. Ѓуреска, Д. Крстески, К. Доневска, Љ. Сачкаровски Ментор: З. Блажевска	**2**
	Вкупно	**92**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**85,5**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**18,5**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	**66**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**92**
Вкупно	**262**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Александар Радевски, претседател, с.р.
Проф. д-р Горан Мицковски, член, с.р.
Проф. д-р Елизабета Касапова, член, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ 2.01.01.02 – КОНСТРУКЦИИ, НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Градежен факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 11.6.2026 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област 2.01.01.02 – конструкции, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2/95-160 од 25.6.2026, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Горан Марковски, редовен професор на Градежниот факултет Скопје, д-р Тони Аранѓеловски, редовен професор на Градежниот факултет во Скопје, и д-р Дарко Наков, редовен професор на Градежниот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област 2.01.01.02 – конструкции, во предвидениот рок се пријави д-р Дејан Јанев.

1 Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Дејан Јанев е роден на 9.1.1995 година во Кочани, каде што завршил основно и средно образование со континуирано одличен успех.

Високото образование (прв циклус студии) го стекнал на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на конструктивната насока. Дипломирал на 29.6.2016 година со просечен успех 9,36, одбранувајќи ја дипломската работа под наслов: „Проект за челична конструкција на производна хала“, изработена под менторство на проф. д-р Денис Поповски.

Во учебната 2016/2017 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Градежниот факултет во Скопје, на конструктивна насока. Студиите ги завршил на 13.11.2018 година со просечен успех 9,78, одбранувајќи ја магистерската теза на тема: „Определување на динамичкиот ефект од подвижните товари кај патни армиранобетонски мостови“, изработена под менторство на проф. д-р Тони Аранѓеловски.

Студиите на трет циклус – докторски студии ги завршил на Факултетот за градежништво и животна средина при Рур-универзитетот во Бохум (RUB), Сојузна Република Германија. Докторската дисертација на тема „Мониторинг на кластер од преднапрегнати бетонски мостови“ (анг. „Monitoring of Prestressed Concrete Bridge Clusters“) ја одбранил на 24.4.2026 година на Рур-универзитетот во Бохум, со највисока оценка – „со почести“ (анг. „with distinction“, гер. „mit Auszeichnung“), под менторство на академик проф. д-р Питер Марк (Рур-универзитет во Бохум) и коменторство на проф. д-р Горан Марковски (Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје). Во рамките на ова истражување, неговиот научен интерес е насочен кон проучување на динамичкото однесување на патните бетонски мостови изложени на подвижни оптоварувања. Со одбраната на дисертацијата, кандидатот се стекнал со научниот степен доктор на инженерски науки (анг. Doctor of Engineering, гер. Dr.-Ing.).

Од страна на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, извршена е нострификација на дипломата и признавање на странската високообразовна квалификација, за што кандидатот има приложено Решение за признавање на странска високообразовна квалификација бр. 24-1032925 од 10.6.2026 година, со кое му се признава квалификацијата доктор на инженерски науки од областа на градежништвото.

Кандидатот активно се служи со англиски јазик, поседува ниво Ц1 според Заедничката европска референтна рамка за јазици на Советот на Европа (CEFR), за што има приложено уверение бр. 03-1202/2, издадено на 8.5.2026 година од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје.

Од 1.9.2016 година, кандидатот е ангажиран како соработник по групата предмети што ги покрива Катедрата за бетонски и дрвени конструкции на Градежниот факултет во Скопје. Од 31.12.2020 година, со пријавување по распишаниот конкурс објавен на 1.12.2020 во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ за избор во соработничко звање – асистент од наставно-научната област *20702 – градежни конструкции во ниско- и високоградбата, 20708 – бетонски, армиранобетонски и преднапрегнати конструкции, 20700 – градежни материјали и 20720 – друго* на Градежниот факултет во Скопје, д-р Дејан Јанев е во редовен работен однос на позицијата асистент на Катедрата за бетонски и дрвени конструкции. На 1.11.2023 година, повторно е избран во звањето асистент по претходно споменатите области.

Важно е да се напомене и стручното усовршување на кандидатот во странство кое го остварил преку 4 (четири) студиски престои на Рур-универзитетот во Бохум (Германија) во периодот од 2019 до 2025 година, како и преку студиски престој на Словенечкиот национален градежен институт (ZAG) во Љубљана (Словенија) во 2019 година. Покрај тоа, кандидатот д-р Дејан Јанев учествувал на повеќе меѓународни обуки и работилници, меѓу кои: курс fib Bulletin 80 (Politecnico di Torino, Италија, 2019), методи на парцијални коефициенти за оцена на сигурноста на постојни бетонски конструкции; онлајн-курс JRC Eurocodes Balkan Summer School 2021, фокусиран на сеизмичкото проектирање на бетонски згради според еврокодовите; онлајн-курс fib WP 2.2.4 (2022) за проектирање со помош на модел на решетка со притиснати и затегнати стапови и полиња на напрегања; EUROSTRUCT Training School (University of Twente, Холандија, 2022), посветена на оцената на состојбата, мониторингот и управувањето со животниот циклус на мостовите и инженерските конструкции; DigiNDT-RC Training School (TU Delft, Холандија, 2025), на тема: Автоматизација и дигитализација во контролата на квалитетот и инспекцијата на армиранобетонските конструкции преку недеструктивни испитувања, дигитални близнаци и машинско учење.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Градежен факултет – Скопје, кандидатот д-р Дејан Јанев изведува вежби на прв и втор циклус студии на студиската програма Градежништво. Како соработник, а потоа и како асистент на Катедрата за бетонски и дрвени конструкции, континуирано (од учебната 2016/2017 година) учествува во организацијата, изработката и имплементирањето на современи едукативни материјали и одржувањето на вежбите, како и во консултациите и корекциите со студентите.

На прв циклус студии е ангажиран по предметите: Градежни конструкции, Основи на градежни конструкции, Технологија на бетон, Армиран бетон, Инфраструктурни конструкции, Претходно напрегнат бетон, Дрвени конструкции, Специјални видови бетон, Трајност на бетонски конструкции и Мостови. На втор циклус студии е ангажиран по предметите: Армиранобетонски конструкции, Армиранобетонски згради, Армиранобетонски мостови, Дрвени конструкции, Специјални видови бетон, Современи методи за пресметување бетонски конструкции и Конструкции од лепено ламелирано дрво. За потребите на наставата има подготвено вежби за предметите Специјални видови бетон и Современи методи за пресметување бетонски конструкции.

Во 2023 година, во улога на коавтор, има објавено универзитетски учебник за студентите на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со наслов: „Армиран бетон според Еврокод 2: теорија со решени примери“ (автор: Горан Марковски; коавтори: Марија Доцевска Јованова, Дејан Јанев и Евгенија Стојкоска), ISBN 978-608-4510-50-5 (кн. 1) и ISBN 978-608-4510-52-9 (кн. 2). Исто така,

во истата година, во улога на коавтор има објавено и „Прирачник за проектирање бетонски конструкции според Еврокод 2 – Општи правила и правила за згради“ за обуки организирани од страна на Комората на овластени архитекти и овластени инженери.

Кандидатот учествувал и како учесник на повеќе школи и работилници во земјата и во странство, со усна презентација.

Во Образецот 2, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите негови активности во наставно-образовната дејност.

Научноистражувачка дејност

Во рамките на својата научноистражувачка дејност, во улога на автор и коавтор, д-р Дејан Јанев има објавено вкупно 12 научни труда, од кои 1 труд во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание) и 11 труда објавени во зборници, претежно презентирани на меѓународни научни собири.

Од вкупниот број трудови, кандидатот е прв автор на 6 труда, од кои 1 е во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание), а 5 во зборници од меѓународни научни собири. Како автор на трудови, учествувал со усна презентација на 4 научно-стручни собири и со постер-презентација на 1 меѓународен симпозиум.

Истражувачкиот фокус на кандидатот е насочен кон динамичкото однесување и проценката на бетонските мостови изложени на подвижни оптоварувања, како и кон примената на напредни пресметковни методи – вклучително и машинско учење – за моделирање, симулација и предвидување на одговорот на мостовските конструкции.

Кандидатот, во моментот, учествува и во реализацијата на националниот научноистражувачки проект финансиран од УКИМ под наслов: „Бетон со ниска емисија на CO_2 – аспекти на трајност“, чијашто реализација сè уште е во тек.

Во Образецот 2, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите негови активности во научноистражувачката дејност.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Во соработка со членовите на Катедрата за бетонски и дрвени конструкции, д-р Дејан Јанев активно е вклучен во стручно-применувачката работа, која опфаќа специфични проблеми од различни области на градежништвото.

Кандидатот како соработник учествувал во изработката на поголем број основни градежно-конструктивни проекти, како и студии, извештаи и стручни мислења, претежно од областа на армиранобетонските и претходно напрегнатите конструкции и мостови.

Меѓу нив посебно се издвојува учеството при изработката на основните проекти за два нови градски моста преку реката Вардар во Скопје (мостот на булеварот „АСНОМ" и мостот на улицата „Љубљанска"), како и на изведбени проекти, меѓу кои проектот за пристапниот мост до браната „Речани". Тука спаѓаат и студиите за утврдување на носивиот капацитет на мостовски конструкции за потребите на специјален транспорт, бројните статички и динамички испитувања со пробно товарење на патни и железнички мостови на државната патна и железничка мрежа, како и проектот за проценка на состојбата на мостовите на државната патна мрежа во земјата.

Кандидатот покажува активност и во дејностите од поширок интерес. Учествува во работата на организацискиот одбор на 20. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежните конструктори на Македонија (Скопје, 2023 година). Како член, вклучен е во работата на факултетската комисија Центар за кариера (ЦИПЕК). Активно е ангажиран и во активностите поврзани со промоцијата на Градежниот факултет преку учество на отворените денови на УКИМ, изработка на видеоматеријали и учество на работилницата „Градиме иднина", наменета за запознавање на средношколците со Факултетот.

Во Образецот 2, кој е составен дел на овој извештај, подетално се наведени сите активности од областа на стручно-применувачката дејност и дејностите од поширок интерес.

Оценка од самоевалуација

На анонимните студентски анкети што се реализираат како дел од процесот на самоевалуација на Градежниот факултет во Скопје, кандидатот редовно добива позитивни оценки (над 9,0).

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на наведените податоци и личните сознанија за севкупната активност на кандидатот, како и врз основа на повеќегодишната интензивна соработка во наставната, научноистражувачката и високостручната дејност, може недвосмислено да се констатира дека ас. д-р Дејан Јанев продолжува континуирано да се оформува како квалитетна академска личност со сите потребни атрибути.

Докторирањето на Рур-универзитетот во Бохум (RUB), Германија, со највисока оценка (со почести), проследено со неколку студиски престои во високо рангирани странски институции и универзитети, како и учеството на интернационални работилници, едукативни курсеви и слично, е уште еден показател за самопоставените високи стандарди во областа на научноистражувачката работа и за неговата бескомпромисна подготвеност за продуктивен „натпревар“ со најдобрите.

Посебно треба да се истакне вредноста и специфичноста на одбранетиот докторски труд, кој е базиран на бројни резултати добиени од многубројните испитувања на реални мостовски конструкции во државата, при што кандидатот покажува завидно познавање на проблематиката поврзана со статичкото и динамичкото тестирање со пробен подвижен товар, но и на математичките алгоритми за анализа на добиените резултати. Токму ова е препознато и од уредувачкиот одбор на германското списание со фактор на влијание „Бетон и армиран бетон“ (Beton- und Stahlbetonbau), каде што кандидатот Јанев во својство на автор добива ексклузивна можност за двојазично публикување на својот труд.

Посветеноста, сериозноста и одговорниот пристап кон наставниот процес се редовно видливи и од страна на студентите што резултира со нивни високи оценки на анонимните анкети. Кандидатот постојано воведува современи дигитални алатки во наставниот процес и е целосно посветен на совладување нови сознанија и стандарди во областите на кои работи. Како логична последица на сето ова е и неговиот значаен придонес во својство на коавтор во осмислувањето и креирањето на учебникот „Армиран бетон според Еврокод 2” наменет, пред сè, за студентите на Градежниот факултет, но воедно и за колегите од пракса. Во истиот период, повторно во улога на коавтор, кандидатот учествува во изработката на „Прирачник за проектирање бетонски конструкции според Еврокод 2 – Општи правила и правила за згради“, наменет за стручните обуки организирани од Комората на овластени архитекти и овластени инженери. Паралелно со погоре споменатите активности, кандидатот активно учествува во реализација на многу високостручни дела, на тој начин надополнувајќи го стекнатото теоретско знаење со практични вештини.

Убедени во докажаните квалитети на кандидатот и со нескриена верба во неговиот порив за натамошен академски растеж во наставната, научноистражувачката и високостручната дејност, Комисијата во состав: проф. д-р Горан Марковски, проф. д-р Тони Аранѓеловски и проф. д-р Дарко Наков, со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет, ас. д-р Дејан Јанев, кој во целост ги исполнува условите пропишани во законските и подзаконските акти, да го избере во звањето доцент во наставно-научната област 2.01.01.02 – конструкции, на Градежниот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Горан Марковски, с.р.
Проф. д-р Тони Аранѓеловски, с.р.
Проф. д-р Дарко Наков, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Дејан Љубомир Јанев**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Градежен факултет – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: 2.01.01.02 – конструкции

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,36. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,78.	да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: конструкции; поле: градежништво; подрачје: инженерство и технологија.	да
3	Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Beton- und Stahlbetonbau 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Journal Citation Report, Scopus, SCImago Journal Rank (SJR) 3. Наслов на трудот: Cluster monitoring of Macedonian concrete bridges – Results, trends and lessons learned 4. Година на објава: 2026	да
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: Proceedings of the 1st Conference of the European Association on Quality Control of Bridges and Structures, EUROSTRUCT 2021	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	2. Назив на меѓународниот собир: 1st Conference of the European Association on Quality Control of Bridges and Structures, EUROSTRUCT 2021 3. Имиња на земјите: Италија, Шпанија, Португалија, Австрија 4. Наслов на трудот: Application of different methods for determination of the dynamic amplification factor (DAF) from moving loads on roadway RC bridges 5. Година на објава: 2021 1. Назив на зборникот: 20. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија 2. Назив на меѓународниот собир: 20. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија 3. Имиња на земјите: Северна Македонија, Словенија, Хрватска, Србија, Црна Гора, Бугарија, Албанија, Турција, Унгарија, Русија, Италија, САД, Канада, Германија, Италија 4. Наслов на трудот: Dynamic Behaviour of RC Bridges Under Moving Loads: A Simplified Numerical and Analytical Approach 5. Година на објава: 2023 1. Назив на зборникот: 20. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија 2. Назив на меѓународниот собир: 20. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија 3. Имиња на земјите: Северна Македонија, Словенија, Хрватска, Србија, Црна Гора, Бугарија, Албанија, Турција, Унгарија, Русија, Италија, САД, Канада, Германија, Италија 4. Наслов на трудот: Concrete for Resilient Infrastructure: Review of Benefits, Challenges and Solutions 5. Година на објава: 2023	

4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 13. Странски јазик: англиски 14. Назив на документот: Уверение 15. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје 16. Датум на издавање на документот: 8.5.2026	да
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	да

***** На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

****** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

Проф. д-р Горан Марковски, с.р.
Проф. д-р Тони Аранѓеловски, с.р.
Проф. д-р Дарко Наков, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Дејан Љубомир Јанев**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Градежен факултет – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: 2.01.01.02 – конструкции

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување на аудиториски вежби**	**102,80**
1.1	Академска година 2016/2017	**17,55**
	Прв циклус	
	Градежни конструкции	3,60
	Основи на градежни конструкции	0,90
	Технологија на бетон	1,80
	Инфраструктурни конструкции	1,35
	Претходно напрегнат бетон	0,90
	Армиран бетон	5,40
	Дрвени конструкции	2,70
	Специјални видови бетон	0,90
1.2	Академска година 2017/2018	**6,75**
	Прв циклус	
	Градежни конструкции	1,80
	Технологија на бетон	0,90
	Инфраструктурни конструкции	1,35
	Армиран бетон	2,70
1.3	Академска година 2018/2019	**7,65**
	Прв циклус	
	Градежни конструкции	1,35
	Основи на градежни конструкции	0,90
	Технологија на бетон	0,90
	Инфраструктурни конструкции	1,35
	Претходно напрегнат бетон	1,80
	Армиран бетон	1,35
1.4	Академска година 2019/2020	**9,45**
	Прв циклус	
	Градежни конструкции	1,35
	Основи на градежни конструкции	0,90
	Армиран бетон	2,70
	Специјални видови бетон	0,90
	Втор циклус	
	Армиранобетонски конструкции	0,90
	Дрвени конструкции	0,90
	Специјални видови бетон	0,90
	Современи методи за пресметување бетонски конструкции	0,90
1.5	Академска година 2020/2021	**13,73**

	Прв циклус	
	Градежни конструкции	2,70
	Инфраструктурни конструкции	1,35
	Дрвени конструкции	0,90
	Армиран бетон	4,05
	Втор циклус	
	Армиранобетонски конструкции	1,13
	Дрвени конструкции	1,80
	Специјални видови бетон	0,90
	Современи методи за пресметување бетонски конструкции	0,90
1.6	Академска година 2021/2022	**15,90**
	Прв циклус	
	Градежни конструкции	4,05
	Основи на градежни конструкции	0,90
	Дрвени конструкции	2,70
	Армиран бетон	4,05
	Втор циклус	
	Армиранобетонски конструкции	1,50
	Дрвени конструкции	0,90
	Специјални видови бетон	0,90
	Современи методи за пресметување бетонски конструкции	0,90
1.7	Академска година 2022/2023	**14,40**
	Прв циклус	
	Градежни конструкции	2,70
	Технологија на бетон	0,90
	Инфраструктурни конструкции	1,35
	Армиран бетон	4,05
	Специјални видови бетон	0,90
	Втор циклус	
	Армиранобетонски конструкции	1,80
	Дрвени конструкции	0,90
	Специјални видови бетон	0,90
	Конструкции од лепено ламелирано дрво	0,90
1.8	Академска година 2023/2024	**12,87**
	Прв циклус	
	Градежни конструкции	4,05
	Технологија на бетон	1,35
	Армиран бетон	1,62
	Специјални видови бетон	0,90
	Трајност на бетонски конструкции	0,90
	Втор циклус	
	Армиранобетонски згради	0,45
	Дрвени конструкции	0,90
	Специјални видови бетон	0,90
	Армиранобетонски мостови	0,90
	Конструкции од лепено ламелирано дрво	0,90
1.9	Академска година 2024/2025	**1,80**
	Прв циклус	
	Специјални видови бетон	0,90
	Втор циклус	

	Армиранобетонски згради	0,90
1.10	Академска година 2025/2026	**2,70**
	Прв циклус	
	Специјални видови бетон	0,90
	Мостови	0,90
	Втор циклус	
	Армиранобетонски згради	0,90
2	**Подготовка на нов предмет (вежби)**	**1**
2.1	Специјални видови бетон	0,5
2.2	Современи методи за пресметување бетонски конструкции	0,5
3	**Консултации со студенти**	**8,84**
3.1	Академска година 2016/2017	1,81
3.2	Академска година 2017/2018	1,11
3.3	Академска година 2018/2019	1,41
3.4	Академска година 2019/2020	0,83
3.5	Академска година 2020/2021	1,03
3.6	Академска година 2021/2022	0,80
3.7	Академска година 2022/2023	1,03
3.8	Академска година 2023/2024	0,70
3.9	Академска година 2024/2025	0,10
3.10	Академска година 2025/2026	0,26
4	**Настава во школи и работилници (учесник)**	**7**
4.1	Course on fib Bulletin 80: „Partial factor methods for existing concrete structures“, Politecnico di Torino, Italy, 05-06.02.2019	1
4.2	JRC Eurocodes Balkan Summer School 2021: Seismic design of concrete buildings, Online, 06-15.07.2021	1
4.3	fib WP 2.2.4 online course “Design and assessment with strut-and-tie models and stress-fields: From simple calculations to detailed numerical analysis”, 01-04.04.2022	1
4.4	Учество на стручен собир за континуиран професионален развој „Стручно предавање од Freyssinet Франција и Градежен факултет Скопје“, Комора на овластени архитекти и инженери, Скопје, РС Македонија, 1 – 2.6.2022	1
4.5	EUROSTRUCT Training School Twente, University of Twente, Netherlands, 27-30.06.2022	1
4.6	2nd Workshop in the framework of the Project “From Theory to Problem Solving: Promoting Mathematics in Academic Studies in North Macedonia”, Faculty of Civil Engineering Skopje, Skopje, N. Macedonia, 06.04.2023	1
4.7	DigiNDT-RC Training School at TU Delft Faculty of Civil Engineering & Geosciences, 10-11.06.2025	1
5	**Позитивно рецензиран универзитетски учебник (коавтор)**	**6**
5.1	Горан Марковски (автор), Марија Доцевска Јованова (коавтор), **Дејан Јанев** (коавтор), Евгенија Стојкоска (коавтор) *Армиран бетон според Еврокод 2: теорија со решени примери*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Градежен факултет – Скопје, ISBN 978-608-4510-50-5 (кн. 1) ISBN 978-608-4510-52-9 (кн. 2), 2023	6
6	**Пакет материјали за одреден предмет**	**5**

6.1	Подготовка на презентации и решени задачи по предметите: Градежни конструкции, Технологија на бетон, Специјални видови бетон, Дрвени конструкции и Современи методи за пресметување бетонски конструкции.	
	Вкупно	**130,64**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	**Публикации**	**38,48**
1.1	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование (8+и.ф.).	5,28
1	**Janev, D**.; Jovanova, M. D.; Nakov, D.; Arangjelovski, T.; Markovski, G.; Mark, P. (2026) Cluster monitoring of Macedonian concrete bridges – Results, trends and lessons learned. Beton- und Stahlbetonbau, pp. 1–22. https://doi.org/10.1002/best.70169. **Accepted: 28 May 2026** (**IF 0,80 за 2026**)	5,28
1.2	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на научниот комитет се од најмалку три земји (5).	32
2017		
1	Nakov, D.; Arangjelovski, T.; **Janev, D.**: *Repair and rehabilitation of prefabricated reinforced concrete portal frames*, In: Natural Hazards and Structures, Proc. 17th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., 2017, pp. 755-764.	4
2019		
2	**Janev, D.**; Arangjelovski, T.; Nakov, D.; Markovski, G.: *Methods for determination of the DAF from moving loads on RC bridges*, In: Monitoring, Assessment and Rehabilitation of Structures, Proc. 18th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., 2019, pp. 868-877.	3
3	Markovski, G.; Arangjelovski, T.; Nakov, D.; Docevska, M., Stojkoska, E., **Janev, D.**: *Proof loading test of strengthened concrete arch bridge*, In: Monitoring, Assessment and Rehabilitation of Structures, Proc. 18th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., pp. 343-350, 2019	3
4	Chubrinovska, A.; Gegovski, D.; Koceva, S.; **Janev, D.**; Nakov, D.; Arangjelovski, T.: *Proof load testing of the bridges B1 and B5 on highway section Demir Kapija-Smokvica*, In: Monitoring, Assessment and Rehabilitation of Structures, Proc. 18th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., 2019, pp. 817-824.	3
2021		
5	**Janev, D.,** Arangjelovski, T., Nakov, D., Markovski, G. (2022). *Application of Different Methods for Determination of DAF from Moving Loads on Roadway Reinforced Concrete Bridges*. In: Pellegrino, C., Faleschini, F., Zanini, M.A., Matos, J.C., Casas, J.R., Strauss, A. (eds) Proceedings of the 1st Conference of the European Association on Quality Control of	3

	Bridges and Structures. EUROSTRUCT 2021. Lecture Notes in Civil Engineering, vol 200. Springer, Cham. https://doi.org/10.1007/978-3-030-91877-4_141	
2022		
6	**Janev, D.**; Arangjelovski, T.; Nakov, D.; Markovski, G.: *Overview of Standards for Static and Dynamic Proof Load Testing of RC Bridges*, In: Eurocodes – Gate to Europe, Proc. 19th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., 2022, pp. 714-723.	3
7	Markovski, G.; Aranjelovski, T.; Nakov, D.; Docevska, M.; **Janev, D.**; Stojkoska, E.: *Cracks in reinforced concrete structures due to restrained imposed deformations – case studies*, In: Eurocodes – Gate to Europe, Proc. 19th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., Ohrid, N. Macedonia, pp. 741-750, 2022	3
8	Markovski, G.; Arangjelovski, T.; Nakov, D.; Bogoevska, S.; Docevska, M.; **Janev, D.**: *Assessment of the condition of the bridges on the "Demir Kapija-Smokvitsa" highway with proof load testing*, In: Second Macedonian Road Congress, Book of Proc. Int. Symp., ed. Mijoski, G., Macedonian Ass. of Road Eng. “Via Vita”., 2022, pp. 581-590.	3
2023		
9	**Janev, D.**; Arangjelovski, T.; Nakov, D.; Markovski, G.; Mark, P.: *Dynamic Behaviour of RC Bridges Under Moving Loads: A Simplified Numerical and Analytical Approach*, In: Resilient Structures, Proc. 20th MASE Int. Symp., ed. Nakov, D., Macedonian Ass. Struct. Eng., 2023, pp. 382-394.	3
10	**Janev, D.**; Nakov, D.; Arangjelovski, T.: *Concrete for Resilient Infrastructure: Review of Benefits, Challenges and Solutions*, In: Resilient Structures, Proc. 20th MASE Int. Symp., ed. Nakov, D., Macedonian Ass. Struct. Eng., 2023, pp. 208-219.	4
1.3	Труд објавен во зборник на трудови во в.о. установа	1,2
11	Markovski, G.; Arangjelovski, T.; Nakov, D.; Docevska Jovanova, M.; **Janev, D**.; Stojkoska, E.: *Influence of loading history on long-term behavior of concrete elements – Extensive experimental campaign at FCE Skopje (2001-2024)*, In Monography: 75 years Faculty of Civil Engineering Skopje Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, From Slide Rule to Artificial Intelligence, 2024, pp.95-108.	1,2
2	**Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација)**	**6**
2.1	18th International Symposium of Macedonian Association of Structural Engineers (MASE), Ohrid, Macedonia, 2019	1
2.2	EUROSTRUCT 2021 – 1st Conference of The European Association on Quality Control of Bridges and Structures – EUROSTRUCT, University of Padova, Italy, 2021	1
2.3	19th International Symposium of Macedonian Association of Structural Engineers (MASE), Ohrid, Macedonia, 2022	1
2.4	EUROSTRUCT Training School Twente, University of Twente, Netherlands, 2022	1
2.5	2nd Workshop in the framework of the Project “From Theory to Problem Solving: Promoting Mathematics in Academic Studies in North Macedonia”, Faculty of Civil Engineering Skopje, Skopje, N. Macedonia, 2023	1
2.6	20th International Symposium of Macedonian Association of Structural Engineers (MASE), Skopje, Macedonia, 2023	1
~~3~~	**Учество на научен/стручен собир со реферат (постер)**	**0,5**
3.1	17th International Symposium of Macedonian Association of Structural Engineers (MASE), Ohrid, Macedonia, 2017	0,5
	Вкупно	**44,98**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Експертски активности: технички извештаи, стручно мислење**	**10**
1.1	Стручно мислење за причините за настанатите оштетувања на објектот „Хотел БС Плаза“ на ул. „Даме Груев“ бб во Скопје, 2019	1
1.2	Стручно мислење за оценка на носивиот капацитет на конструктивниот систем на објектот хотел „Палас“ во Охрид, 2020	1
1.3	5 извештаи од испитување со пробно товарење на железничките мостови на стационажи: км. 513+419.7 „Пруга Велес-Гевгелија“, км. 410+939 „Пруга Табановце-Скопје“, км. 29+758 „Пруга Велес-Кочани“, км. 543+626 „Пруга Велес-Гевгелија“ и км. 551+551.75 „Пруга Велес-Гевгелија“, 2022	5
1.4	Стручно мислење за причините за настанатите оштетувања, нивното влијание врз носивоста на конструкцијата и предлог мерки за санација на објектот Нов резервоар РЗ за зона 3 со приклучни цевководи за поврзување со постојна мрежа во с. Здуње, Општина Гостивар, 2022	1
1.5	Техничко решение за времена санација на мостот на р. Вардар кај Башино Село, 2025	1
1.6	Стручно мислење за времено и регулирано пуштање во сообраќај на мостот на р. Вардар кај Башино Село – Велес, на регионалниот пат Р1312, февруари 2025	1
2	**Студија (учесник/соработник)**	**125**
2.1	12 Студии за пробно товарење на Мостови од Пан-Европскиот Коридор X на делницата Демир Капија – Смоквица, 2017	12
2.2	Студија за стабилноста и носивоста на армиранобетонскиот мост на р. Брегалница на регионалниот пат Р1309, делница Кочани – Зрновци на km 4+336.00, 2017	1
2.3	23 Студии за стабилноста и носивоста на мостовски конструкции на автопат Миладиновци – Штип, 2017 - 2020	23
2.4	Студија за стабилноста и носивоста на армиранобетонски мост бр.72 на магистралниот пат А3 (М5) делница Кочани-ГП со Р.Бугарија на км. 272+649, 2018	1
2.5	Студија за стабилноста и носивоста на армиранобетонскиот мост на р. Меденска (кон рудник Боров дол), 2018	1
2.6	Студија за стабилноста и носивоста на армиранобетонски железнички мост на пругата Велес-Гевгелија на км. 532+442, 2018	1
2.7	Студија за стабилноста и носивоста на армиранобетонскиот магацин за дел од железничка пруга од Железница коридор 8 во населено место Шупли Камен,Куманово, 2019	1
2.8	4 Студии за стабилноста и носивоста на мостовски конструкции на експресен пат А3, делница Штип – Крупиште, 2020	4
2.9	17 Студии за стабилноста и носивоста на мостовски конструкции на експресен пат А4, делница Штип – Радовиш, 2021	17
2.10	Студија за стабилноста и носивоста на мостот „Михајло Апостолски“ преку реката Вардар на булевар „АСНОМ“ во Скопје, 2022	1
2.11	2 Извешати од испитување со пробно товарење на армиранобетонски мостови на магистрален пат А2, делница Крива Паланка – Граничен премин Деве Баир, 2022	2
2.12	Студија за утврдување на носивиот капацитет на мостовските конструкции за реализација на специјален транспорт од ГП Меџитлија до РЕК Битола, 2022	1
2.13	**Студија за процена на употребливоста на изведени мостовски претходно напрегнати носачи на патната делница Фариш-Дреново, 2022**	1

2.14	Извештај од испитување со пробно товарење на Вијадукт на km 11+141 на регионален пат Р 1103 (Р 107), делница Лакавица – Неготино, 2023	1
2.15	9 Извештаи од контролни испитувања на модул на еластичност на бетонот на контролни бетонски тела, 2018 – 2023	9
2.16	7 Извештаи од испитување со пробно товарење на мостовски конструкци на експресен пат А3, делница Штип – Кочани, 2023	7
2.17	Студија за утврдување на носивиот капацитет на мостовските конструкции за реализација на специјален транспорт од РЕК Битола до Железничка станица Битола, 2024	1
2.18	7 Извештаи од испитување со пробно товарење на мостовски конструкци на магистрален пат А2, делница Крива Паланка – Граничен премин Деве Баир, 2024	7
2.19	11 Извештаи од испитување со нормално пробно товарење за 11 вијадукти на експресниот пат А2, делница Крива Паланка – Длабочица, 2024	11
2.20	9 Извештаи од испитување со нормално пробно товарење за 4 вијадукти, 1 мост и 4 натпатници на патен правец А1 „Прилеп-Градско“, делница Градско – Дреново, 2024	9
2.21	14 Извештаи од испитување со нормално пробно товарење за 1 вијадукт, 4 моста и 9 натпатници на експресниот пат А2, делница Длабочица – Страцин, 2025	14
3	**Главен (основен) проект (учесник/соработник)**	**16**
3.1	Основен проект за објект со намена А1: Индивидуално домување на Ул.Малешевска, ГП 46.7, КП 7460/2, КО ДРАЧЕВО 2, Општина Кисела Вода, Скопје, 2016	2
3.2	Основен проект за објект наменет за лесна и незагадувачка индустрија, конфекција, магацин со изложбен простор КП 33/1; КО Петровец, Општина Петровец, 2018	2
3.3	Проект за времена санација на средниот арм.бет. столб на мостот на железничката пруга Велес-Гевгелија на км.532+442, 2018	2
3.4	Основен проект за објект за објект со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија, производствен погон за прехранбени производи од кондиторска индустрија-колачи и административно деловни простории ГП 6, КП 446/4, КО Таринци, Општина Карбинци, 2019	2
3.5	Основен проект за мост на река Вардар на булевар „АСНОМ“, Скопје, 2019	2
3.6	Основен проект за мост на река Вардар на ул. „Љубљанска“, Скопје, 2020	2
3.7	Основен проект за фундамент за индустриски робот, Макстил, Скопје, 2021	2
3.8	Основен проект за фундамент за машива за автоматско мерење на температура во електролачна печка (EAF), Макстил, 2021	2
4	**Изведбен проект (одговорен проектант)**	**3**
4.1	Изведбен проект за пристапен мост до водозафатна кула на брана Речани, 2020	1
4.2	Анекс бр. 1 на Изведбениот проект за брана „Речани“ на Оризарска Река со придружни објекти, за фаза градежништво (Г), Промена на проектот поврзан со Зафатната кула, поради иновирани геодетски подлоги, 2022	1
4.3	Проект на изведена состојба за мост на река Вардар на ул. Љубљанска, 2024	1
5	**Учество во промотивни активности на факултетот**	**0,5**
	Учество на отворени денови на УКИМ, подготовка на видеоматеријал, учество на работилницата *Градиме иднина* во Скопје (2026), за промоција на Факултетот пред средношколци, учество во ТВ-емисии: „Научен спектар“ и „Да си кажеме“	0,5
Дејности од поширок интерес		
6	**Студиски престој во странство**	**5**

	Февруари – март 2019, Словенски национален градежен институт (ZAG), Љубљана, Словенија	0,5
	Април – септември 2019, Рур-универзитет во Бохум, Германија	1
	Јуни – септември 2022, Рур-универзитет во Бохум, Германија	0,5
	Мај – декември 2024, Рур-универзитет во Бохум, Германија	2
	Јули – декември 2025, Рур-универзитет во Бохум, Германија	1
7	**Член на факултетска комисија**	**0,5**
	Центар за кариера – ЦИПЕК	0,5
8	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**	**0,5**
	20th International Symposium of Macedonian Association of Structural Engineers (MASE), Skopje, Macedonia, 2023	0,5
	Вкупно	**160,50**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**130,64**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**44,98**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**160,50**
Вкупно	**336,12**

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

Проф. д-р Горан Марковски, с.р.
Проф. д-р Тони Аранѓеловски, с.р.
Проф. д-р Дарко Наков, с.р.

Прилоѓ бр. 3

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „ИНФОРМАЦИСКО МОДЕЛИРАЊЕ НА ГРАДБИ (БИМ): КОНЦЕПТИ, ТЕХНОЛОГИИ И ПРИМЕНА“ ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р СЕРГЕЈ ЧУРИЛОВ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, бр.02-2/95-121 од 8.6.2026 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на монографијата **Информациско моделирање на градби (БИМ): концепти, технологии и примена** од авторот д-р Сергеј Чурилов, редовен професор на Градежниот факултет во Скопје, наменет за студентите на Градежниот факултет во Скопје и другите технички факултети при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, избрани се: проф. д-р Денис Поповски, Градежен факултет – Скопје, Трајче Стојанов, **ЗВЕИ – Скопје** и Никола Стрезовски, Масон инженеринг – Скопје.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. Општ дел

Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	Информациско моделирање на градби (БИМ): концепти, технологии и примена
Назив на предметната програма:	Информациско моделирање на градби (БИМ)
Назив на студиската програма:	Градежништво – конструктивна насока, Хидротехника, Транспортна инфраструктура и Геотехничко инженерство, втор циклус студии
Фонд на часови и ЕКТС-кредити:	**3+2** **5 ЕКТС**
Монографијата може да се користи како основна литература за предметот Информациско моделирање на градби (БИМ), предвиден на вториот циклус студии на студиските програми Градежништво – конструктивна насока и Геотехничко инженерство, но и за други сродни наставни дисциплини од другите технички факултети при УКИМ, другите универзитети во државата, како и за стручната и професионалната јавност.	
Реден број на изданието:	прво издание
Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 332 страници (формат B5), напишан на компјутер, со големина на фонтот – 11. Текстот е поделен во 7 поглавја (вклучувајќи ја литературата и прилозите) и содржи 171 слика и 16 табели.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Денис Поповски, дипл. град. инж., с.р.
Трајче Стојанов, дипл. инж. арх., с.р.
Никола Стрезовски, дипл. инж. арх., с.р.

II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Денис Поповски

Краток опис на содржината:	Ракописот на монографијата „Информатичко моделирање на градби (БИМ): концепти, технологии и примена“ е организиран во стандарден формат со следната содржина: предговор, главен дел, прилози со објавени стандарди на ИСРСМ. Главниот дел од ракописот е изложен на 313 нумерирани страници, организирани во 7 глави. Со цел за појаснување, во ракописот се приложени 171 слика и 16 табели. Во Глава 1, „Основни концепти на БИМ“, преку 14 поглавја дадена е јасна слика за информациското моделирање на градбите, преку примери на објаснување на дефиницијата на БИМ, употребата во различните фази во животниот тек на објектот, нивоата на развој, принципите на работа, дигиталните прототипови, интеграцијата и соработката, контекстот за имплементација и градење, како и дополнителните објаснувања од БИМ-речникот. Во Глава 2, „БИМ-технологии, алатки и вештини“, во 6 поглавја, јасно се дефинирани принципите на моделирање геометрија, со начини на моделирање на податоци, процеси, и детален опис на БИМ-средина, платформи и алатки. Дополнително, дадени се појаснувања за вештините потребни во БИМ-процесите, со детално објаснување на централизираниот и дистрибуираниот БИМ. Во Глава 3, „Соработка и интероперабилност“, во 7 поглавја се објаснети методите за размена на податоци, видовите и форматите на електронските записи и нивната компатибилност. Дефинирани се содржини на модел според јасно определени процеси, објаснета е стандардизацијата низ различни форми и технологии на поврзување. Во Глава 4, „Области за примена на БИМ“, јасно се прикажани правилата за координација на проект преку употреба на БИМ-процесот, со особен осврт за потребите на градежните конструктори и мониторинг на напредок во фазите на реализација на изведбата преку БИМ, како и користење на процесот во експлоатација на градбите. Во Глава 5, „Успешни БИМ-проекти“, објаснети се процесите во реализација на специфични и битни објекти од градежното конструктерство, преку примери на мостови, центри и високи згради во светот. Во Глава 6, „Литература“, дадени се 97 наслови на користена литература, од кои 90 наслови на литература на странски јазик и 7 наслови на литература на македонски јазик. Во Глава 7, „Прилози“, даден е список на досега објавени стандарди од областа на информациското моделирање на градби (БИМ) од страна на ИСРСМ.

Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Ракописот на монографијата е во сообразност со предметната наставна програма за студентите на студиската програма Градежништво – конструктивна насока, по предметот Информациско моделирање на градби (БИМ).
Предлози за потребни корекции:	Нема потреба од корекции.
Оцена на ракописот:	Согласно со содржината на ракописот, начинот на кој се прикажани и појаснети проблематиките и податоците поткрепени со пообемно истражување, издавањето на монографијата ќе придонесе за подигнување на квалитетот на наставата и знаењето на студентите, со огромен придонес кон инженерите од праксата.
Категоризација:	монографија
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 332 страници (формат B5), напишан на компјутер, со големина на фонтот – 11. Текстот е поделен во 7 поглавја и содржи 171 слика и 16 табели. Се цени дека материјалот ги исполнува сите критериуми за монографија, и истите тие критериуми ги надминува. Авторот покажува солидно познавање во информациското моделирање на градби, каде што посебно е изразено научното искуство кон истражувачката работа во областа која е предмет на монографијата. Направен е правилен избор на структура и содржина на ракописот, при што може да се согледа искуството на авторот кон принципите на појаснување на поединостите од информациското моделирање на градби. Материјалот е технички подготвен на завидно ниво, јазикот е јасен за целната група, а теоретските основи и прилозите ја заокружуваат целината на монографијата.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како монографија која може да послужи како основен материјал за предметите од вториот циклус на студиските програми Градежништво – конструктивна насока и Геотехничко инженерство на Градежниот факултет во Скопје, како и за други сродни студиски програми од УКИМ и други универзитети, но и за инженери и професионалци од праксата.

Во Скопје, 22.6.2026 година

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Денис Поповски, с.р.

III Посебен дел од рецензентот: Трајче Стојанов

Краток опис на содржината:	Содржината на ракописот „Информациско моделирање на градби (БИМ): концепти, технологии и примена“ е организирана во 7 глави, во кои се разработени сите аспекти на БИМ-технологијата, теоретските аспекти, терминологија, БИМ-процесите, технологии, алатки, вештини, принципи на соработка и области на примена. Првата (воведна) глава ги објаснува основните концепти на БИМ-технологијата, терминологија, димензии, нивоа на развој, начин на користење, имплементација и појаснување на поимите користени во БИМ. Во втората глава, подетално се опишани алатките и вештините потребни при користење на БИМ-процесите. Главата описно ги прикажува принципите и процесите на моделирање во соодветна средина, платформите и алатките, користејќи ги вештините за примена на информациското моделирање на градби. Третата глава се однесува на соработката на БИМ-проекти, размената на податоци и интероперабилноста на БИМ-технологијата преку иницијативата на buildingSMART International за користење на отворени стандарди, како што се IFC, IDM, MVD итн. Петтата глава дава приказ на избор на успешно реализирани БИМ-проекти, презентирани како студии на случаи. Во шестата глава е приложена листа на користена литература. Седмата глава дава прилози од објавени стандарди од ИСРСМ.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Ракописот е целосно усогласен со наставната програма по предметот Информациско моделирање на градби (БИМ).
Предлози за потребни корекции:	Нема потреба од корекции.
Оцена на ракописот:	Врз основа на содржината на ракописот, начинот на кој е презентирана, јасен, недвосмислен и систематизиран, слободно може да се каже дека ги исполнува сите услови да биде публикуван.
Категоризација:	монографија
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 332 страници (формат B5), напишан на компјутер, со големина на фонтот – 11. Текстот е поделен во 6 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 171 слика и 16 табели. По извршениот детален увид во ракописот, можам да констатирам дека ракописот претставува врвно научно и стручно дело. Има соодветна структура и методолошки пристап кој целосно одговара на намената, односно за

	примена во наставната содржина на студиските програми на Градежниот факултет. Она што посебно ме воодушевува е: – теоретската длабочина во која авторот навлегува со цел ниту еден аспект да не биде испуштен, – прецизноста во објаснувањата, со наведување на повеќе референци, цитати итн., – зрелиот приказ на оспорувани теми, каде што не постои поширок консензус, но сепак авторот реално ги прикажува различните ставови, – релевантноста и актуелноста на изнесените информации, кои се релевантни, референцирани и современи. Според мое мислење, ракописот би бил од огромна корист за студентите на Градежниот факултет, но и драгоцен прирачник за секој професионалец во градежништвото. Дополнително, фактот што не постои материјал на оваа тематика и од овој калибар во Република Северна Македонија, му дава посебна важност на овој ракопис.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како монографија по предметот Информациско моделирање на градби (БИМ) за студентите од вториот циклус студии по Градежништво на Градежниот факултет во Скопје.

Во Скопје, 22.6.2026 година

РЕЦЕНЗЕНТ

Трајче Стојанов, дипл. инж. арх., с.р.

IV ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: НИКОЛА СТРЕЗОВСКИ

Краток опис на содржината:	Монографијата е претставена на 332 страници, поделена во 7 глави, вклучувајќи ги главите Литература и Прилози. Во воведната глава, авторот јасно ги прикажува основните дефиниции на БИМ, со детален опис за различните фази и нивоа на развој. Обрнато е внимание за тоа како се работи со БИМ преку дефинирање на дигитални прототипови, дефинирање на содржини и технологии на поврзување. Глава 2 дава јасен вовед со продлабочено објаснување во координацијата на проект преку БИМ, преку јасно дефинирани потребни вештини и системи на работа. Соработката и интероперабилноста се клучни фактори во процесот на информациското моделирање на градби, кои во Глава 3 се стручно разјаснети. Главата ги дава поединостите за стандардизација и технологија на соработка и поврзување на различните системи. Глава 4 дефинира работен тек преку практичен пример за градежните конструктори. Во главата се опишува можноста за користење на БИМ во процесите на мониторинг во експлоатација на објектите. Примерите кои се опишани во Глава 5 претставуваат практичен показател на можностите и доменот на проекти користејќи ги БИМ-процесите. Глава 6 дава наслови на користена литература, додека Глава 7 дава список на објавени стандарди на ИСРСМ во областа на БИМ, податоци битни за студентите и стручната јавност заинтересирана во користење на БИМ-процесите во моделирањето на градбите.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Содржината на монографијата е целосно усогласена со предметната програма на Информациско моделирање на градби (БИМ).
Предлози за потребни корекции:	Нема потреба од корекции.
Оцена на ракописот:	Содржината која е обработена во ракописот на монографијата се базира на долгогодишно искуство на авторот во работата во процесите на БИМ. Неговото издавање ќе придонесе студентите и инженерите од праксата да имаат пристап до квалитетен материјал кој ќе придонесе кон нивно поквалитетно образование и професионален развој.
Категоризација:	монографија
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 332 страници (формат B5), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 11. Текстот е поделен во 6 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 171 слика и 16 табели.

	Материјалот ги задоволува сите барања за монографија со највисоко ниво на обработка и појаснување на концептите, технологиите и примената на БИМ.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како монографија примарно наменета за студентите на Градежниот факултет во Скопје, но и за инженери и професионалци од областа на моделирање на градби согласно со процесите дефинирани во БИМ.

Во Скопје, 22.6.2026 година

РЕЦЕНЗЕНТ

Никола Стрезовски, дипл. инж. арх., с.р.

Прилоī бр. 3

РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ „ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО“ ОД АВТОРИТЕ ЕЛЕНА ДУМОВА-ЈОВАНОСКА И КРИСТИНА МИЛКОВА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, бр. 02-2/95-122 од 8.6.2026, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебното помагало – скрипта „Земјотресно инженерство“ од авторите: д-р Елена Думова- Јованоска, редовен професор, и д-р Кристина Милкова, доцент, наменет за студентите на Градежниот факултет за предметот Земјотресно инженерство, избрани се: проф. д-р Горан Марковски, Градежен факултет, УКИМ и вонр. проф. д-р Катерина Дрогрешка, Природно-математички факултет, УКИМ.

По добивањето на ракопис и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

III. Општ дел

Основни податоци за ракопис

Назив на ракопис:	Земјотресно инженерство
Назив на предметната програма:	Земјотресно инженерство
Назив на студиската програма:	Градежништво – конструктивна насока, втор циклус студии
Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракопис е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:**	**3+2, 5 ЕКТС-кредити**
Предметот Земјотресно инженерство на Градежниот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови – 3+2, број на ЕКТС-кредити – 5 и се слуша во II семестар, втор циклус студии.	
Реден број на изданието:	прво издание
Општи податоци за ракопис:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 95 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во 5 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 41 слика и 17 табели.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Горан Марковски, Градежен факултет, УКИМ, с.р.
Вонр. проф. д-р Катерина Дрогрешка, Природно-математички факултет, УКИМ, с.р.

II ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ГОРАН МАРКОВСКИ

Краток опис на содржината:	Скриптата „Земјотресно инженерство” претставува современ наставен материјал кој ги обработува основните принципи на земјотресното инженерство, почнувајќи од основните поими од сеизмологијата, па сè до современите пристапи за асеизмичко проектирање на конструкции. Материјалот е структуриран во четири логички поврзани целини, со што се овозможува постепено надградување на знаењата и полесно разбирање на сложените појави и процеси поврзани со земјотресите и нивното влијание врз градежните конструкции. Во првата глава се разработени основните поими од сеизмологијата, механизмите на настанување на земјотресите, видовите сеизмички бранови, начинот на нивно регистрирање и мерење, како и основните скали за оценување на магнитудата и интензитетот на земјотресите. Посебно внимание е посветено на инструменталното следење на сеизмичките појави и на основните карактеристики на земјотресното движење на тлото. Втората глава е посветена на сеизмичкиот хазард и методите за негово определување. Во неа се обработени детерминистичкиот и веројатносниот пристап за проценка на сеизмичкиот хазард, основните влезни параметри потребни за нивна примена, како и современите трендови во развојот на модели за проценка на сеизмичката опасност. Притоа се објаснети концептите на период на повторливост, веројатност на надминување, атенуациони релации и спектри на одговор, кои претставуваат основа за дефинирање на проектното сеизмичко дејство. Во третата глава се презентирани основните принципи на асеизмичкото проектирање и нивната примена во актуелните македонски прописи за асеизмичко проектирање на објекти од високоградбата (ПИОВСП’81). Обработени се целите и филозофијата на асеизмичкото проектирање, категоризацијата на објектите, дефинирањето на сеизмичкото дејство, влијанието на локалните услови на тлото, како и основните правила за определување на сеизмичките сили и конструктивно обликување на објектите. Четвртата глава е посветена на современите принципи на асеизмичко проектирање според Еврокод 8. Во неа се обработени основните барања и критериуми за проектирање, моделите за претставување на сеизмичкото дејство, критериумите за регуларност на конструкциите, методите за анализа на конструктивниот одговор, како и основните правила за проектирање на

	армиранобетонски и челични конструкции во сеизмички подрачја. Материјалот е збогатен со голем број табели, слики и графички прикази, кои придонесуваат за подобро разбирање на теоретските концепти и нивната практична примена во инженерската практика. Поради својот систематски пристап, јасната структура и усогласеноста со современите инженерски стандарди, скриптата претставува соодветен наставен материјал за студентите, како и корисен извор на информации за инженерите кои работат во областа на земјотресното инженерство и асеизмичкото проектирање.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Содржината и формата на ракописот се целосно усогласени со предметната програма
Предлози за потребни корекции:	Нема. Сите предлози за подобрување дадени во претходната фаза се целосно имплементирани во конечната верзија на ракопис.
Оцена на ракопис:	Да се извади добро одмерен екстракт од една мошне широка, сложена и крајно актуелна тема за нашето поднебје, кој воедно ќе биде лесно разбирлив, но и едукативно провокативен за оние за кои е првенствено наменет – студентите на Градежниот факултет, не е нималку едноставна задача. Оттаму, според мене, произлегува и главната вредност на овој ракопис, кој истовремено претставува и квалитетна појдовна точка за негова натамошна надоградба во повисока форма на учебно помагало, односно учебник. Авторките, што недвојбено произлегува од степенот на нивното продлабочено владеење со проблематиката која се обработува и стекнатото искуство во креирање и реализација на наставниот процес по предметот, мошне умешно успеваат да го извлечат и објаснат најбитното, притоа вешто одбегнувајќи го ризикот од тавтолошко навлегување во непотребна обемност која во денешниов дигитализиран свет, преполн со куси информации, создава одбивност кај читателот. Јасната систематизација на изложеното, квалитетните скици, цртежи, дијаграми и др. суптилно го подигнуваат квалитетот на текстот, помагајќи му да биде покус, но истовремено и многу поразбирлив и полесен за совладување. Додадена вредност на ракописот е неговата директна применливост во подоцнежните конструкторски предмети каде што земјотресното дејство претставува влезен параметар при проектирањето на конструкциите. Убеден сум дека таму често ќе дојде до своевидно рециклирање на неговата употреба.

	Имајќи ја предвид актуелноста на примената на Европските стандарди за проектирање конструкции кај нас, не ја исклучувам можноста оваа скрипта да најде своја употребна вредност и кај голем број проектанти во праксата.
Категоризација:	скрипта
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 95 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во 5 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 41 слика и 17 табели. Авторките мошне умешно успеваат да го извлечат и објаснат најбитното, притоа вешто одбегнувајќи го ризикот од тавтолошко навлегување во непотребна обемност која во денешниов дигитализиран свет, преполн со куси информации, создава одбивност кај читателот. Ракописот претставува добро одмерен екстракт од една мошне широка, сложена и крајно актуелна тема за нашето поднебје, воедно лесно разбирлив, но и едукативно провокативен за студентите на Градежниот факултет.

Ми претставува задоволство ракописот да го предложам како учебно помагало – скрипта по предметот Земјотресно инженерство, првенствено наменет за студентите на Градежниот факултет при УКИМ.

Во Скопје, 25.6.2026 година

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. д-р Горан Марковски, с.р.

III **Посебен дел од рецензентот: ПРОФ. Д-Р КАТЕРИНА ДРОГРЕШКА**

Краток опис на содржината:	Ракописот „Земјотресно инженерство“ претставува систематизирано учебно помагало кое ги обработува основните концепти, принципи и методи од областа на земјотресното инженерство. Содржината е организирана на начин кој овозможува постепено воведување на читателот во проблематиката, започнувајќи од основните сеизмолошки поими и карактеристики на земјотресите, па сè до современите принципи и нормативни барања за асеизмичко проектирање на конструкции. Во првиот дел од скриптата се дадени основните сознанија за настанувањето на земјотресите, видовите раседи, ширењето на сеизмичките бранови, инструменталното регистрирање на земјотресите и параметрите со кои се опишува нивната јачина и интензитет. Посебно внимание е посветено на разбирањето на физичката природа на земјотресите и нивното влијание врз инженерските конструкции. Во вториот дел се разработува проблематиката на сеизмичкиот хазард, при што детално се објаснети основните принципи на детерминистичките и веројатносните анализи, параметрите потребни за нивна примена и начинот на интерпретација на добиените резултати. Авторите успешно ги поврзуваат теоретските основи со практичната примена на добиените параметри во инженерското проектирање. Третата глава ги обработува основните принципи на прописите за асеизмичко проектирање и нивната примена во актуелната национална регулатива. Во овој дел се анализираат концептот на заштита од колапс, категоризацијата на објектите, влијанието на локалните услови на тлото, определувањето на проектното сеизмичко дејство и основните правила за конструктивно обликување и димензионирање на објектите во сеизмички подрачја. Во четвртата глава се презентирани современите принципи на асеизмичко проектирање според Еврокод 8. Детално се обработени барањата за сигурност и употребливост, моделите за претставување на сеизмичкото дејство, критериумите за регуларност на конструкциите, методите за анализа, како и специфичните правила за проектирање на армиранобетонски и челични конструкции. На тој начин, студентите добиваат јасен увид во современата европска нормативна рамка и нејзината примена во инженерската практика.

Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Ракописот е во целост, по содржина и форма усогласен со предметните програми.
Предлози за потребни корекции:	Не е потребно да се вршат никакви дополнителни измени.
Оцена на ракописот:	Ракописот претставува висококвалитетен, систематичен и научно значаен труд, кој претставува значаен придонес во литературата од областа на земјотресното инженерство. Во него на јасен, прецизен и методолошки доследен начин се обработени основните концепти, принципи и методи на земјотресното инженерство, овозможувајќи темелно разбирање на материјата и јасен увид во современите пристапи за анализа и оценка на сеизмичкото дејство врз конструкциите. Содржината е логично организирана и презентирана на начин што го олеснува совладувањето на сложените теоретски и практични аспекти на дисциплината.
Категоризација:	скрипта
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 95 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во 5 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 41 слика и 17 табели. Ракописот е подготвен со јасен и прегледен стил на изложување, поткрепен со соодветен број табели, илустрации, графички прикази и примери. Ваквиот пристап овозможува полесно совладување на материјата и придонесува за развивање на инженерски начин на размислување кај студентите. Сметам дека скриптата претставува значаен придонес во наставната литература од областа на земјотресното инженерство и во целост ги исполнува условите да биде користена како наставно помагало во високото образование.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало – скрипта по предметот Земјотресно инженерство, примарно наменет за студентите на Градежниот факултет.

Во Скопје, 25.6.2026 година

Рецензент

Вонр. проф. д-р Катерина Дрогрешка, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

Скопје, УКИМ - 568. седница на ннс од 03.6.2026г.

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Дарко Димитровски, дипл.геод.инж.	Споредбена анализа на дигитални модели на терен добиени од облак од точки и класични теренски мерења	COMPARATIVE ANALYSIS OF DIGITAL TERRAIN MODELS DERIVED FROM POINT CLOUDS AND TRADITIONAL FIELD MEASUREMENTS	проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев	12.6.2026 02/95-133
2	Виктор Кукутанов, дипл.град.инж.	Споредба на трансмисиски загуби кај станбени објекти според националната и Manual J методологија	COMPARISON OF TRANSMISSION LOSSES IN RESIDENTIAL BUILDINGS ACCORDING TO THE NATIONAL AND MANUAL J METHODOLOGY	проф. д-р Тодорка Самарџиоска	12.6.2026 02/95-146
3	Марија Поповска, дипл.град.инж.	Мултипараметарска експериментална анализа на физичко-механички својства на лесни пенести композити	MULTIPARAMETRIC EXPERIMENTAL ANALYSIS OF THE PHYSICAL AND MECHANICAL PROPERTIES OF LIGHTWEIGHT FOAMED COMPOSITES	проф. д-р Тодорка Самарџиоска	12.6.2026 02/95-134
4	Семир Бајрами, дипл.геод.инж.	Споредбена анализа на вегетациските индекси добиени од сателитските мисии Sentinel и Landsat	COMPARATIVE ANALYSIS OF VEGETATION INDEXES DERIVED FROM THE SENTINEL AND LANDSAT SATELLITE MISSIONS	проф. д-р Лазо Димов	12.6.2026 02/95-138
5	Игор Димитровски, дипл.геод.инж.	Анализа на фабричката контрола на производство на бетон според македонските и европските стандарди	ANALYSIS OF THE FACTORY PRODUCTION CONTROL OF CONCREATE ACCORDING TO MACEDONIAN AND EUROPIAN STANDARDS	проф. д-р Тони Аранѓеловски	12.6.2026 02/95-145
6	Горјана Мицевска, дипл.град.инж.	Споредбена нумеричка и параметарска анализа на однесувањето на железнички тунел со примена на Нова Австриска Тунелска Метода	COMPARATIVE NUMERICAL AND PARAMETRIC ANALYSIS OF THE BEHAVIOUR OF A RAILWAY TUNNEL USING THE NEW AUSTRIAN TUNNELLING METHOD	проф. д-р Златко Зафировски	12.6.2026 02/95-141
7	Изабела Устијаноска, дипл.град.инж.	Анализа на ефектите од температурните дејства врз армиранобетонска зграда според еврокодови	ANALYSIS OF THE EFFECTS OF THERMAL ACTIONS ON REINFORCED CONCRETE BUILDING ACCORDING TO EUROCODES	проф. д-р Дарко Наков	12.6.2026 02/95-144
8	Марко Мутавџиќ, дипл.град.инж.	Влијанието на интензивната урбанизација врз	THE IMPACT OF INTENSIVE URBANIZATION ON THE HYDRAULIC	проф. д-р Гоце Тасески	12.6.2026 02/95-135

		хидрауличките карактеристики на системите за водоснабдување	CHARACTERISTICS OF WATER SUPPLY SYSTEMS		
9	Никола Стоев, дипл.град.инж.	Хидрауличка анализа на систем за водоснабдување во услови на обезбедување дополнителни количини вода	HYDRAULIC ANALYSIS OF A WATER SUPPLY SYSTEM UNDER INTEGRATION OF ADDITIONAL WATER SOURCES	проф. д-р Гоце Тасески	12.6.2026 02/95-137
10	Шабан Нуредини, дипл.геод.инж.	Анализа на постапките и процедурите за планирање на просторот преку детален урбанистички план и урбанистички проект вон опфат	ANALYSIS OF THE PROCESSES AND PROCEDURES FOR SPATIAL PLANNING THROUGH A DETAILED URBAN PLAN AND URBAN PROJECT OUTSIDE THE SCOPE OF AN URBAN PLAN	проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев	12.6.2026 02/95-140
11	Марија Николиќ, дипл.град.инж.	Анализа на еднобродна челична хала со спрегната меѓукатна конструкција според еврокод	ANALYSIS OF A SINGLE-SPAN STEEL HALL WITH A COMPOSITE FLOOR STRUCTURE ACCORDING TO EUROCODE	проф. д-р Денис Поповски	12.6.2026 02/95-142
12	Младен Илиевски, дипл.град.инж.	Проектирање на конструкции од пултрирани полимерни композити зајакнати со влакна според CEN/TS 19101:2022	DESIGN OF FIBRE-POLYMER COMPOSITE STRUCTURES WITH PULTRUDED PROFILES ACCORDING TO CEN/TS 19101:2022	проф. д-р Коце Тодоров	12.6.2026 02/95-136
13	Симона Јаковлевска дипл.град.инж.	Методологија за анализа и проектирање на потпорни конструкции од армирана земја	METHODOLOGY FOR ANALYSIS AND DESIGN OF MECHANICALLY STABILIZED EARTH WALLS	доц. д-р Бојан Сусинов	12.6.2026 02/95-139
14	Арбнора Ахмеди, дипл.град.инж.	Анализа на геометриската усогласеност помеѓу облак од точки и BIM модел изработен со Scan-to-BIM методологија	ANALYSIS OF THE GEOMETRIC CONFORMITY BETWEEN A POINT CLOUD AND A BIM MODEL DEVELOPED USING A SCAN-TO-BIM METHODOLOGY	проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев	12.6.2026 02/95-147
15	Крсте Митров, дипл.град.инж.	Анализа на челична зграда со спрегната меѓукатна конструкција и јадро од спрегови според еврокод	ANALYSIS OF STEEL BUILDING WITH COMPOSIT SLAB AND BRACED CORE IN ACCORDANCE WITH EUROCODE	проф. д-р Денис Поповски	12.6.2026 02/95-143

Изготвила: В.С.

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

Скопје, УКИМ - 569. СЕДНИЦА НА ННС ОД 24.6.2026Г.

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Анастасија Михајловска дипл.град.инж.	ПРОЦЕНКА НА ПОСТОЈНИТЕ АРМИРАНОБЕТОНСКИ КОНСТРУКЦИИ СПОРЕД ВТОРАТА ГЕНЕРАЦИЈА НА ЕВРОКОДОВИ	ASSESSMENT OF EXISTING REINFORCED CONCRETE STRUCTURES ACCORDING TO THE SECOND GENERATION OF EUROCODES	проф. д-р Тони Аранѓеловски	25.6.2026 02/95-161
2	Ален Адровиќ, дипл.град.инж.	ОПТИМИЗАЦИЈА НА ТЕНДЕРСКИ ПРОЦЕДУРИ СО ПРИМЕНА НА МУЛТИКРИТЕРИУМСКИ МОДЕЛИ КАЈ ЖЕЛЕЗНИЧКИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ	OPTIMIZATION IN TENDERING PROCEDURES USING MULTICRITERIA DECISION-MAKING MODELS IN RAILWAY INFRASTRUCTURE PROJECTS	проф. д-р Златко Зафировски	25.6.2026 02/95-162
3	Душко Грозданов, дипл.град.инж.	МУЛТИКРИТЕРИУМСКА АНАЛИЗА ПРИ ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ВАРИЈАНТА НА ТРАСА ОД ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА	MULTI-CRITERIA ANALYSIS FOR SELECTING THE OPTIMAL ROUTE ALTERNATIVE IN ROAD INFRASTRUCTURE PLANNING	проф. д-р Златко Зафировски	25.6.2026 02/95-163
4	Никола Тасевски дип.град.инж.	ПРИМЕНА НА ЕКСПАНДИРАН ПОЛИСТИРЕН (EPS) ГЕОФОМ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ДОЛЕН СТРОЈ КАЈ СООБРАЌАЈНИЦИ	APPLICATION OF EXPANDED POLYSTYRENE (EPS) GEOFOAM FOR SUBGRADE IMPROVEMENT IN TRANSPORTATION INFRASTRUCTURE	проф. д-р Златко Зафировски	25.6.2026 02/95-164
5	Сашо Цветановски, дипл. град. инж.	АНАЛИЗА НА ДЕГРАДАЦИЈА НА ГЕОМЕТРИЈАТА НА КОЛОСЕКОТ ПРИ ПЛАНИРАЊЕ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА	ANALYSIS OF TRACK GEOMETRY DEGRADATION FOR RAILWAY INFRASTRUCTURE MAINTENANCE PLANNING	проф. д-р Златко Зафировски	25.6.2026 02/95-165
6	Бети Крстева дипл.геод.инж.	АНАЛИЗА И ВЕРИФИКАЦИЈА НА ПРОСТОРНИ ПОДАТОЦИ ОД ПОВЕЌЕ ИЗВОРИ	ANALYSIS AND VERIFICATION OF GEOSPATIAL DATA FROM MULTIPLE SOURCES	доц. д-р Филип Касаповски	25.6.2026 02/95-166
7	Сашка Митевска дипл.геод.инж.	СОВРЕМЕНИ ГЕОДЕТСКИ МЕТОДОЛОГИИ ЗА 3Д МОДЕЛИРАЊЕ НА РУДНИЦИ СО ПОДЗЕМНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА	MODERN GEODETIC METHODOLOGIES FOR 3D MODELING OF UNDERGROUND MINES	доц. д-р Филип Касаповски	25.6.2026 02/95-167
			ANALYSIS OF STEEL STRUCTURE WITH CRANE		25.6.2026

8	Марија Стојменовска дипл.ґрад.инж.	АНАЛИЗА НА ЧЕЛИЧНА КОНСТРУКЦИЈА СО КРАНСКА ГРЕДА СПОРЕД ЕВРОКОДОВИ	GIRDER ACCORDING TO EUROCODES	вонр. проф. д-р Миле Партиков	02/95-168
9	Ељмир Мустафаи дипл.ґрад.инж.	РЕВИЗИЈА НА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈНИЦИ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ	ROAD SAFETY AUDIT OF URBAN ROADS	проф. д-р Слободан Огњеновиќ	25.6.2026 02/95-169
10	Артан Синани дипл.ґеод.инж.	АНАЛИЗА НА ПОСТАПКАТА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА И УЛОГАТА НА КАТАСТАРСКИОТ СИСТЕМ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ	ANALYSIS OF THE EXPROPRIATION PROCEDURE AND THE ROLE OF CADASTRAL SYSTEM IN THE IMPLEMENTATION OF INFRASTRUCTURE PROJECTS	проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев	25.6.2026 02/95-170
11	Филип Милески, дипл.ґеод.инж.	ВЛИЈАНИЕ НА КЛАСИФИКАЦИЈАТА НА ОБЛАКОТ ОД ТОЧКИ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ДИГИТАЛНИОТ МОДЕЛ НА ТЕРЕН	INFLUENCE OF POINT CLOUD CLASSIFICATION ON THE QUALITY OF A DIGITAL TERRAIN MODEL	проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев	25.6.2026 02/95-171
12	Зоран Николовски дипл.ґеод.инж.	СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА МЕТОДИ ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА LIDAR ОБЛАК ОД ТОЧКИ СО ПРИМЕНА НА МОРФОЛОШКИ ФИЛТРИ И AI МОДЕЛ	COMPARATIVE ANALYSIS OF LIDAR POINT CLOUD CLASSIFICATION METHODS USING MORPHOLOGICAL FILTERS AND AN AI MODEL	проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев	25.6.2026 02/95-172
13	Анастасија Крстевски дипл.ґеод.инж.	ОДРЕДУВАЊЕ НА ГЕОМЕТРИСКИ ПРОМЕНИ КАЈ ОБЈЕКТИ ВРЗ ОСНОВА НА ПРОСТОРНИ МОДЕЛИ ДОБИЕНИ ОД ОБЛАЦИ ОД ТОЧКИ	ASSESSMENT OF GEOMETRIC CHANGES IN OBJECTS BASED ON POINT CLOUD-DERIVED SPATIAL MODELS	проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев	25.6.2026 02/95-173
14	Катерина Велкова дипл.ґеод.инж.	СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ПРОЦЕНЕТАТА ВРЕДНОСТ НА СТАНОВИ СПОРЕД МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ПРОЦЕНА И ПАЗАРНИТЕ ЦЕНИ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ	COMPARATIVE ANALYSIS OF APARTMENT VALUATIONS ACCORDING TO THE VALUATION METHODOLOGY AND REAL ESTATE MARKET PRICES	проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев	25.6.2026 02/95-174

Изготвила: В.С.

П Р Е Г Л Е Д
НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ

Ред Бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	**Арбана Селими**	**„Дигитални даночни екосистеми и фискална предвидливост: двофазен DEA-ML пристап за ефикасност на реформите и намалување на сивата економија“**	**"Digital Tax Ecosystems and Fiscal Predictability: A Two-Phase DEA-ML Approach for Reform Efficiency and Shadow Economy Reduction"**	**Проф.д-р Виолета Цветкоска**	2.6.2026 година бр. 1082/20/1
2.	**Миланка Димовска**	**„Вештачка интелегенција во банкарскиот сектор во Република Северна Македонија: пристап базиран на податоци од клиентите и моделирање со примена на машинско учење“,**	**Artificial Intelligence in the Banking Sector in the Republic of North Macedonia: A Customer Data-Based Approach and Modelling Using Machine Learning"**	**Проф.д-р Виолета Цветкоска**	2.6.2026 година бр. 1082/19

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ИНТЕРНА МЕДИЦИНА, ГЕРИЈАТРИЈА, КЛИНИЧКО-БОЛНИЧКА И ОПШТА ЗДРАВСТВЕНА НЕГА И КАРДИОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 16.4.2026 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и кардиологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-3215/7, донесена на 20.5.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Сашко Кедев, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Елизабета Србиновска Костовска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Маријан Бошевски, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Снежана Марковиќ, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, и д-р Ѓорѓи Дерибан, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и кардиологија, во предвидениот рок се пријави вонр. проф. д-р Јорго Костов.

1. Вонр. проф. д-р ЈОРГО КОСТОВ

Биографски податоци и образование

Проф. д-р Јорго Костов е роден на 22.1.1969 година во Скопје. Оженет, татко на две деца, националност Влав. Основно и средно образование завршил во Скопје. Во учебната 1988/1989 година се запишал на Медицинскиот факултет во Скопје, кој го завршил на 30.3.1994 година со среден успех 9,38. Стручниот испит го положил на Медицинскиот факултет во Скопје, на 28.3.1995 година.

Активно се служи со англискиот (ниво В2), а пасивно со францускиот и италијанскиот јазик.

Во учебната 1995/1996 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии од областа кардиологија на Медицинскиот факултет во Скопје. Предвидените испити ги положил со просечен успех 10,00. На 17 март 2006 година го одбранил магистерскиот труд со наслов: „Акутен миокарден инфаркт и блок на левата гранка на Хисовиот сноп – значење и дилеми“.

Во март 2012 година се запишал на трет циклус (докторски) студии на Медицинскиот факултет во Скопје. На 12 септември 2016 година го одбранил докторскиот труд со наслов: „Биоресорптивни васкуларни скафолди во третман на пациенти со акутен коронарен синдром“ и се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област клиничка медицина.

Во 2003 година е избран во звањето помлад асистент по предметот Интерна медицина и интерна пропедевтика за студентите по медицина и

стоматологија. Во март 2007 година е избран за асистент по предметот Интерна медицина и интерна пропедевтика за студентите по медицина и стоматологија, а реизбран е во 2010 година. Во декември 2015 година е избран за асистент докторанд по предметот Интерна медицина и клиничко испитување за студентите по медицина и стоматологија. Во декември 2016 година е избран за насловен доцент по предметот Интерна медицина, а во септември 2019 година е избран за доцент по предметот Интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје. Во ноември 2021 година е избран за вонреден професор по предметот Интерна медицина. Од академската 2003/2004 до 2009/2010 година бил асистент по предметите Интерна медицина и Интерна пропедевтика, а од 2010/2011 година е асистент по предметите Интерна медицина и Клиничко испитување.

Во октомври 2001 година го положил специјалистичкиот испит по интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје. Во ноември 2007 година го положил супспецијалистичкиот испит по кардиологија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет, кандидатот д-р Јорго Костов изведува вежби на првиот циклус студии на студиските програми: Општа медицина и Стоматологија.

Научноистражувачка дејност

Д-р Јорго Костов има објавено вкупно 36 научни трудови од областа на клиничката кардиологија, од кои 26 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), а 10 труда во меѓународни научни списанија. Д-р Јорго Костов учествувал како член во 25 научни проекти и студии.

Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Јорго Костов активно е вклучен во стручно-апликативната работа на ЈЗУУ Клиника за кардиологија и кардиоваскуларна хирургија – Национален центар за кардиоваскуларни заболувања. Врши и здравствена дејност од областа на кардиологијата и интерната медицина.

По добиената награда – стипендија од Европското кардиолошко здружение, во септември 2001 година, за стручно усовршување во областа на интервентната кардиологија, во периодот од 1 март до 31 јули 2002 година стручното усовршување во странство го остварил со студиски престој во период од 5 месеци во EMO Centro Cuore Columbus и San Raffaele Hospital во Милано, Италија.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на комисии на ЈЗУУ Клиника за кардиологија и кардиоваскуларна хирургија – Национален центар за кардиоваскуларни заболувања во Скопје.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Јорго Коста Костов
(име, татково име и презиме)
Институција: Медицински факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија и кардиоваскуларна хирургија – Национален центар за кардиоваскуларни заболувања
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и кардиологија

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,38. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00.	да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: медицина; поле: интерна медицина; подрачје: кардиологија.	да
3	Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Journal of American College of Cardiology Case Reports 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science 3. Наслов на трудот: Late Thrombosis of First-Generation Bioresorbable Scaffold Site Treated With Novel Resorbable Magnesium Scaffold.	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	4. Година на објава: 2025	
7. Pejkovska Ilieva M, **Chibisheva V.**, Kochoski G, Naumovska R, Pucakoski S, Stojovska Lazarova A, Jovanovska V. The role of indication in vacuum assisted vaginal delivery – maternal and neonatal outcome. In: Abstracts of the 6th European Congress of Intrapartum Care; 09–11 Mar 2023; Belgrade, Serbia. Book of abstracts. 2023.

8. Pejkovska Ilieva M, Paneva I, Kochoski G, Livrinova V, **Chibisheva V.**, Shabani A, Simeonova Krstevska S. The role of the pulsatility index combined with interleukin IL-6 in predicting preeclampsia. In: Abstracts of the XXIX European Congress of Perinatal Medicine; 11–13 Sep 2024; Vienna, Austria. Book of abstracts. 2024.

9. Pejkovska Ilieva M, Kocoski G, Shpishic A, Paneva I, Bushinovska G, **Chibisheva V.,** Serafimova S. Inferior vermian hypoplasia: prenatal diagnosis, clinical implications, and multidisciplinary management. In: 3rd International Case Report Congress, Macedonian–Turkish Medical Symposium: Medical Education and Health Systems in Balkan Countries. 2025. p. 3.

10. Pejkovska Ilieva M, Kochoski G, Bushinovska Ivanova G, **Chibisheva V.**, Paneva I. Atosiban-intrapartum acute tocolysis. In: ECIC 2025 – 7th European Congress on Intrapartum Care; 27–29 March 2025; Madrid, Spain. Book of Abstracts. p. 99.

11. **Chibisheva V.**, Kochoski G, Antovska V, Stefanija A, Pejkovska-Ilieva M, Aleksioska-Papestiev I. Intrapartum ultrasound in management of labor – our preliminary clinical experience. In: ECIC 2025 – 7th European Congress on Intrapartum Care; 27–29 March 2025; Madrid, Spain. Book of Abstracts. p. 143

12. **Chibisheva V.**, Pejkovska Ilieva M, Kochoski G, Antovska V, Stojovska-Lazarova A, Naumovska R, Jovanovska V, Gjoncheska A, Operative ventouse vaginal delivery and its outcomes-single center study, 6th European congress on intrapartum care, 9-11 March, 2023; Belgrade, Serbia

13. **Chibisheva V.**, Stefanija A, Jovanovska V, Kochoski G, Intrapartum testing for group B streptococcus, XXIX European congress of perinatal medicine, 11-13 september, 2024; Vienna, Austria

14. **Chibisheva V.**, Stefanija A, Kochoski G, Antovska V, Aleksioska-Papestiev I, Intrapartum ultrasound in labor management, 22nd World congress in fetal medicine, 28 June- 2 July, 2025 Prague, Czechia

Стручно-применувачка дејност

1. Учесник во проектот: Сексуално и репродуктивно здравје, поддржан од УНФПА, а во реализација на Македонското лекарско друштво и Македонската асоцијација на гинеколози и опстетричари.
2. Член на Работна група за превод и адаптација на Водич за грижа во тек на породување, издаден од СЗО, 2024 година.
3. Член на Работна група за евалуација на родилиштата во Р Македонија, како дел од проектот „Ефективна перинатална грижа“.
4. Учесник во проектот: Безбедни и иновативни здравствени услуги, поддржан од УНФПА, како дел од мобилните гинеколошки амбуланти и како предавач за сексуално преносливи инфекции и планирање на семејство.
5. Активен член на Комитетот за безбедно мајчинство, советодавно тело во рамките на Министерството за здравство.
6. Активен член на Работна група за подготовка на упатства и протоколи за вршење на здравствена дејност во примарната гинеколошка и акушерска здравствена заштита, при Министерството за здравство.
7. Успешно завршен Семинар по гинекологија и акушество во рамките на Salzburg OMI seminars, јуни 2023.
8. Стручен престој во Labor and delivery department, University clinic for obstetrics and gynecology, University hospital of Vienna, Austria (Observer ship program, декември 2024).
9. Ultrasound in labor and delivery course, организаран од prof. Tullio Ghi, University of Parma (2023 – Belgrade, Serbia; 2024, 2025 – online courses).

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Весна Андон Чибишева Чалоска
(име, татково име и презиме)
Институција: ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: гинекологија и акушерство

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) Просечниот успех изнесува: 9,71.	**ДА**
3	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: Cambridge English Certificate in ESOL International, Council of Europe Level B2 3. Издавач на документот: Cambridge English Language Assessment, part of the University of Cambridge 4. Датум на издавање на документот: јуни 2017	**ДА**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Сашо Стојчевски, с.р.
Проф. д-р Ана Данева Маркова, с.р.
Проф. д-р Маја Пејковска Илиева, с.р.

Ас. д-р Влатко Ѓиревски

1. Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Влатко Ѓиревски е роден на 12.5.1983 година, во Скопје. Средно образование завршил во ДСМУ „Д-р Панче Караѓозов“ во Скопје, со одличен успех. Со високо образование се стекнал на Медицинскиот факултет, а по завршувањето на лекарскиот стаж и добивањето на лиценца за работа се вработил како општ лекар во примарната здравствена заштита. Од 2011 година е во постојан работен однос во ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство, Скопје.

Во 2013 година ја започнал специјализацијата по гинекологија и акушерство. Специјалистичкиот испит го положил во 2019 година, со што се стекнал со звањето специјалист по гинекологија и акушерство. Во тек на специјализацијата престојувал на Медицинскиот факултет „Чапа“ при Универзитетот во Истанбул, на Одделот за гинекологија и акушерство.

Активно го владее англискиот јазик на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), солидно го познава францускиот јазик и има напредни компјутерски вештини.

Во 2023 година, д-р Влатко Ѓиревски запишал трет циклус – докторски студии на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во моментот е асистент по предметот Гинекологија и акушерство на Медицинскиот факултет во Скопје, на Катедрата за гинекологија и акушерство. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1286 од 2023 година.

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет, Скопје, кандидатот д-р Влатко Ѓиревски изведува вежби на втор циклус студии на студиската програма Општа медицина, по предметот Гинекологија и акушерство, и на тригодишните додипломски стручни студии за дипломирана акушер/ка по предметот Акушерска нега.

Научноистражувачка дејност

Д-р Влатко Ѓиревски, во текот на својата здравствена едукација, учествува на повеќе национални и интернационални конгреси, научни собири, работилници и семинари.

Како коавтор, тој учествува на повеќе национални и интернационални конгреси, научни собири и семинари.

Список на трудови објавени во домашни и меѓународни научни списанија:

Труд за рецензија:

1. Milkovski D, Stojovski M, Jovanovska V, Kijajova I, Gjirevski V, Koteva Mirakovska M, Joksimovic M. Dual staining cytology with p16/Ki-67 for cervical cancer screening. *J Morphol Sci*. 2024 Dec;7(3):80–86.

Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Влатко Ѓиревски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје. Врши стручна дејност како специјалист по гинекологија и акушерство на Одделот за малигни заболувања на матката.

Остварил експертски активности со активно учествуво во проектот „Безбедни иновативни здравствени услуги во време на КОВИД – 19“, поддржан од УНФПА, во 2022 година, во реализација на Македонското лекарско друштво (МЛД) и Македонската асоцијација на гинеколози и опстетричари (МАГО), како консултант за пишување на

стручни текстови на темата: Третман на гинеколошки карциноми, за веб-страницата на МАГО (www.agom.com.mk), со што придонел за унапредување на квалитетот за тематската област.

Учесник е и во проектот за мобилни гинеколошки амбуланти во реализација на Македонското лекарско друштво (МЛД) и Македонската асоцијација на гинеколози и опстетричари (МАГО).

Остварил стручно усовршување во странство, со студиски престој на Медицинскиот факултет „ЧАПА“ при Универзитетот во Истанбул, преку академски и клинички активности на Одделот за гинекологија и акушерство, во периодот од 22 ноември до 18 декември 2015 година.

Во април 2024 година, остварил едукативен стручен престој на Одделот за гинеколошка онкологија на Универзитетот „Хачетепе“ во Анкара и учествувал на Курс за гинеколошка минимално инвазивна ендоскопска и роботска хирургија, одржан во „Memorial Hospital“ во Анкара.

Д-р Влатко Ѓиревски, во рамки на ESGO Travelling Fellowship програмата, поддржана од Европското здружение за гинеколошка онкологија (ESGO), во 2025 година реализирал едномесечен стручен престој на Одделот за гинеколошка онкологија при Универзитетот „Хачетепе“ во Анкара, под менторство на проф. д-р Мурат Ѓултекин, при што стекнал напредни знаења и вештини од областа на гинеколошката онкологија.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи:

- член на Лекарската комора на РС Македонија;
- член на Македонското лекарско друштво (МЛД);
- член на Македонската асоцијација за гинекологија и опстетрицијa (МАГО);
- член и вршител на должноста благајник на Македонската асоцијација за перинатална медицина (МАПМ);
- член на Европското здружение за гинеколошка онкологија (ESGO);
- член на Комитетот за ревизија на перинатална смртност во РС Македонија, поддржан од СЗО и УНИЦЕФ;
- член на комисија назначена од Министерството за здравство за утврдување на фактичката состојба преку вршење на увид во условите во однос на просторот и опремата за вршење здравствена дејност;
- член на тимот за изработка и посета на обука за проектот „Банка за донирање на мајчино млеко“ во ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје (2014);
- член на лекарски конзилиум за издавање конзилијарно мислење за продолжување на спреченост од работа;
- член на организацискиот одбор за организација на IFMSA General Assembly, 58th August Meeting held in Ohrid, Republic of Macedonia, 2009;
- член на организацискиот одбор на „5th Macedonian IAN DONALD COURSE – Advances in Ultrasound in Obstetrics, Gynecology and Neonatology“, Skopje, Macedonia, 17 – 19 ноември 2017;
- член на организацискиот одбор на „6th Macedonian IAN DONALD COURSE – Advances in Ultrasound in Obstetrics, Gynecology and Neonatology“, Skopje, Macedonia, 16 – 17 ноември 2019;
- член на организацискиот одбор на 4. Конгрес на гинеколозите и акушерите на Македонија со меѓународно учество, 2017 година Охрид, Македонија, поддржан од SEEMF, ЗГОМ и МЛД;

- член на организацскиот одбор на 5. Конгрес на гинеколозите и акушерите на Македонија со меѓународно учество, 2023 година, во Охрид, Македонија, поддржан од SEEMF, ЗГОМ и МЛД.

Д-р Влатко Ѓиревски поседува сертификат за успешно завршен тренинг за ефективна перинатална грижа под покровителство на Министерството за здравство и UNFPA. Исто така, поседува сертификат за учество во Работилница за неонатална вентилација од 2012 година, сертификат за учество на национална научна и едукативна работилница „Анемија и исхранетост кај бремени жени и деца до 5 години“, Јавноздравствени клинички аспекти, во 2012 година, Охрид, под покровителство на Министерство за здравство на РМ и УНИЦЕФ, и диплома за успешно завршен напреднат курс за 3D/4D ултрасонографија во гинекологијата и акушерството „Ian Donald“ во 2012, 2014, 2015 и 2017 година.

Кандидатот поседува сертификат за учество во напреднат Курс за фетална медицина одржан во Скопје, 2023 година, во организација на Министерството за здравство на РС Македонија, Министерството за здравство на Р Грција и Фондацијата за фетална медицина (ФМФ). Исто така, поседува сертификат за обука на гинеколози за медикаментозен абортус, одржана во септември 2023 година во Скопје, во организација на Хера, МЛД и МАГО, како и сертификат за EFC COLPOSCOPY BASIC COURSE, одржан во организација на Македонското здружение за цервикална патологија и колпоскопија и Европската федерација за колпоскопија (ЕФЦ), одржан во Охрид, 2023.

Д-р Влатко Ѓиревски е добитник на Благодарница за активно учество во извршувањето на целите и задачите на Македонското лекарско друштво во 2021 и 2023 година.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Влатко Томислав Ѓиревски
(име, татково име и презиме)
Институција: ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област гинекологија и акушерство

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) Просечниот успех изнесува: 8,35 (360 ЕКТС-кредити)	**ДА**
3	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: ESOL CERTIFICATE Domax Level C1 Certificate in ESOL International (C1 CEFR) 3. Издавач на документот: Domax LTD, Mosta – MALTA 4. Датум на издавање на документот: 14.2.2026 г.	**ДА**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Сашо Стојчевски, с.р.
Проф. д-р Ана Данева Маркова, с.р.
Проф. д-р Маја Пејковска Илиева, с.р.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на ас. д-р Весна Чибишева Чалоска и ас. д-р Влатко Ѓиревски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатите до денес, Комисијата заклучи дека ас. д-р Весна Чибишева Чалоска и ас. д-р Влатко Ѓиревски поседуваат научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат сите услови за повторен избор во звањето асистент по предметот Гинекологија и акушерство.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, ас. д-р Весна Чибишева Чалоска и ас. д-р Влатко Ѓиревски да бидат повторно избрани во звањето асистент по предметот Гинекологија и акушерство.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Сашо Стојчевски, с.р.
Проф. д-р Ана Данева Маркова, с.р.
Проф. д-р Маја Пејковска Илиева, с.р.

Прилоī бр. 3

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ „HEALTH PROMOTION – TEXTBOOK“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ФИМКА ТОЗИЈА, В. Н. СОР. Д-Р ДАНЧЕ ГУДЕВА НИКОВСКА, Д-Р АЛЕКСАНДРА СТАМЕНОВА, АС. Д-Р МОНИКА СТОЈЧЕВСКА И Д-Р ИВАН ПАНГОВСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, бр. 02-2450/30, од 15.4.2026 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на ракописот „Health Promotion – Textbook“ од авторите: проф. д-р Фимка Тозија, в. н. сор. д-р Данче Гудева Никовска, д-р Александра Стаменова, ас. д-р Моника Стојчевска и д-р Иван Панговски, наменет за студентите на Медицинскиот факултет во Скопје, за предметот: Health promotion, избрани се: проф. д-р Моме Спасовски и проф. д-р Бети Зафирова Ивановска.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I ОПШТ ДЕЛ

Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	Health Promotion – Textbook
Назив на предметната програма:	Health Promotion
Назив на студиската програма:	Интегрирани студии од прв и втор циклус по општа медицина, настава на англиски јазик
Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:**	**15 часа (10+5)** **1 ЕКТС**
Предметот Health Promotion на Медицинскиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови – 15, број на ЕКТС-кредити – 1, и се слуша во II (втори) семестар.	
Реден број на изданието:	прво издание
Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 200 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во пет поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 35 слики и 17 табели.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Моме Спасовски, с.р.
Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, с.р.

II ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р МОМЕ СПАСОВСКИ

Краток опис на содржината:	Доставениот ракопис на учебник со практични задачи на англиски јазик со наслов: „Health Promotion – Textbook“ е изложен јасно и прегледно од авторите на 200 страници и е систематизиран во пет поглавја, и тоа: 1) Foundations of Health Promotion, 2) Health Communication, 3) Health Education, 4) Health Promotion in the Community и 5) Health Promotion Challenges. Првото поглавје се состои од седум тематски единици: 1) The Concept of Health Promotion, 2) History of Health Promotion, 3) Principles of Health Promotion and Health Education, 4) Determinants of Health, 5) Health Behaviour, 6) Health Literacy, 7) Health models. Во ова поглавје се дефинирани основните термини и се поставени основните концепти во областа на промоцијата на здравјето. Во второто поглавје се разработени четири тематски целини за: 1) Definitions and Concept of Health Communication, 2) Effective Health Communication, 3) Health Risk Communication in Public Health Emergencies и 4) Media Communication, кои низ систематизиран, разбирлив начин, дополнет со практични задачи, ја обработуваат темата на комуникација, како основна вештина во промоцијата на здравјето. Третото поглавје се состои од пет тематски единици: 1) Definitions and Concept of Health Education, 2) Health Promotion Methods, 3) Health Promotion Tools, 4) Behavioural and Cultural Insights in Health Promotion and Education и 5) Practical Application of Health Promotion Methods and Tools. Во оваа поглавје се детално објаснете методите и средствата кои се користат во промоција на здравје и здравствена едукација, како и нивната практична примена. Четвртото поглавје се состои од практични задачи за студентите, во кои се зададени задачи за истражувања во заедницата и проценка на однесувањето во однос на исхраната, физичката активност, употребата на тутун и тутунски производи, консумацијата на алкохол, имунизацијата и проценатa на здравствен ризик. Петто поглавје е завршна тематска целина која ги дава насоките за постоечките и идни предизвици во промоцијата на здравје и јавното глобално здравје. Сите поглавја во ракописот, освен текстуалната содржина, се збогатени со практични примери и задачи кои имаат за цел да им помогнат на идните доктори да ги зајакнат вештините за комуникација со заедницата и здравствената едукација на населението.

	Користената литература за подготовка на ракописот е цитирана на крајот на поглавјата – вкупно 82 референци се користени во подготовка на ракописот – учебник со практични задачи на англиски јазик, *Health Promotion – Textbook*.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Ракописот е во согласност со предметната програма за предметот Health promotion, на студиската програма: Интегрирани студии прв и втор циклус по општа медицина, настава на англиски јазик на Медицинскиот факултет во Скопје.
Предлози за потребни корекции:	Нема потреба од корекции.
Оцена на ракописот:	Ракописот „Health Promotion – Textbook“ ги задоволува критериумите и современите стандарди на академски учебник, од методолошки и содржински аспект, соодветен за студиската програма за интегрирани студии по општа медицина, настава на англиски јазик.
Категоризација:	учебник со практични задачи
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 200 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во пет поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 35 слики и 17 табели. Предложениот ракопис ќе придонесе за полесно и подобро усвојување на знаењата на студентите по општа медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, настава на англиски јазик. Оттука, го поддржувам и го препорачувам неговото печатење.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник со практични задачи по предметот Health promotion, примарно наменет за студентите на интегрирани студии по општа медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, настава на англиски јазик.

Во Скопје, 8.6.2026 година

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. д-р Моме Спасовски, с.р.

III **ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р БЕТИ ЗАФИРОВА ИВАНОВСКА**

Краток опис на содржината:	Доставениот ракопис, учебник со практични задачи со наслов: „Health Promotion – Textbook“, на англиски јазик, е структуриран во пет поглавја. Секое поглавје се состои од повеќе тематски единици, односно вкупно 19 во петте поглавја. Во секоја тематска лекција, на почетокот, се наведуваат едукативните цели, содржината и примената во пракса, со зададени задачи за индивидуална и групна работа на студентите. На крајот од петте поглавја авторите ја наведуваат користената литература, вкупно 82 референци. Дополнително, поглавјата се збогатени со табеларни и сликовити прикази, кои се во согласност на текстуалните содржини и задачи и со тоа придонесуваат за разбирливоста на наставните содржини. Во првото поглавје, „Foundations of Health Promotion“, се презентирани основните принципи на промоцијата на здравјето за унапредување и зачувување на здравјето и студентите се запознаваат со основните термини и дефиниции за: здравствена едукација, детерминанти на здравје, здравствено однесување, здравствена писменост и модели на промоција на здравјето. Во поглавјето „Health Communication“, второ по ред, авторите ги воведуваат студентите во медицина во практиката на комуникација, но не клиничка доктор – пациент, туку ги запознаваат со вештините на комуникација со медиуми, заедницата, поширокото семејство и поединецот за теми кои се од значење за јавното здравје и зачувување на здравјето на населението. Особен фокус е ставен и на комуникацијата на ризик на населението при итни, кризни вонредни состојби, епидемии и пандемии. Во третото поглавје, насловено: „Health Education“, авторите се осврнуваат на концептот на здравствена едукација, методите и средствата за едукација на населението да го зачува здравјето, но и едукација за усвојување на животен стил кој поддржува здравје. Авторите ги запознаваат студентите со значењето на бихевиоралните и културолошките аспекти во креирањето на превентивни програми, интервенции и едукација на поединците и населението. Четвртото поглавје, „Health Promotion in the Community“, се однесува на практична примена на сите дефинирани и разработени концепти, каде што студентите, преку индивидуална и групна работа, ќе можат да спроведат анализа и истражување во заедницата, а потоа да предложат мерки за зачувување на здравјето на заедницата.

	Последното поглавје, „Health Promotion Challenges“, ги обработува предизвиците на промоцијата на здравје и ги воведува студентите на критичко размислување за разбирање на јавноздравствените предизвици.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Ракописот „Health Promotion – Textbook“ е напишан за студентите на интегрирани студии по општа медицина, настава на англиски јазик, и е потполно усогласен со содржините на предметната програма за предметот: Health promotion на Медицинскиот факултет во Скопје.
Предлози за потребни корекции:	нема
Оцена на ракописот:	Предложениот ракопис „Health Promotion – Textbook“ е современ научен и академски текст, структуриран во тематски поглавја кои преку сеопфатен пристап ги запознаваат студентите за концептите на промоција на здравје и нивната примена во пракса.
Категоризација:	учебник со практични задачи
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 200 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во пет поглавја и содржи 35 слики и 17 табели. Овој учебник, збогатен со практични задачи, е единствениот од овој вид кој цели за подобрување на комуникациските вештини кај идните доктори со медиумите, заедницата и пациентот, за теми како што се: промоција на здрав животен стил, поддршка при промена на однесувања поврзани со здравјето, но и комуникации во случај на итни и кризни ситуации од јавноздравствено значење. Оттука, силно го препорачувам неговото печатење.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник со практични задачи по предметот Health promotion, примарно наменет за студентите на интегрираните студии од прв и втор циклус по општа медицина, настава на англиски јазик на Медицинскиот факултет во Скопје.

Во Скопје, 8.6.2026 година

Рецензент
Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, с.р.

Прилоī бр. 3

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „РЕХАБИЛИТАЦИЈА ВО КАРДИОЛОГИЈАТА И ПУЛМОЛОГИЈАТА“ ОД ГРУПА АВТОРИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на својата XXX редовна седница, од 15.4.2026, бр.02-2450/29, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Рехабилитација во кардиологијата и пулмологијата“ од авторите: проф. д-р Елизабета Србиновска Костовска, проф. д-р Љубица Георгиевска Исмаил, проф. д-р Силвана Јованова, проф. д-р Маријан Бошевски, проф. д-р Марија Вавлукис, проф. д-р Христо Пејков, проф. д-р Емилија Антова, проф. д-р Лидија Попоска, проф. д-р Јорго Костов, проф. д-р Антонио Георгиев, проф. д-р Оливер Калпак, доц. д-р Билјана Зафировска Талеска, проф. д-р Дејан Докиќ, проф. д-р Сава Пејковска, проф. д-р Димитар Каркински, доц. д-р Ирина Ангеловска, д-р Бојан Стошевски, д-р Весна Пачоска Стојчевска, д-р Сања Петковска Цветковски и д-р Иван Петровски, наменет за студентите на тригодишните студии за физиотерапевти, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Северна Македонија, за предметот Физиотерапија во кардиологијата и пулмологијата, избрани се: проф. д-р Сашко Кедев, проф. д-р Бисерка Ќаева и проф. д-р Валентина Коевска.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I ОПШТ ДЕЛ

Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	Рехабилитација во кардиологијата и пулмологијата
Назив на предметната програма:	Рехабилитација во кардиологијата и пулмологијата
Назив на студиската програма:	Тригодишни студии за физиотерапевти
Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:**	
Предметот Физиотерапија во кардиологијата и пулмологијата на Медицинскиот факултет е задолжителен (изборен/задолжителен) предмет со фонд на часови – 220, број на ЕКТС-кредити – 12 и се слуша во IV семестар, за тригодишните стручни студии за дипломиран физиотерапевт.	
Реден број на изданието:	прво издание
Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 236 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во две поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 32 слики и 38 табели.

РЕЦЕНЗЕНТИ
Проф. д-р Сашко Кедев, с.р.
Проф. д-р Бисерка Ќаева, с.р.
Проф. д-р Валентина Коевска, с.р.

II ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р САШКО КЕДЕВ

Краток опис на содржината:	Ракописот претставува сеопфатен материјал посветен на физиотерапијата во кардиологијата и пулмологијата, со посебен осврт на проценката, третманот и рехабилитацијата на пациенти со кардиоваскуларни и респираторни заболувања. Поделен е на два дела: рехабилитација во кардиологијата и рехабилитација во пулмологијата. Во првиот дел, кој се однесува на рехабилитацијата во кардиологијата, има 22 дела посветени на дефиницијата на срцевата рехабилитација, основните принципи и ефекти од срцевата рехабилитација, психосоцијалните интервенции како компоненти на срцевата рехабилитација, ризик-факторите на кардиоваскуларните болести и ризик-стратификацијата реферирани за кардиоваскуларна рехабилитација (КВР), фазите на КВР, безбедносниот профил, контраиндикациите за КВР, како и индикациите и посебностите во КВР кај посебни групи кардиоваскуларни заболувања, како што се: коронарна артериска болест, валвуларни болести, срцева слабост, кардиомиопатии, по интервентни и хирупки интервенции, пациенти со хипертензивна болест, периферна артериска болест, спесифични популациони групи. Во дваесеттото поглавје, објаснети се методите на проценка на напор. Во 21 поглавје, дадени се семинарска работа и три сценарија за проценка на пациенти со кардиоваскуларно заболување, со проценка за предлог за рехабилитација. Во вториот дел, обработена е рехабилитацијата во пулмолошките заболувања, поделен на 4 дела, во кои се обработени основните принципи на белодробната рехабилитација при хроничните респираторни заболувања, справувањето со диспнеата и белодробната рехабилитација и специфичните пристапи кај различни белодробни заболувања. По секој дел се дадени референции.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	усогласена
Предлози за потребни корекции:	нема
Оцена на ракописот:	одличен
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 236 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во две

	поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 32 слики и 38 табели.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Физиотерапија во кардиологијата и пулмологијата, примарно наменет за студентите на Тригодишните студии за физиотерапевти на Медицинскиот факултет.

Во Скопје, 12.6.2026 година

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Сашко Кедев, с.р.

III **ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р БИСЕРКА ЌАЕВА**

Краток опис на содржината:	Доставениот ракопис за рецензија претставува материјал во кој на сеопфатен начин се дадени насоките во рехабилитацијата во кардиологијата и пулмологијата. Ракописот е поделен на два дела: едниот посветен на рехабилитацијата на кардиоваскуларните заболувања со сите фази на проценка, вклученоста на рехабилитацијата од првата болнична фаза до четвртата фаза, односно доживотниот начин на потреба од физичка активност кај кардиоваскуларните заболувања, но и кај посебни групи како коронарна артериска болест, валвуларни болести, состојби по интервентни процедури и оперативно решавање на кардиоваскуларните болести, периферна артериска болест, како и кај специфични популациони групи. Вториот дел е посветен на рехабилитацијата на пациенти со хронични респираторни состојби. Авторите посебно се осврнуваат на дефиницијата и основните принципи на белодробната рехабилитација, тестирањата на функционалниот капацитет, тренингот и принципите на тренинг кај хроничните респираторни заболувања. Посебен осврт е направен на специфичната белодробна рехабилитација кај посебни респираторни заболувања, како што се: хронична опструктивна болест, астма, цистична фиброза, интерстицијални болести, пулмонална хипертензија, карциноми на граден кош, по хируршка редукција на волуменот на белите дробови, по трансплантација. На крајот на секое поглавје, дадени се референции користени во ракописот.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	усогласена
Предлози за потребни корекции:	нема
Оцена на ракописот:	одличен
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 236 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во две поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 32 слики и 38 табели.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Физиотерапија во кардиологијата и пулмологијата, примарно наменет за студентите на Тригодишните студии за физиотерапевти на Медицинскиот факултет.

Во Скопје, 12.6.2026 година

Рецензент

Проф. д-р Бисерка Ќаева, с.р.

IV ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ВАЛЕНТИНА КОЕВСКА

Краток опис на содржината:	Ракописот претставува корисна литерапура не само за студентите на тригодишните студии по физиотерапија, туку и материјал кој може да биде користен и од докторите по медицина, посебно кардиолозите и пулмолозите во рехабилитација на пациентите со кардиоваскуларни и пулмолошки заболувања. Во ракописот, кој е составен од два дела, првиот дел е посветен на кардиоваскуларните заболувања, додека, пак, вториот дел се однесува на на респираторните заболувања, и во него се дадени дефинициите за кардиоваскуларната и белодробната рехабилитација, потоа фазите на рехабилитација, индикациите, контрандикациите, ризик-стратификацијата при изведување на рехабилитациониот програм, но, исто така, посветено е внимание и на спецификите при изведувањето на рехабилитациониот програм при специфични кардиоваскуларни и белодробни заболувања. Сето тоа овозможува правилен пристап кај специфичните состојби, како што се бајпас-хирургијата, валвуларната хирургија, интервентните процедури, состојбите по имплантација на помагала, при нарушувања на ритамот, специфични респираторни состојби, па сè до трансплантација на белодробие. Опишани се фазите на рехабилитација за време на хоспитализацијата сè до препораките за понатамошна физичка активност, важен сегмент во одржување на квалитетот на живот на овие пациенти со кардиоваскуларни и белодробни заболувања. Матерјалот е илустриран со слики и табели, кои го прават подостапен за учење. На крајот на секое поглавје, даден е преглед на користената литература.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	усогласена
Предлози за потребни корекции:	нема
Оцена на ракописот:	одличен
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 236 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во две поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 32 слики и 38 табели.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Физиотерапија во кардиологијата и пулмологијата, примарно наменет за студентите на Тригодишните студии за физиотерапевти на Медицинскиот факултет.

Во Скопје, 12.6.2026 година

Рецензент
Проф. д-р Валентина Коевска, с.р.

Прилоī бр. 2

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТИТЕ МУЗИЧКИ УМЕТНОСТИ И НАУКИ НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/ Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 27.5.2026 година, за избор на извршител во соработничко звање – асистент по предмети од областите музички уметности и науки на македонски наставен јазик, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-388/6 донесена на 24.6.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Аида Ислам, редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, проф. д-р Јета Старова Мехмети, редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје и проф. д-р Трена Јорданоска, редовен професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор асистент по предметите од областите музички уметности и науки на македонски наставен јазик, во предвидениот рок се пријави ас. м-р Билјана Весковска.

1. Биографски податоци и образование

Кандидатката ас. м-р Билјана Весковска е родена на 3.2.1988 година, во Велес. Основното музичко образование го завршила во ОМУ „Стефан Гајдов“ – Велес, во класата на проф. Марија Богданоска, а средното образование во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“, во класата на проф. Јасна Трајкова, насока: музичар изведувач – виолинист (2002 – 2005). Со високо образование се стекнала на Академијата за музичка, танцова и ликовна уметност во Пловдив, Бугарија, Факултет за музичка педагогија, во периодот 2005 – 2009 година, во класата на професор Александар Спиров, каде што се здобива со професионална квалификација – предавач и изведувач на виолина. Дипломирала на 4.6.2009 година, со просечен успех 9,43.

Во текот на нејзините додипломски студии на Академијата за музичка, танцова и ликовна уметност во Пловдив, Факултет за музичка педагогија, значително опфатени и обработени се областите на педагогијата, методиката и психологијата. Музичко-педагошките предмети содржани во студиската програма од прв циклус опфаќаат предмети од општа психологија, педагошка психологија, општа педагогија, методика на предавањето на виолина и педагошка практика по виолина. Постигнувањата на кандидатката на сите овие предмети се оценети со највисоката оценка. Како дел од предметите на државниот испит кој се полага во Р Бугарија, покрај презентирање на концертна програма (рецитал) и камерна музика, кандидатката полагала и *īредавање на лекција īо виолина,* што, исто така, е оценето со највисоката оценка.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2012/2013 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Нов бугарски универзитет – Софија, во класата на професор Марио Хосен, каде што се здобива со професионална квалификација, магистер по класични инструменти – виолина. Студиите ги завршила на 3.2.2015 година, со просечен успех 9,88. На 3.2.2015 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Интерпретација и технички аспекти во развојот на класичната сонатна форма во сонатите на Моцарт, Бетовен и Шуман“.

Академските студии во вториот циклус на образование, исто така, опширно ги опфаќаат предметите: Практика: Вокална и инструментална педагогија I дел, Педагошка работа (инструмент) I дел; Практика: Педагошка работа II дел, Педагошка работа (инструмент) II дел; и Методика на наставата по инструмент II дел. Постигнувањата од предметите се оценети со највисоката оценка.

Во летниот семестар од учебната 2022/2023 година, ас. м-р Билјана Весковска се запишала на докторски студии на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на студиската програма за музички науки, каде што со највисока оценка ги положила сите испити од првиот и

вториот семестар. На годишната конференција од вториот семестар се пријавила со трудот „Развојот на педагогијата за гудачки инструменти во РС Македонија – првични согледувања“, на годишната конференција во четвртиот семестар се пријавила со трудот „Методологија за проследување на развојот на педагогијата за гудачки инструменти во македонската музичка култура, со осврт на изворите на податоци и дигиталното архивирање“, на годишната конференција во шестиот семестар се пријавила со трудот „Наставните планови и програми за инструментот виолина во средното музичко образование“, и успешно ги реализирала трите годишни конференции во рамки на докторските студии при УКИМ, при што добила позитивна оценка за секоја од нив. Кандидатката има одобрена експликација за изработка на докторска дисертација со наслов: „Развојот на педагогијата за гудачки инструменти во македонската музичка култура во периодот по Втората светска војна до денес“.

Дополнително, во рамките на докторските студии, во периодот од 21 до 30 октомври 2024 година остварила меѓународна мобилност на Музичката академија при Универзитетот во Сараево, Босна и Херцеговина. Во рамките на оваа мобилност, одржала предавање за развојот на педагогијата за гудачки инструменти во РС Македонија и остварила значајни контакти за понатамошна истражувачка работа, стекнала увид во наставата по предметите од областа на музичката педагогија и историјата на музиката и добила вредни сознанија за истражувачките активности на музиколозите, етномузиколозите, теоретичарите и педагозите од Сараево, како и научниците од сродните области на музичките науки. Од посебна вредност е посетата на библиотеката на академијата, каде што истражила нови библиографски извори релевантни за темата на докторската дисертација.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА, НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА, СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА И СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ас. м-р Билјана Весковска работела како наставник по виолина во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ во периодот од 2009 до 2023 година. Во текот на својата педагошка работа остварила значајни резултати со учениците на државни и меѓународни натпревари, за што добила повеќе признанија за успешна менторска работа и придонес во подготовката и развојот на млади музички таленти:

1. VI Меѓународно такмичење Ниш гудача 2013, диплома за остварени педагошки резултати – Музичка школа – Ниш, 17–24 април 2013;
2. Здружение на директори и наставници на музичките и балетските училишта на Македонија „Хармонија – МБ“, Државен натпревар на млади музичари, уверение за значаен придонес во реализирањето на државниот натпревар на млади музичари од основните и средните музички училишта во Македонија како наставник на учесници на натпреварот – Скопје, мај 2014;
3. Благодарница на Билјана Југова од ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ за висок професионализам и креативен пристап кон подготовката за учество на ученикот Александар Војнески на завршниот концерт на вториот фестивал – концерт ,,Топло срце” на деца со ограничени физички способности – Москва, 21 декември 2014 година;
4. Благодарница на Билјана Југова од ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ за подготовка на Александар Војнески, лауреат I степен на фестивалот – натпревар „Маикапаровске встречи – 2014“ – 19–22 декември 2014 година, Москва;
5. Здружение на директори и наставници на музичките и балетските училишта на Македонија „Хармонија – МБ“, Државен натпревар на млади музичари 2015, уверение за значаен придонес во реализирањето на државниот натпревар на млади музичари од основните и средните музички училишта во Македонија како наставник на учесници на натпреварот – Скопје, јуни 2015 година;
6. ООМБУ „Лазо Мицев-Рале“ – Кавадарци, Седми меѓународен натпревар за камерна музика, диплома за остварени високи педагошки резултати, 23 – 24.11.2016 година;

7. Здружение на директори и наставници на музичките и балетските училишта на Македонија „Хармонија – МБ“, Државен натпревар на млади музичари 2017, уверение за значаен придонес во реализирањето на државниот натпревар на млади музичари од основните музички училишта во Македонија преку учество со ученици по виолина на општински, регионален и државен натпревар – Скопје, мај 2017 година;
8. II меѓународен фестивал Полихимниа, диплома за значаен придонес во релизација на меѓународниот натпревар „Полихимниа“ како наставник на ученици на натпреварот – 30.3–2.4.2017 година, Скопје;
9. VIII Међународно такмичење Ниш гудача 2017, диплома на педагог Билјана Весковска за остварени педагошки резултати – Музичка школа, Ниш, 19–25. април 2017;
10. Здружение на директори и наставници на музичките и балетските училишта на Македонија „Хармонија – МБ“, Државен натпревар на млади музичари 2018, уверение на Билјана Весковска за значаен придонес во реализирањето на државниот натпревар на млади музичари од основните музички училишта во Македонија преку учество со ученици по виолина на општински, регионален и државен натпревар – Скопје, април 2018 година;
11. Општина Перник, ОК Дворец на културата – Перник, Обединена школа по искуствата (Обединета школа на уметностите), Грамота (Благодарница) за придонес во откривањето и развивањето на млади таленти, XIII меѓународен натпревар за млади изведувачи на класични музички инструменти – април, 2018, гр. Перник;
12. Министерство за национално образование Romania – Serbia – Ungaria Concurs Euroregional „Eugen Cuteanu”, диплома за заслуга, Скопје, 5 – 6 април 2019 година, Темишвар, Романија;
13. Меѓународен фестивал со натпреварувачки карактер на млади музичари „Сергеј Михајлов“ – Штип, диплома за врвен придонес во педагошката активност и во откривањето и развивањето на млади таленти во музиката – 11 – 18 мај 2023.

Кандидатката м-р Билјана Весковска, како наставник во Државниот музичко-балетски училиштен центар „Илија Николовски-Луј“ – Скопје, остварила активна подготовка на учениците за јавни часови и испити, концерти во училиштето и надвор од него и подготовка за натпревари. Во 2021 година, м-р Весковска била ментор на матурант за проектна задача на тема: „Технички и изведувачки проблеми во Капричо бр. 5 за соло виолина од Николо Паганини“. Ученици од нејзината класа по виолина од ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ под нејзино менторство редовно учествувале на државни и меѓународни натпревари на кои се стекнале со највисоки награди.

Државни натпревари:
1. Здружение на директори на музичките и балетските училишта на Македонија „Хармонија – МБ“, Трет државен натпревар на млади музичари доделува диплома на Александар Војнески, ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ – Скопје за освоена прва награда со 91 поени, виолина прва А категорија – Скопје, 24 – 27 април 2012 година;
2. Музички и балетски педагози на Република Македонија, European Union of Music Competitions for Youth, 51-ви Државен натпревар на ученици и студенти доделува диплома на Александар Војнески, виолина Прва А категорија, освоена Прва награда 95,80 поени – Скопје, 24 – 27 април 2013 година;
3. Петти државен натпревар на млади музичари за основното музичко образование доделува диплома на Александар Војнески за освоена Прва награда со 98,5 поени на општински натпревар, прва награда со 97,25 поени на регионален натпревар и втора награда со 93 поени на државен натпревар, виолина – втора категорија – мај 2014 година;
4. Музички и балетски педагози на Република Македонија, European Union of Music Competitions for Youth, Фестивал за музички и балетски таленти доделува диплома на Александар Војнески, виолина Прва В категорија, освоена втора награда – 93,25 поени – Скопје – 3 – 4 декември 2015 година;
5. Здружение на директори и наставници на музичките и балетските училишта на Македонија „Хармонија – МБ“, Државен натпревар на млади музичари за основното музичко образование доделува диплома на Александар Војнески за освоена прва награда со 97,25 поени на општински натпревар, прва награда со 97,75 поени на регионален натпревар, прва награда со 95,25 поени на државен натпревар – Скопје, мај 2016 година;

6. Здружение на директори и наставници на музичките и балетските училишта на Македонија „Хармонија – МБ“, Државен натпревар на млади музичари 2017 од основните музички училишта во Македонија доделува диплома на Александар Војнески за освоена прва награда – виолина Г категорија, со 98,25 поени на општински натпревар – Скопје, мај 2017 година;
7. Здружение на директори и наставници на музичките и балетските училишта на Македонија „Хармонија – МБ“, Државен натпревар на млади музичари 2017 од основните музички училишта во Македонија доделува диплома на Александар Војнески за освоена прва награда – виолина Г категорија со 98 поени на регионален натпревар – Скопје, мај 2017 година;
8. Здружение на директори и наставници на музичките и балетските училишта на Македонија „Хармонија – МБ“, Државен натпревар на млади музичари 2017 од основните музички училишта во Македонија доделува диплома на Александар Војнески од ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ – Скопје за освоена прва награда – виолина Г категорија со 96 поени на државен натпревар – Скопје, мај 2017 година;
9. Здружение на директори и наставници на музичките и балетските училишта на Македонија „Хармонија – МБ“, Државен натпревар на млади музичари 2016 за средно музичко образование доделува диплома на Васил Богоевски за освоена прва награда со 95,6 поени на општински натпревар, прва награда со 95 поени на регионален натпревар, втора награда со 91,5 поени на државен натпревар, виолина четврта категорија, ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ – Скопје, мај 2016 година;
10. Здружение на директори и наставници на музичките и балетските училишта на Македонија „Хармонија – МБ“, за основно музичко образование доделува диплома на Јана Муличкоска за освоена прва награда со 96,05 поени на општински натпревар, втора награда со 94 поени на регионален натпревар, трета награда со 88 поени на државен натпревар, виолина втора категорија, ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ – Скопје, мај 2016 година;
11. Здружение на директори и наставници на музичките и балетските училишта на Македонија „Хармонија – МБ“, за основно музичко образование доделува диплома на Анастасија Донева за освоена прва награда со 95,25 поени на општински натпревар, втора награда со 92,75 поени на регионален натпревар, трета награда со 85,75 поени на државен натпревар, виолина трета категорија, ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ – Скопје, мај 2016 година.

Меѓународни натпревари:
1. VI Међународно такмичење Ниш – гудача 2013, доделува диплома на Александар Војнески за освоена III3 награда со 81 поени, виолина I категорија – Музичка школа – Ниш, 17 – 24 април 2013 година;
2. Шести меѓународен музички фестивал во Аранѓеловац, доделува диплома на Александар Војнески за освоена I награда со 96,67 поени, виолина III одд, ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ – Скопје, 17 – 23 март 2013 година;
3. Меѓународен арт фестивал – натпревар „Езерски бисери“, Струга – Македонија доделува диплома на Александар Војнески, лауреат II степен, дисциплина класична музика – солисти, прва В категорија, Струга, 2013 година;
4. Диплома од фестивалот – натпревар „Маикапаровские встречи“, Лауреат I степен се доделува на Александар Војнескиод, ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ – Скопје, Москва 19–22 декември 2014 година;
5. Диплома со која се наградува учеството на Александар Војнески од ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ – Скопје за активно творештво и успешен настап на фестивалот – концерт „Топли срца“ – Москва, 21 декември 2014 година;
6. Меѓународен Арт фестивал – натпревар „Езерски бисери“, доделува диплома на Војнески Александар, лауреат III степен, дисциплина – класична музика – инструменти, II категорија – Струга, 2014 година;
7. Меѓународен Арт фестивал – натпревар „Езерски бисери“, доделува диплома на Војнески Александар, лауреат II степен, дисциплина – класична музика – виолина, II категорија – Струга, 2015 година;

8. II меѓународен фестивал „Полихимниа“ доделува диплома на Васил Богоевски за освоена I награда со 96 поени, категорија II А. ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ – Скопје, 30.3 – 2.4.2017 година, Скопје;
9. Меѓународен арт фестивал – натпревар „Дојрана“ доделува диплома на Васил Богоевски, IIIа категорија, I награда 96 поени;
10. Udruženje muzičkih i baletskih pedagoga Srbije, Association of Music and Ballet Pedagogues of Serbia, 24 Međunarodno takmičenje „Petar Konjović”, Aleksandar Vojneski за освоена II награда, виолина – IVа категорија, Белград, 5 – 12 мај 2019;
11. Меѓународен натпревар „Eugen Cituanu” – диплома на Александар Војнески за освоена прва награда со 100 поени – 5 – 6 април 2019 година, Темишвар, Романија;
12. Меѓународен фестивал со натпреварувачки карактер на млади музичари „Сергеј Михајлов“ – Штип доделува диплома на Миа Куновска за освоена прва награда со 90 поени, виолина IA категорија – Штип, 11 – 18 мај 2023 година;
13. Меѓународен фестивал со натпреварувачки карактер на млади музичари „Сергеј Михајлов“ – Штип доделува диплома на Ана Бобиќ за освоена втора награда со 87.33 поени, виолина IB категорија – Штип, 11 – 18 мај 2023 година;

Учениците Александар Војнески и Васил Богоевски од класата на м-р Билјана Весковска земале учество на следните семинари:
1. ЗМП „Полихимниа“ – Скопје, II меѓународен фестивал „Полихимниа“, учество на семинар по виолина на Васил Богоевски, раководител на семинарот Владимир Кох – 30.3. – 2.4.2017 година, Скопје;
2. Music, A Bridge Between People 7th edition (6–15 July 2019), учество на ученикот Александар Војнески на семинарот за свирење виолина во оркестар, Instituto musicale, Angelo Masini, 6 – 15 јули 2019, Форли, Италија;
3. Violin fest 2019, Александар Војнески, учество на фестивалот Violin fest 2019 година – Скопје, 12.6.2019.

Ученикот Александар Војнески ја освоил наградата „Илија Николовски-Луј“ за најталентиран ученик од средниот оддел во 2020 година. Во мај 2021 година одржал солистички рецитал, како матурант под менторство на м-р Билјана Весковска.

Од 25.12.2023 година, м-р Билјана Весковска е избрана во соработничко звање – асистент соработник на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје. Во рамките на наставно-образовната дејност, учествува во реализацијата на вежби, консултации, хоспитации и во изведувањето на континуирана и завршна проверка на знаењата по следните наставни предмети од студиските програми на Факултетот:

Учебна 2023/2024 година (летен семестар) – реализирани вежби и консултации, како и учество во изведувањето на континуирана и завршна проверка на знаењата по предметите:
– студиска програма за предучилишно воспитание (прв циклус) – задолжителен предмет: Основи на музичко воспитание со музички инструменти – 4 вежби седмично;
– студиска програма за одделенска настава (прв циклус) – задолжителен предмет: Музичко образование со методика – 2 часа вежби седмично;
– студиска програма за одделенска настава (прв циклус) – изборен предмет: Креативна музичка работилница – 1 час вежби седмично.

Реализирани хоспитации во основни училишта во одделенска настава по предметот:
– студиска програма за одделенска настава (прв циклус) – задолжителен предмет: Музичко образование со методика – 1 час седмично.

Учебна 2024/2025 (зимски семестар) – реализирани вежби и консултации, како и учество во изведувањето на континуирана и завршна проверка на знаењата по предметите:
– студиска програма за одделенска настава (прв циклус) – задолжителен предмет: Основи на музичко образование со музички инструменти – 4 часа вежби седмично;

– студиска програма за предучилишно воспитание (прв циклус) – задолжителен предмет: Музичко воспитание со методика – 2 часа вежби седмично;
– студиска програма за предучилишно воспитание (прв циклус) – изборен предмет: Креативна музичка работилница – 1 час вежби седмично.

Реализирани хоспитации во градинка по предметот:
– студиска програма за предучилишно воспитание (прв циклус) – задолжителен предмет: Музичко воспитание со методика – 1 час седмично.

Учебна 2024/2025 (летен семестар) – реализирани вежби и консултации, како и учество во изведувањето на континуирана и завршна проверка на знаењата по предметите:
– студиска програма за предучилишно воспитание (прв циклус) – задолжителен предмет: Основи на музичко воспитание со музички инструменти – 4 часа вежби седмично;
– студиска програма за одделенска настава (прв циклус) – задолжителен предмет: Музичко образование со методика – 2 часа вежби седмично;
– студиска програма за одделенска настава (прв циклус) – изборен предмет: Креативна музичка работилница – 1 час вежби седмично.

Реализирани хоспитации во училишта во одделенска настава по предметот:
– студиска програма за одделенска наства (прв циклус) – задолжителен предмет: Музичко образование со методика – 1 час седмично.

Учебна 2025/2026 (зимски семестар) – реализирани вежби и консултации, како и учество во изведувањето на континуирана и завршна проверка на знаењата по предметите:
– студиска програма за одделенска настава (прв циклус) – задолжителен предмет: Основи на музичко образование со музички инструменти – 2 часа вежби седмично;
– студиска програма за предучилишно воспитание (прв циклус) – задолжителен предмет: Музичко воспитание со методика – 2 часа вежби седмично;
– студиска програма за предучилишно воспитание (прв циклус) – изборен предмет: Креативна музичка работилница – 1 час вежби седмично.

Реализирани хоспитации во градинка по предметот:
– студиска програма за предучилишно воспитание (прв циклус) – задолжителен предмет: Музичко воспитание со методика – 1 час седмично.

Учебна 2025/2026 (летен семестар) – реализирани вежби и консултации, како и учество во изведувањето на континуирана и завршна проверка на знаењата по предметите:
– студиска програма за предучилишно воспитание (прв циклус) – задолжителен предмет: Основи на музичко воспитание со музички инструменти – 2 часа вежби седмично;
– студиска програма за одделенска настава (прв циклус) – задолжителен предмет: Музичко образование со методика – 2 часа вежби седмично;
– студиска програма за одделенска настава (прв циклус) – изборен предмет: Креативна музичка работилница – 1 час вежби седмично.

Реализирани хоспитации во училишта во одделенска настава по предметот:
– студиска програма за одделенска настава (прв циклус) – задолжителен предмет: Музичко образование со методика – 1 час седмично.

Во април 2024 и 2025 година, кандидатката реализирала гостински предавања на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во рамки на предметот Методика на наставата по гудачки инструменти и гитара кај проф. м-р Живко Фирфов. Во април 2024 година го одржала предавањето „Развојот на педагогијата за гудачки инструменти во РС Македонија – првични согледувања“, додека во април 2025 година реализирала две предавања на темите „Развој на наставните планови и програми за гудачките инструменти во основното музичко образование во периодот по Втората светска војна до денес“ и „Развој на наставните планови и програми за гудачките инструменти во средното музичко образование во периодот по Втората светска војна до денес“.

Во приватната установа за деца – Центар за ран детски развој „М - Едукативен центар“, во Скопје, во јуни 2025 година реализирала едукативно-музички работилници.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатката ас. м-р Билјана Весковска е секретар на меѓународното научно списание *Педагошка ревија*. Нејзината научноистражувачка дејност опфаќа учество на домашни и меѓународни научни конференции, како и објавување трудови од областа на музичката педагогија, музичкото образование, гудачката педагогија и дигитализацијата на музичкото наследство. Активно е вклучена и во истражувачки и дигитализациски активности, меѓу кои и реализација на видеопортретите изработени во рамките на архивот BuzAr, посветени на истакнати македонски виолинисти:

1. Учествувала на 14. Меѓународен симпозиум *Музиката во општеството* (*Music in Society*), одржан во периодот од 24 до 26 октомври 2024 година во Сараево, Босна и Херцеговина, со презентација на трудот: „Uticaj promena političkog sistema u Makedoniji krajem 1940-ih i početkom 1950-ih na muzičko obrazovanje“ (The Influence of Political System Changes in Macedonia in the Late 1940s and Early 1950s on Music Education). Апстрактот од трудот е објавен во Зборникот на апстракти од симпозиумот.
2. Учествувала на *16th International Balkan Education and Science Congress*, одржан во периодот од 15 до 17 октомври 2025 година во Едирне, Р Турција, со презентација на трудот: „Reviving Tradition Through Innovation: BuzAr Multimedia Approach to Music Education“, во коавторство со авторите проф. д-р Димитрије Бужаровски и проф. д-р Трена Јорданоска. Апстрактот од трудот е објавен во книгата на апстракти од конгресот. Во рамките на оваа конференција, вклучена е како модератор на сесија на 16.10.2025 година и како член на организацискиот одбор.
3. Автор на трудот: „Digital Archiving of Data Related to the Development of String Instrument Pedagogy in Macedonian Music“, објавен во меѓународното списание *Review of the National Center for Digitization*, бр. 45 (2024), стр. 27–33.
4. Автор на трудот: „Ставови на наставниците за наставните програми по виолина во завршните одделенија од основното музичко образование“, објавен во меѓународното списание *Педагошка ревија*, година 15, бр. 2/2024, стр. 64–76.
5. Автор на трудот: „Curricula for Violin Instruction in Macedonian Primary Music Schools with an Emphasis on Violin Techniques“, објавен во меѓународното списание *Teacher – International Journal of Education*, vol. 31, Maj, 2026, стр. 6–15.
6. Автор на трудот: „Наставните планови и програми за инструментот виолина во средното музичко образование со акцент на техничкиот развој“, кој по завршената рецензентска постапка доби позитивна рецензија и е во процес на објавување во списанието *Педагошка ревија*, бр. 2/2025.
7. Коавтор, со авторите проф. д-р Димитрије Бужаровски и проф. д-р Трена Јорданоска, на трудот „*Violin in Veles Music Tradition*“, кој по завршената рецензентска постапка доби позитивна рецензија и е во процес на објавување во меѓународното списание *Facta Universitatis, Series: Visual Arts and Music*, vol. 12, no. 1, 2026.
8. Учесник во реализација на портретот за доајенот на гудачката педагогија Румен Димитриев, *BuzAr video portraits – Rumen Dimitriev, Life devoted to the violin* (2024).
9. Учесник во реализација на портретот за доајенот на гудачката педагогија Михаило Куфојанакис, *BuzAr video portraits – Mihailo Kufojanakis – Portrait* (2025).

Во рамките на истражувањето за докторската дисертација со наслов: „Развој на педагогијата за гудачки инструменти во македонската музичка култура во периодот по Втората светска војна до денес“, ас. м-р Билјана Весковска спроведува обемно истражување кое опфаќа преглед и попис на главните книги во сите основни и средни музички училишта во Република Северна Македонија, со цел евидентирање на учениците кои изучувале гудачки инструменти во наведениот период, како и списоци на наградени ученици, со цел добивање поцелосен увид во развојот и афирмацијата на гудачката педагогија. Истражувањето, исто така, вклучува и собирање, скенирање и обработка на монографии, архивски материјали и друга литература поврзана со предметот на истражување, како и спроведување интервјуа со истакнати уметници и педагози од областа. Дополнително, реализира и истражувања во Државниот архив на Република Северна Македонија, како и во подрачните државни архиви во повеќе градови.

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Во периодот од дипломирањето од 2009 година до денес, ас. м-р Билјана Весковска учествува во уметнички истражувачки проекти од различен карактер. Посебно значајно е учеството во International Music Academy Orpheus Vienna, во периодот од 2009 до 2015 година, кога била дел од различни интернационални проекти во вид на концерти, турнеи, семинари и соработка со студенти и професори од повеќе држави во светот. Во рамките на International Music Academy Orpheus Vienna, м-р Весковска остварила низа настапи како:
– дел од камерниот оркестар „Les Orpheistes Festival Orchestra Vienna” на концертите во Виена во 2012, 2013, 2014 година, како и учеството на концертната турнеја во Јапонија во 2013 година;
– учествувала на концерти како дел од различни камерни музички состави (дуо, трио, квартет) во 2012, 2013, 2014 година;
– била член на „Orpheus Academy Orchestra NBU” на Интернационалниот Varna Summer Festival; и „Sofia Fest Week Festival” во Софија, Варна и Пловдив „Новогодишен фестивал” во 2011, 2012, 2013, 2014 година;
– настапувала како солист со Врачанскиот симфониски оркестар во 2012, 2014 година и со Orpheus Academy Orchestra NBU 2013 година.

Покрај редовните настапи како солист и камерен музичар на Академијата за музичка, танцувачка и ликовна уметност во Пловдив, м-р Билјана Весковска има остварено солистички концерти и камерни концерти со пијанистот Цветомир Кочев на Академијата во Пловдив. Од 20 до 23 ноември 2006 година настапувала во рамките на Музичкиот маратон посветен на 250-годишнината од раѓањето на Моцарт.

За време на магистерските студии, настапувала на продукции на гудачката класа, на завршни концерти и концерти организирани од Нов бугарски универзитет во културните центри во Софија.

Во периодот од 2009 до 2017 година била член и на оркестарот за филмска музика „Fames” во Скопје.

Настапувала како член на гудачко трио, во придружба на ДУО „Скупи“, составено од проф. д-р Јета Старова Мехмети и проф. д-р Ермал Мехмети, на концерт одржан во ЈУ Дом на културата „Кочо Рацин“ – Скопје, на 21.11.2025 година по повод одбележувањето на Денот на албанската азбука.

Кандидатката активно учествува во различни форми на стручно усовршување од областа на музичката педагогија, како и во обуки и програми насочени кон педагошкиот, образовниот и научноистражувачкиот развој:
1. Музички и балетски педагози на Македонија, учество на семинар – виолина на тема: општи методски задачи и предлози за нивно решавање, раководител на семинарот: проф. Јова Јорданова – Русија – 21 – 22 јуни 2012 – ОМУ „Методи Патче“ – Охрид;
2. ЗМП „Полихимниа“ Скопје, II меѓународен фестивал „Полихимниа“, учество на семинар Александар техника, раководител на семинарот: проф. Наталија Јовиќ – 31.3.2017 година, Скопје;
3. Европска конференција за високи способности – Србија, совладана обука на програмата за стручно усовршување „Добри и лоши страни на учеството на натпревари на деца со изразени музички способности“, одобрено од Заводот за унапредување на образованието и воспитувањето на Република Србија 2012 година, број 845, 25 февруари 2017 година;
4. Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието и CES Academy, совладана обука на тема „Современи концепти на средното образование – новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење“, одржана на 1.12.2021 година, Скопје;
5. Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието и Образовна академија „Виртуал М“ – Куманово, совладана обука на тема „Самоевалуација на образовниот процес на ниво на училиште“, од подрачјето „Знаење за наставниот предмет и воспитно-образовниот систем“ – септември 2023 година, Скопје;
6. Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието и CES Academy, совладана обука на тема „Начини на превенција и справување со насилство во училиштата“, од подрачјето „Создавање на стимулативна средина за учење“ – декември 2023 година, Скопје;
7. Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, NTC-програма на д-р Ранко Рајовиќ, завршен семинар NTC-систем на учење II дел – мај 2024 година, Скопје;

8. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, учество на вебинар со наслов: Web of Science Essentials: Your Fast Track to High Impact Publishing – 11.2.2026 година.

Учествувала на виолински семинари каде што ја усовршува техниката во свирењето на инструментот:

1. International Music Academy Orpheus и Нов бугарски универзитет, доделува диплома на Билјана Југова за учество на виолински семинар, со раководител: проф. Михаел Фришеншлагер (Р Австрија) – Пловдив, 10 мај 2009;
2. International Music Academy Orpheus и Нов бугарски универзитет, диплома на Билјана Југова – виолина и Даниела Кочева – пијано за учество на семинарот за пијано и камерна музика, со раководители: проф. Лусиано Гонсалес Сармиенто и проф. Мариса Бланес (Шпанија) – Пловдив, 11 јуни 2009;
3. International Music Academy Orpheus и Нов бугарски универзитет, диплома на Билјана Југова за учество на виолински семинар, со раководител: проф. Донк Сук Канг (Јужна Кореја) – Пловдив, 15 октомври 2009;
4. International Music Academy Orpheus и Нов бугарски универзитет, диплома на Билјана Југова за учество на виолински семинар, со раководител: проф. Евгенија Марија Попова (Бугарија) – Пловдив, 15 октомври 2009;
5. International Music Academy Orpheus и Нов бугарски универзитет, диплома на Билјана Југова за учество на виолински семинар, со раководител: проф. Жерар Пуле (Франција) – Пловдив, 15 ноември 2009;
6. International Music Academy Orpheus и Нов бугарски универзитет, диплома на Билјана Југова за учество на виолински семинар, со раководител: проф. Михаел Фришеншлагер (Австрија) – Пловдив, 2 мај 2010;
7. Нов бугарски универзитет, сертификат на Билјана Југова за учество на виолински семинар на проф. Жерар Пуле (Франција) – Софија, ноември 2012;
8. Нов бугарски универзитет, сертификат на Билјана Југова за учество на виолински семинар на проф. Такаши Шимицу (Јапонија) – Софија, јануари 2013;
9. Нов бугарски универзитет, сертификат на Билјана Југова за учество на виолински семинар на доц. Јулиус Хорват (Братислава, Словачка) – Софија, февруари 2015 година.

Меѓу останатите еминентни професори кај кои кандидатката посетувала семинари се Марио Хосен (Австрија – Бугарија) и Емил Камиларов (Австрија – Бугарија).

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатката м-р Весковска активно е вклучена во стручно-применувачката работа на ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ – Скопје, преку редовно учество во комисии за оценување на учениците на колоквиуми и испити по виолина во средното образование и испити на крајот на учебната година во основното образование. Во јуни 2022 година била член на Комисијата за приемен испит по виолина во средното музичко училиште.

Таа, исто така, била дел од работен тим за самоевалуација на ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ од областа на постигнувањата на учениците и учење и настава во основното образование во 2013 година и дел од работен тим за самоевалуација на ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ за подрачје – поддршка на учениците во 2021 година.

Во 2012 година била секретар на Државниот натпревар за ученици за основно музичко образование.

Во рамки на своите активности на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, кандидатката активно учествува во промоцијата и афирмацијата на Факултетот преку презентации за упис на нови студенти, реализирани во СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ на 20.3.2024 година и во СУГС „Владо Тасевски“ – Скопје на 5.4.2024 година. Била член на Комисијата за редовен годишен физички попис на основните средства, ситниот инвентар и потрошниот материјал за 2024 година, како и заменик-член на истата комисија за 2025 година. Дополнително, била ангажирана во реализацијата на Конкурсот за упис на студенти во прва година за академските 2024/2025 и 2025/2026 година, со задолжение за контрола на податоците во системот Iknow во рамки на првиот и вториот уписен рок.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-уметничката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатката.

Комисијата констатира дека кандидатката поседува соодветни стручни и научни компетенции во областа на педагогијата, методиката и психологијата на музичката уметност, стекнати преку успешно завршеното високо образование од прв и втор циклус, како и преку нејзиното континуирано професионално и научно усовршување во рамките на трет циклус студии.

Во изминатиот период, кандидатката покажува континуирана и посветена ангажираност во наставно-образовниот процес, активно учество во научноистражувачката работа преку објавување научни трудови и учество на меѓународни научни собири, како и значајни активности во стручно-уметничката и стручно-применувачката дејност.

Особено се истакнува нејзиниот придонес во истражувањето на развојот на педагогијата за гудачки инструменти во Република Северна Македонија и зачувувањето на музичкото културно наследство.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека м-р Билјана Весковска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во соработничко звање – асистент по предметите од областите музички уметности и науки на македонски наставен јазик.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, м-р Билјана Весковска да биде избрана во соработничкото звање **асистент** по предметите од областите музички уметности и науки на македонски наставен јазик.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Аида Ислам, с.р.
Проф. д-р Јета Старова Мехмети, с.р.
Проф. д-р Трена Јорданоска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:
м-р Билјана Ѓорѓи Весковска
Институција:
Универзитет „Кирил и Методиј“ во Скопје,
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје
Научна област:
МУЗИЧКИ УМЕТНОСТИ И НАУКИ

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити	да
2	Стекнат назив – магистер од соодветната област Назив на научната област: магистер по класични инструменти - виолина	да
3	Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,43. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,88.	да
4	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски јазик 2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR). 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје 4. Датум на издавање на документот: 13.1.2026.	да

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Аида Ислам, с.р.
Проф. д-р Јета Старова Мехмети, с.р.
Проф. д-р Трена Јорданоска, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПОВРЗУВАЊЕТО ПОМЕЃУ СОЦИОЛОШКИТЕ И ПЕДАГОШКИТЕ ФАКТОРИ ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИТЕ ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРВО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО РЕПУБЛИКА КОСОВО“ ОД М-Р МЕВЛУДЕ СУЛА, ПРИЈАВЕНА НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, на својата седница одржана на 19 мај 2026 година, со Одлука бр. 02-314/6, од 19.5.2026, формираше Комисија за одбрана на докторска дисертација на тема: ПОВРЗУВАЊЕТО ПОМЕЃУ СОЦИОЛОШКИТЕ И ПЕДАГОШКИТЕ ФАКТОРИ ВО ВОСПИТНО- ОБРАЗОВНИТЕ ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРВО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО РЕПУБЛИКА КОСОВО (THE CONNECTION BETWEEN SOCIOLOGICAL AND PEDAGOGICAL FACTORS IN EDUCATIONAL ACHIEVEMENTS AMONG CHILDREN FROM FIRST TO FIFTH GRADE IN THE REPUBLIC OF KOSOVO) од м-р Мевлуде Сула, во состав: проф. д-р Флорина Шеху (претседател), проф. д-р Емиљ Сулејмани (ментор), проф. д-р Душка Матевска (член), проф. д-р Весна Макашевска (член) и проф. д-р Љульзим Адеми (член).

Комисијата, во наведениот состав, внимателно ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација од кандидатката м-р Мевлуде Сула со наслов: „Поврзувањето помеѓу социолошките и педагошките фактори во воспитно-образовните постигнувања на учениците од прво до петто одделение во Република Косово“ е изработена во согласност со Упатството за изгледот и содржината на докторски труд. Таа содржи 205 страници компјутерски обработен текст во фонтот Times New Roman, со големина на буквите 12, единечен проред, А4-формат. Содржи 28 табели и 12 графикони, како и 175 наведени библиографски единици – исклучиво странски публикации на англиски јазик, меѓу кои: научни трудови, статии, книги, монографии, извештаи, национални прописи и интернет-извори.

Трудот е структуриран во 4 глави (не сметајќи до воведот и додатоците), со заклучни согледувања инкорпорирани во главата Заклучоци и препораки. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во исклучително обемниот **вовед** на трудот, м-р Мевлуде Сула потенцира дека основното образование претставува темел врз кој се гради иднината на секој поединец и на општеството. Во Република Косово, образовните постигнувања на учениците од прво до петто одделение се резултат на сложена комбинација на социолошки и педагошки фактори. Во согласност со истражувањето на (Bronfenbrenner, 1994), развојот на детето се одвива преку интеракција на социјалните и институционалните системи – семејството, училиштето, врсниците и заедницата – кои влијаат врз начинот на кој детето учи и се прилагодува на образовната средина. Овој социопедагошки модел нагласува дека социјалната и културната средина ги обликуваат училишните искуства и го поттикнуваат или го попречуваат развојот на основните компетенции. Во прегледот на наведената литература, во меѓународен контекст, се среќаваат истражувања од различни автори кои ја разгледуваат поврзаноста на педагошките и социолошките фактори со образовните постигнувања на учениците. Педагошките фактори поврзани со квалитетот на наставата, применетите методи и односот наставник-ученик имаат најсилно влијание врз образовните постигнувања. Тој аргументира дека наставниците се „најмоќните внатрешни фактори“ кои можат да ги подобрат резултатите на учениците, особено во основното образование, каде што се формираат вештините за читање, пишување и критичко размислување. Социолошките фактори, како што се

социоекономската состојба на семејството, статусната позиција на семејството и поединецот, нивото на образование на родителите и социјалната поддршка од врсниците, често играат значајна улога во можностите што учениците ги имаат за учење. Од друга страна, педагошките фактори, како што се професионалната подготовка на наставниците, наставните методи и технологијата што се користи во училниците, влијаат врз начинот на кој учениците стекнуваат нови знаења и вештини. Оттука, во овој контекст постои потреба за подлабоко разбирање на тоа како овие фактори меѓусебно интеракционираат и влијаат врз образовните постигнувања на учениците. Ова истражување има за цел да ја истражи оваа сложена интеракција и да ги анализира предизвиците и искуствата на наставниците во образовните средини. Преку комбиниран квантитативен и квалитативен пристап, студијата настојува да ги идентификува точките каде што интервенциите и подобрувањата можат да направат најголема разлика, со цел да се обезбеди секој ученик да има можност да го постигне и да го развие својот целосен потенцијал. Друг важен фактор е училишната средина. Според (Fullan, 2007), подобрувањето на постигнувањата на учениците бара разбирање на „образовниот екосистем“, во кој институционалните, социјалните и културните фактори интеракционираат со наставните практики. Тој нагласува дека средината во која ученикот учи - вклучувајќи ги физичките услови, социјалната поддршка и пристапот до технологија - игра клучна улога во обликувањето на искуството на учење. Технологијата и образовната инфраструктура не се само помошни средства, туку елементи што влијаат врз начинот на кој се развиваат когнитивните и социјалните компетенции кај децат Поаѓајќи од наведеното погоре, може да се заклучи дека фактори како што се технологијата, социјалната средина и материјалните услови можат да имаат влијание врз способноста на ученикот за учење. Ова го потврдува и (OECD, 2018), каде што се истакнува дека срединските и социјалните фактори имаат значително влијание врз мотивацијата, вклученоста и академските постигнувања на учениците. Извештајот „The Future of Education and Skills 2030“ ја нагласува потребата образованието да се прилагоди на барањата на современото општество, фокусирајќи се не само на преносот на знаење, туку и на развојот на животни вештини, соработка и критичко размислување.

Во првата глава, посветена на **теоретскиот пристап кон проблемот на истражувањето,** низ екстензивен осврт, на речиси седумдесет страници текст, кандидатката презентира опсежни осврти на ставовите и наодите на голем број автори со поврзаноста на педагогијата со областа на социологијата, при што се опфатени повеќе фактори кои влијаат врз академските перформанси на учениците. Иако постојат различни теоретски гледишта кои го објаснуваат процесот на учење, некои од пристапите кои долго време се сметаат за најзначајни во областа на образованието се бихевиористичките, когнитивните, конструктивистичките и социјално-конструктивистичките теории. Образованието се прикажува како интерактивен процес кој промовира длабока и континуирана интеракција меѓу поединците преку соработка. Овој процес им овозможува на поединците да учат и да развиваат нови знаења и вештини, овозможувајќи им да напредуваат во сите аспекти од нивниот живот. Образовните постигнувања на учениците се под влијание на интеракцијата помеѓу социолошките и педагошките фактори. Рамнотежата помеѓу овие фактори е од суштинско значење за поттикнување на успехот и развојот на учениците. Битно, при тоа, е дека, за да се создаде успешна образовна средина, образовните постигнувања на учениците и нивниот процес на учење претставуваат клучни фактори. Сепак, нагласува м-р Сула, дека исто така, важно е да се оцени улогата и на другите компоненти кои влијаат врз образовните резултати, како што се професионалната подготовка на наставниците, наставната програма и нејзината имплементација, образовните политики и состојбата на родителите. Врз основа на овие теоретски гледишта наведени погоре, учењето е во интеракција со мотивацијата на учениците за стекнување нови знаења, но во исто време зависи и од педагошките фактори, поточно од начинот на кој информацијата се организира и се пренесува до учениците (Berliner, 1993). Според бихевиористите, знаењето се состои од реакции на однесувањето кои зависат од стимулите од средината. Додека, врз основа на когнитивниот конструктивистички

пристап, знаењата се организираат во когнитивни структури и се градат врз основа на постојните знаења (Perry, 1999), социјално-конструктивистичкиот пристап ги објаснува знаењата како процеси што се градат во зависност од социјалниот контекст преку интеракции со знаењата од средината (Vygotsky Govrain, 1978). Овие перспективи често вклучуваат психолошки, социолошки и педагошки аспекти. Според бихевиористичкиот пристап, знаењето и учењето се стимулираат преку позитивно или негативно засилување. Когнитивниот конструктивистички пристап смета дека нивото на учење е резултат на целите на учениците и начинот на кој тие се мотивираат да учат, додека според социјално-конструктивистичкиот пристап, процесот на мотивација е поврзан со претходните два пристапа, каде целите и мотивите за учење ги поставуваат самите ученици, но тие се под влијание на засилувањата од страна на наставниците и средината во која живеат (Berliner, 1993).

Теоријата на *социјално учење и човечкиот развој* од група автори, според м-р Сула, се истакнува дека развојот и процесот на учење се под влијание на интеракцијата на индивидуалните, социјалните и институционалните фактори (Bronfenbrenner, 1994). Исто така, социоконструктивистичката теорија нагласува дека процесот на учење се одвива преку социјална интеракција и културен контекст (Vygotsky, 1978). Во овој контекст, социолошките фактори можат директно да влијаат врз начинот на кој наставниците ги планираат и применуваат педагошките стратегии. Од перспектива на теоријата за социјално учење, социјалните интеракции и моделите на социјално однесување играат значајна улога во академскиот и социјалниот развој на учениците (Bandura A. , 1986). Во контекст на инклузивното образование, литературата укажува дека ефективните педагошки практики не можат да се анализираат одвоено од социјалниот контекст на училницата и училишната заедница (Florian & Black-Hawkins, 2011). Создавањето на навики и вештини преку опсервацијата на другите е есенцијалниот принцип на социјалното учење, потенцира Бандура. Теоријата на социјално учење ја потенцира позицијата на индиректните, на симболичките и на процесите на саморегулација во психолошкото функционирање, при што однесувањето на поединецот е детерминирано од континуиран сплет и меѓусебни интеракции на лепеза когнитивни, бихевиорални и амбиентални фактори. Резултатите укажуваат дека подобрувањето на педагошките практики бара интегриран пристап кој го зема предвид социјалниот контекст на учениците. Особено во инклузивното образование, каде што социјалната и образовната разновидност е изразена, интеракцијата помеѓу социолошките и педагошките фактори станува уште поважна. Ова подразбира потреба за интегрирање на социјалната димензија во педагошкото планирање, развој на инклузивни практики, создавање позитивна социјална клима во училницата и зајакнување на соработката училиште-семејство-заедница. Додека когнитивниот конструктивистички пристап нагласува дека нивото на учење е резултат на целите на учениците и нивниот начин на самостојна мотивација. И покрај тоа што постоеле напори за вклучување на сите ученици во наставниот процес, може да се истражува како овие напори се одразиле во теоријата и практиката и како можат да се подобрат за да се постигне подобра инклузија.

Влијанието на социолошките фактори врз образовните постигнувања не се одразува само на успехот на учениците, туку влијае и на различни други начини. Семејството, социоекономскиот статус, културната средина и поддршката од врсниците играат важна улога во формирањето на ставовите кон образовните постигнувања. Исто така, нормите и вредностите на заедницата влијаат врз перцепцијата на учениците за школувањето. Поради тоа, инклузивен пристап кој го поддржува социјалниот развој е од суштинско значење за образовниот успех и мотивацијата за учење. Од друга страна, недостатокот на поддршка или економските предизвици можат да создадат пречки за успехот на учениците. Во литературата се достапни бројни одредби и дефиниции на овој поим, што дивергираат главно во посочувањето на главниот аспект на влијанието на социолошките фактори кои придонесуваат за образовни постигнувања. Затоа, врз основа на претходно изложеното, може да се констатира дека влијанието на социолошките фактори врз образовните постигнувања претставува суштинска

димензија во разбирањето на академските перформанси на учениците. Фактори како што се социоекономскиот статус, образовното ниво на родителите и условите за живот директно влијаат врз можностите и резултатите на учениците во училиштето. Учениците кои потекнуваат од семејства со ниски приходи често се соочуваат со недостаток на поддршка, ограничен пристап до наставни материјали и потешки услови за учење, што се одразува во нивните пониски постигнувања. Од друга страна, поддржувачката семејна средина и високото ниво на вклученост на родителите во образованието придонесуваат за зголемување на мотивацијата и академскиот успех. Исто така, влијанието на заедницата и општествените норми игра важна улога во формирањето на ставовите кон образованието. Во овој контекст, училиштето не треба да се гледа како изолирана институција, туку како дел од поширок социјален систем кој постојано интеракцира со социолошките фактори. Затоа, подобрувањето на образовните постигнувања бара интегрирани интервенции кои ги адресираат не само педагошките аспекти, туку и социјалните и економските нееднаквости кои влијаат врз образовно-воспитниот процес, нагласува м-р Сула, осврнувајќи се врз концептуалните основи на поимот на социолошки фактори. Исто така, тие играат суштинска улога во развојот и формирањето на личноста на ученикот, влијаејќи директно врз неговите ставови, однесување и образовни постигнувања. Тие се тесно поврзани со семејството, училиштето, врсниците, социоекономскиот статус и општествената култура во која живее ученикот. Семејството е првиот фактор на социјализација кој ги поставува основите на однесувањето, системот на вредности и начинот на размислување на детето.

Влијанието на педагошките фактори ги вклучуваат сите елементи кои зависат од практиката и професионализмот на наставникот. Тие директно влијаат врз мотивацијата, самодовербата и перформансите на учениците, покажувајќи дека квалитетот на наставата кои остануваат темел на образовниот успех. Според м-р Сула, еден од најважните педагошки аспекти е квалитетот на наставата и професионалната компетентност на наставникот. Според студијата на (Hattie, 2009), која анализираше повеќе од 800 мета-анализи засновани на милиони училишни случаи, факторите поврзани со наставникот имаат најголемо влијание врз успехот на учениците, повеќе отколку структурата на училиштето или социјалната средина. Hattie нагласува дека начинот на кој наставникот предава, користи диференцирани стратегии, ги комуницира очекувањата и дава конструктивен повратен одговор е од суштинско значење за академските постигнувања на учениците. Анализата на педагошките фактори покажува дека тие претставуваат меѓусебно поврзан систем на елементи кои директно влијаат врз образовно-воспитните постигнувања на учениците. Нивната ефективност зависи од интеракцијата помеѓу професионалната компетентност на наставникот, применетата методологија и создадената клима во училницата. На овој начин, педагошките фактори не треба да се гледаат изолирано, туку како дел од динамичен процес кој интеракцира со социолошките фактори, обликувајќи го севкупниот квалитет на образованието.

Содржината на втората глава, посветена на **Методологијата на истражувањето,** кандидатката м-р Мевлуде Сула ја започнува со предмет на истражувањето, цели и задачи на истражувањето, истражувачки прашања и хипотези, примерокот на истражувањето, варијабли на истражувањето, применетите мерни инструменти и процесот на истражување. М-р Сула презентира дизајн на истражувањето кое се базира на компаративен и квантитативен и квалитативен пристап, со фокус на анализа на користењето на креативни технологии и нивното влијание врз наставата. Користи дескриптивна, компаративна, статистичка метода и анализа на содржината за ефикасно собирање и анализа на податоци.

Концепт и реализирани методолошки аспекти на истражувањето, кандидатката м-р Мевлуде Сула истакнува дека истражувањето е замислено како обид, врз база на податоци да се проучува поврзаноста меѓу социолошките и педагошките фактори во образовните постигнувања на учениците од прво до петто одделение во Република Косово. Ова истражување го третира основното образование како комплексен и динамичен процес, каде резултатите од учењето не се производ само на

еден фактор, туку на интеракцијата на повеќе социјални и педагошки димензии. Значи, предметот на истражувањето е насочен кон анализа на начинот на кој социјалната средина на ученикот и наставните практики влијаат врз неговата академска изведба и развој. Во социолошки аспект, истражувањето ги опфаќа факторите поврзани со семејството, социоекономскиот статус, вклученоста на родителите во образовниот процес, влијанието на врсниците и социјалната клима во училиштето. Овие фактори се сметаат за важни елементи кои влијаат врз формирањето на ставовите, мотивацијата и можностите на учениците за постигнување успех во училиштето. Истовремено, студијата го анализира и педагошкиот аспект, вклучувајќи го квалитетот на наставата, методите и наставните стратегии, односот наставник–ученик, како и создавањето безбедна и мотивирачка средина во училницата. *Предметот на ова истражување* се проширува и на анализата на влијанието на овие фактори врз соодветноста на курикулумот и начинот на кој тој одговара на различните потреби и нивоа на учениците. Преку ваков пристап, студијата има за цел да ги идентификува не само индивидуалните влијанија на одделните фактори, туку и нивната меѓусебна интеракција во рамките на еден интегриран образовен систем. Во овој контекст, предметот на истражувањето не се ограничува само на опис на постојната состојба, туку тежнее да понуди продлабочена анализа на односите меѓу социолошките и педагошките фактори и нивното влијание врз образовните постигнувања. Ова го прави истражувањето значајно и од теоретски аспект, преку придонес кон проширување на научните сознанија во областа на образованието, како и од практичен аспект, преку обезбедување основа за унапредување на образовните политики и практики.

Една од *главните цели,* според кандидатката, е да се процени до кој степен овие фактори влијаат врз академската изведба и целокупниот развој на учениците. Истражувањето има за цел, исто така, да ја истакне важноста на соработката училиште – семејство како клучен компонент во подобрувањето на образовните постигнувања. Преку оваа студија се настојува да се анализира влијанието на професионалното искуство на наставниците и демографските фактори врз начинот на кој се перципираат и применуваат педагошките практики. Друга цел е да се испита влијанието на педагошките и социолошките фактори врз перцепцијата за соодветноста на курикулумот во однос на различните потреби и нивоа на учениците. Исто така, студијата има за цел да ја идентификува врската меѓу социолошките и педагошките димензии, проценувајќи дали овие фактори делуваат независно или динамично интерагираат во образовниот процес. Важна цел е и да се обезбеди емпириска основа за развој на образовните политики и унапредување на наставните практики во основното образование. Во оваа насока, истражувањето има за цел да придонесе кон подобрување на квалитетот на образованието, нудејќи конкретни препораки за наставниците, образовните институции и креаторите на политики. Ова истражување има за цел да го продлабочи научното разбирање за интеракцијата меѓу социолошките и педагошките фактори и нивното влијание врз образовните постигнувања, придонесувајќи кон создавање поефикасен, поинклузивен и кон реалните потреби на учениците во ориентираниот образовен систем.

Во согласност со целите на истражувањето, студијата е соодветно адресирана преку 10 прашања, како што следуваат подолу:

Истражувачко прашање 1. Дали педагошките фактори се оценуваат повисоко од социолошките фактори од страна на наставниците?

H1: Педагошките фактори се оценуваат статистички повисоко од социолошките фактори.

Истражувачко прашање 2. Дали постојат разлики во комуникацијата со родителите според професионалното искуство на наставниците?

H2: Постојат статистички значајни разлики во комуникацијата со родителите во зависност од професионалното искуство.

Помошна хипотеза H2a: Наставниците со рано и напредно работно искуство имаат повисоки нивоа на комуникација со родителите во споредба со оние во средната фаза на кариерата.

Истражувачко прашање 3. Дали годините на професионално искуство влијаат врз перцепцијата на социолошките фактори?
H3: Постојат статистички значајни разлики во перцепцијата на социолошките фактори според професионалното искуство.
Помошна хипотеза H3a: Со зголемување на професионалното искуство, позитивната перцепција кон социолошките фактори се намалува.
Истражувачко прашање 4. Дали годините на професионално искуство влијаат врз перцепцијата на педагошките фактори?
H4: Постојат статистички значајни разлики во перцепцијата на педагошките фактори според професионалното искуство.
Помошна хипотеза H4a: Наставниците со помало работно искуство имаат повисоки оценки за педагошките фактори во споредба со оние со подолго искуство.
Истражувачко прашање 5. Дали постои врска помеѓу педагошките фактори и перцепцијата за соодветноста на курикулумот?
H5: Постои позитивна и статистички значајна врска помеѓу педагошките фактори и соодветноста на курикулумот.
Истражувачко прашање 6. Дали постои врска помеѓу социолошките фактори и соодветноста на курикулумот?
H6: Не постои статистички значајна врска помеѓу социолошките фактори и соодветноста на курикулумот.
Истражувачко прашање 7. Дали постои врска помеѓу социолошките фактори и педагошките фактори?
H7: Постои позитивна и статистички значајна врска помеѓу социолошките и педагошките фактори.
Помошна хипотеза H7a: Зголемувањето на социолошките фактори е поврзано со зголемување на педагошките фактори.
Истражувачко прашање 8. Дали педагошките и социолошките фактори влијаат врз соодветноста на курикулумот?
H8: Педагошките и социолошките фактори имаат статистички значајно влијание врз соодветноста на курикулумот.
Помошна хипотеза H8a: Педагошкиот фактор има позитивно и статистички значајно влијание.
Помошна хипотеза H8b: Социолошкиот фактор има негативно и статистички значајно влијание.
Истражувачко прашање 9. Дали постојат родови разлики во перцепцијата на педагошките фактори?
H9: Постојат статистички значајни родови разлики во перцепцијата на педагошките фактори.
Помошна хипотеза H9a: Наставничките имаат повисока перцепција за педагошките фактори во споредба со наставниците.
Истражувачко прашање 10. Дали постојат родови разлики во перцепцијата на социолошките фактори?

H10: Не постојат статистички значајни родови разлики во перцепцијата на социолошките фактори.

Прецизирањето на листата варијабли во трудот кандидатката го прави невообичаено концизно, кои се структурирани на функционален начин со цел да се анализира оваа комплексна интеракција. Независните варијабли ги опфаќаат социолошките и педагошките фактори, додека зависната варијабла се однесува на образовните постигнувања на учениците. Во студијата се вклучени и демографски варијабли, како што се полот и професионалното искуство, за компаративна анализа. Оваа структура овозможува идентификација на директните и индиректните влијанија врз образовната изведба. Во целина, варијаблите се конструирани така што ја рефлектираат динамичната интеракција меѓу социјалните и педагошките димензии во образованието.

Во реализацијата на ова истражување се користени неколку научни методи, кои овозможија структурирана и научно аргументирана анализа на поврзаноста меѓу социолошките и педагошките фактори во образовните постигнувања на учениците. На почетокот, во студијата е користена.

- *Дескриптивна метода* – се користи за опишување на постојната состојба во образовната практика, при што се евидентираат перцепциите на наставниците во однос на социолошките и педагошките фактори.
- *Статистичка метода* – овозможува обработка и анализа на податоците собрани преку прашалникот. Преку оваа метода се применуваат дескриптивни и инференцијални статистики, вклучувајќи анализа на средни вредности, стандардни девијации, како и статистички тестови за идентификување разлики и врски меѓу варијаблите. Оваа метода придонесува за проверка на хипотезите и за донесување заклучоци засновани на емпириски докази.
- *Компаративна метода* – преку која се споредуваат резултатите меѓу различни групи испитаници, како што се разлики според професионалното искуство и полот. Оваа метода овозможува идентификација на варијации во перцепциите и педагошките практики, нудејќи подлабока анализа на факторите што влијаат врз образовните постигнувања.
- *Анализа на содржината* – се користи за разгледување и интерпретација на релевантната научна литература во областа на образованието. Преку оваа метода се изградува теоретската основа на студијата, потпирајќи се на современи теории и концепти за влијанието на социолошките и педагошките фактори врз образовните постигнувања. Ова овозможува поврзување на емпириските резултати со теоретската рамка и ја зголемува научната вредност на истражувањето.

Во делот посветен на елаборација на *обработка на податоците*, кандидатката м-р Мевлуде Сула истакнува дека се применети неколку аналитички пристапи кои овозможија интегрирана и продлабочена анализа на наодите. Применети се:

- *Аналитички пристап* – кој служеше за детална анализа на собраните податоци и за поврзување на теоретската основа со емпириските наоди од студијата. Овој пристап овозможи идентификација на односите меѓу варијаблите и нивна интерпретација во контекст на постојната литература.
- *Аналитичко-дескриптивен пристап* – преку кој резултатите се опишани и анализирани на детален начин, истакнувајќи ги главните карактеристики на истражуваниот феномен. Овој пристап придонесе за јасно и структурирано претставување на резултатите од истражувањето.
- *Дескриптивно-компаративен пристап* – кој овозможи споредба на резултатите меѓу различни групи испитаници, идентификувајќи разлики и сличности во нивните перцепции и ставови. Овој пристап придонесе за продлабочување на анализата и за изведување поаргументирани заклучоци.
- *Аналитичко-експликативен пристап* – се користеше за објаснување на односите меѓу варијаблите и за интерпретација на влијанието на социолошките и педагошките фактори врз образовните постигнувања. Преку овој пристап се дадени објаснувања засновани на докази за наодите од студијата.
- *Аналитичко-интерпретативен пристап* – овозможи интерпретација на резултатите во поширок теоретски и практичен контекст, поврзувајќи ги со образовната реалност и со импликациите за педагошката практика. Овој пристап помогна во изведување на заклучоци и препораки од истражувањето.

Исклучително внимание и огромен труд во подготовката кандидатката м-р Мевлуде Сула посветила на популацијата на истражувањето која ги опфаќа сите наставници од основното образование во Општина Гњилане во учебната 2024/2025 година, кои работат во основниот циклус. Според статистичките податоци обработени од ДКА (2025), во овој период има вкупно 361 наставник. Примерокот е избран со техника на едноставен случаен избор. Критериум за вклучување во примерокот беше наставниците

да работат во основното образование, во јавни институции. За да се обезбеди неговата веродостојност, примерокот опфати 10 основни училишта во Општина Гњилане, и тоа: Основно училиште *„Thimi Mitko“*, Основно училиште *„Rexhep Elmazi“*, Основно училиште *„Abaz Ajeti“*, Основно училиште *„Selami Hallaçi“*, Основно училиште *„Zija Shemsiu“* - Гњилане, Основно училиште *„Musa Zajmi“*, Основно училиште *„Agim Ramadani“*, Основно училиште *„Skënderbeu“* – Гњилане, Основно училиште *„Mulla Idrizi“* и Основно училиште *„Nazim Gafurri“*. Во секое училиште, наставниците се избрани по случаен избор. Значи, примерокот е избран од вкупно 10 образовни институции со цел да се зголеми веродостојноста на резултатите од истражувањето. Критериум за вклучување во примерокот беше наставниците да работат во основното образование, во јавни институции. Примерокот во делот на квалитативното истражување е избран врз основа на пристапот од четири чекори на (Robinson, 2014). Точка 1: Одредување на критериумите за избор на примерокот; Точка 2: Одредување на големината на примерокот; Точка 3: Избор на стратегија за селекција на примерокот; Точка 4: Одредување на изворот на примерокот (стр. 26). Според (Robinson, 2014), овие четири чекори служат за зголемување на валидноста на квалитативните истражувања каде што како инструмент се користи интервјуто. Валидноста во квалитативните истражувања се оценува преку неколку критериуми: „чувствителност кон контекстот, строгост, транспарентност, кохерентност, влијание и значење“ (Robinson, 2014), кои се зголемуваат доколку изборот на примерокот е правилно извршен. Стратегијата на избор на примерок за квалитативното истражување е намерна (целна), бидејќи преку неа се постигнува целта и се обезбедуваат одговори на истражувачките прашања (Johnson & Christensen, 2017). Ова е најчесто користената стратегија во квалитативните истражувања, каде истражувачот има можност продуктивно да го избере примерокот, со што се овозможува соодветно адресирање на истражувачките прашања (N. Marshall, 1996). Примерокот е претставен со 6 наставници од трето одделение, 2 од четврто одделение и 2 од петто одделение, вкупно 10, што е еден од препорачаните броеви од (Dukes, 1984) за избор на примерок во феноменолошки дизајн. Критериумите за избор на примерокот во квантитативното истражување беа наставници кои работат со трето, четврто и петто одделение во јавни институции. Додека во квалитативното истражување критериум беше учеството на наставници од јавни институции. Имињата на интервјуираните учесници се кодирани со броеви, од учесник 1 до учесник 10. Употребата на прашалникот во истражувањето овозможува истражување на односите во рамките на статистички профил (Cohen, McCabe, M. Michelli, & Pickeral, 2009). Првиот дел од прашалникот, кој е користен во студијата, содржи прашања што обезбедуваат демографски информации како што се: пол, возраст, место на живеење, образование, обуки и години работно искуство како наставник. Вториот дел од прашалникот содржи варијабли за влијанието на социолошкиот фактор (Educational Environment and Learning Outcomes Scale - EELS) (H. Moos & J. Trickett, 1987), со цел да се евидентира интелектуалната подготвеност на наставниците, при што оваа скала е користена во повеќе научни истражувања. Според (Fraser, Moos, & Trickett, 1998), таа има за цел да ја мери поврзаноста меѓу социолошките фактори (како социјалната клима, семејната поддршка, социјалните односи). Оваа скала е широко користена во истражувања во основното образование за да се разбере како социјалната средина и педагошките практики влијаат врз училишниот успех. Според (H. Moos & J. Trickett, 1987), таа исто така има за цел да ја мери поврзаноста меѓу социолошките фактори (како социјалната клима, семејната

поддршка, социјалните односи) и педагошките фактори (како методите на настава, мотивацијата и климата во училницата) во однос на академските постигнувања и развојот на учениците. Оваа скала се состои од 6 тврдења, кои се мерат со 5-степена Ликертова скала (1 - Воопшто не се согласувам, 2 - Не се согласувам, 3 - Неутрален сум, 4 - Се согласувам и 5 - Потполно се согласувам).

Елаборација на наодите на истражувањето (резултати и дискусија)

Содржината на третата глава, посветена на **резултатите на истражувањето,** кандидатката м-р Мевлуде Сула ја организира во две секции: Резултати од квантитативното истражување (I) и Резултати од квалитативното истражување (II).

Резултати од квантитативното истражување. Учесници во квантитативното истражување се вкупно N = 320 наставници од основното образование. Во однос на полот на испитаниците, најголемиот дел припаѓа на женскиот пол, при што N = 272 (85,0 %) се жени, додека N = 48 (15,0 %) се мажи. Во однос на возрасните групи на испитаниците (N = 320), најдоминантна е групата од 48 до 53 години, со N = 101 (31,6 %). Потоа следуваат возрасните групи 36 – 41 години со N = 80 (25,0 %) и 42 – 47 години со N = 52 (16,3 %). Возрасната група од 54 години и повеќе е застапена со N = 37 (11,6 %), додека групата 30 – 35 години со N = 33 (10,3 %). Најмал број учесници има во возрасната група 24 – 29 години, со N = 17 (5,3 %). Во однос на образовното ниво на наставниците (N = 320), податоците покажуваат дека најголем дел имаат завршено додипломски студии (Bachelor), со N = 199 (62,2 %), додека значителен број имаат завршено магистерски студии (Master), со N = 115 (35,9 %). Во меѓувреме, само N = 4 (1.3 %) имаат завршено виша школа, додека N = 2 (0,6 %) се во тек на докторски студии (PhD). Во однос на учеството во професионални обуки (N = 320), огромното мнозинство од испитаниците имаат посетено повеќе од две обуки, со N = 282 (88,1 %), додека само N = 38 (11,9 %) имаат посетено една обука. Според професионалното искуство на наставниците (N = 320), најголемата група испитаници има 11 – 15 години работно искуство, со N = 74 (23,1 %). Потоа следуваат оние со 6 – 10 години искуство, со N = 68 (21,3 %), и 1 – 5 години искуство, со N = 66 (20,6 %). Дополнително, N = 48 (15,0 %) имаат 21 – 25 години искуство, N = 34 (10,6 %) имаат 16 – 20 години искуство, додека N = 30 (9,4 %) имаат 26 години и повеќе работно искуство.

Дескриптивните статистики за варијаблите социолошки фактор и педагошки фактор, вклучени во ова истражување. Резултатите покажуваат дека за варијаблата социолошки фактор (N = 320), минималната вредност изнесува 1.33, додека максималната вредност изнесува 3.67.

H1: Педагошките фактори се оценуваат статистички повисоко од социолошките фактори.

Аритметичката средина (M = 2.5667) укажува на средно ниво на перцепција на социолошките фактори, додека стандардната девијација (SD = 0.57439) покажува релативно умерена распределба на одговорите околу средната вредност. Во однос на варијаблата педагошки фактори (N = 320), минималната вредност изнесува 2.56, а максималната 3.89. Аритметичката средина (M = 3.3444) е значително повисока во споредба со социолошките фактори, што одразува повисоко ниво на перцепција за влијанието на педагошките фактори во воспитно-образовниот процес. Стандардната девијација (SD = 0.38049) е пониска, што укажува на поголема хомогеност на одговорите на испитаниците за оваа варијабла. Во целина, споредбата на средните вредности покажува дека педагошките фактори се перципираат како подоминантни во однос на социолошките фактори во контекст на образовните постигнувања на учениците. Резултатите од дескриптивната статистика укажуваат на јасни разлики во перцепцијата меѓу социолошките и педагошките фактори. Конкретно, педагошкиот фактор покажува повисока средна вредност (M = 3.34) во споредба со социолошкиот фактор (M = 2.56), што укажува дека наставниците го сметаат влијанието на педагошките практики како подоминантно во воспитно-образовниот процес. Овој резултат може да се интерпретира во контекст на активната улога на наставникот во

училницата, каде што тој има директна контрола врз наставните стратегии, дидактичките методи и интеракцијата со учениците. За разлика од социолошките фактори, кои често се надвор од директната контрола на наставникот, педагошките фактори претставуваат димензии што можат да се управуваат и модифицираат во секојдневната практика.

Анализата на варијансата и регресионите коефициенти во оваа студија обезбедува продлабочена рамка за разбирање на начинот на кој социолошките и педагошките фактори придонесуваат во перцепцијата за соодветноста на курикулумот во контекст на основното образование. Применетиот пристап, заснован на хиерархиска регресија и ANOVA-анализа, овозможува диференцирана интерпретација на влијанието на секој фактор, истакнувајќи ја не само нивната индивидуална важност, туку и комплексната интеракција што постои меѓу нив.

Резултати од квалитативното истражување. Во овој дел од дисертацијата е прикажана анализата на резултатите од квалитативното истражување. Истражувањето е реализирано преку интервјуирање на десет наставници од основното образование. Податоците се анализирани со тематска анализа, кои се прикажани во табеларна форма поделена во три главни делови: категории, теми и описи. За анализа на темите од интервјуата е направен нивен опис и се вклучени цитати од интервјуата на учесниците. Од анализата на податоците произлегуваат 2 теми и 80 описи.

Содржината на четвртата глава, посветена на **Дискусијата на истражувањето,** кандидатката м-р Мевлуде Сула, исто така, ја организира во три секции: дискусија на резултатите, заклучоци и препораки и ограничувања на студијата и потреба за понатамошни истражувања.

Во наредните редови ќе се обидеме да презентираме селекција од навистина обемните статистички анализи, со елементи од дискусијата на резултатите. На овие три сегменти од трудот, м-р Мевлуде Сула им посветила вкупно околу 70 страници од текстот.

Поврзаноста меѓу социолошките и педагошките фактори претставува една од најважните димензии во разбирањето на образовните постигнувања на учениците, особено во основното образование (1 – 5 одделение), каде што се формираат темелите на когнитивниот, социјалниот, образовниот и емоционалниот развој. Во современиот образовен контекст, меѓународните студии нагласуваат дека постигнувањата на учениците не зависат само од наставниот процес во училницата, туку и од сложена интеракција на социјални, економски и културни фактори со педагошките практики на наставата. (OECD, 2019) нагласува дека образовните постигнувања значително се под влијание на социоекономскиот статус, семејната средина и општествениот контекст, кои директно се испреплетуваат со квалитетот на наставата и организацијата на училиштето. Во истиот правец, и (World Bank, 2024) истакнува дека учениците од семејства со понизок социоекономски статус имаат помал пристап до образовни ресурси и поддршка, што се рефлектира во пониски нивоа на учење, освен во случаи кога училиштата обезбедуваат квалитетни педагошки интервенции и инклузивна поддршка. Овие наоди потврдуваат дека образовните постигнувања се резултат на континуирана интеракција меѓу социолошките и педагошките фактори. Врз основа на она што беше елаборирано погоре, можеме да кажеме дека социолошките фактори вклучуваат елементи како социоекономската состојба на семејството, образовното ниво на родителите, семејната поддршка, културата и општествените норми, како и односите меѓу врсниците. Овие фактори директно влијаат врз мотивацијата, самодовербата и вклученоста на учениците во наставниот процес. Најновите студии покажуваат дека социодемографските нееднаквости и понатаму претставуваат еден од клучните детерминанти на разликите во академските постигнувања, создавајќи јаз меѓу учениците со различни социјални услови. Исто така, извештајот на (UNESCO, 2024) нагласува дека инклузивна и поддржувачка училишна средина, комбинирана со ефективно училишно лидерство, има директно позитивно влијание врз благосостојбата и академскиот успех на учениците. Овие наоди покажуваат дека социолошката димензија не е само предизвикувачки фактор, туку и развоен потенцијал кога правилно

се менаџира во рамките на училиштето. Исто така, (Tomlinson, 2014) аргументира дека диференцираната настава е клучна за вклучување на сите ученици и подобрување на нивните академски резултати, нагласувајќи дека педагошките практики треба да бидат испреплетени со социјалниот контекст на учениците. Овие наоди истакнуваат дека педагошката ефективност не може да се разбере изолирано, туку само во интеракција со социолошките фактори што го обликуваат искуството на учење.

Во контекстот на Република Косово, оваа тема добива особено значење поради социоекономските предизвици и културната разновидност што го карактеризира образовниот систем. Влијанието на социолошките фактори како ниските економски приходи, миграцијата и образовното ниво на родителите често се рефлектира во училишните постигнувања на учениците. Истовремено, квалитетот на наставата и професионалната подготвеност на наставниците остануваат клучни фактори во компензирањето на овие нееднаквости. Меѓународните студии сугерираат дека училиштата кои применуваат инклузивни и диференцирани практики се поуспешни во намалување на негативното влијание на социолошките фактори. Во продолжение на оваа дискусија, важно е да се нагласи дека поврзаноста меѓу социолошките и педагошките фактори не треба да се разбира само како теоретска релација, туку како практична реалност што се манифестира во секоја наставна ситуација. Од прво до петто одделение, каде што учениците се во најчувствителните фази на својот развој, оваа интеракција станува уште поизразена и поклучна за долгорочните образовни резултати. Во овој период, влијанието на семејната и социјалната средина директно се испреплетува со начинот на кој наставникот го организира и го реализира наставниот процес, создавајќи простор каде што педагошките интервенции можат да имаат трансформативна улога. Во овој контекст, улогата на наставникот се трансформира од едноставен пренесувач на знаење во активен посредник меѓу курикулумот и реалноста на ученикот. Наставникот е тој што ги идентификува индивидуалните разлики, социјалните предизвици и развојните потенцијали на учениците и ги преточува во конкретни педагошки стратегии. Ова бара не само професионална компетентност, туку и социјална чувствителност и рефлексивни способности, кои овозможуваат поинклузивен и поправеден пристап во образованието. Друг важен аспект се однесува на улогата на училиштето како социјална институција. Училиштето не е само место каде што се реализира наставата, туку средина која може да ги компензира или да ги продлабочи постојните социјални нееднаквости. Доколку училиштето успее да создаде поддржувачка, безбедна и мотивирачка клима, може значително да го намали негативното влијание на социолошките фактори. Ова подразбира дека инвестирањето во квалитетот на училишната средина, во соработката со родителите и во градењето позитивна институционална култура е подеднакво важно како и унапредувањето на педагошките практики.

Од друга страна, важно е да се разбере дека педагошките интервенции не можат да бидат ефективни доколку не се прилагодени на социолошкиот контекст на учениците. Стандарден и унифициран пристап во наставата ризикува да не ги адресира реалните потреби на учениците, особено на оние кои доаѓаат од понеповолни средини. Затоа, диференцијацијата на наставата и индивидуализацијата на педагошките пристапи се клучни елементи за обезбедување еднаквост во образованието и создавање еднакви можности за сите ученици. Во оваа насока, професионалниот развој на наставниците добива особена важност. Обуките и програмите за развој треба да се фокусираат не само на техничките аспекти на наставата, туку и на унапредување на компетенциите за разбирање и управување со влијанието на социолошките фактори. Ова вклучува развој на вештини за комуникација со родителите, управување со различноста во училницата и создавање отворена и инклузивна средина за сите ученици. Затоа, наодите од ова истражување нудат вредни информации и за ставовите на наставниците и за факторите што влијаеле врз нивното формирање, но и за нивните искуства. Поврзаноста меѓу социолошките и педагошките фактори претставува комплексен и динамичен механизам кој директно влијае врз образовните постигнувања на учениците. Интегрираниот пристап кој истовремено ги адресира социјалните и

педагошките аспекти е од суштинско значење за подобрување на квалитетот на образованието и за постигнување еднаквост во можностите за учење. Сметам дека овие наоди ќе заземат значајно место во развојот на образовните политики во Косово и пошироко. Така, поврзаноста меѓу социолошките и педагошките фактори треба да се гледа како динамичен и континуиран процес, кој бара интегриран пристап на ниво на политики, институции и индивидуални практики.

Заклучоци и препораки. Оваа студија понуди длабинска анализа на меѓусебното влијание меѓу социолошките и педагошките фактори кои влијаат врз образовните постигнувања на учениците од 1 до 5 одделение во Република Косово. Резултатите покажаа дека фактори како што се: социоекономските услови на семејството, образовното ниво на родителите, квалитетот на наставата, методите на оценување и употребата на технологијата имаат значително влијание врз академските постигнувања на учениците. Од оваа студија за поврзаноста меѓу социолошките и педагошките фактори во образовните постигнувања на учениците од 1 до 5 одделение во Република Косово, произлегуваат неколку важни заклучоци, кои се во согласност и со современата литература и образовните практики и во земјата и во странство. Еден од главните заклучоци на оваа студија е дека клучниот фактор што влијае врз образовните постигнувања на учениците е континуираната и динамична интеракција меѓу социолошките фактори како: семејната поддршка, социоекономскиот статус, образовното ниво на родителите, како и педагошките фактори како што се квалитетот на наставата, дидактичките стратегии и климата во училницата. Оваа интеракција покажува дека постигнувањата на учениците не се резултат на еден единствен фактор, туку на комплексен систем на меѓусебно влијание, каде улогата на наставникот останува суштинска во посредувањето и оптимизирањето на овие фактори во функција на успехот на учениците. Студиите покажаа дека редовната комуникација меѓу наставниците и родителите е клучен фактор за успехот на учениците. Отворената и континуирана комуникација може да им помогне на родителите подобро да ги разберат потребите и развојот на нивните деца, истовремено овозможувајќи поддршка на наставниците во справувањето со образовните прашања (Epstein, 2001). Така го имаме и истражувањето на (Sanders, G., , & B, 2002), кое докажува дека наставниците кои се ангажираат со родителите преку редовни состаноци и извештаи за перформансите на учениците имаат поголеми можности да го зголемат ангажманот и успехот на учениците. Резултатите покажуваат дека возраста и професионалното искуство влијаат врз перцепциите и наставните практики на наставниците. Ова е во согласност со студиите кои укажуваат дека помладите и поискусните наставници имаат различни стилови на настава и различни пристапи кон користењето на технологијата и ангажирањето на родителите (Shulman, 1987). Ефектите од социоекономските фактори исто така се видливи во овие анализи, што е поткрепено со студии кои покажуваат дека наставниците често се свесни за влијанието на социоекономските фактори врз учинокот на учениците (Hargreaves, 2003). Социоекономската состојба се појави како клучен елемент што влијае врз мотивацијата, резултатите и емоционалната благосостојба на учениците. Податоците покажуваат дека користењето на технологијата е поголемо кај помладите наставници. Овој резултат е поткрепен и од други студии кои покажуваат дека помладите наставници се поотворени за користење на дигитални алатки и нови технологии во наставата (Ertmer, 2005). Современите методи на оценување и интеграцијата на технологијата во училницата придонесуваат за подобрување на учењето, правејќи ги учениците поангажирани и помотивирани за постигнување повисоки резултати. Употребата на различни методи на оценување како тестови, проекти и креативни активности е практика која е нагласена во педагошката литература како средство за поттикнување на учениците активно да се ангажираат со наставната содржина (Black & Wiliam, 1998). Овие методи овозможуваат поопсежно и подинамично оценување на учениците, давајќи им можност да ги покажат своите способности на различни начини. Студијата на (Hattie & Timperley, 2007) потврдува дека употребата на различни стратегии за оценување, вклучувајќи креативни и кооперативни оценки, има директно влијание врз зголемувањето на академскиот успех на учениците. Резултатите

од истражувањето, прикажани во збирна форма, покажуваат дека примената на овие методи може да им помогне на учениците да се чувствуваат вреднувани и мотивирани да постигнат повеќе во наставата.

Повикувајќи се на анализата на Спирмановата корелација, наодите од истражувањето покажуваат силна позитивна поврзаност меѓу социолошкиот и педагошкиот фактор ($\rho = .698$, $p < .001$). Овој резултат укажува на значајна меѓузависност меѓу социјалните и педагошките димензии во образовната практика, докажувајќи дека овие фактори не дејствуваат независно, туку меѓусебно влијаат врз процесот на учење и врз образовните постигнувања на учениците. Од овие наоди може да се заклучи дека перцепцијата за соодветноста на курикулумот значително е под влијание на педагошките и социолошките димензии, каде квалитетните педагошки практики ја зголемуваат оваа перцепција, додека социолошките предизвици ја намалуваат. Иако индивидуалните ставови кон улогата на родителите се статистички значајни, нивното практично влијание останува ограничено. Овие резултати нагласуваат дека подобрувањето на инклузивното образование бара интегрирани интервенции кои истовремено ги адресираат и педагошките и социјалните аспекти во училишната средина.

Препораки:

- Резултатите од ова истражување ни овозможуваат да извлечеме и неколку препораки за сите носители на образованието во Косово, вклучувајќи ги МОН (MASHTI), општинските дирекции за образование, институциите кои го подготвуваат образовниот кадар пред и по вработување, училиштата и родителите.
- Се препорачува професионален развој на наставниците, организирање на континуирани обуки за наставниците за современи методи на настава и оценување, со цел да се обезбеди поквалитетен и поиндивидуализиран процес на учење.
- Се препорачува курикулумот да вклучува флексибилни елементи кои ќе им овозможат на наставниците да ја прилагодат содржината според социоекономскиот и културниот контекст на учениците. Овој пристап помага во создавање на инклузивна средина и средина чувствителна на различностите во училницата. Како резултат на тоа, се зголемува мотивацијата и активното учество на учениците во наставниот процес. Исто така, се препорачува инвестирање во инфраструктура и технолошка опрема за поддршка на процесот на настава и учење.
- Употребата на дигитални платформи и интерактивни алатки ја зголемува ангажираноста и го олеснува активното учење. Ова придонесува за модернизација на образованието и подобрување на резултатите на учениците.
- Се препорачува развој на програми за поддршка на семејства со тешка економска состојба. Овие мерки помагаат во зголемување на вклученоста и редовноста на учениците во училиштето. Како резултат на тоа, се намалуваат нееднаквостите и се подобруваат можностите за квалитетно образование.
- Се препорачува користење на различни методи кои се прилагодуваат на различните стилови и нивоа на учење.
- Диференцијацијата на содржината и начините на оценување помага во активното вклучување на сите ученици. Овој пристап ја зголемува мотивацијата, учеството и постигнувањата во инклузивното образование.
- Се препорачува градење позитивна клима во училницата каде секој ученик се чувствува прифатен и почитуван. Отворената комуникација и здравите односи помагаат во справување со емоционалните предизвици. Ова директно влијае врз зголемување на благосостојбата и ангажираноста на учениците.
- Се препорачува родителите активно да бидат вклучени во образовниот процес на своите деца.
- Исто така, се препорачува организирање обуки за родителите за ефективни начини на поддршка на учењето дома. Родителите треба да бидат опремени со знаења за мотивација и комуникација со децата. Ова придонесува за посоодветна и поодржлива поддршка во нивниот развој.

- Се препорачува развој на студии за улогата на технологијата во процесот на настава и учење. Фокусот треба да биде на ефективноста на дигиталните алатки во зголемување на ангажираноста и постигнувањата. Овие наоди помагаат за подобра интеграција на технологијата во основното образование.

Ограничувања на студијата и потреба за понатамошни истражувања

Оваа студија претставува значаен придонес во разбирањето на поврзаноста меѓу социолошките и педагошките фактори во образовните постигнувања на учениците од прво до петто одделение во Република Косово, но истовремено содржи и одредени ограничувања кои треба да се истакнат. Истражувањето е спроведено само на ниво на основно образование, во општината Гњилане, што ја ограничува можноста за генерализирање на резултатите за сите општини во Косово. Примерокот опфати 330 наставници, број кој иако е доволен за анализа, не обезбедува целосна репрезентативност на сите образовни контексти. Податоците се собрани главно од јавни училишта и од урбани средини, без вклучување на руралните училишта. Ова можеби влијаело врз ограничување на разновидноста на педагошките и социјалните искуства на наставниците. Затоа, резултатите од оваа студија треба да се толкуваат во рамките на овие ограничувања, додека идните истражувања може да ја прошират анализата во други региони и на различни образовни нивоа за да се обезбеди поширока слика. Со голем интерес би биле и компаративните истражувања на оваа тема, на пример меѓу Косово и другите земји од регионот.

ОЦЕНКА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Мевлуде Сула, со наслов: „Поврзувањето помеѓу социолошките и педагошките фактори во воспитно-образовните постигнувања на учениците од прво до петто одделение во Република Косово“, претставува истражувачки труд од областа на образованието на наставници (за примарното образование) во подрачјето на општествените науки, поконкретно во научното поле на социолошките науки. Се работи за исклучително екстензивен истражувачки зафат, со долготрајни прелиминарни подготовки на мерниот инструментариум, во кои кандидатката м-р Мевлуде Сула вложила вонредни напори (прелиминарни тестирања, опсежни статистички пресметки за екстракција на најсоодветните прашања од изворните тестовни средства, емпириска валидација), кои веќе сами по себе се бележит истражувачки и стручен зафат. Кандидатката во сите фази на докторските студии (задолжителните испити, докторски семинари и академски конференции) се издвојуваше со својата ерудиција од областа на социологијата и образовните науки, со иницијативноста и самостојноста во трасирањето на својот пат низ комплексниот циклус на студии, со познавање на англиски јазик, и – за оваа комисија највредно од сè – со референтната експертиза во обработката на податоци и искуството со различни статистички техники и софтверски пакети, нешто што не е одлика што така често се сретнува кај млад истражувач.

Како Комисија за оценка, цениме дека предметната докторска дисертација на м-р Мевлуде Сула, под наслов: „Поврзувањето помеѓу социолошките и педагошките фактори во воспитно-образовните постигнувања на учениците од прво до петто одделение во Република Косово“ е зрел академски труд, со сите атрибути за исполнување на основните услови и стандарди за успешно изработена докторска дисертација.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката м-р Мевлуде Сула, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв и единствен автор, во референтна научна публикација, односно меѓународно научно списание) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1] Sula, M., Sulejmani, E., (2025) *Analysis of the relationship between sociological and pedagogical factors and academic performance of students in primary education*., објавен: Proceedings Book, Pula, Republic of Croatia, **ISBN: 978-953-380-032-5**.

https://www.ufzg.unizg.hr/wp-content/uploads/2025/06/Zbornik-radova_DMD2025_.pdf

[2] Sula, M., Sulejmani, E., (2025) *The role of pedagogical factors in shaping learning achievements in primary education in kosovo – grades 1-5, xvi.,* објавен: Proceedings Book Edirne, Republic of Türkiye. **e-ISBN:978-975-374-402-7** https://ibescongress.com/en/sayfa/29580/book-of-proceedings

[3] Sula, M., (2021) *The quality of education in the Western Balkan countries, reforms and challenges (Case study: Kosovo),* објавен: *International Journal of The perspective for integration of the Western Balkans into the EU*,**ISBN 9951-9951-832-01-4**

[4] Sula, M., (2021) *Evaluation of the application of interactive techniques in the teaching of the Albanian language in primary school*, објавен: *Education and culture incontemporary society, Republic of Albania*. **ISSN 2309-3471**

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главниот научен придонес на овој научен труд се состои во утврдените комплексни релации на социолошките и педагошките фактори во образовните постигнувања на учениците од прво до петто одделение во Република Косово. Комисијата цени дека овој труд го исполнува очекувањето дека елаборацијата се потпира на теоретски и емпириски пристапи на домашни и меѓународни автори, кои нагласуваат дека образовниот успех е резултат на интеракцијата на социјалните, културните и педагошките фактори, би можела да фрли дополнително светло врз вештините за учење, кои во комбинација со социјалната и педагошката компонента претставуваат база за процесите на учење кај најновата генерација во Р Косово. Со оглед на фактот дека студиите и истражувањата покажаа дека педагошките фактори, како квалитетот на наставата, начинот на оценување и професионалниот развој на наставниците, имаат директно влијание врз постигнувањата на учениците.

Дополнително, поради недостигот на слични истражувања во косовскиот контекст, оваа студија ја збогатува домашната литература со теоретска и емпириска синтеза заснована на меѓународни докази, служејќи како референтен извор за истражувачите, наставниците и студентите во продлабоченото разбирање на факторите што влијаат врз образовните постигнувања на децата.

Согласно со наведеното, Комисијата дава позитивна оценка на приложената докторска дисертација и му предлага на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација на **м-р Мевлуде Сула** на тема: **Поврзувањето помеѓу социолошките и педагошките фактори во воспитно-образовните постигнувања на учениците од прво до петто одделение во Република Косово.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Флорина Шеху, претседател, с.р.
Проф. д-р Емиљ Сулејмани, ментор, с.р.
Проф. д-р Душка Матевска, член, с.р.
Проф. д-р Весна Макашевска, член, с.р.
Проф. д-р Љуљзим Адеми, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПАРЛАМЕНТИТЕ КАКО ЧИНИТЕЛИ НА ПОЛИТИЧКАТА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА: УЛОГАТА НА НИВНИТЕ ЕДУКАТИВНИ ПРОГРАМИ ВО ОБЛИКУВАЊЕТО НА ДЕМОКРАТСКАТА ПОЛИТИЧКА КУЛТУРА КАЈ МЛАДИТЕ (PARLIAMENTS AS AGENTS OF POLITICAL SOCIALIZATION: THE ROLE OF THE EDUCATIONAL PROGRAMMES IN SHAPING DEMOCRATIC POLITICAL CULTURE AMONG YOUTH)“ ОД М-Р ТОМЕ ГУШЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 3.6.2026 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација со наслов: **Парламентите како чинители на политичката социјализација: улогата на нивните едукативни програми во обликувањето на демократската политичка култура кај младите (Parliaments as Agents of Political Socialization: the Role of the Educational Programmes in Shaping Democratic political culture among Youth)** од кандидатот **м-р Томе Гушев**, во состав: проф. д-р Зоран Илиевски, проф. д-р Ненад Марковиќ (ментор), проф. д-р Иван Дамјановски, проф. д-р Христина Рунчева Тасев и проф. д-р Марко Кртолица. Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Кандидатот м-р Томе Гушев ја поднесе докторската дисертација насловена „Парламентите како чинители (агенси) на политичка социјализација: улогата на нивните едукативни програми во обликувањето на демократската политичка култура кај младите (Parliaments as Agents of Political Socialization: the Role of the Educational Programmes in Shaping Democratic Political Culture among Youth)“ на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Дисертацијата брои 235 страници пишувани со 1,5 проред и големина на букви 12 (фонт Times New Roman), со 341 фуснота и 195 библиографски единици, од кои во најголем дел книги, статии и написи, но и завиден број на интернет-извори, меѓу кои документи, анализи, релевантни написи и колумни. Дисертацијата има воведен дел, шест тематски глави, заклучни согледувања, богата библиографија составена претежно од извори на латиница и кирилица и девет прилози. Ментор на трудот е проф. д-р Ненад Марковиќ. Темата е поднесена и одобрена во согласност со академскиот календар на Факултетот. Структурата на трудот, начинот на цитирање и стилот на референцирање и обележување со фусноти се во согласност со академските стандарди во областа на политичките науки.

Дисертацијата го истражува прашањето дали и на кој начин парламентите, покрај нивните традиционални законодавни, претставнички и надзорни функции, можат да се разберат и како институционални чинители (агенси) на политичка социјализација, односно како актери кои активно придонесуваат за пренос и репродукција на демократската политичка култура. Специфичниот фокус е насочен кон парламентарните едукативни програми и нивниот потенцијал за обликување на демократски ориентации кај младите.

Автентичноста на темата произлегува од јасно дијагностицираниот јаз во постојната литература: додека парламентите нашироко се анализираат преку призмата

на законодавна ефикасност или институционалниот дизајн, нивната педагошка/едукативна функција останува маргинализирана. Кандидатот аргументирано покажува дека токму оваа функција добива на стратешко значење во услови на ниска доверба во институциите и т.н. „демократски дефицит“, особено во постсоцијалистички општества каде што формалните демократски структури не секогаш се проследени со соодветна граѓанска политичка култура.

Со цел да ја операционализира истражувачката логика, дисертацијата формулира три работни хипотези:
(1) дека парламентите со поформализирана едукативна функција развиваат посложени и поодржливи едукативни програми;
(2) дека програмите со јасни механизми за исходи и понатамошно постапување имаат поголем потенцијал да ја зајакнат надворешната политичка ефикасност кај младите; и
(3) дека практиките на Собранието на Република Северна Македонија, иако развиени во услови на ограничени ресурси, покажуваат препознатливи елементи на институционализирана парламентарна едукација.

Теориската рамка на трудот е изградена врз четири меѓусебно поврзани столба, кои заедно градат кохерентен концептуален мост меѓу политичката култура и конкретните парламентарни едукативни практики.

Прв столб е концептот на политичка култура, преземен, пред сè, од класичната рамка на Алмонд и Верба (1963), но критички ревидиран преку подоцнежните придонеси на Ингелхарт, Далтон, Велцел и Мишлер и Роуз. Кандидатот ја дефинира политичката култура не како статична „наследена“ матрица, туку како динамична и институционално посредувана конструкција, подложна на промена преку образовни интервенции. Ова е концептуален напредок во однос на класичната дебата меѓу „културистите“ и „институционалистите“, бидејќи го надминува бинарниот пристап.

Вториот столб е политичкото образование, обработено во неговите три форми (формално, неформално и информално) врз основа на концептуалните рамки на Комбс и Ахмед, како и Колеј, Хоџкинсон и Малколм. Особено значајно е прецизното концептуализирање на парламентарната едукација како специфична форма на неформалното политичко образование, со потенцијал да ги надополни структурните слабости на формалниот образовен систем.

Третиот столб е неоинституционализмот (Марч и Олсен, Норт, Хелмке и Левицки), преку кој институциите не се сфаќаат само како правила и процедури, туку и како средини кои произведуваат норми и модели на однесување. Со тоа трудот поставува теориски темел за разбирање на парламентот не само „за“ учење, туку и „преку“ процесот на учење во самата институција.

Четвртиот столб е современата теорија за трансформација на парламентаризмот, со особен акцент на придонесите на Кристина Лестон-Бандеира, Филип Нортон и Волтер Бацет. Преку следење на еволуцијата на парламентот – од законодавна машинерија кон „јавен форум“ и „отворена институција“ – кандидатот создава концептуална основа за легитимирање на педагошката функција како дел од стратешкото позиционирање на современите парламенти.

Споменатите четири теориски столба не егзистираат едноставно еден до друг, туку се артикулирани во градациска логика: секој следен столб го надградува претходниот и го приближува кон емпириска проверливост. Ова е голема структурна предност на трудот.

Методолошки, дисертацијата е поставена како компаративна документарна анализа, надополнета со национална студија на случај (case study). Главниот емпириски корпус е базиран на четири прашалници на Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација (ECPRD), нумерирани 5558, 3851, 4147 и 6013, кои опфаќаат прашања за посетителски/демократски центри, програмски портфолија, симулации и младински парламенти. Овие прашалници се дополнети со извештаи на Меѓупарламентарната унија (ИПУ) и документот за добри практики на Вестминстерската фондација за демократија, изработен конкретно за Собранието на РСМ. Посебно вреди да се истакне методолошката дисциплина со која е изработена кодната книга (codebook) содржана во Додаток 2. Кандидатот изградил систематска матрица од над 20 варијабли, секоја со прецизна оперативна дефиниција, скала на кодирање и правила за примена. Ова е пример на методолошка транспарентност што ретко се среќава во македонската политолошка литература. Кандидатот, исто така, јасно ги признава ограничувањата на избраниот дизајн: трудот не спроведува директно мерење на промени во политичката култура преку лонгитудинални истражувања, туку анализира институционални механизми и нивниот потенцијал за политичка социјализација. Оваа воздржаност во поставувањето на каузалните тврдења е методолошка доблест, а не слабост, бидејќи е во сразмер со природата на достапните податоци.

Националниот случај на Собранието на РСМ е третиран со посебна аналитичка грижа: кандидатот применува триангулација на извори (годишни извештаи, евалуациски инструменти, програмски документи, материјали за курикуларна синергија), при истовремено нагласување на потенцијалниот „инсајдерски“ ризик и примена на конзервативни правила за кодирање.

Структурата на трудот опфаќа воведен дел, шест тематски глави, заклучни согледувања, како и библиографија и девет прилози.

Првата глава поставува цврста концептуална основа преку прецизна дефиниција на
политичката култура, презентација на типологиите на Алмонд и Верба (парохијална, поданичка и партиципативна), и расправа за улогата на граѓанската/демократска политичка култура во транзициските контексти. Особено вредна е критичката дијагноза на македонската политичка култура, која се потпира на реални истражувања и статистички индикатори.

Втората глава е концептуалното јадро на целата дисертација. Во неа, кандидатот прецизно ја развива поделбата на формалното, неформалното и информалното политичко образование, и ја нагласува нивната синергија. Поглавјето за политичко образование во Македонија (2.6) е особено вредно: тоа покажува зошто парламентарната едукација не е „дополнителна активност“, туку компензаторен механизам кој ги пополнува дефицитите на формалниот образовен систем во делот на искуственото учење, дебатата и развојот на чувството за граѓанска компетентност.

Третата глава ефикасно ја надминува вештачката дихотомија „институции наспроти култура“ и нуди интегрален неоинституционалистички пристап, концептот на „ресоцијализација“ – нагласувајќи дека во транзициски општества граѓаните треба не само да се социјализираат, туку и да се десоцијализираат од претходни авторитарни обрасци, што е аналитички оригинален придонес.

Четвртата глава ја следи еволуцијата на парламентите низ призмата на теоријата на Беџот, Мил, Нортон и Лестон-Бандеира, нудејќи компаративни увиди во Вестминстерскиот модел, Шкотскиот парламент, Естонија и Нов Зеланд. Поглавјата за

дигитална трансформација и концептот „отворен парламент“ се посебно актуелни и методолошки ригорозно обработени.

Петтата глава е аналитичкото јадро на дисертацијата и претставува нејзиниот најважен научен придонес. Преку систематска анализа на четири типа парламентарни едукативни механизми (посетителски/демократски центри, програмски портфолија, симулациски програми и младински парламенти), кандидатот изгради типологија на парламентарната едукација и ги идентификува клучните дистинкции меѓу поединечните модели – информативен/посетителски, симулациски, делиберативен и хибриден. Националниот случај на Собранието на РСМ е позициониран во рамките на оваа типологија и недвосмислено е идентификуван како портфолио-модел во развој, со елементи на хибридизација преку синергијата меѓу парламентарната едукација, граѓанското образование и медиумската писменост. Вреди да се потенцира анализата на програмата „Имам став!“ и на курикулумот за истражувачко новинарство, кои убедливо илустрираат реален потенцијал за прием на парламентарните едукативни практики во формалниот образовен систем.

Шестата глава обезбедува јасна, интегрирана синтеза на теориските и емпириските наоди, ги верификува трите работни хипотези и нуди конкретни и аргументирани препораки за унапредување на парламентарната едукативна функција. Препораките (кадровско зајакнување, формализација на output/follow-up механизми, продлабочување на врската со формалното образование, стандардизација на евалуацијата и зголемување на инклузивноста) логично произлегуваат од компаративните наоди и претставуваат практичен политички придонес.

ОЦЕНКА НА ТРУДОТ

Структурна и аналитичка кохеренција. Дисертацијата се одликува со извонредна внатрешна логика: секоја глава функционално произлегува од претходната и ја наговестува следната. Теоретските концепти не остануваат само декларативна рамка, туку директно го насочуваат изборот на единиците на анализа, критериумите за споредба и интерпретацијата на наодите.

Методолошка транспарентност. Изработката на систематска кодна книга со прецизни операционални дефиниции, скали и правила за кодирање е аналитички напредок значаен не само во рамките на оваа дисертација, туку и за развојот на методолошката традиција во политичките науки во РСМ. Кандидатот конзистентно применува конзервативно кодирање и транспарентно ги признава аналитичките граници на методотологијата.

Концептуален придонес. Концептот на парламентот како институционален педагог претставува аргументирана и аналитички корисна рамка, применлива не само за македонскиот контекст, туку и пошироко за компаративни студии на едукативните функции на парламентите.

Национален придонес. Дисертацијата е прв систематски компаративно втемелен аналитички увид во практиките на Собранието на РСМ во областа на парламентарната едукација. Националниот случај е обработен со значителна документарна длабочина вклучувајќи интерни извештаи, евалуациски инструменти и курикуларни документи кои се ретко достапни за академската јавност.

Применливост. Препораките во Глава 6 имаат конкретна политичка димензија: тие не се список на теориски желби на авторот, туку практични насоки засновани на компаративни докази. Ова ја прави дисертацијата корисна не само за академската, туку и за институционалната средина.

Актуелност на темата. Истражувачкото прашање е особено актуелно во контекст на европската интеграција на Северна Македонија, каде што демократската консолидација останува отворен процес и парламентарните институции бараат нови форми на легитимација и јавен ангажман.

Докторската дисертација на м-р Томе Гушев дава значаен и оригинален придонес на повеќе полиња:

- Во доменот на политичката наука, трудот претставува прв систематски обид во македонскиот академски контекст да се интегрираат три теориски корпуси (политичка култура, политичко образование и парламентарни студии) во кохерентна аналитичка рамка применлива за компаративна истражувачка логика.
- Во доменот на компаративните парламентарни студии, трудот нуди оригинална типологија на парламентарна едукација (посетителски/демократски центри, програмски портфолија, симулациски програми и младински парламенти), изградена врз основа на систематски кодирани емпириски податоци, а не само нормативни претпоставки.
- Во доменот на методологијата на политичките науки, разработката на кодната книга и нејзината транспарентна примена во компаративна документарна анализа претставуваат методолошки модел применлив и во идни истражувања.
- Во доменот на јавната политика, дисертацијата нуди конкретни и аргументирани препораки за институционален развој применливи за Собранието на РСМ и, посредно, за парламентите на слични постсоцијалистички транзициски контексти.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

- Гушев, Томе (2019) „Етичките кодекси на пратениците како инструменти во борбата против политичката корупција“, *Политичка мисла,* бр. 58, декември 2019, стр. 77-97.

- Gushev, Tome (2020) “The Problem of Democratic Transition and Consolidation in SEE Countries” in Michael Dimitrov and Petya Vladimirova (edit.) Bulletin Southeastern Europe: Dimensions, Challenges, Perspectives, Sofia: Bulgarian Hub for United Balkans, 2020. p. 28–42.

- Гушев, Томе (2021) „Улогата и значењето на политичката култура во демократските процеси“, *Политичка мисла,* бр. 61, мај 2021, стр. 45-68.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Трудот ги задоволува а во некои аспекти и ги надминува стандардните барања за оригиналност, научна заснованост и применливост на докторските дисертации одбранети на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во областа на политичките науки. Врз основа на деталниот увид во докторската дисертација „Парламентите како чинители (агенси) на политичка социјализација: улогата на нивните едукативни програми во обликувањето на демократската политичка култура кај младите (Parliaments as Agents of Political Socialization: the Role of the Educational Programmes in Shaping Democratic political culture among Youth)“, рецензентите констатираат дека трудот:

(1) Претставува оригинална, самостојна и концептуално кохерентна научна работа која дава значаен придонес кон политичките науки, со посебна релевантност за компаративните парламентарни студии и теоријата на демократизација.
(2) Заснована е на разновидна и актуелна научна литература (над 190 наслови на неколку јазици), ги применува соодветните методолошки алатки и транспарентно ги признава ограничувањата на истражувањето.
(3) Покажува длабинско познавање на истражуваната тематика, интелектуална зрелост во приодот кон спорните прашања и способност за синтетизирање на теориски и емпириски наоди.
(4) Содржи аргументирани, практично применливи препораки кои ја надминуваат чисто академската рамка и нудат додадена вредност за институционалниот развој.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да ја прифати позитивната оценка на докторската дисертација на кандидатот м-р Томе Гушев со наслов: „Парламентите како чинители (агенси) на политичка социјализација: улогата на нивните едукативни програми во обликувањето на демократската политичка култура кај младите (Parliaments as Agents of Political Socialization: the Role of the Educational Programmes in Shaping Democratic political culture among Youth)“ и да овозможи нејзина јавна одбрана пред надлежната комисија.

Скопје, 16.6.2026

КОМИСИЈА

Проф. д-р Зоран Илиевски, с.р.
Проф. д-р Ненад Марковиќ, с.р.
Проф. д-р Иван Дамјановски, с.р.
Проф. д-р Христина Рунчева Тасев, с.р.
Проф. д-р Марко Кртолица, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
На прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје Наставно-научен совет – 03.06.2026 година

Ред. број	Кандидат	Тема (на македонски јазик)	Тема (на англиски јазик)	Комисија	Број и датум на одлука
1.	м-р Ана Марија Михаилова	„Даночен третман на непријавени приходи во Република Северна Македонија – анализа, современи предизвици и предлог-реформи“	„Tax Treatment of Undeclared Income in the Republic of North Macedonia – Analysis, Contemporary Challenges and Reform Proposals“	1. Проф. д-р Александра Макомовска Стојкова 2. Проф. д-р Јован Зафировски 3. Проф. д-р Елена Нешовска Ќосева	02-692/22 08.06.2026

Скопје, 16.06.2026 година

Декан,
Проф. д-р Сашо Георгиевски

Изработил м-р Мелиса Кубур Соработник за магистерски и докторски студии

И С П Р А В К А
НА ТЕХНИЧКА ГРЕШКА ВО БИЛТЕН БР. 1354 ОД 1.6.2026 ГОДИНА

Во Рефератот за избор на м-р Славица Тофиловска Камишевска во звањето асистент, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1354 од 1.6.2026 година, поради техничка грешка, се врши следнава исправка:

- на стр. 165, во насловот наместо текстот:
-

„Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: *МЕТОДИКА (ВО НАСТАВАТА ПО БИОЛОГИЈА)* И *ДРУГО - МИКОЛОГИЈА* НА ИНСТИТУТОТ ЗА БИОЛОГИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ“, треба да стои текстот:

„Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: *МИКОЛОГИЈА* И *ОБРАЗОВАНИЕ ПО БИОЛОГИЈА* НА ИНСТИТУТОТ ЗА БИОЛОГИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ“.

Рецензентска комисија

Д-р Митко Караделев,
редовен професор, Институт за биологија, ПМФ – Скопје, с.р.

Д-р Катерина Русевска,
редовен професор, Институт за биологија, ПМФ – Скопје, с.р.

Д-р Славчо Христовски,
редовен професор, Институт за биологија, ПМФ – Скопје, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АЛТЕРНАТИВИ НА МЕСО ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО – ТЕХНОЛОШКИ ПРОЦЕС, ЗНАЧЕЊЕ И ИДНА ВИЗИЈА“, ИЗРАБОТЕНА ОД ЕРНЕСА ГОРЧАЈ, ПОДНЕСЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на седницата одржана на 28.5.2026 година, со Одлука бр. 03-606/2 формираше Комисија за оцена на докторската дисертација „Алтернативи на месо од растително потекло – технолошки процес, значење и идна визија“, изработена од кандидатката Ернеса Горчај, студент на студиската програма Безбедност на храна, во состав: проф. д-р Павле Секуловски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (претседател), проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (ментор), проф. д-р Африм Хамиди, редовен професор на Факултетот за земјоделство и ветеринарство, Универзитет „Хасан Приштина“, Приштина, Р Косово (член), проф. д-р Велимир Стојковски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (член), и проф. д-р Деан Јанкулоски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (член).

Комисијата, во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката Ернеса Горчај, со наслов: „Алтернативи на месо од растително потекло – технолошки процес, значење и идна визија”, содржи 90 страници компјутерски обработен текст напишан со фонтот Times New Roman, со растојание 1,5 и големина на фонтот – 12. Во дисертацијата се вклучени и над 100 библиографски наводи, во кои доминираат релевантни и современи примарни научни публикации од областа на технологијата и безбедноста на храната.

Трудот е збогатен со повеќе слики и табели (вкупно 20 графички и табеларни прикази), кои придонесуваат за подобра визуелизација и интерпретација на резултатите.

Докторската теза е структурирана во 7 главни поглавја, систематизирани во точки и потточки со соодветни наслови и поднаслови, што овозможува јасно и логично следење на материјалот обработен во истражувањето.

Дисертацијата е логично структурирана и целосно ја следи академската форма типична за докторски трудови. Напишана е на јасен, прецизен и научно коректен јазик, со соодветна употреба на стручна терминологија од областа на технологијата на храна, нутриционизмот и микробиологијата. Во трудот на систематски начин се опфатени теоретските основи, поставените цели, применетата методологија, добиените резултати и нивната научна интерпретација, што го прави трудот целосна и добро организирана научна целина.

Темата на дисертацијата е високо актуелна и значајна, како од научен, така и од поширок апликативен аспект. Растителните алтернативи на месото претставуваат категорија на прехранбени производи којашто брзо се развива и е поврзана со глобалните трендови за одржлива исхрана, намалување на

животинското производство и развој на иновативни прехранбени технологии. Кандидатката успешно ја обработува оваа тема преку интегриран пристап, анализирајќи ги технолошките, физичко-хемиските, нутритивните и микробиолошките аспекти, како и перцепцијата на потрошувачите.

Трудот дава значаен придонес во разбирањето на комплексноста на растителните алтернативи на месо како индустриски производи и ја нагласува улогата на технолошките процеси, формулацијата и условите на складирање врз нивниот квалитет и безбедност. Дополнително, трудот покажува како современите аналитички методи можат да се применат во евалуација на овие производи и во обезбедување на нивната безбедност и стабилност.

Јазикот е формален и научно прецизен, а стилот е конзистентен и во согласност со академските стандарди за пишување докторска дисертација. Целокупната структура на трудот покажува високо ниво на академска дисциплина, методолошка јасност и развиено научно размислување.

Во **воведот** на докторската дисертација со наслов: „Алтернативи на месо од растително потекло – технолошки процес, значење и идна визија“, кандидатката дава преглед на податоците и истражувањата поврзани со растителните алтернативи на месо како современа категорија на прехранбени производи. Истражувањето кое е предмет на дисертацијата е насочено кон анализа на овие производи, нивниот технолошки процес на производство, физичко-хемиските својства, нутритивниот состав, микробиолошката безбедност и перцепцијата на потрошувачите.

Темата е во согласност со актуелните глобални трендови поврзани со одржливо производство на храна, намалување на зависноста од животински протеини и развој на иновативни прехранбени производи. Кандидатката го поставува истражувањето во контекст на потребата за создавање производи кои ќе ги задоволат и технолошките и нутритивните стандарди, но и очекувањата на современиот потрошувач.

Главната цел на трудот е да се изврши интегрирана евалуација на растителните алтернативи на месо произведени во индустриски услови, со фокус на нивната стабилност, квалитет и безбедност. За таа цел, кандидатката комбинира повеќе современи аналитички пристапи, вклучувајќи физичко-хемиски анализи, анализа на маснокиселински профил, микробиолошка евалуација и анализа на потрошувачка перцепција.

Истражувањето се базира на обемни лабораториски анализи на 100 различни формулации на растителни алтернативи на месо, произведени во индустриски услови. Производите се подложени на термичка обработка под различни услови и анализирани во текот на складирање во ладен режим, со цел да се утврди нивната стабилност и микробиолошка безбедност. Дополнително, се спроведува и анкета со потрошувачи, со што се добива поширока слика за нивната информираност, ставови и подготвеност за прифаќање на овие производи.

Резултатите покажуваат значителна варијабилност во составот и карактеристиките на анализираните производи, што укажува на комплексноста на нивната формулација и технолошка обработка. Утврдена е доминација на полинезаситени масни киселини, што укажува на потенцијално поволен нутритивен профил. Од микробиолошки аспект, производите покажуваат добра стабилност во почетните фази на складирање, додека при продолжено складирање се забележува појава на одредени индикаторни микроорганизми, што ја нагласува важноста на контролата на постпроцесната хигиена и ладниот синџир.

Анкетата кај потрошувачите покажува умерено ниво на информираност и позитивна почетна перцепција, но ограничена подготвеност за целосна замена на традиционалните месни производи. Како главни ограничувачки фактори се издвојуваат цената, достапноста и навиките во исхраната.

Добиените резултати укажуваат дека растителните алтернативи на месо претставуваат технолошки перспективна категорија на производи, но нивниот развој бара интегриран пристап кој ги опфаќа технолошките, нутритивните, микробиолошките и потрошувачките аспекти. Истражувањето ја нагласува потребата од понатамошни научни анализи, подобрување на регулаторните рамки и зголемување на довербата кај потрошувачите.

Во поглавјето насловено **Материјал и методи,** кандидатката дава детална и добро структурирана методолошка евалуација на применетиот истражувачки пристап. Тоа е научно јасно, технички прецизно и усогласено со современите стандарди во областа на технологијата и безбедноста на храната. Посебно се истакнува неговата висока применлива вредност, особено во контекст на индустриското производство и контрола на квалитетот и безбедноста на растителните алтернативи на месо.

Дизајнот на истражувањето е поставен како индустриски релевантна, описна и мултидисциплинарна студија, фокусирана на анализа на 100 различни формулации на растителни алтернативи на месо произведени во контролирани индустриски услови. Овие производи вклучуваат *салама-тип* и *франкфуртер-тип* производи, што овозможува реалистичен пристап во проценката на различни технолошки формулации. Применетиот пристап на производство во индустриски услови овозможува висока практична релевантност на резултатите и нивна директна применливост во прехранбената индустрија.

Технолошкиот процес вклучува повеќе фази, како што се подготовка и мешање на состојките, обликување, полнење во обвивки, термичка обработка и складирање во контролирани услови. Производите се обработени при температура од 92 °C со различни времетраења на обработка (90, 150 и 210 минути), што овозможува евалуација на влијанието на термичката обработка врз физичко-хемиските својства и стабилноста на производите. Складирањето е спроведено во ладен режим (0–4 °C), со следење на промените во текот на различни временски интервали, што овозможува анализа на нивната микробиолошка стабилност.

Физичко-хемиската карактеризација на примероците вклучува одредување на влага, протеини, масти, влакна, сол, pH и активност на вода. Овие параметри се анализирани со примена на стандардизирани и валидирани методи, што обезбедува сигурност и репродуктивност на добиените резултати. Дополнително, анализата на маснокиселинскиот состав со примена на гасна хроматографија (GC) овозможува детална проценка на нутритивниот профил на производите, особено во однос на заситените, мононезаситените и полинезаситените масни киселини.

Микробиолошките анализи се спроведени согласно со меѓународно прифатени ISO-стандарди, со цел утврдување на присуството на релевантни патогени и индикаторни микроорганизми, како што се: *Salmonella spp*., *Listeria monocytogenes*, *Escherichia coli*, *Staphylococcus aureus* и *Bacillus cereus*. За идентификација на изолатите се користи современа техника MALDI-TOF, која обезбедува висока точност и сигурност во идентификацијата на микроорганизмите.

За процена на потрошувачката перцепција е применет структуриран прашалник, спроведен кај 200 испитаници од повеќе градови. Овој пристап

овозможува поврзување на лабораториските резултати со реалните ставови и навики на потрошувачите, што претставува значаен придонес за интегрираната анализа на производите.

Статистичката обработка на добиените податоци е извршена со примена на соодветни статистички методи, вклучувајќи дескриптивна анализа и анализа на варијанса (ANOVA), што овозможува научно валидна интерпретација на резултатите и оценка на варијабилноста помеѓу различните формулации.

Во поглавјето **Резултати и дискусија,** прикажани и дискутирани се резултатите од докторската дисертација, со посебен акцент на интерпретацијата на добиените податоци во контекст на релевантната научна литература. Резултатите се презентирани систематски и овозможуваат целовито согледување на физичко-хемиските карактеристики, нутритивниот состав, технолошките параметри и микробиолошката безбедност на растителните алтернативи на месо.

Физичко-хемиската анализа покажува значителна варијабилност во составот на анализираните производи. Содржината на протеини варира во широк опсег, што укажува на силно влијание на користените суровини и нивната комбинација во формулацијата. Формулациите со повеќе концентрирани извори на протеини (соја, грашок, глутен, мешунки) покажуваат повисоки вредности, додека производите со повисока содржина на вода и масти имаат релативно пониска концентрација на протеини. Овие резултати се во согласност со наодите од релевантни студии, кои укажуваат на хетерогеноста на растителните алтернативи на месо и зависноста на нивниот состав од применетата формулација.

Во однос на липидниот профил, анализата на масни киселини со примена на GC метода покажа доминација на полинезаситени масни киселини, особено линолната киселина, што укажува на потенцијално поволен нутритивен аспект на производите. Мононезаситените масни киселини се релативно стабилни, додека заситените масни киселини покажуваат варијации во зависност од видот на употребените масла и масти. Не е утврдено присуство на трансмасни киселини, што претставува позитивна карактеристика од здравствен аспект. Овие резултати се во согласност со современите истражувања, кои покажуваат дека растителните производи често имаат поповолен липиден профил во споредба со традиционалните месни производи.

Термичката обработка се идентификува како значаен технолошки фактор кој влијае врз квалитетот на производите. Со зголемување на времетраењето на обработката доаѓа до значително намалување на содржината на влага, што резултира со промени во текстурата и стабилноста. Производите обработени подолго време имаат пониска содржина на вода, што е во согласност со познатите технолошки принципи и литературата од оваа област.

Од микробиолошки аспект, резултатите покажуваат дека производите имаат добра стабилност во почетниот период на складирање. Не е утврдено присуство на значајни патогени микроорганизми, како *Salmonella spp*. и *Listeria monocytogenes*, што укажува на ефективноста на применетиот термички процес и соодветните хигиенски услови при производство. Меѓутоа, при продолжено складирање се забележува појава на одредени индикаторни микроорганизми, како *Escherichia coli, Staphylococcus aureus* и *Bacillus cereus*, што укажува на можност за постпроцесна контаминација или преживување на спори.

Овие наоди се во согласност со податоците од современата литература, која укажува дека растителните производи, иако генерално се сметаат за побезбедни од сурово месо, сепак не се микробиолошки стерилни и можат да претставуваат

ризик при несоодветна обработка или складирање. Особено значење имаат факторите како активноста на вода, pH-вредноста и контролата на ладниот синџир.

Од аспект на потрошувачката перцепција, резултатите покажуваат умерено ниво на информираност и, генерално, позитивна почетна реакција кон ваквите производи. Сепак, релативно мал процент од испитаниците изразуваат подготвеност за целосна замена на традиционалните месни производи. Главни ограничувачки фактори се цената, достапноста и навиките во исхраната, што е во согласност со наодите на други истражувања во оваа област.

Иако резултатите укажуваат на поволен нутритивен и технолошки потенцијал на растителните алтернативи на месо, нивната комплексност и варијабилност бара внимателна евалуација и оптимизација на формулацијата и технолошките процеси. Дополнително, потребна е континуирана контрола на микробиолошката безбедност, особено при продолжено складирање.

Во целина, споредбата со релевантната научна литература потврдува дека добиените резултати се во согласност со глобалните трендови, но истовремено укажуваат на специфични предизвици поврзани со индустриското производство и прифатливоста кај потрошувачите. Ова ја нагласува научната и практичната вредност на истражувањето и неговиот придонес во развојот на оваа брзорастечка област.

Поглавјето **Заклучоци** во докторската дисертација претставува јасна, логично структуирана и аргументирана синтеза на добиените резултати и нивното значење од научен и практичен аспект. Авторката успешно ги поврзува експерименталните наоди со поставените цели на истражувањето, при што заклучоците се директно засновани врз анализираните податоци и нивната научна интерпретација.

Во првиот дел од заклучоците, јасно се истакнува дека растителните алтернативи на месо претставуваат комплексна и хетерогена група на прехранбени производи, чиј квалитет и стабилност во голема мера зависат од формулацијата, изборот на состојки и применетите технолошки процеси. Овој заклучок е целосно оправдан, имајќи ја предвид значителната варијабилност во физичко-хемискиот состав и технолошките карактеристики утврдени во рамките на истражувањето.

Посебно значење има интерпретацијата на нутритивниот профил на анализираните производи. Утврдена е доминација на полинезаситени масни киселини и отсуство на трансмасни киселини, што од нутритивен аспект може да се смета како позитивна карактеристика. Сепак, авторката правилно нагласува дека ваквите поволни својства не можат автоматски да се генерализираат за сите производи од оваа категорија, туку зависат од конкретната формулација и употребените суровини. Овој пристап укажува на зрел научен став и објективна евалуација на резултатите.

Во однос на микробиолошката безбедност, заклучоците укажуваат дека термички обработените растителни алтернативи на месо покажуваат задоволителна стабилност во почетните фази на складирање. Меѓутоа, при продолжено складирање е забележано ограничено присуство на одредени индикаторни микроорганизми, што ја нагласува важноста на строгата контрола на постпроцесната хигиена, управувањето со ладниот синџир и редовниот микробиолошки мониторинг. Со тоа, трудот ја истакнува важноста на интегриран пристап кон безбедноста на храната.

Заклучоците соодветно ја нагласуваат и технолошката димензија на истражувањето, при што се потенцира влијанието на термичката обработка и

складирањето врз физичко-хемиските својства на производите. Овие наоди имаат значајна применлива вредност во индустриското производство и оптимизацијата на технолошките процеси.

Дополнително, авторката ја истакнува и улогата на потрошувачката перцепција, при што се утврдува дека иако постои одредено ниво на информираност и позитивен став, подготвеноста за целосна замена на традиционалните месни производи е ограничена. Како главни фактори се наведуваат цената, достапноста и навиките во исхраната, што ја нагласува потребата од поширок пристап кој ги обединува научните и пазарните аспекти.

Заклучоците имаат значајна применлива вредност, особено во контекст на развојот и регулацијата на оваа категорија производи. Препораките дадени во трудот, кои се однесуваат на понатамошни истражувања, подобрување на технолошките процеси, зголемување на микробиолошката безбедност и унапредување на регулаторните рамки, се јасни, реалистични и директно произлегуваат од добиените резултати.

Во завршниот дел, авторката соодветно ги нагласува насоките за идни истражувања, вклучувајќи моделирање на рокот на траење, анализа на микроорганизми поврзани со расипување, испитување на спори и флуктуации во ладниот синџир, како и развој на појасни критериуми за квалитет и безбедност. Со тоа, дополнително се потврдува научната релевантност и долгорочната вредност на дисертацијата.

Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатката Ернеса Горчај, со наслов: „Алтернативи на месо од растително потекло – технолошки процес, значење и идна визија“, претставува оригинално и современо научно истражување во областа на технологијата и безбедноста на храната, со посебен акцент на иновации и развој на растителни алтернативи на месо.

За време на подготовката на тезата се почитувани основните научни и методолошки принципи на истражувањето. Сите добиени податоци се систематски обработени и анализирани, а резултатите се во целосна согласност со поставената тема и дефинираните цели на истражувањето. Од анализите се извлечени јасни, аргументирани и научно засновани заклучоци, со што целосно се оправдува изведената студија.

Подготовката на оваа докторска дисертација овозможува добивање на нови и значајни научни сознанија во врска со технолошките, физичко-хемиските и микробиолошките карактеристики на растителните алтернативи на месо, како и нивната нутритивна вредност и прифатливост кај потрошувачите. Истражувањето дава значаен придонес и во разбирањето на индустриското производство на овие производи и факторите кои влијаат врз нивниот квалитет и безбедност.

Дисертацијата претставува една од првите сеопфатни студии во регионот која ги анализира растителните алтернативи на месо преку интегриран пристап, комбинирајќи технолошки, нутритивни, микробиолошки и потрошувачки аспекти. Примената на современи аналитички методи, како физичко-хемиски анализи, гасна хроматографија за масни киселини, микробиолошки тестирања и современи техники за идентификација на микроорганизми, претставува научно оправдан и иновативен пристап во оваа област.

Со оглед на научниот квалитет, оригиналноста, методолошката издржаност и практичната применливост на добиените резултати,

дисертацијата има значајна вредност како за научната заедница, така и за прехранбената индустрија и институциите од областа на безбедноста на храната.

Врз основа на севкупната анализа, може да се заклучи дека докторската дисертација ги исполнува сите услови и критериуми за докторски труд.

Според мислењето на Комисијата, докторската дисертација „Алтернативи на месо од растително потекло – технолошки процес, значење и идна визија“ ги исполнува законските, научните барања и стандарди и се предлага нејзина јавна одбрана.

Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатката, пред одбраната на докторската теза, ги објавила (како прв автор во меѓународно научно списание со фактор на влијание) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Наслов на трудот: Physicochemical, Functional, and Consumer Relevant Characteristics of Plant-Based Meat Alternatives: The Role of Processing and Ingredients. Gorçaj, Erenesa.Hamidi, Afrim; Hajrulai-Musliu, Zehra. 1Faculty of Agriculture and Veterinary Medicine, University of Pristina, Boulevard “Bill Clinton” N.N., 10000 Prishtina, Kosovo, 2 Faculty of Veterinary Medicine, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje 1000, North Macedonia, Appl. Sci. 2026, 16(4), 1869. https://doi.org/10.3390/app16041869. Фактор на влијание: 2.5 Appl. Sci. 2026, 16(4), 1869.https://doi.org/10.3390/app16041869 2.7

[2]. Наслов на трудот: Microbiological Safety of Industrially Produced Plant-Based Meat Alternatives During Refrigerated Storage: A Descriptive Study. By Erenesa Gorçaj, Besart Jashari, Afrim Hamidi, Zehra Hajrulai-Musliu, Faculty of Agriculture and Veterinary Medicine, University of Pristina, Boulevard “Bill Clinton” N.N., 10000 Prishtina, Kosovo, Kosovo Food and Veterinary Laboratory, Food and Veterinary Agency, Str. Lidhja e Pejes. No 241, 10000 Pristina, Kosovo, Faculty of Veterinary Medicine, Ss. Cyril and Methodius University, Lazar Pop-Trajkov 5–7, 1000 Skopje, North Macedonia Appl. Sci. 2026, 16(10), 4690. https://doi.org/10.3390/app16104690. Фактор на влијание: 2.5

Рецензентска комисија

Проф. д-р Павле Секуловски, редовен професор
на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (претседател), с.р.

Проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (ментор), с.р.

Проф. д-р Африм Хамиди, редовен професор
на Факултетот за земјоделство и ветеринарство, Универзитет „Хасан Приштина“ во Приштина (член), с.р.

Проф. д-р Велимир Стојковски, редовен професор
на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (член), с.р.

Проф. д-р Деан Јанкулоски, редовен професор
на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (член), с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕЛЕКТРОНИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, објавен во весникот „Нова Македонија“ од 18.4.2026 година, за избор на асистент по предметите од наставно-научната област 2.02.00.10 – електроника, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, бр. 02-905/7, донесена на 20.5.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Катерина Ралева, редовен професор, д-р Љупчо Карацинов, редовен професор и д-р Томислав Карталов, редовен професор.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент по предметите од наставно-научната област електроника, во предвидениот рок се пријави еден кандидат.

1. Биографски податоци

Марко Камиловски е роден на 26.3.1999 во Скопје, Република Македонија. Средно образование завршил во СУГС „Орце Николов“ во Скопје, во 2017 година, на насоката природно-математичка А, каде што и воедно е прогласен за првенец на генерацијата. Одликуван е и со признание од градоначалникот на град Скопје за најдобар матурант во учебната 2016/2017 година.

Во учебната 2017/2018 година се запишал на прв циклус академски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Компјутерско хардверско инженерство и електроника. Во секоја од четирите години на студирањето е наградуван во листата на студенти со просек над 9. Дипломирал на 7.9.2021 година со одбрана на дипломскиот труд со наслов: „Дизајн на 8-битен процесор во VHDL“, под менторство на проф. д-р Катерина Ралева. Додипломските студии ги завршил со просечна оценка 9,85 и се стекнал со 240 ЕКТС-кредити.

Во академската 2021/2022 година, кандидатот Марко Камиловски се запишал на втор циклус студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на студиската програма Енергетска електроника. Во текот на постдипломските студии, покажал особен интерес за истражувања во областа на моделирањето на енергетските транзистори во DC-DC конверторите, како и за примената на нови материјали во енергетската електроника. Магистерските студии ги завршил со просечна оценка 10,00. Магистрирал на 22.5.2023 година, со одбрана на магистерскиот труд „DC-DC конвертори во GaN-технологија“, под менторство на проф. д–р Катерина Ралева.

Во академската 2023/2024 година, кандидатот Марко Камиловски се запишува на трет циклус студии на Докторската школа – Електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Истражувањата во областа на GaN-транзисторите започнати во рамки на неговиот магистерски труд, ги продолжува и ги продлабочува преку проучување на електростатските карактеристики на овие структури на криогени температури.

Веднаш по дипломирањето, кандидатот Марко Камиловски бил ангажиран како демонстратор на Институтот за електроника. На оваа позиција бил избран двапати: во учебната 2021/2022 година и во учебната 2022/2023 година. Во октомври 2023 година е избран во звањето асистент за предметите од областа електроника, Билтен бр. 1292 од 1.10.2023 година. Како асистент држи аудиториски и лабораториски вежби по предметите: Електроника 1, Електроника 2, Логички дизајн, Енергетска електроника и лабораториски вежби по предметот Практикум по инженерски алатки. Коавтор е на учебното помагало „Збирка решени задачи по предметот Електроника“ од Т. Карталов, Н. Јовановски, М. Камиловски и Б. Геразов, издаден од ФЕИТ.

Во рамките на активностите на Институтот за електроника, кандидатот Марко Камиловски како асистент, учествувал во подготовката и реализацијата на работилницата „Технологија за тебе 2026“, на натпреварите „RoboMac Junior” (2024 – 2026) и „RoboMac” (2024 – 2026), како и обуката „Практична електроника и вградливи микрокомпјутерски системи“.

Покрај активностите на Институтот, кандидатот активно се вклучува и во промотивните активности на ФЕИТ. Исто така, вклучен е во проектите ,,Европско надградување на студентите за одржливо претприемништво“ од програмата Erasmus+ и „ПРАКТична Интегрирана Конфигурабилна лабораторија за Обука и Настава (ПРАКТИКОН)” – финансиран од МОН и УКИМ. Во рамки на првиот проект, учествувал во изработката на материјали за обука од програмата 3D-принтање. Кандидатот бил и ментор на тим на студенти во рамки на студентскиот проект: “Innovation in Smart Anything Everywhere (INNO-SAE)”, во периодот од ноември 2023 до декември 2023 година.

Од 2022 година, кандидатот Марко Камиловски е член на Македонската секција на IEEE. Во 2024 година бил избран за претставник на Македонската секција на IEEE на IEEE Region 8 Student and Young Professional Congress во Гренобл, Франција. Конгресот претставува значаен регионален настан кој ги обединува студентите и младите професионалци од IEEE Region 8 преку технички сесии, работилници, обуки за професионални вештини и активности за вмрежување. Учеството на овој конгрес овозможува размена на искуства со млади инженери и истражувачи од повеќе земји, како и проширување на професионалните контакти во рамки на IEEE-заедницата.

2. ОЦЕНКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА КАНДИДАТОТ ВО СОГЛАСНОСТ СО ОПШТИТЕ И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ

Кандидатот м-р Марко Камиловски има завршено прв и втор циклус академски студии со 302 ЕКТС-кредити; се стекнал со назив – магистер по електротехника и информациски технологии од областа енергетска електроника; има остварено просечен успех од 9,85 на прв циклус студии и просечен успех од 10,00 на втор циклус студии; има познавање на англиски јазик, степен C1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), со што ги исполнува општите услови за избор во звањето асистент. Од последниот избор во звањето асистент (Билтен бр. 1292 од 1.10.2023 година), кандидатот има презентирано два труда на научни конференции, има објавено еден труд во научно списание, коавтор е на рецензирана збирка со решени задачи по предметот Електроника, учествувал во два научноистражувачки проекта, бил ментор на студентски тим во рамките на студентски проект и активно учествувал во организација на седум работилници, школи и обуки.

3. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА ОД ПОЧЕТОКОТ НА КАРИЕРАТА ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во периодот од октомври 2021 до денес, кандидатот работи како демонстратор за вежби на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје. Како асистент, кандидатот е ангажиран за аудиториски и лабораториски вежби по предметите: Електроника 1, Електроника 2, Логички дизајн и Енергетска електроника и лабораториски вежби по предметот Практикум по инженерски алатки.

Дополнително, кандидатот учествува во подготовки на повеќе обуки, натпревари и работилници како: „Технологија за тебе“,„RoboMac Junior“, „RoboMac“ и „Практична електроника и вградливи микрокомпјутерски системи“.

Научноистражувачка дејност

М-р Марко Камиловски има публикувано 2 научни труда во зборници на трудови на научни конференции и еден труд во научно списание со меѓународен уредувачки одбор:

1. Marko Kamilovski and Katerina Raleva, “DC-DC Converters in GaN Technology – Measurements and SPICE Simulations”, 16th International Conference ETAI , 21-23 September 2024, Struga, North Macedonia; and in *ETAI 2024 Conference Proceedings*, Vol. 3, Issue 1, pp. 41-46, 2024.
2. N. Giogrgia, B. Glusica, M. Kamilovski et al., “The Role of AI in Supporting Mathematical Reasoning for Electronics Problems”, 32nd Int. Conf. on Systems, Signals and Image Processing, June 24-26, 2025, Skopje, North Macedonia.

3. Marko Kamilovski, Katerina Raleva and Mario Makraduli, “A Comparative Study of Switching Performances and Efficiency of GaN, SiC and Si Based DC-DC Converters”, *Journal of Electrical Engineering and Information Technologies,* Vol. 8, No.2, pp. 117-128. 2023.

Учество во научноистражувачки проекти

1. Марија Календар (раководител), Маре Србиновска (раководител) и Марко Камиловски (учесник), „Европско надградување на студентите за одржливо претприемништво” од програмата Erasmus+, во периодот 1.9.2024 – 31.8.2026.
2. Томислав Карталов (раководител) и Марко Камиловски (учесник), „ПРАКТична Интегрирана Конфигурабилна лабораторија за Обука и Настава (ПРАКТИКОН)” – финансиран од МОН и УКИМ, во периодот 2025 –.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

М-р Марко Камиловски бил дел од организација на осум работилници, школи и обуки. Коавтор е на учебното помагало „Збирка решени задачи по предметот Електроника“, Т. Карталов, Н. Јовановски, М. Камиловски и Б. Геразов, издаден од ФЕИТ, 2024 година. Бил ментор на тим студенти во рамки на студентскиот проект: “Innovation in Smart Anything Everywhere (INNO-SAE)”, од ноември 2023 до декември 2023 година.

Учество на работилници, школи и обуки

1. Натпревар „RoboMac Junior” (2024 – 2026), организација: ФЕИТ (Институт за автоматско и системско инженерство и Институт за електроника).
2. Натпревар „RoboMac” (2024 – 2026), организација: ФЕИТ (Институт за автоматско и системско инженерство и Институт за електроника).
3. Работилница за развојни микропроцесорски системи од проектот „Технологија за тебе”, 2026, во организација на Логинг и ФЕИТ.
4. Обука „Практична електроника и вградливи микрокомпјутерски системи“ (2025), во организација на INNOFEIT EDIH.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: м-р Марко Камиловски
Институција: Факултет за електротехника и информациски технологии
Научна област: електроника

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити	да
2	Стекнат назив – магистер од соодветната област Назив на научната област: магистер по електротехника и информациски технологии	да
3	Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,85. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00.	да
4	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски, ниво С1 според Европската јазична рамка на советот на Европа (CEFR) 2. Назив на документот: уверение 3. Издавач на документот: Cambridge English Language Assessment (Part of the University of Cambridge) 4. Датум на издавање на документот: 27.6.2016	да

4. Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Марко Камиловски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од почетокот на кариерата до денес, Комисијата заклучи дека м-р Марко Камиловски поседува научни и стручни квалитети според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со што ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во наставно-научната област електроника.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, м-р Марко Камиловски да биде избран во звањето асистент во наставно-научната област електроника.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Катерина Ралева, претседател, с.р.
Проф. д-р Љупчо Карацинов, член, с.р.
Проф. д-р Томислав Карталов, член, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СИСТЕМСКО ИНЖЕНЕРСТВО, АВТОМАТИКА И РОБОТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Факултетот за електротехника и информациски техологии во Скопје, објавен во весникот „Нова Македонија “ од 18.4.2026 година, за избор на асистент по предметите од наставно-научната област 2.02.00.21 – СИСТЕМСКО ИНЖЕНЕРСТВО, АВТОМАТИКА И РОБОТИКА, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, бр. 02-905/5, донесена на 20.5.2026, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Весна Ојлеска Латкоска (претседател), вонр. проф. д-р Горјан Нацински (член) и вонр. проф. д-р Душко Ставров (член).

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент по предметите од наставно-научната област **системско инженерство, автоматика и роботика (2.02.00.21)**, во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Благој Христов, дипломиран инженер по електротехника и информациски технологии.

1. Биографски податоци и образование

Благој Христов е роден на 12.10.1997 година во Велес. Основното училиште го завршил во 2012 година, додека во 2016 година завршил средно образование во гимназијата „Кочо Рацин“ во Велес, со континуиран одличен успех. Во текот на овој период, тој е редовен учесник на регионални и државни натпревари по математика и англиски јазик. Во учебната 2016/2017 година се запишал на редовни додипломски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) во Скопје, на насоката Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика (КСИАР). Во текот на факултетското образование, тој е постојано наградуван за успешно завршување на студиите во секоја студиска година со просек над 9. На 29 декември 2020 година се стекнал со диплома на дипломиран инженер по електротехника и информациски технологии, со просечна оценка на положените испити 9,63 и дипломска работа со наслов: „Дизајн на миоелектрична функционална роботска протеза за рака“. Во 2021 година се запишал на постдипломски студии на ФЕИТ, на насоката Автоматика, роботика и системско инженерство (АРСИ) и по едногодишно студирање на 7 јуни 2022 година се стекнал со диплома на магистер по електротехника и информациски технологии со просечна оценка на положените испити 10,0 и магистерска работа со наслов: „Реализација на миоелектрична роботска протеза за рака со способност за индивидуална флексија на прстите“. Веднаш потоа се запишува на докторски студии на Докторската школа на УКИМ, на насоката Електротехника и информациски технологии, каде што активно работи на развивање на прототип на миоелектрична роботска протеза за подлактница.

За време на додипломските студии, во 2017 година е примен и како демонстратор по лабораториски вежби на ФЕИТ за предметот Програмирање и алгоритми, додека во 2018 година одржувал консултации по предметот Податочни структури и програмирање како студент демонстратор. Во текот на неговите студии, тој извршува и практикантска работа во повеќе фирми од различни области. Во 2018 година присуствувал на едномесечна пракса во „Vision Dynamix“, спин-оф компанија на ФЕИТ, каде што учествувал во развојот на алгоритам за визуелно симултано локализирање и мапирање во реално време. Потоа, во 2019 година својата практикантска работа ја продолжил во фабриката „Marquardt Macedonia” за производство на автомобилски делови, каде што за време на едномесечната пракса има задача да го надгледува производствениот процес и да извршува разни работни задачи зададени од назначениот ментор. Најдолгата петмесечна пракса ја извршувал во 2019/2020 година во „Pinwheel Aerospace“, каде што е примен како дел од тим за истражување и развој на нов систем за управување со воздушниот сообраќај со цел зголемување на ефикасноста, безбедноста и контролата на воздушниот простор. Во периодот од октомври 2021 до септември 2023 година, тој е вработен како демонстратор по

аудиториски и лабораториски вежби на Институтот за автоматика и системско инженерство на ФЕИТ, а потоа од октомври 2023 година е вработен како асистент. Едновремено активно волонтира во организација на меѓународни работилници и натпревари, како што се ROBOMAC и ROBOMAC Junior, а дополнително тој е и активен член во организација и спроведување на обуки за програмабилни логички управувачи.

Покрај мајчиниот македонски јазик, тој течно зборува, пишува и разбира англиски јазик, со ниво на познавање Ц2 утврдено според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR). Неговите компјутерски способности опфаќаат познавање на канцелариски софтвер (Microsoft Office), програмски јазици C, C++, C#, Python и Java, општо познавање на HTML и SQL, како и работа со софтверските пакети MATLAB & Simulink, GX Works и EPLAN. Покрај ова, поседува познавање на оперативните системи Windows и Linux и работа со отворените софтвери Blender, Gazebo Simulator и Robot Operating System (ROS).

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА ОД ПОЧЕТОКОТ НА КАРИЕРАТА ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, ФЕИТ, кандидатот м-р Благој Христов има изведувано аудиториски и лабораториски вежби на прв циклус студии на студиската програма Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика, на предметите: Теорија на системи (лабораториски вежби), Теорија на автоматско управување 1 (аудиториски и лабораториски вежби), Теорија на автоматско управување 2 (лабораториски вежби), Моделирање, симулација и идентификација (аудиториски и лабораториски вежби), Компјутерско водење на процеси (аудиториски и лабораториски вежби), Нелинеарни системи на управување (аудиториски и лабораториски вежби), Проектирање на системи на автоматско управување (аудиториски и лабораториски вежби) и Оптимални управувачи и опсервери (аудиториски и лабораториски вежби).

Како асистент во рамките на дел од овие предмети (Компјутерско водење на процеси), има активно учествувано во ажурирање/изработка на упатствата за лабораториски вежби, а на друг дел од овие предмети (Теорија на автоматско управување 1, Моделирање, симулација и идентификација, Проектирање на системи на автоматско управување) во ажурирање/изработка на материјали за аудиториски и лабораториски вежби.

Благој Христов земал активно учество и како предавач во низа обуки, работилници и натпревари организирани при ФЕИТ.

Научноистражувачка дејност

М-р Благој Христов има објавено вкупно 9 научни труда во меѓународни списанија и зборници од меѓународни научни собири:

[1] **B. Hristov**, Z. Hadzi-Velkov, K. H.-V. Saneva, G. Nadzinski and V. O. Latkoska, “Leveraging convolutional sparse autoencoders for robust movement classification from low-density sEMG” in Scientific Reports, 2026.

[2] K. Paunkoska, G. Nadzinski, **B. Hristov**, J. Zhivadinovikj, A. Dodevski, A. Paunkoska and A. Gjorgieski, “Exploiting EMG Signals for the Recognition of Finger Flexions Using Wavelet Transform and Machine Learning” in Academic Medical Journal, 2024.

[3] M. Bikova, D. Stavrov, V. O. Latkoska and **B. Hristov**, “Model Predictive Control of a 2-DOF Robotic Arm and Comparative Analysis with Fuzzy Logic Control” in ETAI 2024, 2024.

[4] K. Paunkoska, G. Nadzinski, **B. Hristov** and V. O. Latkoska, “Recognizing Finger Flexions From EMG Signals Using Wavelet Transform and Machine Learning” in ETAI 2024, 2024.

[5] M. Stankovski, B. Temelkovski, Y. Jing, **B. Hristov** and G. Nadzinski, “Generalized Interconnected Descriptor Systems: A Synthesis of Decentralized Output Control” in 2024 11th International Conference on Electrical, Electronic and Computing Engineering (IcETRAN), 2024.

[6] **B. Hristov**, A. Nair, G. Rafajlovski, V. O. Latkoska and G. Nadzinski, “Mechanical Design of a Low-Cost 3D Printed Artificial Forearm Prosthesis with the Ability for Individual Finger Control” in Journal of Electrical Engineering and Information Technologies (JEEIT), 2023.

[7] **B. Hristov**, G. Nadzinski, V. O. Latkoska, and S. Zlatinov, “Classification of Individual and Combined Finger Flexions Using Machine Learning Approaches” in 2022 IEEE 17th International Conference on Control & Automation (ICCA), 2022.
[8] M. Bikova, V. O. Latkoska, **B. Hristov**, and D. Stavrov, “Path Planning Using Fuzzy Logic Control of a 2-DOF Robotic Arm” in 2022 IEEE 17th International Conference on Control & Automation (ICCA), 2022.
[9] **B. Hristov** and G. Nadzinski, “Detection of individual finger flexions using two-channel electromyography” in ETAI 2021, 2021.

М-р Благој Христов бил учесник како истражувач во 2 научноистражувачки проекта финансирани од ФЕИТ:

1. Развој на нов индуктивен сензор за мерење на аголна позиција кај возила на електричен погон и истражување на фазни интеракции помеѓу електрични осцилатори кај сензорот, раководен од доц. д-р Душко Ставров, финансиран од ФЕИТ, 2022 – 2023.
2. Реализација на миоелектрична роботска протеза за рака со способност за индивидуална флексија на прстите, раководен од вонр. проф. д-р Горјан Нацински, финансиран од ФЕИТ, 2023 – 2024.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатот земал активно учество и во различни стручно-апликативни дејности и дејности од поширок интерес, од кои дел се наведени подолу.

Кандидатот бил предавач на 2 обуки за работа со програмабилни логички управувачи од типот Mitsubishi, организирани на ФЕИТ, во периодот од 2021 до 2023 (Обука за Mitsuibishi програмабилни логички управувачи, на 16.8.2021, Обука за Mitsuibishi програмабилни логички управувачи, на 30.1.2023).

Кандидатот бил предавач на Обука за предвидување на временски серии со примена на методи од машинско учење, организирана од ФЕИТ во 2025 година, за потребите на ЕВН Македонија.

Кандидатот учествувал како технички организатор на средношколскиот натпревар и работилница ROBOMAC Junior за категоријата „Автономна мобилна роботика“, а потоа и како ментор во организација на категоријата „Роботска рака“ на меѓународниот натпревар и работилница по роботика ROBOMAC, организирани од македонската секција на IEEE и ФЕИТ во 2023, 2024, 2025 и 2026 година. Дополнително, тој одржал и секциско предавање на тема: „Design and realization of a functional forearm prosthetic“.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот Благој Христов континуирано добива позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии.

3. Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Благој Христов.

Кандидатот м-р Благој Христов има завршено прв и втор циклус академски студии со 300 ЕКТС-кредити; се стекнал со назив – магистер по електротехника и информациски технологии; има остварено просечен успех од 9,63 на прв циклус студии и просечен успех од 10,00 на втор циклус студии; има познавање на англиски јазик, степен Ц2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), со што ги исполнува општите услови за избор во звањето асистент, дадени со Образец 1. Кандидатот, со 9 оригинални труда објавени меѓународни списанија и зборници на трудови од научни собири со меѓународен уредувачки одбор, како и со учество во 2 научноистражувачки проекта, ги исполнува и посебните услови за избор во звањето асистент.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од почетокот на кариерата до денес, Комисијата заклучи дека м-р Благој Христов поседува научни и стручни квалитети според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со што ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во научната област системско инженерство, автоматика и роботика (2.02.00.21).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, м-р Благој Христов да биде избран во звањето асистент во научната област системско инженерство, автоматика и роботика (2.02.00.21).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Весна Ојлеска Латкоска, претседател, с.р.
Вонр. проф. д-р Горјан Нацински, член, с.р.
Вонр. проф. д-р Душко Ставров, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: м-р Благој Христов
Институција: Факултет за електротехника и информациски технологии
Научна област: системско инженерство, автоматика и роботика (2.02.00.21)

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

Ред. Број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити	да
2	Стекнат назив – магистер од соодветната област Назив на научната област: магистер по електротехника и информациски технологии	да
3	Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и на вториот циклус академски студии посебно Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,63. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00.	да
4	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски, ниво Ц2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR) 2. Назив на документот: Уверение 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје 4. Датум на издавање на документот: април 2026	да

1.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕЛЕКТРОМАГНЕТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, објавен во весникот „Нова Македонија“ од 18.4.2026 година, за избор на асистент по предметите од наставно-научната област 2.02.00.07 – електромагнетика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, бр. 02-905/6 донесена на 20.5.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Весна Арнаутовски-Тошева, проф. д-р Димитар Ташковски и вонр. проф. д-р Андријана Кухар.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент по предметите од наставно-научната област 2.02.00.07 – електромагнетика, во предвидениот рок се пријави еден кандидат.

1. Биографски податоци

Кандидатот м-р Бојан Глушица е роден на 11.4.1997 година во Охрид, Република Македонија. Своето средно образование го завршил во ОСУ „Св. Климент Охридски” во Охрид, во 2016 година. На Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, се запишал во 2016/2017 година на прв циклус академски студии на студиската програма Компјутерско хардверско инженерство и електроника. Дипломирал на 29.9.2020 година со одбрана на дипломскиот труд со наслов: „Неурална аудио синтеза“, под менторство на вонр. проф. д-р Бранислав Геразов. Додипломските студии ги завршил со просечна оценка 9,56 и се стекнал со 245 ЕКТС-кредити.

Во текот на студиите, во учебната 2019/2020 бил ангажиран како студент демонстратор за дополнителни консултации по предметот Електромагнетика. Дополнително, во текот на студиите, изведувал практикантска работа од по еден месец во фирмите Аудио Експерт Скопје во 2018 и 2019, како и во Сеавус ДООЕЛ – Скопје во 2020 година.

Во академската 2020/2021 год., кандидатот Бојан Глушица се запишал на втор циклус академски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на студиската програма Енергетска ефикасност, животна средина и одржлив развој. На 2.11.2022 година го одбранил магистерскиот труд со наслов: „Пресметување на електричното и магнетното поле во околина на далноводи со примена на нумерички методи“, под менторство на проф. д-р Весна Арнаутовски-Тошева. Магистерските студии ги завршил со просечна оценка 10,00 и се стекнал со 60 ЕКТС-кредити. Во учебната 2023/2024 година се запишал на трет циклус (докторски) студии на ФЕИТ, на студиската програма Електротехника и информациски технологии.

Кандидатот во учебните 2020/2021, 2021/2022 и 2022/2023 год. бил избран за демонстратор по предмети од студиски програми што ги сервисира Институтот за електроника. Од октомври 2023 г. е вработен како асистент на Факултетот за електротехника и информациски технологии.

Паралелно со ангажираноста во наставната дејност, кандидатот Бојан Глушица врши истражувања во областите биомедицинско инженерство, примена на нумерички методи во електромагнетиката и електромагнетни влијанија. Кандидатот активно учествува во научноистражувачки проекти, како и во организација на работилници и натпревари за средношколци и студенти.

2. Оценка за остварувањето на кандидатот во согласност со општите и посебните услови за избор во звањето асистент

Кандидатот м-р Бојан Глушица завршил прв и втор циклус академски студии со 305 ЕКТС-кредити; се стекнал со назив – магистер по електротехника и информациски технологии; има

остварено просечен успех од 9,56 на прв циклус студии и просечен успех од 10,00 на втор циклус студии; има познавање на англиски јазик, со степен Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), со што ги исполнува општите услови за избор во звањето асистент. Кандидатот има објавено 8 труда во меѓународни научни списанија и зборници на конференции, со што ги исполнува посебните услови за избор на звањето.

3. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА ОД ПОЧЕТОКОТ НА КАРИЕРАТА ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Кандидатот м-р Бојан Глушица од зимскиот семестар во учебната 2023/2024 до денес е вработен на Факултетот за електротехника и информациски технологии и е ангажиран како асистент при Институтот за електроника. Во овој период, кандидатот држел аудиториски вежби од предметите Електроника и Електромагнетика, како и лабораториски вежби од предметите Електромагнетна компатибилност, Електроника, Електроника 1, Аналоген дизајн, Дигитална и индустриска електроника, Нумерички методи и Практикум по инженерски алатки. Во периодот од октомври 2020 до септември 2023 година, кандидатот работел како демонстратор за аудиториски и лабораториски вежби. Кандидатот бил ангажиран за аудиториски вежби по предметите Електроника и Електромагнетика, како и лабораториски вежби по предметите Електроника, Електроника 1, Дигитална и индустриска електроника, Логички дизајн, Дигитален CMOS дизајн, Биомедицинска електроника и Практикум по Matlab.

Научноистражувачка дејност

М-р Бојан Глушица има објавено вкупно 8 научни труда, од кои 3 труда во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор и 5 труда во зборници на меѓународни научни собири. Кандидатот има учествувано и во 3 научноистражувачки проекти.

Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор

[1] Bilbiloska C., Todorova E., **Glushica B.**, Kuhar A. “Computation of Conduction and Displacement Current Densities in Modelled Human Organs near an Overhead Transmission Line.” *Engineering Proceedings*, 2026; 122(1):9.

Во овој труд е моделиран целосен систем составен од упростен модел на човек поставен под далновод. Системот е употребен за анализа и проценка на густината на кондукциони струи и густината на струи на електрично поместување што се јавуваат во човекот кога е изложен на полињата од далноводот. Со помош на симулаторот CST Studio Suite 2018, по нумерички пат се добиени густините на струи во внатрешноста на човекот, каде што е направена споредба на добиените интензитети во одделните органи и референтните нивоа што се однесуваат на заштита од изложеност од електромагнетни полиња и нивните резултантни густини на струи.

[2] **B. Glushica**, B. Markovski, A. Kuhar, V. Arnautovski Toseva, “Assessment of human exposure to electric and magnetic fields near transmission lines using FEMM,” *Journal of Energy Technology, Vol. 16, No. 1, pp. 41-50,* 2023.

Во овој труд е направена проценка на изложеноста на човекот на електромагнетни полиња што потекнуваат од далноводи. Направени се нумерички пресметки на интензитетот на електромагнетните полиња во околина на надземни и подземни далноводи со различни конфигурации. Направена е и верификација на пресметките со објавени резултати, резултати од друг нумерички метод и резултати од направени мерења.

[3] **B. Glushica**, A. Kuhar and V. Arnautovski Toseva, “Accuracy investigation of FDM, FEM and MOM for a numerical solution of the 2D Laplace’s differential equation for electrostatic problems,” *The Journal of CIEES*, Vol. 1, Issue 2, pp. 26-30, 2021.

Во овој труд, презентирана е анализа на точноста на пресметките кај три од најчесто употребуваните нумерички методи за решавање на Лапласовата равенка во дводимензионален домен со Дирихлеови гранични услови. Направена е споредба на нумерички добиените резултати со аналитичките, при што е анализирано влијанието на

дискретизацијата врз точноста на решението во различни точки од доменот. Посочени се предности и недостатоци на методите.

Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен собир каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји

[4] Kuhar A., Markovski B., **Glushica B.**, Arnautovski-Toseva V., “Electric Potential Calculation in Muscle Tissue: A Method of Moments Approach,” *6th International Conference on Communications, Information, Electronic and Energy Systems - CIEES 2025*, 26–28 November 2025, Ruse, Bulgaria.

Во овој труд е направен нумерички модел за одредување на распределбата на електричниот потенцијал во мускулно дисперзивно ткиво, екситирано од точкест струен извор поставен на површината на мускулот. Методот на моменти (MoM) е искористен за нумеричко решавање на интегралната равенка на електричното поле со егзактни Гринови функции. Резултатите покажуваат одлично поклопување на нумеричките вредности при различни фреквенции со вредности добиени по аналитички пат од идентичен репрезентативен систем.

[5] Kamchev J., **B. Glushica**, M. Milanoski, T. Atanasovski, B. Ginoski, N. Jovanovski, M. Makraduli, D. Dimitrovski, and B. Gerazov, “Design and implementation of a laboratory-scale photobioreactor,” *In Proceedings of ETAI 2024*, pp. 117 – 122, Struga, Macedonia, 21 – 23 Sep 2024.

Во овој труд е дизајниран и имплементиран модуларен систем за осветлување на лабораториски фотобиореактор. Системот содржи лед диоди кои емитираат светлина на инфрацрвена, портокалова и зелена бранова должина. Направени се нумерички пресметки како појдовна точка за дизајнот на системот и оптимална поставеност на диодите. Со користење на микроконтролер, успешно е реализиран систем кој може да управува со интензитетот на осветлување и времетраењето на осветлување што соодветствува на промена на осветленост во едно денонoќие. Модуларноста на системот овозможува промена на аголот на емитирање на светлина за приспособување кон различна лабораториска опрема.

[6] **B. Glushica**, A. Kuhar, V. Arnautovski Toseva, “Computation of current densities in spheroidal human model originating from electromagnetic fields exposure near transmission lines,” *16th International Conference on Applied Electromagnetics – ПЕС 2023, Niš, Serbia,* 28-30 August, 2023.

Во овој труд е направена пресметка на густини на струи во човечко тело кои произлегуваат од електромагнетни полиња во непосредна близина на далноводи. Човечкото тело е еквивалентирано со сфероидален модел. Овој модел овозможува директна примена на аналитички равенки и брза пресметка на густините на струи. Моделот е погоден за употреба во ситуации кога надворешните полиња се под референтни нивоа на човечката изложеност на електромагнетни полиња.

[7] **B. Glushica**, B. Markovski, A. Kuhar, V. Arnautovski Toseva, “Assessment of Electric and Magnetic Field Exposure Near Overhead Transmission Lines Using 2D Finite Elements Method,” *Proceedings of the 8th International Symposium on Applied Electromagnetics (SAEM'2022), Struga, N. Macedonia, pp. 155-160, 26-29 June,* 2022.

Во овој труд, направени се нумерички пресметки на интензитетот на електричното и магнетното поле во близината на различни конфигурации на далноводи, со користење на софтверскиот пакет FEMM 4.2. Добиените резултати се споредени со референтните нивоа кои се однесуваат на човечката изложеност на електромагнетни полиња. Дополнително е пресметана индуцираната струја во упростени модели на човечки органи, која потекнува од магнетното поле на далноводот.

[8] **B. Glushica,** B. Aleksovski and A. Kuhar, “Automatic detection of characteristic segments of a recorded ECG signal with noise handling methods,” *International Scientific Conference of Communications, Information, Electronic and Energy Systems – CIEES 2020, Borovets, Bulgaria,* 26-29 November, 2020.

Автоматската детекција на карактеристичните сегменти на ЕКГ-сигнал е од големо значење за брзо и доверливо наоѓање и издвојување на артефакти. ЕКГ-сигналите во различни ситуации подлежат на различни извори на шум кои значително влијаат врз сигналот. Во овој труд е претставен алгоритам за автоматска сегментација каде што се применети методот на акумулиран диференцијал и техника на трасирање на сигналот преку неговите локални екстреми со цел заобиколување на влијанието на шумот. Алгоритамот е верификуван на реални ЕКГ-сигнали.

Учество во научноистражувачки проекти

1. Андријана Кухар (раководител), Бојан Глушица (истражувач), „Моделирање на интеракцијата меѓу нискофреквенциски електромагнетни полиња и човечкиот организам“, научноистражувачки проект финансиран од ФЕИТ, Скопје, 2025 – 2026.
2. Андријана Кухар (национален координатор), Бојан Глушица (учесник), меѓународен научен проект: „Истражување на зрачењето од телекомуникациските уреди и технологии во Скопскиот Регион“, партнери: АЕК – РСМ и ИГЕА-ИНИС конзорциум – Словенија, 2020 – 2021.
3. Благоја Марковски (раководител), Бојан Глушица (учесник), „Електромагнетно моделирање на преодни појави во големи системи“, УКИМ, Скопје, 2020 – 2021.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

М-р Бојан Глушица редовно зема учество во промотивните активности организирани од Факултетот, од видот на отворени денови и други активности за информирање на средношколци. Тој има учествувано во организацијата на 6 (шест) работилници и натпревари.

Учество на работилници, натпревари, школи, обуки и студентски конференции

1. Натпревар во роботика и електроника ROBOMAC 2026, април 2026, Скопје, организација.
2. Натпревар во роботика и електроника ROBOMAC 2025, мај 2025, Скопје, организација.
3. Натпревар во роботика и електроника ROBOMAC 2024, април 2024, Скопје, организација.
4. Четврта работилница за развојни микропроцесорски системи од проектот „Технологија за тебе“,мај 2023, Скопје, организација.
5. Трета работилница за развојни микропроцесорски системи од проектот „Технологија за тебе“, мај 2022, Скопје, организација.
6. Натпревар во роботика и електроника ROBOMAC Junior 2022, ноември 2022, Скопје, организација.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: м-р Бојан Глушица
Институција: Факултет за електротехника и информациски технологии
Научна област: 2.02.00.07 – електромагнетика

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити	да
2	Стекнат назив – магистер од соодветната област Назив на научната област: магистер по електротехника и информациски технологии од областа енергетска ефикасност, животна средина и одржлив развој	да
3	Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,56. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00.	да
4	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски, ниво Ц1 според Европската јазична рамка на советот на Европа (CEFR) 2. Назив на документот: Уверение 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје 4. Датум на издавање на документот: 21.4.2026.	да

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Бојан Глушица.

Врз основа на изложените податоци, Комисијата заклучи дека кандидатот м-р Бојан Глушица поседува научни и стручни квалитети според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со што ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во наставно-научната област 2.02.00.07 – електромагнетика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, м-р Бојан Глушица да биде избран во звањето асистент во наставно-научната област 2.02.00.07 – електромагнетика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Вонр. проф. д-р Андријана Кухар, **претседател, с.р.**
Проф. д-р Весна Арнаутовски-Тошева, член, с.р.
Проф. д-р Димитар Ташковски, член, с.р.

Прилоī бр. 4

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РАЗВОЈ НА НАПРЕДНИ АЛГОРИТМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ НА ХИБРИДНИ CNC-МАШИНИ И НИВНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ВГРАДЛИВ СИСТЕМ СО ОГРАНИЧЕНИ РЕСУРСИ“ ОД М-Р НИКОЛА ЈОВАНОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на седницата одржана на 20.5.2026 година, со Одлука број 02-905/11 формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Никола Јовановски со наслов: „Развој на напредни алгоритми за управување на хибридни CNC-машини и нивна имплементација на вградлив систем со ограничени ресурси“, во состав: проф. д-р Катерина Ралева, претседател, проф. д-р Јосиф Ќосев, ментор, проф. д-р Зоран Ивановски, член, проф. д-р Глигорче Вртаноски, член, и проф. д-р Бранислав Геразов, член.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација, и на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Никола Јовановски, со наслов: „Развој на напредни алгоритми за управување на хибридни CNC-машини и нивна имплементација на вградлив систем со ограничени ресурси“, содржи 128 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со проред 1,0 и големина на букви 12, со 82 библиографски единици, кои опфаќаат научни трудови, статии, книги, техничка документација, кориснички упатства и релевантни извори од интернет.

Трудот е структуриран во пет глави, заедно со воведот и заклучните согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **првата глава** е даден вовед во истражувачката област, при што се дефинирани проблемот, целите и хипотезите на истражувањето. Даден е преглед на современите трендови во развојот на CNC-машините и системите за адитивно производство (3D-печатачите), како и на предизвиците поврзани со имплементацијата на алгоритми за управување со движењето во реално време на вградливи системи со ограничени ресурси. Во оваа глава се дефинирани и предметот на истражување, очекуваните научни придонеси, применетата методологија и структурата на докторската дисертација.

Во **втората глава** е претставена хардверската имплементација на предложената хибридна CNC-машина. Опишани се механичката конструкција, погонскиот систем, електронскиот управувачки систем и останатите хардверски компоненти неопходни за реализација на процесите на CNC-обработка и 3D-печатење. Посебно внимание е посветено на интеграцијата на поединечните потсистеми и нивната реализација во рамките на единствен хибриден производствен систем.

Во **третата глава** е прикажан детален преглед на современите решенија кои се применуваат кај CNC-машините и системите за адитивно производство. Анализирани се архитектурите на најраспространетите управувачки системи, алгоритмите за планирање на движењето, методите за генерирање на импулсите за чекорите и алгоритмите за интерполација на движењата по повеќе оски. Посебен акцент е ставен на решенијата базирани на апликативни процесори и микроконтролерски системи, при што се разгледани нивните карактеристики, предности и ограничувања. Дополнително е претставена предложената архитектура на управувачкиот фирмвер и алгоритмите развиени во рамките на истражувањето. Детално се опишани алгоритмите за планирање на траекторијата и пресметка на временските интервали помеѓу чекорите, организацијата на меморискиte структури и бафери, синхронизацијата на движењата по повеќе оски, како и механизмите за генерирање на управувачките сигнали со користење на хардверски тајмери и директен мемориски пристап (DMA). На крајот, претставена е имплементацијата на предложените алгоритми и софтверски решенија на хардверската платформа базирана на STM32-микроконтролер, како дел од хибридната CNC-машина опишана во втората глава.

Во **четвртата глава** е прикажана експерименталната евалуација на предложениот систем. Анализирани се искористувањето на меморискиte ресурси, перформансите на алгоритамот за пресметка на

временските интервали и влијанието на ограничената временска резолуција на хардверските тајмери врз нивната точност. Презентирани се резултати од директни мерења на управувачките сигнали кон драјверите на моторите, при што е извршена споредба помеѓу пресметаните и генерираните временски интервали и анализа на соодветните временски отстапувања. На крајот се прикажани резултати од практична верификација на системот преку CNC-обработка и 3D-печатење на реални примероци.

Во **петтата глава,** презентирани се заклучоците од спроведеното истражување, сумирани се најзначајните научни и практични придонеси на докторската дисертација и предложени се насоки за понатамошни истражувања, вклучувајќи примена на предложената архитектура кај CNC-системи со поголем број оски, развој на понапредни алгоритми за планирање и интерполација на движењата, како и имплементација на предложениот систем на помоќни платформи базирани на микроконтролер.

Предмет на истражување

Предмет на истражување во оваа докторска дисертација е развојот на напредни алгоритми за управување на CNC-машини и 3D-печатачи и нивна имплементација на вградлив систем со ограничени пресметковни и мемориски ресурси. Истражувањето е насочено кон развој на напредна архитектура која ќе овозможи управување со движењата на машината во реално време, висока временска точност при генерирањето на управувачките сигнали и ефикасно искористување на расположливите хардверски ресурси.

Во рамките на дисертацијата е развиен хибриден CNC-систем, кој ги комбинира адитивните и супстрактивните технологии на производство во една машина. Покрај развојот на машината и електронската управувачка единица, централно место во истражувањето има развојот на математичкиот модел и алгоритмите за планирање на траекторијата, пресметка на временските интервали помеѓу чекорите на моторите и нивна реализација во реално време на хардверска платформа базирана на микроконтролер.

Посебно внимание е посветено на проблемот на детерминистичко генерирање на чекорните импулси кај системи со повеќе оски, синхронизацијата на движењето помеѓу оските и можноста сложените кинематички пресметки да се реализираат без употреба на дополнителни процесорски платформи или оперативни системи. Во таа насока се истражувани различни пристапи за организација на мемориските структури, управување со податоците и искористување на хардверските периферии на современите микроконтролери.

Предмет на истражување е и експерименталната верификација на предложените алгоритми преку симулациски анализи, мерења на реално генерираните управувачки сигнали и практична примена на развиениот систем при CNC-обработка и 3D-печатење. Притоа се анализирани временската точност на системот, карактеристиките на генерираните движења, искористувањето на ресурсите и квалитетот на изработените примероци.

Со оглед на тоа што современите CNC-машини и 3D-печатачи најчесто користат комплексни хардверски и софтверски платформи, истражувањето има за цел да покаже дека со соодветно дефинирани алгоритми и архитектура на управување може да се реализира систем со високи перформанси и на хардверска платформа со ограничени ресурси и ниска цена на чинење.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Во последните две децении се забележува интензивен развој на компјутерските нумерички управувани машини (CNC) и системите за адитивно производство, кои денес претставуваат едни од клучните технологии во современото индустриско производство. Паралелно со развојот на механичките конструкции и погонските системи, значителен напредок е остварен и во областа на управувачките системи, алгоритмите за интерполација, планирањето на траекториите и управувањето со движењето по повеќе оски во реално време.

Современите истражувања во оваа област се насочени кон зголемување на брзината на обработка и печатење, подобрување на геометриската точност, намалување на динамичките грешки и вибрациите, како и развој на алгоритми кои овозможуваат поефикасно искористување на расположливите хардверски ресурси. Посебно внимание се посветува на интерполациските алгоритми, планирањето на профилите на брзините и синхронизацијата на повеќе оски при реализација на сложени траектории.

Во научната литература се среќаваат бројни истражувања поврзани со примена на B-spline, NURBS и други напредни интерполациски методи, алгоритми за измазнување на траекториите, компензација на динамичките грешки и оптимизација на движењата кај CNC-системите со повеќе оски. Истовремено, кај системите за адитивно производство значително внимание се посветува на подобрување на квалитетот на печатењето, зголемување на брзината на работа и развој на нови стратегии за управување со процесот на екструдирање.

Иако во литературата постојат бројни истражувања поврзани со алгоритмите за интерполација и планирање на движењата, најголем дел од современите решенија се базираат на процесорски платформи со високи перформанси, персонални компјутери или специјализирани хардверски решенија. Од друга страна, значително помал број истражувања се насочени кон имплементација на напредни алгоритми за управување на платформи базирани на микроконтролери со ограничени ресурси, особено во случаи кога е потребно да се обезбеди висока временска точност и детерминистичко однесување на системот.

Дополнително, бројот на истражувања кои интегрално го разгледуваат развојот на хардверската платформа, електронскиот управувачки систем и управувачкиот фирмвер кај хибридни производствени системи е релативно ограничен.

Истражувањата презентирани во оваа докторска дисертација се вклопуваат со актуелните научни насоки од областа на CNC-системите, адитивното производство и вградливите микрокомпјутерски системи за управување во реално време. Во таа насока, дисертацијата адресира повеќе отворени прашања поврзани со имплементацијата на алгоритми за управување на хардверски платформи со ограничени ресурси и нивната примена во рамките на хибридни производствени системи.

Краток опис на применетите методи

Во рамките на истражувањето е извршена анализа и компаративна евалуација на релевантната научна и стручна литература од областа на CNC-машините, системите за адитивно производство, хибридните производствени системи и алгоритмите за управување со системи со повеќе оски во реално време. Преку примена на методите на анализа, дедукција и компарација се идентификувани предностите, недостатоците и ограничувањата на постојните управувачки архитектури и алгоритми.

За потребите на истражувањето се применети методите на моделирање, синтеза и проектирање при развојот на хибридната CNC-машина, електронската управувачка единица и управувачкиот фирмвер. Врз основа на поставените барања се дефинирани математички модели и алгоритми за планирање на траекториите, пресметка на временските интервали помеѓу чекорите на моторите и синхронизација на повеќе оски во реално време.

Евалуацијата на предложените алгоритми е извршена со примена на аналитички и експериментални методи, при што се анализирани генерираните траектории, профилите на брзините, грешките кои произлегуваат од ограничената временска резолуција на хардверските тајмери и временските карактеристики на системот. За таа цел, временските интервали пресметани од алгоритмите на микроконтролерската платформа се пренесени на компјутер и споредени со нивните идеални вредности, со што е извршена анализа на влијанието на квантизацијата врз точноста на системот.

Практичната реализација на предложените решенија е изведена преку имплементација на алгоритмите на платформа базирана на микроконтролер и нивна интеграција во реален хибриден производствен систем. За верификација на развиените решенија се применети експериментални методи кои опфаќаат мерење на временските интервали на генерираните чекори, анализа на временските отстапувања, евалуација на искористувањето на мемориските ресурси и анализа на карактеристиките на движењата на оските.

Конечната верификација е извршена преку практични експерименти при CNC-обработка и 3D-печатење на реални примероци. Врз основа на добиените резултати, спроведена е квантитативна анализа на точноста, временските перформанси и применливоста на предложените алгоритми, со што е потврдена нивната функционалност и ефикасност во реални работни услови.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Како резултат на спроведеното истражување, развиен е комплетен управувачки систем за хибридна CNC-машина, кој овозможува реализација на процеси на CNC-обработка и 3D-печатење во рамките на единствена платформа. Развиеното решение ги опфаќа механичкиот систем, електронската управувачка единица и управувачкиот фирмвер, интегрирани во функционален производствен систем.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека предложената архитектура овозможува прецизна синхронизација на движењата по повеќе оски, ефикасно искористување на расположливите мемориски ресурси и реализација на сложени траектории во реално време на микроконтролерска платформа со ограничени ресурси.

Спроведените анализи и експериментални мерења потврдуваат висока временска точност при генерирањето на управувачките сигнали и мало отстапување помеѓу пресметаните и реализираните временски интервали. Дополнително е потврдено дека предложеното решение обезбедува стабилна работа при високи фреквенции на генерирање на чекори и детерминистичко однесување на системот.

Практичната примена на развиениот систем е потврдена преку успешна реализација на CNC-обработка и 3D-печатење на реални примероци. Добиените резултати покажуваат дека предложената архитектура овозможува реализација на сложени движења по повеќе оски во реално време, со висока временска точност и ефикасно искористување на хардверските ресурси. Со тоа е покажано дека напредни алгоритми за управување можат успешно да се имплементираат на микроконтролерска платформа со ограничени ресурси, без потреба од дополнителни процесорски системи.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Никола Јовановски, со наслов: „Развој на напредни алгоритми за управување на хибридни CNC-машини и нивна имплементација на вградлив систем со ограничени ресурси“, претставува оригинално научно истражување од областа на CNC-машините, системите за адитивно производство и вградливите системи за управување во реално време.

Научните придонеси и резултатите презентирани во дисертацијата претставуваат значаен придонес во областа на управувањето со движење по повеќе оски кај CNC-машините и системите за адитивно производство, како и нивната имплементација на микроконтролерски платформи со ограничени ресурси. Развиените решенија претставуваат надградба на постојните сознанија во оваа област и отвораат можности за понатамошни истражувања и практична примена при развој на современи CNC-машини, 3D-печатачи и хибридни производствени системи.

Посебна вредност на дисертацијата претставува фактот што предложените алгоритми и архитектури не се верифицирани само теоретски, туку и преку нивна имплементација и експериментална потврда на реален производствен систем, со што е демонстрирана нивната практична применливост и ефикасност.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Никола Јовановски, со наслов: „Развој на напредни алгоритми за управување на хибридни CNC-машини и нивна имплементација на вградлив систем со ограничени ресурси“, според мислењето на Комисијата за оцена, претставува оригинално научно истражување и ги исполнува условите и стандардите предвидени за изработка на докторска дисертација.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија, меѓународни научни конференции, или во списание со фактор на влијание) следниве рецензирани истражувачки трудови директно поврзани со темата на докторската дисертација:

[1]. Nikola Jovanovski, Josif Kjosev, Katerina Raleva, and Branislav Gerazov. 2026. "Deterministic Timer–DMA Motion Control for Embedded Hybrid CNC and Additive Manufacturing Systems" Electronics 15, no. 9: 1830. https://doi.org/10.3390/electronics15091830 (IF: 2.6)

[2]. Nikola Jovanovski, and Josif Kjosev. "Integrated Hybrid Manufacturing: Design, Control and Implementation of a Dual-Function CNC Machine." ETAI 2024 Conference Proceedings, ISSN 2545-4889, Vol. 3, Struga, North Macedonia, 2024, pp. 123–128. https://etai.org.mk/wp-content/uploads/2024/11/etai-2024-proceedings.pdf

[3]. Nikola Jovanovski, and Josif Kjosev. "Supervisor and Graphical User Interface Aimed for 3D Printers and CNC Machines." ETAI 2018 Conference Proceedings, ISSN 978-9989-630-89-7, Struga, North Macedonia, 2018.

[4]. Nikola Jovanovski, and Josif Kjosev. "Synchronized Control of Four or More Stepper Motors for Computer Numerical Controlled Machines and 3D Printers." International Conference on Applied Innovations in IT, Koethen, Germany, 2018. DOI: 10.13142/kt10006.24

Кандидатот, како автор и коавтор, ги објавил и следните рецензирани истражувачки трудови во меѓународни научни списанија и меѓународни научни конференции:

[5]. Marko Petrov, **Nikola Jovanovski**, Tomislav Kartalov, and Branislav Gerazov. "Performance Comparison Between PPG and ECG Based Heart Rate Detection." ETAI 2024 Conference Proceedings, ISSN 2545-4889, Vol. 3, Struga, North Macedonia, 2024, pp. 206–211.

[6]. Jovan Kamchev, Bojan Glushica, Martin Milanoski, Toni Atanasovski, Bojan Ginoski, **Nikola Jovanovski**, Mario Makraduli, Darko Dimitrovski, and Branislav Gerazov. "Design and Implementation of a Laboratory-Scale Photobioreactor." ETAI 2024 Conference Proceedings, ISSN 2545-4889, Vol. 3, Struga, North Macedonia, 2024, pp. 117–122.

[7]. Martin Milanoski, Vladimir Kitanovski, Marko Zajkov, **Nikola Jovanovski**, Danche Todorovska, and Branislav Gerazov. "Assistive Keyboard for Children With Ataxia." ETAI 2024 Conference Proceedings, ISSN 2545-4889, Vol. 3, Struga, North Macedonia, 2024, pp. 87–90.
[8]. Josif Kjosev, **Nikola Jovanovski**, Marko Petrov, Filip Petkovski, Tijana Petkovska, and Andrej Ilievski. "An IoT System for Detection and Displaying of PM Particles Concentrations in the Air." ETAI 2024 Conference Proceedings, ISSN 2545-4889, Vol. 3, Struga, North Macedonia, 2024, pp. 243–246.
[9]. Marija Neceva, Zoran Ivanovski, **Nikola Jovanovski**, Tomislav Kartalov, Dimitar Taskovski, and Branislav Gerazov. "A System for Real-Time Voice Control of Robots in Macedonian." ETAI 2024 Conference Proceedings, ISSN 2545-4889, Vol. 3, Struga, North Macedonia, 2024, pp. 193–198.
[10]. Daniela Janeva, Stefan Krsteski, Matea Tashkovska, **Nikola Jovanovski**, Tomislav Kartalov, Dimitar Taskovski, Zoran Ivanovski, and Branislav Gerazov. "A System for Differentiation of Schizophrenia and Bipolar Disorder Based on rsfMRI." Proceedings of the 30th International Conference on Systems, Signals and Image Processing (IWSSIP), Ohrid, North Macedonia, 2023, pp. 1–5.
[11]. Никола Јовановски, Јосиф Ќосев. „Хардверски и софтверски аспекти во дизајнот кај тридимензионалните (3D) печатари“. Објавен труд во зборник на трудови на меѓународната конференција ЕТАИ 2016, Струга, Република Македонија, 2016.
[12]. Никола Јовановски, Јосиф Ќосев. „Експериментална платформа со вградлив микрокомпјутерски систем и модел на возило“. Објавен труд во зборник на трудови на меѓународната конференција ЕТАИ 2015, Охрид, Република Македонија, 2015.
[13]. Nikola Jovanovski, and Josif Kjosev. "Low Cost Embedded System Platform Demo for Intelligent Transportation Infrastructure Experiments." International Conference on Future access enablers of ubiquitous and intelligent infrastructures (FABULOUS) 2015, Ohrid, North Macedonia, 2015.

Кандидатот го исполнува дополнителниот критериум за одбрана на докторски труд, утврден од Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Според законите на Република Северна Македонија, трудот е внесен во базата на податоци на Министерството за образование и наука – plagijati.mon.gov.mk и врз основа на добиениот извештај, а и врз основа на нашите сознанија, трудот не претставува плагијат.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на докторската дисертација се:

- Развој на нова архитектура на управувачки фирмвер за CNC-машини и системи за адитивно производство, базирана на микроконтролерска платформа со ограничени ресурси, која овозможува реализација на управување со повеќе оски во реално време со висока временска точност и ефикасно искористување на расположливите хардверски ресурси.
- Развој и имплементација на алгоритам за пресметка на временските интервали помеѓу последователните чекори на погонските мотори, со што е овозможена реализација на сложени траектории по повеќе оски и прецизна синхронизација на движењето кај CNC-машини и системи за адитивно производство.
- Развој на архитектура за организација на мемориските структури, обработка и складирање на податоците, која овозможува детерминистичко извршување на пресметките и генерирање на чекорните импулси во реално време со минимални временски отстапувања при управување со повеќе оски.
- Развој и реализација на хибридна CNC-машина која обединува супстрактивни и адитивни производствени технологии во рамките на единствен управувачки систем, со што е потврдена практичната применливост на предложените алгоритми и архитектури.

Можни насоки за понатамошни истражувања се:

- проширување на предложените алгоритми за управување кај CNC-системи со поголем број оски и посложени кинематички конфигурации;
- развој на напредни алгоритми за планирање и оптимизација на траекториите со цел дополнително намалување на динамичките грешки и зголемување на брзината на обработка;
- интеграција на алгоритми за адаптивно и интелигентно управување, базирани на методи од областа на вештачката интелигенција и машинското учење;
- примена на предложената архитектура кај други вградливи системи кои поставуваат строги барања во однос на временската точност и управувањето во реално време;
- понатамошен развој на хибридните производствени системи преку интеграција на дополнителни технологии и производствени процеси во рамките на единствена платформа.

Со постигнатите резултати, кандидатот покажува темелно познавање на научната област опфатена со дисертацијата, способност за самостојно спроведување на научноистражувачка работа и успешно решавање на комплексни научни и инженерски проблеми. Резултатите презентирани во докторската дисертација претставуваат оригинален научен придонес во областа на CNC-машините, системите за адитивно производство и вградливите микрокомпјутерски системи за управување во реално време.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Никола Јовановски со наслов: „Развој на напредни алгоритми за управување на хибридни CNC-машини и нивна имплементација на вградлив систем со ограничени ресурси“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Катерина Ралева, претседател, с.р.
Проф. д-р Јосиф Ќосев, ментор, с.р.
Проф. д-р Зоран Ивановски, член, с.р.
Проф. д-р Глигорче Вртаноски, член, с.р.
Проф. д-р Бранислав Геразов, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА ФИЗИЧКАТА АКТИВНОСТ И СЕДЕНТАРНОТО ОДНЕСУВАЊЕ ВРЗ МОТОРНАТА КОМПЕТЕНЦИЈА КАЈ ДЕЦАТА ОД 6 ДО 8-ГОДИШНА ВОЗРАСТ“ ОД М-Р МАРТИН АНДОНОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, на седницата одржана на 3.6.2026 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Мартин Андоновски со наслов: „Влијанието на физичката активност и седентарното однесување врз моторната компетенција кај децата од 6 до 8-годишна возраст“, во состав: проф. д-р Серјожа Гонтарев, претседател, проф. д-р Горан Никовски, ментор, проф. д-р Влатко Неделковски, член, проф. д-р Александар Ацески, член, и доц. д-р Матеј Мајерић, член.

Комисијата во наведениот состав, со внимание го прегледа и го оцени проектот за докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на кандидатот м-р Мартин Андоновски, со наслов: „Влијанието на физичката активност и седентарното однесување врз моторната компетенција кај децата од 6 до 8-годишна возраст“ содржи 151 страница компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви – 12 и 223 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 13 глави: вовед, раст, созревање и развој кај децата, физичката активност кај децата, моторни компетенции, досегашни истражувања, проблем, предмет, цели и хипотези на истражувањето, методи на истражувањето, метод на обработка на податоците, резултати, дискусија, заклучок, теоретско и практично значење на истражувањето, литература и прилог. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во првата глава, кандидатот јасно го истакнува современиот начин на живот, намаленото ниво на физичка активност и зголеменото седентарно однесување како значаен глобален здравствен проблем кај децата од рана училишна возраст. Концизно се образложува дека моторната компетентност има клучна улога во целокупниот психофизички развој на децата и претставува основа за активно учество во спортско-рекреативни активности, при што се нагласува дека навиките за физичка активност и здрав начин на живот се стекнуваат во детството и се пренесуваат во подоцнежниот период од животот.

Во втората глава, кандидатот концизно ги обработува процесите на раст, созревање и развој кај децата. Се појаснуваат поимите хронолошка возраст и возрасни групи, како и биолошкото созревање на развојните процеси, при што аргументирано се укажува дека календарската возраст не секогаш кореспондира со степенот на биолошка зрелост. На тој начин се обезбедува развојна рамка за интерпретација на резултатите кај децата од прв воспитно-образовен период.

Во третата глава, детално се разгледува физичката активност кај децата. Кандидатот ги дефинира поимите и карактеристиките на физичката активност и на седентарното однесување, ги наведува препораките за физичка активност и категоризацијата на аеробниот интензитет, а потоа систематски ги образложува последиците од недоволна физичка активност и вежбање во детството и младоста. Посебно внимание е посветено на факторите што влијаат врз нивото на физичката активност и на здравствените придобивки од редовно спроведена физичка активност.

Во четвртата глава, кандидатот ги појаснува моторните компетенции и нивните карактеристики, при што јасно ги поврзува со развојот на основните локомоторни и манипулативни движења. Се истакнува дека моторната компетентност претставува суштинска основа за натамошен спортски и здравствен развој на детето.

Во петтата глава концизно се сумираат релевантните досегашни меѓународни истражувања, со посебен осврт на истражувањата поврзани со МОБАК 1–2 тест батеријата. Прегледот укажува дека МОБАК-инструментите се соодветни за оценување на основните моторни компетенции, при што конфирматорната факторска анализа доследно ја потврдува двофакторската структура (движење на предмети и самостојно движење). Се истакнуваат и забележаните полови разлики, како и поврзаноста меѓу полот, индексот на телесна маса, возраста и моторните компетенции во споредбените студии (германски, швајцарски, португалски и чилеански примероци).

Во шестата глава, кандидатот јасно го дефинира истражувачкиот проблем како потреба да се утврди состојбата на моторната компетенција и влијанието на физичката активност, седентарното однесување и нивото на исхранетост кај децата од 6 до 8-годишна возраст, како и да се провери применливоста на МОБАК 1–2 тест батеријата во различни услови на тестирање. Предметот е прецизно насочен кон моторната компетентност, физичката активност, седентарното однесување (време поминато пред екран) и степенот на исхранетост. Целите се формулирани јасно и логично, а хипотезите се методолошки коректно поставени и директно произлегуваат од проблемот, предметот и досегашните истражувања, со што се обезбедува функционална истражувачка рамка.

Во седмата глава, детално и транспарентно е прикажана методолошката поставеност на истражувањето. Прецизно се дефинирани примерокот на испитаници и примерокот на варијабли (антропометриски варијабли, варијабли за проценка на моторната компетенција, на физичката активност и на седентарното однесување, како и независните варијабли). Концизно се опишани мерните инструменти, условите и техниките на мерење на антропометриските карактеристики и на моторичките компетенции, како и инструментите и постапката за спроведување на анкетирањето, со повикување на меѓународно прифатени протоколи, што обезбедува споредливост и мерна точност.

Во осмата глава систематски е прикажан методот на обработка на податоците. Се применува современ и методолошки коректен аналитички пристап што опфаќа дескриптивна статистика, независен T-тест, Mann–Whitney U тест, униваријантна анализа на варијанса (ANOVA), Kruskal–Wallis тест и χ^2 тест, како и анализи за проценка на валидноста и релијабилноста на тест батеријата, со што се обезбедува сигурна основа за интерпретација на резултатите.

Во деветтата глава, „Резултати“, се изведува детална анализа и интерпретација на добиените податоци. Систематски се прикажани социодемографските и антропометриските карактеристики на испитаниците, дескриптивната анализа на физичката активност, дистрибуцијата на испитаниците според времето поминато пред екраните во однос на препораките на СЗО и според учеството во спортски активности, како и резултатите од тестовите за проценка на моторните компетенции и валидацијата на МОБАК 1–2 тест батеријата. Резултатите се прегледно прикажани во табели и графикони, што овозможува јасна визуелизација и целосен увид во емпириските наоди.

Во десеттата глава, „Дискусија“, кандидатот дава аргументирана интерпретација на резултатите. Се покажува дека женските испитаници постигнуваат подобри резултати во локомоторните способности, додека машките се супериорни во манипулативните способности, а децата што се поактивни и вклучени во организирани спортски активности постигнуваат статистички значајно повисоки нивоа на моторна компетентност. Наодите се разгледани во споредба со релевантната меѓународна литература, при што се потврдува дека седентарното однесување и прекумерното време пред екраните се негативно поврзани со моторните постигнувања, а МОБАК 1–2 тест батеријата покажува добра валидност, релијабилност и применливост во училишни услови.

Во единаесеттата глава, „Заклучок“, систематски и концизно се извлечени, формулирани и презентирани најважните заклучоци кои се однесуваат на сите поставени цели и даваат одговори на поставените научни хипотези. Заклучоците се логички, синтетизирани, интерпретабилни и очекувани, така што ги задоволуваат научните, методолошките и концепциските потреби на истражувањето и можат да послужат како основа за генерализација на резултатите и за конципирање нови слични истражувања.

Во дванаесеттата глава, кандидатот го истакнува теоретското и практичното значење на истражувањето. Теоретски, студијата го продлабочува разбирањето на моторната компетентност и на значењето на редовната физичка активност кај децата во раното детство. Практично, наодите нудат основа за промоција на физичката активност, за креирање образовни политики и модели на наставни програми

(вклучително изработка на дигитална МОБАК-платформа за систематско следење на напредокот), како и за водич за родителите за важноста на активната игра и ограничувањето на времето пред екраните.

Во главата „Литература“, кандидатот ги почитува основните логички и методолошки начела при изборот на научни и стручни извори, при што доминираат публикации што директно кореспондираат со предметот и целите на истражувањето. Референците во најголем дел се од понов период и се оформени според APA-стил, а нивната структура и распоред јасно упатуваат на целисходна и методолошки оправдана употреба при разработката на темата.

Во последната глава, „Прилог“, кандидатот ги прикажува користените мерни инструменти, односно протоколите и обрасците за тестовите од МОБАК 1–2 тест батеријата и анкетниот прашалник за проценка на физичката активност и седентарното однесување (CLASS), со што се обезбедува транспарентност и репродуктивност на постапката на мерење.

Предмет на истражувањето

Предмет на оваа докторска дисертација е моторната компетентност, физичката активност, седентарното однесување (времето поминато пред екран) и степенот на исхранетост кај учениците од 6 до 8-годишна возраст, со фокус на применливоста, валидноста и релијабилноста на МОБАК 1–2 тест батеријата за проценка на основните моторни компетенции во реални училишни услови.

Проблемот на истражувањето произлегува од потребата да се утврди состојбата на моторната компетенција и влијанието на физичката активност и седентарното однесување, како и нивото на исхранетост кај момчињата и девојчињата од прв воспитно-образовен период, и да се провери дали МОБАК 1–2 тест батеријата може да функционира како применлива алатка за интерпретација на резултатите врз основа на референтни критериумски стандарди за полот и возраста.

Целите се насочени кон утврдување на факторската валидност, тест-ретест релијабилноста и применливоста на батеријата, кон проверка на половите и возрасните разлики во моторната компетентност, физичката активност, седентарните навики и степенот на исхранетост, како и кон утврдување на влијанието на физичката активност, седентарното однесување и индексот на телесна маса врз моторната компетентност.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Следењето на моторниот развој и на физичката активност кај децата претставува суштински предуслов за навремено препознавање на ризици и за осмислување поефективни училишни програми што го поддржуваат здравиот раст и развој. Современиот начин на живот, проследен со намалено ниво на физичка активност и зголемено седентарно однесување, претставува глобален здравствен проблем, бидејќи неактивноста и прекумерното време пред екраните во детството се поврзани со зголемен ризик од хронични заболувања и се пренесуваат во подоцнежниот период од животот.

Во меѓународната практика, ваквите потреби се адресираат преку стандардизирани инструменти за проценка на основните моторни компетенции, меѓу кои се издвојува МОБАК тест батеријата, која ги операционализира движењето на предмети и самостојното движење и е валидирана во повеќе земји. Сепак, во Република Северна Македонија сè уште недостигаат систематизирани национални податоци и нормативи за основните моторни компетенции кај децата од рана училишна возраст, што ја прави проценката фрагментирана и тешко споредлива.

Оттука, актуелната состојба на подрачјето ја оправдува потребата од проверка на применливоста, валидноста и релијабилноста на МОБАК 1–2 тест батеријата во реални училишни услови, како и од испитување на влијанието на физичката активност, седентарното однесување и нутритивниот статус врз моторната компетентност, со што се пополнува празнина во националните докази за ваков тип стандардизирано тестирање.

Краток опис на применетите методи

Истражувањето е спроведено како теренско, квантитативно истражување во реални училишни услови, со цел да се процени моторната компетентност и да се утврдат применливоста, валидноста и релијабилноста на МОБАК 1–2 тест батеријата, како и влијанието на физичката активност, седентарното однесување и индексот на телесна маса врз моторните компетенции кај децата од 6 до 8-годишна возраст.

Истражувањето е реализирано на примерок од 849 ученици (од прво и второ одделение), на возраст од приближно 6 до 8 години, од седум основни училишта на територијата на градот Скопје,

Република Северна Македонија. За проценка на моторната компетентност е применета МОБАК 1–2 тест батеријата, која ги опфаќа локомоторните и манипулативните (object-control) движења.

Податоците за физичката активност, спортската вклученост и седентарното однесување се прибрани преку анкетниот прашалник Children's Leisure Activities Study Survey (CLASS), додека антропометриските мерења се користени за пресметување на индексот на телесна маса (ИТМ). За статистичката обработка се применети дескриптивна статистика, независен T-тест, Mann–Whitney U тест, универијантна анализа на варијанса (ANOVA), Kruskal–Wallis тест и χ^2 тест, како и анализи за проценка на валидноста и релијабилноста на тест батеријата.

Со ваков методолошки пристап се обезбедува цврста основа за процена на МОБАК 1–2 батеријата како научно заснован и практично изводлив инструмент за стандардизиран скрининг и мониторинг на моторната компетентност кај децата во национален контекст.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите покажуваат дека МОБАК 1–2 тест батеријата поседува добра факторска валидност, релијабилност и применливост за проценка на основните моторни компетенции кај децата од рана училишна возраст. Женските испитаници постигнуваат подобри резултати во локомоторните (самостојни) движења, додека машките испитаници покажуваат подобри резултати во манипулативните движења, што го потврдува очекуваниот образец на полови разлики.

Децата кои се повеќе физички активни и вклучени во организирани спортски активности постигнуваат статистички значајно подобри резултати во моторната компетентност, додека седентарното однесување и прекумерното време поминато пред екраните се негативно поврзани со моторните постигнувања. Во однос на индексот на телесна маса, утврдени се статистички значајни разлики, особено кај манипулативните способности.

Средината на живеење покажува селективно влијание врз моторната компетентност, при што разликите се присутни само кај одредени нејзини компоненти, што упатува на индиректно влијание посредувано преку достапноста на простори за игра, инфраструктура и можности за безбедна физичка активност во слободното време. Севкупно, резултатите јасно укажуваат дека моторната компетентност кај децата во раната училишна возраст е резултат на интеракција меѓу повеќе фактори, меѓу кои доминираат физичката активност, спортската вклученост, седентарното однесување и нутритивниот статус.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги исполнил предвидените законски услови (реализирана меѓународна мобилност и објавени рецензирани истражувачки трудови како прв автор), меѓу кои:

- Andonovski, M., Nikovski, G., Majeric, M., Cuk, I., Lüthy, P., Popeska, B., & Kodzoman, K. (2024). MOBAK 1-2: Gender-based evaluation of motor competence in 6–8-year-old N. Macedonian primary school children. Research in Physical Education, Sport and Health, 13(1), 127–131. https://doi.org/10.46733/PESH2413127a
- Andonovski, M., Nikovski, G., Nedelkovski, V., Majeric, M., Pantelic, S., Kodzoman, K., Gligoroski, A., & Dzordzevic, S. (2025). Physical activity levels in first and second grade school-aged children. In Proceedings of the IV International Scientific Congress Applied Sports Sciences (pp. 389–396). National Sports Academy "Vassil Levski", Sofia, Bulgaria. https://doi.org/10.37393/ICASS2025/61
- Andonovski, M., Nikovski, G., Nedelkovski, V., Majeric, M., Dzordzevic, S., Cuk, I., & Kodzoman, K. (2024). *BMI profiles and screen time habits in 1st and 2nd grade school-aged children*. In *Proceedings of the XXII International Scientific Conference "Physical Activity and Health – Pledge for Life"*. Faculty of Sport and Physical Education, University of Belgrade, Belgrade, Serbia.

Во рамки на докторските студии, кандидатот м-р Мартин Андоновски реализираше меѓународна мобилност во периодот од 13 до 20.10.2025 година на Факултетот за спорт и физичко воспитание при Универзитетот во Ниш, Република Србија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главните научни придонеси на кандидатот се согледуваат во неколку поврзани аспекти што ја засилуваат научната и апликативната вредност на дисертацијата. Најнапред, трудот обезбедува систематска проверка на факторската валидност, релијабилноста и применливоста на МОБАК 1–2 тест батеријата во реални училишни услови во национален контекст, при што се потврдува дека инструментот е соодветен за проценка на основните моторни компетенции кај децата од 6 до 8-годишна возраст.

Понатаму, истражувањето нуди конкретни, локално релевантни податоци за половите и возрасните разлики во моторната компетентност и за влијанието на физичката активност, седентарното однесување и индексот на телесна маса врз моторните постигнувања, со што значајно се проширува националната база на знаење во оваа област. Конечно, дисертацијата има јасен општествен придонес, бидејќи нуди основа за развој и имплементација на национален систем за мониторинг на моторниот развој кај децата, со директна применливост во образовниот, спортскиот и здравствениот контекст.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: добиените наоди имаат директна и широка примена во наставата по физичко и здравствено образование и во поширокиот јавноздравствен контекст. Бидејќи МОБАК 1–2 тест батеријата се покажа како валидна, релијабилна и организациски изводлива во училишни услови, таа може да се користи како практична алатка за редовен скрининг и мониторинг на моторната компетентност кај децата, за изработка на норми по пол и возраст и за планирање таргетирани интервенции.

Сепак, при толкувањето и генерализацијата на резултатите треба да се имаат предвид и одредени ограничувања. Истражувањето е реализирано на примерок од ученици од градот Скопје, што ја ограничува преносливоста на наодите кон популации од други средини и возрасни групи, а за поширока применливост потребни се дополнителни студии со поголем и поразновиден примерок и со контрола на биолошката зрелост.

Препорачуваме, идните студии да се насочат кон проширување на истражувањето на поширок возрасен опсег и кон вклучување објективни индикатори на биолошка зрелост, за да се разграничи ефектот на календарската возраст од ефектот на развојот. Истовремено, препорачливо е секое идно тестирање да вклучи структуриран протокол за запознавање со задачите, за да се минимизира ретест пристрасноста и да се добијат попрецизни процени на стабилноста на мерките.

Понатаму, идните истражувања би требало да тестираат целни интервенции насочени кон унапредување на конкретни компоненти на моторната компетентност (на пример, програми за локомоторни и за манипулативни вештини), со систематско следење на ефектите преку повторени мерења и со стандардизирана едукација на наставниот кадар како предуслов за споредливи резултати и за одржлива имплементација на МОБАК во поширок национален мониторинг систем.

Можните понатамошни истражувања се насочени кон проширување на примерокот и опфатот на МОБАК-тестирањето во поголеми и демографски поразновидни популации, од различни региони и типови училишта, со вклучување поширок возрасен распон и контрола на биолошката зрелост, што би овозможило порепрезентативни национални заклучоци и прецизно утврдување дали метричките својства на тестовите се стабилни низ различни развојни фази.

Особено е важно идните анализи да ја вклучат и проценката на меѓумерителската објективност, како и да интегрираат пообјективни техники и дигитални решенија (на пример, дигитална МОБАК-платформа за мониторинг) и психосоцијални фактори, со цел да се добие подлабока и попрактична слика за варијациите во моторната компетентност и за оптималната примена на МОБАК како рутинска алатка за училишен скрининг и мониторинг.

Со оглед на презентираните резултати и севкупната научна и методолошка разработка, Комисијата оценува дека дисертацијата на кандидатот м-р Мартин Андоновски претставува релевантен и значаен придонес во областа на кинезиологијата. Истражувањето е спроведено на високо методолошко, аналитичко и интерпретативно ниво, со што се обезбедени доверливи и научно валидни резултати, а добиените сознанија суштински ја збогатуваат научната мисла во доменот на кинезиологијата, моторниот развој и јавното здравје.

Врз основа на тоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје да ја прифати позитивната рецензија и да донесе одлука за закажување на јавна одбрана на докторската дисертација со наслов: „Влијанието на физичката активност и седентарното однесување врз моторната компетенција кај децата од 6 до 8-годишна возраст“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Серјожа Гонтарев, претседател, с.р.
Проф. д-р Горан Никовски, ментор, с.р.
Доц. д-р Матеј Мајерић, член, с.р.
Проф. д-р Александар Ацески, член, с.р.
Проф. д-р Влатко Неделковски, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ГРАЃАНСКОТО СОДРУЖНИШТВО ВО СОЦИЈАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ ВО МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р АНДОН ТАНАС ДАМОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XVII редовна седница одржана на 21.5.2026 година, врз основа на член 110 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 и Сл. весник на РСМ бр. 178/2021) и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје), донесе Одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов: „Граѓанското содружништво во социјалните политики во Македонија“, поднесена од м-р Андон Танас Дамовски, пријавена на трет циклус студии на студиската програма Социологија, во состав: проф. д-р Милева Ѓуровска (претседател), проф. д-р Ило Трајковски (ментор), проф. д-р Сунчица Димитријоска, проф. д-р Константин Миноски (член), проф. д-р (член) и проф. д-р Владимир Илиевски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд *Граѓанското содружништво во социјалните политики во Македонија*, поднесен од м-р Андон Дамовски, е со обем од 368 страници компјутерски обработен текст со проред 1,5 и содржински е организиран во *Вовед*, шест глави (со повеќе поглавја), *заклучок*, Прилози (три) и Библиографија. Во рамките на докторскиот труд има 132 (табели, графикони и слики), опремен со фусноти (27) и упати уредени според форматот за цитирање на ASA.

Докторскиот труд е изработен во рамките на трет циклус студии на студиската програма Социологија – политичка социологија и социологија на граѓанственоста, следствено, темата на докторскиот труд е од научното подрачје на општествените науки (5), научното поле социолошки науки (5.04), научната област социологија (5.04.00.01) и научните дисциплини политичка социологија, социологија на граѓанственоста и социологија на социјалната политика. Во овој контекст, предмет на социолошка анализа е вклученоста (местото и улогата) на граѓанското содружништво (граѓански здруженија и други чинители на граѓанското содружништво) во процесите на креирање, имплементација и евалуација на социјалните политики кај нас во периодот по 1991 година до денес.

Воведот (стр.14-17) ја истакнува актуелноста на истражувачкиот проблем. М-р Андон Дамовски поаѓа од издржаната претпоставка за централната важност на истражувањето на местото и улогата на граѓанското содружништво во социјалната политика за разбирање на трансформациите на современото македонско општество. Во таа насока, дисертацијата има за цел да покаже дека современата социјална политика треба да се истражува не како исклучиво институционална дејност на државата, туку како комплексно поле на интеракција меѓу државните институции и чинителите од граѓанско содружништво. Во македонски контекст, тоа значи согледување на тензиите помеѓу наследените институционални модели и новите форми на социјално организирање опфатени со поимот граѓанско содружништво.

Првата глава (Актери на промени: местото на граѓанското содружништво во социјалната политика како предмет на истражување, стр. 18-28) има три поттеми кои го дефинираат теориското и методолошкиот пристап на дисертацијата: односот држава – граѓанско содружништво во поширокатa светска литература и во Македонија, истражувачкиот проблем и предметот на истражување. Трите поттеми се обработени темелно и изведените конкретизации на секоја од нив за потребите и амбициите на дадената дисертација и за дадениот македонски контекст се логични и издржани. Врз основа на темелен преглед на странска и домашната

литература на темата, докторандот ја истакнува важноста на истражувачкото прашање како граѓанското содружништво може да ја надополни и коригира социјалната држава во услови на комплексни социјални, глобални, еколошки, идеолошки и демографски предизвици, без при тоа да ја загуби својата автономија и критичка функција? Со тоа, пред истражувачкиот проблем и докторската дисертација добиваат двојна функција: аналитичка дијагноза на кризата на социјалната држава и критичко испитување на потенцијалите и ограничувањата на граѓанското содружништво како актер на современата социјална политика.

Во таа насока се движи и определувањето на предметот на истражувањето. Примарен предмет е присуството (обем и форми) на граѓанското содружништво во клучните домени на социјалната политика (социјална заштита, детска заштита, образование, вработување и здравство), но и критичко преиспитување на неговата улога, позиција и влијание во македонскиот реформски контекст (дали граѓанското содружништво се појавува како автономен и трансформативен чинител или, пак, се сведува на функционален „додаток“ на проектната логика на државата).

Втората глава (Поимно-теоретско и операционално определување на предметот на истражување, стр. 29-74), во две поглавја (секое со повеќе потточки) и критички заклучок, се обработуваат две поттеми: концептуалната еволуција на идејата за граѓанското содружништвои на граѓанското содружништво и општествената трансформација. Двете поттеми се обработени детално со критичка анализа на најрелевантната странска и модерна и современа социолошка литература и поширокатa општествена мисла. Врз основа на критичкиот преглед на најзначајните дела, докторандот, за потребите на своето истражување, граѓанското содружништво го определува како динамичен и плуралистички општествен простор на доброволно здружување и колективно дејствување, во кој автономните поединци и организации посредуваат меѓу државата, пазарот и јавноста. Тоа не е само институционален збир на здруженија, туку процес на постојано преговарање меѓу заедништвото и содружништвото, меѓу индивидуалната слобода и колективната одговорност. Неговата суштинска функција е истовремено да ги брани човековите права и да создава културно-политички простор за иновација, критичка рефлексија и социјална трансформација.

Врз таа основа, во втората потточка, докторандот, за потребите на конкретното истражување го операционализира поимот граѓанско содружништво, обработувајќи ги прашањата како: историски и правни димензии на граѓанските здруженија, класификации и аналитички пристапи кон граѓанските здруженија, односи меѓу граѓанските актери и државата, механизми на соработка меѓу граѓанското содружништво и државата во креирањето и спроведувањето јавни политики, европска интеграција и развој на граѓанското содружништво кај нас, законодавни реформи и институционализација на соработката со државата, дигитализација и нови форми на граѓански активизам и, на крај, ресурсната архитектура на граѓанското содружништво кај нас, односно неговата структура и односи со државата во сферата на социјалната политика. Обработката на овие прашања е времена проблемски и предметно, а приказот е елаборирaн и поткрепен со табели, со што се подига информативноста и читливоста на текстот.

Во третата глава (Од утопија со институција: идеологијата како темел на социјалната политика, стр. 75-119), теориски и операционално е обработен вториот клучен поим на дисертацијата – поимот социјална политика. Во седум поглавја (со повеќе потточки) и заклучок се обработени прашањата за: поимните координати на социјалната политика, изворите на социјалната политика, идеолошките траектории на социјалната политика, социјалната држава и институционализацијата на правдата и/или интересот, управувањето како огледало на социјалната држава, глобализацијата и европеизацијата на социјалната политика и социјалната држава и идеолошките и институционалните трансформации на социјалната политика во Македонија.

При тоа, докторандот се потпира на домашни и странски извори кои се коректно користени и наведувани. Врз тие основи изведува дефиниција за социјалната политика како динамична, недовршена и постојано преговарана дисциплина за управување со социјални ризици и арена на идеолошки контроверзии и борби на која се прекршуваат

интересите на правдата, редот и пазарот. Оваа дефиниција ја нагласува тројната природа на социјалната политика: како историски условен процес, како простор на судири и како трајно отворен проект без еднаш за секогаш зададена форма и суштина. Оттука, социјалната држава не претставува завршена институција, туку континуиран процес на општествено договарање во кој во последните неколку децении сè понагласено место и улога добива граѓанското содружништво.

Со *четвртата глава* (Проекција на граѓанското содружништво во современите социјални струткруи, стр. 120-163) започнува приказот на сознанијата од емпириската анализа на местото и улогата на граѓанскиот сектор во современите социјални политики во светот и кај нас. Логично, најпрво, докторандот ги прикажува сознанијата од анализата на структурните, односно нормативните и институционалните зададености. Тие се определени од клучните реформски процеси и потфати со кои се дефинира институционалната рамка на јавните политики и просторот за граѓанско дејствување. Во врска со местото на граѓанското содружништво во социјалната политика, анализата укажува на големата важност на три принципи на современата социјална политика: плурализмот, децентрализацијата и деинституционализацијата.

Се констатира дека врз основа на ваквите нормативни и институционални рамки, граѓанските здруженија ја надминаат традиционалната функција на застапување и мобилизација и сè почесто се јавуваат како директни даватели на социјални услуги. Токму таа променета улога ја прави неопходна изведената анализа за потребите на оваа докторска дисертација. Во новата улога на даватели на социјални услуги, граѓанските здруженија се соочуваат со нови предизвици. Како такви се аргументираат конфликтот меѓу солидарноста и профитот, новите зголемени очекувања наспротив ограничените ресурси и со тоа поврзаните проблеми, професионализацијата, конфликтите, конкурентноста и политизацијата на граѓанскиот сектор

Во врска со зголемените очекувања и ограниченоста на ресурсите, докторандот покажува дека иако границата меѓу граѓанските и профитните организации во сферата на социјалните услуги не секогаш може јасно да се повлече, граѓанските здруженија поседуваат значајни предности кои ги прават попогодни и поодржливи партнери на државата. Нивната флексибилност, иновативност и вграденост во локалните заедници овозможуваат препознавање и артикулирање на често запоставени социјални потреби, особено кај маргинализираните и социјално исклучени групи. Докторандот, врз основа на трудовите на повеќе релевантни автори (Struyk, Gilbert, Neubourg, Lethbridge) и институции (World Bank), табеларно ги прикажува разликите меѓу профитниот и содружничкиот модел на давање социјални услуги. Врз основа на компаративна анализа се заклучува дека граѓанските здруженија во повеќето клучни димензии – цена, квалитет, пристап до ранливи групи, локална вграденост и општествена улога – покажуваат структурна предност во однос на приватните компании.

Наспротив таквите очекувања, дисертацијата ги потврдува и претходните сознанија дека вклучувањето на граѓанските здруженија во обезбедувањето на социјални услуги се соочува со бројни ограничувања. Како такви се издвојуваат и објаснуваат: слабите институционални капацитети (повеќето здруженија се мали, слабо организирани и зависни од ентузијазмот на поединци или од краткорочни донаторски програми и им недостасува професионален кадар со менаџерски и организациски вештини) поради што имаат ограничен потенцијал за долгорочни стратегии, квалитетот на услугите што може да ги дадат, отчетноста и мониторингот на реализираното.

Притисокот за надминување на овие ограничувања ги внесува граѓанските организации во процеси на професионализација и маркетизација. Тие, пак, создаваат други, првично неочекувани негативни последици – се трансформира нивната мисија од солидарна и вредносна, во прагматична и пазарно ориентирана; се појавуваат „квази-граѓански здруженија“ – организации што функционираат речиси идентично како приватни компании со јасно профитни мотиви. Маркетизацијата ги турка здруженијата кон губење на фокусот и отстапување од основната мисија. Некои здруженија се претвораат во „ловци на проекти“, што дополнително ја намалува нивната легитимност и јавната доверба.

Во тесна корелација со овие структурни поместувања на граѓанскиот сектор е неговиот финансиски профил. Дисертацијата профилира три доминантни механизми на финансирање на граѓанскиот сектор: *поддршка во натура* (простор, опрема, административна помош), *грантово*

финансирање (конкурси и проектни средства) и *договорно финансирање* (преку купување услуги, поддоговарање/аутсорсинг). Според понудените аргументи, во современиот свет преовладува договорното финансирање. Критички поставувајќи се кон овие противречни тенденции, докторандот заклучува дека прашањето не е дали да има договори, конкуренција или набавки, туку каква „социјална рационалност“ тие создаваат и во каква корелација стојат со социјалната правда? За да стане инструмент на стабилност и социјална правда, договорното финансирање претпоставува воспоставување стабилни правила, реални цени, контрола на квалитет и долгорочност.

Точката во која доаѓаат до израз овие предизвици е лиценцирањето. Тоа е еден од клучните елементи на новата нормативна и институционална рамка на дејствувањето на граѓанските здруженија како даватели на социјални услуги во рамките на современите социјални политики. Докторандот го проследува процесот на воведување на лиценцирањето (на стручните кадри и на организациите и установите) почнувајќи од 2019 година, но и релевантите академски и стручни дискусии во врска со таа тема (Борнарова, Ристова, Станојковска и други). И во врска со ова прашање, а врз основа на емпириските сознанија, докторандот пројавува критички однос кој го води неговиот истражувачки интерес во наредните глави. Аргументирано покажува дека лиценцирањето е неопходен, но недоволен услов за квалитет на услигата. Неговите реални остварувања зависат од тоа дали ќе се надополни со: функционален и редовен мониторинг; со механизми за континуирана поддршка и јакнење на капацитетите на давателите; со вклучување на корисниците во проценка на квалитетот и задоволството. Научниот и општествениот придонес на оваа дисертација се согледуваат токму во оригиналните сознанија за остварувањата на планот на овие и други предуслови на лиценцирањето кај нас, прикажани во шестата глава.

Како друг, значаен структурен аспект за оценка на местото и улогата на граѓанското содружништво во социјалните политики кај нас во новите нормативни институционални рамки се обработува конкуренцијата. Социјалните реформи насочени кон плурализација на давателите на социјални услуги ја трансформираат како улогата на државата и корисниците, така и на граѓанските здруженија. Со воведувањето на тендерски механизми и пазарна конкуренција се продлабочува т.н. „непрофитен парадокс“. Така, соработката постепено се заменува со фрагментација, конфликти и натпреварување, а заедничката јавна мисија со проектна и пазарна логика.

Претходно назначените предизвици на организациите од граѓанското содружништво во новата улога на даватели на социјални услуги синтетички израз наоѓаат во прашањето за нивната политизација. Докторандот согледува дека иако овој сектор е, по дефиниција, неполитички, новите нормативни и институционални рамки создаваат пазарни и политички притисоци врз граѓанското содружништво. Тоа се покажува како најамалку моќниот „партнер“ во институционална рамка на современата социјална политика. Врз основа на увидот во релевантната литература се утврдува дека таа создава тензија меѓу автономната, критичка улога на граѓанското содружништво и неговата прагматична зависност од политичките центри на моќ. Резултатите од емпириската анализа на ова прашање во македонски контекст се прикажани во шестата глава.

Променетите структурни аспекти на граѓанските организации како даватели на социјални услуги, според аргуемнтите приложени во дисертацијата се тесно поврзани и со редефинирањето на самите социјални услуги. Врз основа на анализа на важечката законска регулатива за видот на социјални услуги и местото и улогата на граѓанските здруженија во нивното доставување, докторандот утврдува дека Законот за социјална заштита од 2019 година: ги дефинира категориите на социјални услуги (информирање и упатување, стручна помош и поддршка, советување, услуги во домот, услуги во заедницата и услуги на вонсемејна заштита); и создава нормативна рамка за овие услуги да може да се обезбедуваат не само од државни институции, туку и од граѓански здруженија кои ги исполнуваат пропишаните услови (лиценцирање). Врз тие основи се утврдува дека здруженијата можат да обезбедуваат: услуги во домот, услуги во заедницата (освен ресоцијализација на деца во ризик и деца во судир со законот), услуги за вонсемејна заштита (освен прифатни центри за барателите на азил, воспитни установи и групни домови за деца во ризик), услуги за информирање и упатување, услуги на стручна помош и поддршка, услуги за советување и услуги кои традиционално биле поврзани со институционална грижа – како сместување, третман и рехабилитација – но само доколку

формираат установа во согласност со Законот. Ова укажува дека улогата на граѓанските здруженија во системот на социјална заштита е правно регулирана и дека тие се препознаваат како рамноправни даватели на услуги.

Врз основа на оваа поимно-теориски и нормартивно институционална рамка на истражувачкиот проблем за општественото дејствување на граѓанските здруженија како даватели на социјални услуги кај нас, докторандот го спровел емприското истражување. Резултатите се добиени врз основа на анализа на примерни и секундарни податоци и информации, прибрани со примена на соодвтен методолошкиот пристап и применетите истражувачки техники опишани.

Во *петтата глава* (Методолошка рамка на истражувањето, стр. 164-192) се дадени методолошките специфики на дисертацијата. Врз основа на сознанието дека предметот на оваа дисертација – улогата, позицијата и капацитетите на граѓанските здруженија во социјалната политика во Македонија – не може да се опфати само низ една методолошка перспектива зацртана е и применета комбинација на, како што вели самиот автор: „прецизноста на квантитативната анализа со интерпретативната длабочина на квалитативниот пристап“. Квантитативниот пристап му овозможил систематско согледување на одредени статистички правилности и профили, додека квалитативниот пристап му обезбедил разбирање на значењата, мотивите и контекстите зад правилности и односи. Таквата методолошка перспектива го носи истражувачот до сознание дека граѓанското содружништво, на една страна, е збир од емпириски факти, а на друга страна, тоа е жива социјална практика на партнерство, автономија и градење социјален капитал која постојано се менува.

Истражувањето има дескриптивно-компаративен и аналитичко-објаснувачки карактер, при што основниот фокус е ставен на споредбата меѓу лиценцираните и нелиценцираните граѓански организации во сферата на социјалната политика. Квантитативните истражувачки техники обезбедуваат информации за структурна слика на состојбите, а квалитативните за интерпретација, објаснување и контекстуализација на добиените наоди. Временски, податоците за структурата на граѓанските здруженија даватели на социјални услуги се однесуваат на периодот 2024 – 2025 година кога е изведувано емпириското исражување.

Врз основа на јасно формулирани цели, докторандот поставува повеќе главни задачи (во трудот означени како цели на истражувањето) и соодветно на тоа работни хипотези и истражувачки прашања и аналитички варијабли. На тој начин се поставени контурите и обемот на анкетниот прашалник со кој се прибирани примерните податоци за профилот, капацитетите и искуствата на здруженијата како даватели на социјални услуги. Првата задача (испитување на односите меѓу државата и граѓанските здруженија во областа на социјалната политика) се таргетира со неколку прашања: за степенот на институционална вклученост на граѓанските здруженија во креирањето и имплементацијата на социјалните политики, формите и интензитет на соработка, влијанието на процесите на европеизација врз улогата и позицијата на граѓанските здруженија и перцепциите и формите на учество во различни домени на социјалната политика. За остварување на втората задача (испитување на степенот на институционална трансформација и професионализација на граѓанските организации како резултат на соработката) се поставени три истражувачки прашања: за влијанието на процесот на лиценцирање врз организациската професионализација, степенот на развиеност на кадровските политики и човечките ресурси и улогата на политиките за ЧР во стабилноста и задржувањето на кадрите. Третата истражувачка задача (утврдување на ефектите од лиценцирањето врз мисијата, автономијата и политизацијата на граѓанските здруженија) се остварува со помош на истражувачко прашање за позитивните и негативните импликации на лиценцирањето врз мисијата, автономијата и политизацијата на граѓанските здруженија и во врска со тоа дали постојат значајни разлики меѓу лиценцираните и нелиценцираните здруженија. Четвртата задача (испитување на начинот на создавање и користење на социјалниот капитал преку волонтерство, членство и мрежна соработка) се таргетира со посредство на две истражувачки прашања: за степенот на развиеност на волонтерството во лиценцираните и нелиценцираните здруженија и за мотивите и придобивките од членството во здруженија и мрежи. Последната, петта задача (влијанието на конкуренцијата и иновативните практики врз организациската трансформација на граѓанските здруженија) се испитува со две истражувачки прашања: облици на организациска конкуренција постојат и

нивни последици врз квалитетот на услугите и степен на адаптација и иновативност на организациите во новите социјални контексти.

Поставените цели, задачи и прашања и работни хипотези во прашалникот се операционализирани низ три типа варијабли: 18 независни (број на членови, трајност на членството, број на вработени, тип на ангажман, број на лиценцирани стручни кадри, образовна структура, возраст, етничка структура, политика за човечки ресурси,број на волонтери, број на волонтерски часови неделно, извори на финансирање, број на реализирани, буџетска флуктуација, менаџирање на буџетот, достапност на канцелариски простор и степен на техничка опременост, процес на лиценцирање, лиценцирање на стручни кадри), 9 посредувачки (членство во мрежи, мотиви за учество во мрежи, придобивки од членството во мрежи, учество во политики, фреквенција на партиципација, начин на вклучување, социјален капитал, одговор на потреби, позитивни импликации) и 10 зависни (мисија, автономија, политизација, квалитет на социјалната услуга, стандарди за квалитет, насоченост кон корисниците, механизми за унапредување, фактори на конкурентност, конфликти, извори на конфликти).

Ова зборува дека докторандот во текот на истражувањето ја осознал потреба да исчекори од методолошките рамки првично поставени со елаборатот за докторската дисертација. Елаборатот предвидуваше само биваријантна (без посреднички варијабли), но не и мултиваријантна анализа на разликите. Затоа, посегањето по неа во финалната презентција на добиените резултати го оценуваме како хевристичко сознание на докторандот за потребата од понатамошни попордлабочени статистички анализи. Прикажаните резултати од биваријантната анализа во шестата глава, со примена на χ^2 тестот и Т-тестот, како и другите статистички техники се сосема задоволителни и ги надминуваат првично поставените методолошки рамки. Особено вредно надминување на првично посакуваните аналитички рамки е обидот за изведување на индекси (четири единечни и еден групен).

Со цел да ги спореди спецификите на лиценцираните и нелиценцираните граѓански здруженија даватели на услуги докторандот изведува четири единечни индекси (индекс на лиценцирање, индекс на квалитет, индекс на конкурентност и индекс на конфликтност). Врз основа на нив, потоа изведува и групен или синтетички индекс, наречен „индекс на ефекти од имплементацијата на социјалните политики“ врз граѓанските здруженија даватели на услуги. Ваквите статистички алатки се за прв пат конструирани во оваа докторска дисертација. Тие ја зголемуваат апликативната вредност на дисертацијата. Нивната аналитичка и опишувачка вредност може дополнително да се подига со понатамошни истражувања.

Шестата глава (Резултати од истражувањето: профилот, местото и улогата на граѓанските здруженија во социјалната политика во Македонија, стр. 192-339) е по обем и содржина носечката глава на дисертацијата. На 147 страници се прикажани сознанијата од претходно теориски и методолошки осмислената и зацртана емпириска анализа на местото и улогата на граѓанското содружништво во социјалните политики во Македонија во периодот 2024 – 2025 година, кога е изведувано емпириското исражување. Оваа глава претставува клучна врска меѓу теоријата и практиката и темел за понатамошните заклучоци и препораки на ова истражување.

Приказот е изведен текстуално, табеларно и графички и е поделен во две поглавја, секое со повеќе тематски точки. Во првото поглавје се изнесени и анализирани резултатите од квантитативната анализа на вкупно 116 граѓански здруженија – даватели на различни видови социјални услуги. Од нив, 65 се лиценцирани и 51 нелицензирани. Бројот од 65 лиценцирани ја сочинува вкупната популација на лиценцирани здруженија – даватели на социјални услуги, додека бројот од 51 нелиценцирани здруженија – даватели на социјални услуги е дел од вкупната популација на нелиценцирани здруженија даватели на социјални услуги. Во однос на ова, Комисијата констатира пропуст да се даде вкупниот број на нелиценцирани здруженија – даватели на социјални услуги од коишто, според наведените критериуми, е изведен примерокот од 62 (на колку што е упатен прашалникот), односно 51 нелиценцирано здружение (колку што одговориле). Овој пропуст не влијае на квалитетот на прибраните емпириски податоци и изведните аналитички сознанија, но заради методолошка строгост потребно е негово прецизирање.

Дескриптивната анализа на вкупно зафатените (116) здруженија даватели на социјални услуги го прикажува нивниот институционален профил преку неколку клучни аналитички

димензии: регионалната распределба на здруженијата, главната област на дејствување, целните групи со кои работат, видовите социјални услуги што ги обезбедуваат, како и компаративната позиција на лиценцираните и нелиценцираните организации. Преку овие показатели се мапира начинот на кој граѓанското содружништво е структурирано и позиционирано во системот на социјалната политика кај нас, како и степенот на неговата институционална диференцијација и функционална насоченост.

Анализирани се клучни структурни и функционални варијабли поврзани со организациските капацитети, човечките ресурси, финансирањето, опфатот на активности и односите со јавните институции, односите помеѓу организациите и државата, со посебен фокус на процесот на лиценцирање, внатрешните ресурси, степенот на професионализација и институционална интеграција. Споредбата на социо-демографските карактеристики покажува повеќе сличности отколку разлики во профилите меѓу лиценцираните и нелиценцираните здруженија – даватели на услуги. Во однос на полот, се констатира релативно балансирана полова структура во двата типа организации. Кај лиценцираните организации, малку поголема застапеност имаат мажите (52,31 %), додека кај нелиценцираните малку поголема жените (56,86 %). Во однос на возраста, во двата сегмента доминира средната возрасна група од 41 до 50 години, што според толкувањето на докторандот укажува на висок степен на професионална зрелост и акумулирано искуство кај клучните информатори. Веднаш по неа следува групата од 31 до 40 години. Помал, но значаен удел зазема и возрасната група од 51 до 60 години, наспроти тоа, најмладите (18 – 30 години) и најстарите (61+ години) се релативно слабо застапени во двата сегмента. Анализата на образовната структура покажува дека во двата сегмента доминираат лица со високо образование, со 41,54 % кај лиценцираните и 43,14 % кај нелиценцираните организации, значителен удел со завршени магистерски студии, особено кај лиценцираните здруженија (35,38%), во споредба со 29,41 % кај нелиценцираните, со докторски студии 6,15% кај лиценцираните и 5,88 % кај нелиценцираните организации и низок е уделот на лица со средно образование, со 10,77 % кај лиценцираните и 15,69 % кај нелиценцираните здруженија, што сведочи за присуство на високостручен и истражувачки кадар во рамките на граѓанското содружништво. Во однос на внатрешната поделба на улогите во граѓанските здруженија во двата сегмента најзастапени се раководните и координациските функции, при што категориите основач/претседател, извршен директор/раководител и проектен координатор/менаџер опфаќаат над 60 % од испитаниците кај лиценцираните и околу 55 % кај нелиценцираните организации. Како особено индикативна се посочува застапеноста на позицијата проектен координатор/менаџер, која е речиси идентична во двата сегмента (21,54 % кај лиценцираните и 21,57 % кај нелиценцираните), што укажува на централната улога на проектниот менаџмент во функционирањето на граѓанското содружништво. Истовремено, значителен удел имаат и стручните позиции што дополнително ја потврдува професионалната ориентација и практичната насоченост на анализираните организации. Според вработеноста, кај лиценцираните организации јасно доминираат вработените со полно работно време (60,00 %), а кај нелиценцираните оваа категорија е значително помалку застапена (45,10 %). Во нелиценцираниот сегмент е забележливо повисоко учество на волонтерски ангажмани (21,57 %) во споредба со лиценцираните организации (10,77 %), што укажува на поголема зависност од неплатен труд и нестабилни форми на вклученост. Истовремено, категориите скратено работно време и надворешни соработници се релативно рамномерно застапени во двата сегмента, што сведочи за присуство на комбинирани модели на организациско функционирање.

Ваквата структурираност на граѓанскиот сектор е тесно поврзана со неговата општествана функционалност. Најголем број од граѓанските организиации е лоциран во полето на социјалната и детската заштита, што ја потврдува нивната примарна улога како носители на социјални интервенции и поддршка на ранливите групи. Покрај тоа, значајно присуство имаат и организациите активни во домените на вработувањето, образованието и здравството, што укажува на поширока, мултисекторска ориентација на граѓанското содружништво. Овој распоред покажува дека граѓанските здруженија не функционираат како изолирани актери во еден сегмент, туку како комплексна мрежа на организации што дејствуваат на пресекот меѓу социјалната политика, човечкиот развој и јавните услуги.

Најчеста целна група се лицата во социјален ризик, како што се сиромашните, невработените и бездомниците, што ја потврдува нивната основна социјална мисија и улога во

системот на социјална поддршка. Паралелно, значително присуство имаат и организациите фокусирани на децата и младите, како и на лицата со попреченост, што дополнително ја зајакнува хуманата и инклузивна ориентација на граѓанското содружништво. Поддршката на возрасните и старите лица, како и дејствувањето кон поширокаата заедница, укажуваат дека организациите не се ограничуваат на една категорија корисници, туку развиваат поширок спектар на интервенции насочени кон зајакнување на социјалната кохезија.

Според видовите социјални услуги кои ги даваат граѓанските здруженија, првенствено тие се ориентирани кон практична, директна и континуирана поддршка на корисниците. Доминантни форми на дејствување се услугите поврзани со секојдневната грижа, психосоцијалната поддршка и одржувањето на корисниците во нивната природна средина, што ја потврдува нивната улога како носители на теренска и содружничко ориентирана социјална работа. Послабо застапени се институционалните и долгорочните форми на згрижување, како што се сместувањето во установи и згрижувањето во семејство, што укажува на насоченост на граѓанското содружништво кон деинституционализирани и флексибилни модели на поддршка. Тоа е тесно поврзано со современите трансформации на социјалната политика кон услуги во заедницата и индивидуализирана грижа, при што граѓанските здруженија се позиционираат како клучни носители на оваа промена.

Компаративната анализа меѓу лиценцираните и нелиценцираните граѓански здруженија даватели на социјални услуги опфаќа девет клучни организациски и програмски варијабли: плански регион, година на регистрација, главен сектор на дејствување, целна група, ниво на активност, правен статус, должина и домен на лиценцирање, како и вид на обезбедувана социјална услуга. Наодите укажуваат дека граѓанските здруженија функционираат во рамки на плуралистички, но во основа кохерентен систем, со јасно изразена ориентација кон социјалната и детската заштита и услугите за поддршка на ранливите групи. Регионалната распределба го потврдува моделот на централизација околу Скопскиот Регион, но истовремено и постоењето на стабилна организациска мрежа во сите плански региони, што укажува дека граѓанското дејствување не е ограничено само на урбаните центри. Паралелно, анализата на периодите на регистрација ја отсликува динамиката на раст на секторот, особено по 2010 година, што се совпаѓа со реформите во социјалната политика и воведувањето на лиценцирањето како клучен регулаторен механизам. Во секторска смисла, здруженија кои се најсилно насочени кон социјалната заштита, детската заштита, поддршката на лица со попреченост и услугите во заедницата, ја потврдува нивната улога како комплементарен столб на јавниот систем на социјална грижа. Анализата на целните групи ја нагласува нивната висока социјална чувствителност и фокус на категориите со најголем социјален ризик. Од институционален аспект, доминира формата „здружение на граѓани“, како правна рамка која е најсоодветна за интеграција во формалниот систем на социјална заштита. Фондациите и коалициите се поизразено присутни во нелиценцираниот сегмент, што укажува на нивната ориентација кон поширокиопштествени и развојни цели. Нивото на дејствување покажува силна локална ориентација, но и присуство на организации со национален и меѓународен домет, особено кај оние со подолг институционален континуитет. Анализата покажува дека лиценцираните здруженија претставуваат стабилно, професионализирано и институционално интегрирано јадро на граѓанското содружништво. Истовремено, нелиценцираниот сегмент останува значаен носител на флексибилност, иновативност и брза адаптација кон нови социјални потреби. Во целина, анализата го прикажува граѓанското содружништво како територијално распослан, функционално диференциран и институционално слоевит систем, во кој лиценцираните и нелиценцираните организации не функционираат како конкурентни, туку како комплементарни сегменти на една заедничка инфраструктура на социјална поддршка.

Во однос на внатрешна структура и организациски капацитети на граѓанските здруженија, анализата покажува дека граѓанското содружништво во Македонија не претставува хомоген сектор. Тоа е структурно стратифициран систем во кој јавната улога, влијанието и стабилноста се функција на степенот на институционална формализација и развиеност на внатрешните капацитети. Како критичен структурен предиктор на интеграција во јавниот систем се издвојува лиценцираноста. Лиценцираните здруженија покажуваат највисоки нивоа партиципација и најчеста вклученост во имплементација на јавни политики. Оваа позиција дополнително се зацврстува преку професионализацијата на човечките ресурси. Развиените и целосни политики

за ЧР се поврзани со највисоки нивоа на институционална стабилност, програмаciска автономија и политичка релевантност. Лиценцираноста е силен поттик за професионализација, вмрежување, пристап до ресурси и учество во креирање и имплементација на политики и со тоа поврзаната автономија во дејствувањето. Јавните финансиски извори продуцираат стабилна и предвидлива институционализација. Институционално зрелите организации развиваат сопствени, системски програми, додека слабо професионализираните остануваат во ад-хок или посреднички модели на делување. Во целина, граѓанското содружништво се појавува како хибридна архитектура – делумно волопнтерска, делумно професионална, делумно зависна, но сè поинтензивно институционализирана. Овој наод ја отвора аналитичката рамка за следното поглавје: испитување на факторите што ја обликуваат ефективноста, влијанието и трансформацискатa моќ на граѓанските здруженија во современата социјална политика.

Анализата на ефектите од вклучувањето на граѓанското содружништво во имплементацијата на социјалните политики јасно покажува дека тоа создава комплексна и двострана трансформациска динамика на нивното функционирање. Овие ефекти не се линеарни, ниту униформни, туку се структурно диференцирани според статусот на лиценцираност, степенот на професионализација и позицијата во институционалната архитектура на системот. Во доменот на мисијата, институционалното вклучување обезбедува зголемен јавен кредибилитет, проширен опфат и посилна видливост на организациите, но истовремено продуцира ризици од административна инструментализација, „mission drift“ и постепено стеснување на критичкиот и активистичкиот идентитет. Автономијата се зајакнува преку професионализација, структурирано управување и стабилни финансиски модели, но се редуцира преку зголемена регулаторна зависност, политички притисоци и прилагодување кон институционалните приоритети. Политизацијата дополнително ја продлабочува оваа диференцијација: лиценцираните здруженија функционираат во услови на формализирани политички ризици и самоцензура, додека нелиценцираните се соочуваат со јавна стигматизација, маргинализација и ограничен пристап до процесите на креирање политики. Во поглед на квалитетот на услугите, податоците укажуваат дека лиценцираните организации демонстрираат поразвиена стандардизација, поефикасни механизми за унапредување и повисока корисничка ориентација, што ја потврдува улогата на регулативата како двигател на професионалниот квалитет. Нелиценцираните, пак, задржуваат поголема флексибилност и иновативност, но со пониска институционална стабилност и ограничени развојни капацитети. Истовремено, системот продуцира засилена конкурентност и конфликтност, кои произлегуваат од ограничените ресурси, преклопувањето на услуги и нерамноправните институционални позиции на организациите.

Сумирано, вклучувањето на граѓанските организиации во имплементацијата на социјалните политики не воспоставува унифициран модел на граѓанско дејствување. Институционално интегрираните организации обезбедуваат стабилност, професионален квалитет и системски континуитет, додека неформалните и нелиценцираните организации носат критичка енергија, флексибилност и демократска виталност. Овие две логики не се спротивставени, туку по својата природа комплементарни, и заедно ја обликуваат современата архитектура на граѓанското содружништво во социјалната сфера.

Врз основа на понапред назначените анализи на внатрешните капацитети на граѓанските здруженија и на ефектите од имплементацијата на социјалните политики, во продолжение на оваа глава следува најзначајниот дел од истражувањето – систематско тестирање и интерпретација на поставените работни хипотези согласно со петте поставени цели и задачи. Петтата потточка на првото поглавје од оваа глава успешно ги поврзува појдовните поимно теоретски рамки и претпоставки и собраните податоци во кохерентен аналитички модел. Тестирањето на хипотезите на учебнички начин утврдува дали и во кој степен институционалните фактори – особено лиценцираноста, кадровската професионализација, вмреженоста, финансиските извори и степенот на автономија – ја обликуваат јавната улога, организацискатa стабилност и ефективноста на граѓанските здруженија во системот на социјалните политики. Преку примена на соодветни статистички постапки и интерпретација на резултатите, проверени се и делумно или целосно потврдени вкупно 15 работни хипотези.

Резултатите од презентираната статистичка анализа се надополнети со сознанијата од квалитативна анализа, прикажани во второто поглавје на шестата глава. Анализата е насочена

кон дообјаснување на институционалната улога, професионализацијата, автономијата, мрежната поврзаност и конкурентноста на граѓанските здруженија во системот на социјалната заштита со начинот на кој самите актери од граѓанскиот но и јавниот сектор ги доживуваат и интерпретираат овие процеси. Врз основа на податоци добиени со полуструктурирани интервјуа со претставници на институции, граѓански здруженија и корисници на услуги се прикажува разбирањето на улогата и позицијата на граѓанското содружништво во современиот систем на социјална политика од страна на клучните актери. Сознанијата се прикажани во четири потточки: концептуално перцептивни рамки, институционалните односи меѓу државата грѓанското содружништво, практичните ефекти врз корисниците и перспективите на граѓанското содружништво во социјалната политика. Во однос на концептуалните и перцептивни рамки во кои оперира поимот граѓанско содружништво се покажува дека општата согласност за важната уога на граѓанските здруженија во социјалната политика не е проследена со согласност за значењето и дометот на граѓанското содружништво. Граѓанското содружништво се третира инструментално – како механизам за имплементација на однапред дефинирани политики – наместо како автономен општествен актер со сопствена легитимност и капацитет за артикулација на јавни интереси. Таквата позиција ја ограничува неговата улога во јавната сфера и ја сведува на административно функционална логика. Тоа значи дека институционалните актери од системот на социјалната заштита ја поддржуваат длабоко вкоренета дихотомија меѓу „владиниот“ и „невладиниот“ сектор, во која граѓанските здруженија се перципираат како „други“, надвор од административната логика на државата. Оваа поделба создава симболичка и практична дистанца што го отежнува развојот на вистинско партнерство и заедничка одговорност.

Во однос на институционалните односи и соработката меѓу државата, граѓанското содружништво анализата покажува дека, иако на нормативно ниво постои формално признавање на улогата на граѓанските здруженија, практичната соработка најчесто се одвива во рамка на асиметрични односи, административна доминација и ограничено учество во процесите на одлучување. Најчестиот модел на соработка се реализира преку јавни повици, програми, проектно финансирање и меморандуми, при што државата го задржува статусот на носител на приоритетите, критериумите и ресурсите, а здруженијата се позиционирани како изведувачи на однапред дефинирани активности и очекуваното „партнерство“ се сведува на усогласување со административни барања. Илустративно е сознанието дека механизмот на лиценцирање се восприема како амбивалентен инструмент: од една страна, како гарант за квалитет и стандардизација, а од друга страна, како механизам на контрола, кој продуцира административен товар, особено за помалите здруженија со ограничени капацитети. Според тоа, во целина, институционалните односи меѓу државата и граѓанското содружништво во македонската социјална политика се карактеризираат со формално воспоставени, но суштински асиметрични механизми на соработка.

Во однос на прашањето за практичните ефекти од вклучувањето на граѓанските организиации во доставување на социјалните услуги врз корисниците квалитативната анализа покажува дека, од аспект на секојдневиот живот на корисниците, проектната логика, административната контрола и ограничената флексибилност создаваат систем што тешко обезбедува стабилна, долгорочна и кориснички ориентирана поддршка. Поради тоа граѓанското содружништво често се доживува како поблизок и поодговорен актер, а семејствата и корисниците остануваат клучни носители на континуитетот на поддршката. На ова сознание се надоврзуваат и резултатите од анализата на одговорите на прашањето дали актуелните политики создаваат услови граѓанските организации да бидат ефективен, посакуван и одржлив доставувач на социјални услуги. Докторандот констатира дека постои согласност меѓу интервјуираните дека граѓанското содружништво во наредниот период не може да опстојува исклучиво во улога на проектен имплементатор, туку мора да се развива како стратешки партнер и коректив на државата, особено во услови на растечка комплексност на социјалните ризици. Како најзначаајни идни приоритети за остварување на новата улога на граѓанското содружништво, покрај финансиската стабилност се утврдуваат зачувувањето на човечкиот капитал и смислата на работата: неизвесноста, „согорувањето“ и континуираниот притисок врз кадрите можат да го ослабат секторот дури и кога постои формална рамка на соработка. Потребно е воспоставување на механизми за препознавање и интеграција на докажаните граѓански практики во системот на

социјална заштита, без нивно административно „растворање“ и без губење на автономијата и флексибилноста. Заклучно, се утврдува дека за развојот на граѓанското содружништво во македонската социјална политика важно е системот да премине од проектно и симболично партнерство кон структурно, долгорочно и доверливо соработување.

Последната глава (Заклучоци и препораки – трансформација на социјалната држава и граѓанското содружништво, стр. 340-347), сублимирајќи ги појдовната поимно-теориска и хипотетичка рамка и изведената емпириска анализа, докторандот повторно се враќа на почетните мотиви за зафаќање со темата на дисертацијата. Врз основа на наученото од теориските и емприиските анализи вели дека вредноста на дисертација се наоѓа во дијагностицирањето на длабокото историско и структурно поместување во социјалната политика настанато со трансформација на социјалната држава и постепеното редефинирање на улогата, значењето и функцијата на граѓанското содружништво во рамките на таа трансформација. Сознанијата покажуваат дека станува збор за процес што се одвива преку постепени институционални адаптации, административни иновации и промени во логиката на јавната одговорност. Во таа смисла, и државата и граѓанските здруженија не се стабилни и однапред дефинирани категории. Тие се појавуваат како динамични, релациски и историски условени форми, чија општествена функција не може да се разбере изолирано, туку преку нивната меѓусебна интеракција. Со ваквиот пристап кон проблемот и предметот на истражување дисертација се надоврзува на класичната социолошка интуиција на Диркем: институциите не се статични структури, туку „социјални факти“ што ја рефлектираат, но и ја обликуваат колективната морална свест. Оттука, трансформацијата на граѓанското содружништво не е ниту едноставен процес на „јакнење“, ниту еднозначен процес на „кооптација“. Таа е амбивалентен процес: зголемената институционална вклученост носи нови можности (ресурси, стабилност, јавна видливост), но отвора и нови ограничувања (деполитизација, губење критичка дистанца).

На крајот од трудот, м-р Дамовски ја приложува библиографијата (стр. 348-355) што е користена во изработката на докторскиот труд, која се состои од 146 домашни и странски библиографски единици.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд *Граѓанското содружништво во социјалните политики во Македонија*, поднесен од м-р Андон Дамовски, претставува оригинален научен труд изработен во рамките на трет циклус студии на студиската програма Социологија, од научното подрачје на општествените науки (5), научното поле социолошки науки (5.04), научната област социологија (5.04.00.01) и научните дисциплини политичка социологија и социологија на граѓанственоста, социологија на социјалната политика.

Анализирајќи го докторскиот труд од м-р Андон Дамовски, Комисијата оценува дека тој претставува оригинален прилог кон проучување на местото и улогата на граѓанското содржништво во социјалната политика кај нас. Оригиналноста на докторскиот труд на м-р Дамовски се гледа во емпириското истражување на структурните и динамичките карактеристики на граѓанските организации вклучени во планирањето и реализацијата на одделни социјални политики кај нас. Докторската дисертација за прв пат дава можност за изведување на повеќестран профил на граѓанските организации даватели на социјални услуги кај нас – нивните човечки ресурси, институционални реалции со јавните власти и нивниот имиџ во очите на различните актери во системот, а особено во очите на корисниците на социјалните услуги.

Со оваа дисертација, македонската социологија и другите науки за социјалната политика добиваат труд споредлив со користените странски публикации објавени врз основа на слични и пообемни истражувања во други европски земји. Се покажува дека граѓанкото содужништво во Македонија доживува слични структурални, ресурсни и функционални трансформации како и во земјите од Европската Унија. Тоа значи дека покрај неговите научни (теориски, методолошки, компаративни и хевристички) остварувања, докторскиот труд на м-р Андон Дамовски има значајни апликативни вредности. Тие се лоцираат не само во областа на социјалната политика на која се однесува трудот, туку и во областа на политиката за развој на граѓаското содружништо како чинител на општествените промени во многу други области од општествениот живот – заштита на човековите права и слободи, образование, здравство, екологија, рурален развој и други.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Дамовски, А. (2023) „Профилот на граѓански здруженија: даватели на социјални услуги“, *Годишен зборник на Правниот факултет*, УГД N 13 vol.XIII (42-56 стр.).
2. Damovski, A. (2024) „Civil partnership in social policies of North Macedonia“ In: *Collection of papares from the international conference Social work and social policy in time of global crises* 19-22 September, 2023, Ohrid (pp 418-428) Faculty of Philosophy, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главните научни придонеси на кандидатот се во три содржини на дисертацијата: емпириски изведениот профил на граѓанските здруженија даватели на социјални услуги кај нас, со опфаќање на најзначајните елементи на поимот граѓанско содружништво; пионерско конструирање на четири единечни и еден групен индекс емпириско за мерење на ефектите од вклучувањето на организации од граѓанското содружништво во имплементацијата на социјалните политики; критичко промислување на ефектите од новиот модел на вклучување на организации од граѓанското содружништво како даватели на социјални услуги.

Подрачје на примена и ограничувања. Апликативната вредност на дисертацијата се лоцира на подрачјето на социјалните услуги, со посебен акцент врз квалитетот на услугите и степенот на адаптација и иновативност на граѓанските организации како даватели на услуги во контекст на современите социјални политики. Примената на добиените сознанија зависи од идеолошките и политичките движења кај нас и во светот поради, како што е покажано во дисертацијата, тесната поврзаност на социјалната политика со тие нивоа на општествената динамика.

Можни понатамошни истражувања. Дисертацијата најавува можности за понатамошни продлабочени истражувања во насока на: подигање на статистичко тестирање на хипотези од областа на социјалната политика од биваријантно на мултиваријантно ниво (со дополнителна елаборација на т.н. посреднички варијабли) и надградување на иницијално конструираните индекси за мерење на ефектите од вклучувањето на организации од граѓанското содружништво во имплементацијата на социјалните политики со што би се зголемила нивната аналитичка и опишувачка вредност.

Врз основа на претходното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го прифати позитивниот извештај за докторскиот труд насловен: *Граѓанското содружништво во социјалните политики во Македонија*, поднесен од м-р Андон Дамовски, и да му овозможи на кандидатот да го одбрани својот докторски труд.

22.6.2026

Членови на Комисијата

Проф. д-р Милева Ѓуровска (претседател), с.р.
Проф. д-р Ило Трајковски (ментор), с.р.
Проф. д-р Сунчица Димитријоска (член), с.р.
Проф. д-р Константин Миноски (член), с.р.
Проф. д-р Владимир Илиевски (член), с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
3. Докторски дисертации

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	**м-р Ментор Сулејмани**	„Учеството во секојдневните рутини кај деца со развојни тешкотии и кај деца со типичен развој на возраст од 3 до 5 години“	“Participation in Daily Routines Among Children with Developmental Difficulties and Typically Developing Children Aged 3 to 5 Years“	Проф. д-р Александра Каровска Ристовска	10-401/12 од 16. 06.2026 год.

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
2. Магистерски трудови

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Ирена Лозановска Панчевска	„Фактори на успешна транзиција од услугите за рана интервенција кон инклузивно образование“	“Factors for a Successful from Early Intervention Services to Inclusive Education“	Проф. д-р Горан Ајдински	10-608/5 од 16.06.2026 год.
2.	Симона Петровски	„Стилови на дигитално однесување на социјалните мрежи: развој и валидирање на мерен инструмент“	“Digital behavior styles on social networks: development and validation of an measurement instrument“	Проф. д-р Николина Кениг	10-771/6 од 16.06.2026 год
3.	Јулија Пановска	„Света Марина Писидиска помеѓу црковниот канон и народната митологија на Јужните Словени“	“Saint Marina of Pasidia between Ecclesiastical Canon and South Slavic folk mythology“	Проф. д-р Никос Чаусидис	10-1215/3 од 16.06.2026 год
4.	Надица Банишка	„Родовата еднаквост во нормативните и програмските документи за предучилишно и основно воспитание и образование“	“Gender equality in normative and programmatic documents for preschool and primary education“	Проф. д-р Сузана Миовска Спасева	10-674/6 од 16.06.2026 год

ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“
2026

1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	м-р Петрит Читаку	„Жанровска анализа на воведи во филолошки научни трудови на англиски јазик напишани од албански автори и од вештачка интелигенција“	„Genre Analysis of Research Article Introductions Written in English by Albanian Scholars and the Use of Artifical Intelligence in Introduction Writing in Linguistics, Literature and Language Teaching“	проф. д-р Мира Беќар	10-478/12 од 22.5.2026 година
2.	м-р Бесарта Даути Рамадани	„’Другиот‘ во романите на Ридван Дибра“	“The Other“ in the novels of Ridvan Dibra	проф. д-р Мирлинда Крифца-Беќири	10-146/7 од 22.5.2026 година
3.	м-р Зијад Шабани	„Естетска и семантичка функција на парадоксот во поетиката на Азем Шкрељи	„Aestheitic and Semantic Function of Paradox in the Poetics of Azem Shkrelji“	проф. д-р Мирлинда Крифца-Беќири	10-925/ 7 од 22.5.2026 година

ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“
2026

2. МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	Име и презиме на кандида-тот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Јованка Пачовска	„Женските гласови во современата македонска драма“	„Women’s voices in contemporary macedonian drama“	проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска	10-1149/4 од 22.5.2026 година

П Р Е Г Л Е Д
НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ НА ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА-ИЗИИС, СКОПЈЕ

2. Магистерски труд

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на одлука на НС за прифаќа-ње на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Иво Достиновски	КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА АРМИРАНОБЕТОНСКА КОНСТРУКЦИЈА ПРОЕКТИРАНА ВО КЛАСА НА СРЕДНА ДУКТИЛНОСТ (DCM) И КЛАСА НА ВИСОКА ДУКТИЛНОСТ (DCH), СОГЛАСНО ЕВРОКОД 8	COMPARATIVE ANALYSIS OF REINFORCED CONCRETE STRUCTURE DESIGNED IN DUCTILITY CLASS MEDIUM (DCM) AND DUCTILITY CLASS HIGH (DCH) ACCORDING TO EUROCODE 8	Вонр.Проф. Горан Јекиќ	09-1189/1 од 22.06.2026

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ИСТРАЖУВАЧ ВО НАУЧНОТО ЗВАЊЕ НАУЧЕН СОРАБОТНИК/ДОЦЕНТ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА МАКЕДОНСКА НАРОДНА ЛИТЕРАТУРА ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Вечер“ на 2.6.2026 и во „Koha” на 3.6.2026 година, за избор на истражувач во сите научни звања во Одделението за македонска народна литература, и врз основа на Одлуката на Советот на ИМЛ (бр.02-115/11 од 9.6.2026) е формирана Рецензентска комисија во состав: д-р Ана Мартиноска, д-р Марко Китевски и д-р Александар Прокопиев, сите тројца научни советници/редовни професори во Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на истражувач во сите научни звања во Одделението за македонска народна литература на Институтот за македонска литература при УКИМ во Скопје, во предвидениот рок се пријави д-р Жарко Иванов, соработник истражувач во Одделението.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Жарко Иванов е роден во Скопје, во 1976 година. Дипломирал во 2020 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се стекнал со стручен назив – дипломиран филолог по руски јазик и книжевност. За време на студиите и по нив, работел како преведувач од италијански, англиски и руски јазик, а дополнително ги изучувал и францускиот и шпанскиот јазик. Магистрирал во 2017 година на Институтот за македонска литература при УКИМ во Скопје на тема: „Помеѓу реалноста и фикцијата – поетиката во сценаријата на Чарли Кауфман“ и се стекнал со научен назив – магистер по културологија (во книжевноста). Од 2019 година, тој е магистер по филмски уметности – продукција, стручен назив стекнат на Универзитетот за аудиовизуелни уметности, Европска филмска, театарска и танцова академија. Својата докторска дисертација на тема: „Книжевна и визуелна адаптација на фолклорот (од фолклорен образец преку литературна трансформација до анимиран филм)“ ја работел под менторство на проф. д-р Прокопиев. На 15.5.2026, на Културолошките студии при Институтот за македонска литература ја одбранил докторската дисертација пред Комисија во состав: д-р Ана Мартиноска, д-р Александар Прокопиев и д-р Дарин Ангеловски од Институтот за македонска литература, д-р Ермис Лафазановски од Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ и д-р Александар Трајковски од Интернационалниот универзитет „Европа Прима“, со што се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област културолошки студии.

Од 2021 год., м-р Иванов е вработен во Институтот за македонска литература на работното место соработник истражувач во Одделението за македонска народна литература. Ангажиран е како асистент на проф. Ана Мартиноска на постдипломските културолошки студии во книжевноста, на предметот Народна култура. Учествувал на повеќе научни конференции во земјата и во странство и објавил трудови во научни списанија и зборници од областа на литературата, филмот, фолклорот и културолошките студии. Во коавторство со проф. д-р Ана Мартиноска, ја објавил монографијата „Тажачките песни од скопскиот земјотрес во 1963 г. (од архивските материјали на Васил Хаџиманов)“. За ова дело, во 2024 година го добиваат највисокото

државно признание за наука, наградата „Гоце Делчев“, како и наградата „13 Ноември“ на Град Скопје, како признание за значајно остварување во областа на науката и културната меморија поврзана со Скопје. Во текот на оваа година се очекува и двојазичното, македонско-англиско, надополнето издание на оваа книга. Во 2025 година, повторно во коавторство со Ана Мартиноска, ја објавил и монографијата „Македонски народни хумористични песни (од архивските материјали на Васил Хаџиманов)“. Покрај научните монографии, Иванов е коавтор и на графичките изданија „Небиднина“, инспирирано од творештвото на Ацо Шопов, и „Човечулец“, инспирирано од истоимената збирка на Александар Прокопиев, во кои неговиот интерес за книжевноста, визуелниот израз и интермедијалното раскажување добива поинаква, графичко-наративна форма. Иванов учествувал со самостојни трудови на повеќе научни конференции во земјава и во странство, како и во научноистражувачките проекти „Македонска книжевна енциклопедија (автори и дела)“ и „Траумата во литературата“, каде што бил и член на организацискиот одбор.

Иванов е главен и одговорен уредник на издавачката куќа „Флип Бук Букс“, која објавува дела од областа на филмот, анимацијата, книжевноста, графичкиот израз и современата култура. Тој има и долгогодишно авторско, продуцентско и организациско искуство во областа на филмот и анимацијата. Во 2012 година ја основал филмската продуцентска куќа „Флип Бук“, преку која, како продуцент, сценарист, режисер и аниматор, учествувал во создавањето на повеќе кратки анимирани, играни, документарни и музички документарни филмови. Дел од неговите филмови биле прикажани на бројни меѓународни филмски фестивали и освоиле повеќе награди.

Од 2016 година, Иванов е претседател на македонскиот огранок на АСИФА, светската асоцијација за анимиран филм. Основач е и директор на „Флипбук филм фестивал“, фестивал посветен на авторскиот анимиран филм, кој од своето основање придонесува за поголема видливост на анимацијата во македонскиот културен простор и за поврзување на домашната сцена со европските и светските анимациски тековi. Покрај филмската и научната работа, Иванов има реализирано и самостојни изложби на фотографии и дигитални колажи, како и учества на групни изложби во Скопје, Сараево, Софија и Њујорк.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Научноистражувачка дејност

Д-р Жарко Иванов ја објавил монографијата „Тажачките песни од скопскиот земјотрес во 1963 г. (од архивските материјали на Васил Хаџиманов)“, во коавторство со д-р Ана Мартиноска, за која во 2024 година го имаат добиено највисокото државно признание за наука, наградата „Гоце Делчев“ за особено значајно остварување во областа на науката за книжевноста, како и наградата „13 Ноември“ на Град Скопје, како признание за значајно остварување во областа на науката и културната меморија поврзана со Скопје. Во текот на оваа година се очекува и двојазичното, македонско-англиско, надополнето издание на оваа книга. Таа овозможува редок архивски материјал од скопскиот земјотрес да биде приопштен во македонската културна меморија за првпат по 60 години и нуди сеопфатен научен книжевно-историски и фолклористички придонес кон најмалку проучуваниот жанр во македонската фолклористика – жанрот на тажачките народни песни. Со ова значајно научно остварување се збогатуваат научните сознанија за спецификите на жанрот на тажаленките и, особено, за богатиот корпус на тажаленките од земјотресот собирани од

значајниот собирач на народни умотворби Васил Хаџиманов, но истовремено преку нивните фототипни и мелографски претстави се зачувуваат за идните генерации како раритетен дел од македонското фолклорно, етномузиколошко и културно-историско наследство.

Во 2025 година, Иванов ја објавил и монографијата „Македонски народни хумористични песни (од архивските материјали на Васил Хаџиманов)“, повторно во коавторство со Мартиноска. Иванов и во оваа прилика го покажува својот интерес за научноистражувачка фолклористичка работа во архив, па со коавторката повеќе години се занимаваат со проучување на огромниот корпус на архивските материјали од Легатот на Хаџиманов во МАНУ, ги расчитуваат и ги класифицираат песните, нивните текстови и други белешки. Оваа книга претставува монографско издание со селекција на хумористични народни песни со соодветни фолклористички толкувања и со фототипни мелограми и текстови на песните. Двете книги се значајни по неколку основи, како презентација на досега необјавено фолклорно богатство, како важен прилог кон популаризацијата на македонистичкиот потфат на Хаџиманов, но и како квалитетен научен произнес кон спецификите на македонските народни песни.

Покрај научните книги, Иванов има објавено и седум (7) трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтни рецензирани научни списанија со меѓународен уредувачки одбор, и тоа три (3) во коавторство со Ана Мартиноска, од кои еден објавен во реномираното српско списание *Фолклористика* под наслов: „Теренска истраживања Васила Хаџиманова након скопског земљотреса 1963. године и процес реконструкције тужбалица (тажачки песни) из његове грађе 60 година касније“. Трудот „Легатот на Васил Хаџиманов како културно наследство“ е објавен во списанието за книжевна наука *Спектар,* а трудот „Репрезентација на траумата од скопскиот земјотрес во 1963 година во тажачките песни собрани од Васил Хаџиманов“ во меѓународното електронско списание *Филолошки студии*. Овие трудови го покажуваат континуитетот на научните интереси на Иванов во бавењето со фолклористички теми кои произлегуваат од архивска граѓа, што говори за неговиот предизвик во откривање на нови досега необработувани научни подрачја и теми, но и забележителни, фундаментални резултати при нивното соодветно научно толкување и проследување во поширок културно-историски контекст. Истовремено, тие се потврда за неговиот аналитички пристап кон народната литература како поле на неговиот научен интерес, лоцирајќи ги важните задачи за македонската фолклористичка наука, но и презентирајќи сериозен, систематски и зрел профил на истражувач кој храбро и посветено ја гради својата академска позиција во рамки на Одделението за македонска народна литература.

Особено значајно е да истакнеме дека неговата примарна позиција извонредно се надополнува и се надградува со неговите поширок интереси во рамки на литерарните, културолошките и филмските студии. Во тој контекст се забележливи и резултатите на останатите четири (4) труда од оваа категорија, „Македонскиот филм во транснационалните филмски процеси“ (*Контекст),* „Синеастичката преобразба на митот за Медеја во филмот на Пазолини“ (*Систасис),* „The Unremembbered Golden Era: Macedonian Animated Film 1971-1991“ (*Филолошки студии)* и „Страста на Андреј Тарковски за Андреј Рубљов“: значењето на духовноста за Тарковски во создавањето на филмот Андреј Рубљов“ (*Контекст).* Во согласност со културолошките студии кои по својата природа се интердисциплинарни и го истражуваат значењето независно од медиумите во кои се прикажува и пренесува, овие трудови нè упатуваат на Иванов како на истражувач кој е силно поткован во актуелните и современи теории на културата, а чиј интерес е широк, темелен и внимателно избран сеедно дали во моментот е доминантно насочен кон анализа на наративни, визуелни или други естетски феномени, како и независно од тоа дали се работи за традиционални или современи форми или нивните релации и адаптации.

Иванов има објавено и шест (6) труда во зборници од научни собири, кои исто така покажуваат екстензивно поле на интерес во распон од дигитализацијата на културното наследство, преку митските реинтерпретации и постмодерните обработки

на фолклорните мотиви, рецепцијата на книжевните дела, па сè до трансформациите и адаптациите на народните и уметнички бајки во анимирани филмови. Дел од овие теми директно се поклопуваат и со главното истражување на Иванов во периодот кој е предмет на оваа рецензија – неговата докторска дисертација „Книжевна и визуелна адаптација на фолклорот – од фолклорен образец, преку литературна трансформација до анимиран филм“, одбранета на 15.5.2026 на Институтот за македонска литература во Скопје. Темата на оваа дисертација е научно актуелна, методолошки сложена и во домашни рамки недоволно истражена во ваква широчина и интердисциплинарна насоченост. Во неа, Иванов се зафаќа со прашањето за преминот на фолклорниот материјал од усна традиција во книжевна и визуелна уметничка форма, но притоа не се задржува на вообичаеното споредување меѓу еден книжевен текст и неговата филмска преработка. Напротив, дисертацијата поставува поширока и попрецизна истражувачка рамка, во која трансформацијата се следи низ повеќе стадиуми: од фолклорен образец, преку литературна обработка, до сценарио и анимиран филм. Токму оваа постапка ја прави тезата особено вредна, затоа што отвора можност сказната и фолклорниот материјал да се мислат не како затворени и завршени облици, туку како подвижни структури што продолжуваат да живеат преку преработка, реактуализација и премин во нови медиумски услови. Во оваа смисла, како што вели и рецензијата за оцена на трудот, тој „покажува јасна истражувачка амбиција: да понуди не само опис на одделни книжевни и филмски случаи, туку и теориски заснован модел за разбирање на трансформацијата на фолклорот во современите уметнички практики. Ваквата амбиција е особено значајна затоа што темата го поврзува традициското културно наследство со современите книжевни и визуелни форми, а тоа значи дека дисертацијата истовремено има и историска, и теориска, и аналитичка, и културолошка вредност.“ (Билтен бр. 1351 од 15 април 2026)

Покрај ова, значајно е да се истакне дека во периодот од неговото вработување во Институтот за македонска литература како соработник истражувач, односно од последниот избор како соработник истражувач во Одделението за македонска народна литература, Иванов има остварено и учество на осум (8) научни собири. Тој бележи и учество во два меѓународни научноистражувачки проекта, и тоа фундаменталниот проект „Македонска книжевна енциклопедија (автори и дела)“ на Институтот за македонска литература, каде што учествува со изготвување на одредници од областа на македонската народна литература, и националниот проект „Траумата во литературата“, поддржан од Министерството за образование и наука, каде што бил учесник со научен прилог во рамки на меѓународна конференција и член на организацискиот одбор.

Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, од 2023 година кандидатот д-р Жарко Иванов изведува вежби на втор циклус студии на студиската програма Културолошки студии (во книжевноста), по предметот Народна култура.

Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Во рамките на својата активност во Институтот за македонска литература, кандидатот Иванов извршува и ред други активности кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност, меѓу кои ги издвојуваме учеството во редакцијата на меѓународното списание *Филолошки студии*, членството во организацискиот одбор на конференцијата во рамки на меѓународниот научноистражувачки проект „Траумата во литературата“, како и учеството во други настани во Институтот и сродните научно-образовни институции од земјата и од странство. Од неодамна е член на Комисијата за фолклористика при Меѓународниот славистички комитет.

Во однос на дејноста од поширок интерес, Иванов е препознатлив во македонската културна јавност како главен и одговорен уредник на издавачката куќа „Флип Бук Букс“, основач и директор на филмската продуцентска куќа „Флип Бук“ и на „Флипбук филм ф,естивал“, фестивал посветен на авторскиот анимиран филм. Од 2016 година Иванов е претседател на македонскиот огранок на АСИФА, светската асоцијација за анимиран филм.

Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и искуството од непосредната соработка со кандидатот Жарко Иванов, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Жарко Иванов. Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Жарко Иванов поседува научни и стручни квалитети и според Законот за научноистражувачката дејност, Правилникот за начинот и постапката за избор во повисоко научно звање на Министерството за образование и наука, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во научни и соработнички звања на ЈНУ Институт за македонска литература – Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето научен соработник/доцент во научните области **(6.02.02.01) македонска книжевност** и **(6.05.03.04) културологија во книжевноста**.

Исклучителната верзираност во користењето на изворна архивска граѓа, нејзино дигитализирање, расчитување и класифицирање, како и соодветното жанровско и пошироко фолклористичко толкување придонесува дел од неговите книги и трудови да добијат јавно видлив третман на оригинални научни проследувања од големо значење за македонската наука, зачувувањето и презентирањето на нашето национално фолклорно богатство и културно наследство. Од друга страна, примената на интердисциплинарниот приод во истражувањето, проширените знаења од повеќе комплементарни области во рамки на литерарните и културолошките студии, придружени со неговите лични квалитети на полиглот, ерудит и етаблиран уметник, ја заокружуваат високата позитивна оцена за активностите на кандидатот во дејностите од поширок интерес.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје, д-р Жарко Иванов да биде избран во звањето научен соработник/доцент во научните области **(6.02.02.01) македонска книжевност** и **(6.05.03.04) културологија во книжевноста**.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Ана Мартиноска, с.р.
Проф. д-р Марко Китевски, с.р.
Проф. д-р Александар Прокопиев, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Жарко Асен Иванов
Институција: ЈНУ Институт за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје
Научни области:
МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ (НАРОДНА ЛИТЕРАТУРА)
КУЛТУРОЛОГИЈА ВО КНИЖЕВНОСТА (КУЛТУРОЛОШКИ СТУДИИ)

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: **8,04.** Просечниот успех на втор циклус (1) изнесува: **9,60.** Просечниот успех на втор циклус (2) изнесува: **10,00.**	да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: **културологија во книжевноста;** поле: **културолошки студии;** подрачје: **хуманистички науки.**	да
3	Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 5. Назив на научното списание: *Context / Контекст* 25 6. Назив на електронската база на списанија: Ebsco /CEEOL 7. Наслов на трудот: „Страста на Андреј Тарковски за Андреј Рубљов“: Значењето на духовноста за Тарковски во создавањето на филмот Андреј Рубљов 8. Година на објава: 2022	да
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1. Назив на научното списание: *Context / Контекст 27*	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): Македонија (2), Холандија (1), Словенија (1), Словачка (1), Хрватска (1) 3. Наслов на трудот: „Македонскиот филм во транснационалните кинематографски процеси“ 4. Година на објава: 2023	
3.3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Назив на научното списание: _____ 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_____ 3. Наслов на трудот: _____ 4. Година на објава: _____	
3.4	Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Наслов на книгата: _____ 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_____ 3. Издавач, година и место на издавање/објавување:	
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 6. Назив на зборникот: *XLVIII меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 3 и 4 септември 2021 година* 7. Назив на меѓународниот собир: XLVIII меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура 8. Имиња на земјите: Македонија, САД, Руска Федерација 9. Наслов на трудот: „Малиот човек во големиот книжевен свет – Рецепцијата на 'Човечулец' од Александар Прокопиев во европскиот книжевен контекст“ 10. Година на објава: 2022	да
3.6	Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност 1. Наслов на преведеното капитално дело: / 2. Година на објава: / 3. Издавач, место на издавање и година: /	
4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 17. Странски јазик: англиски јазик 18. Назив на документот: Универзитетска диплома 19. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ 20. Датум на издавање на документот: 25.9.2020	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	1. Странски јазик: руски јазик 2. Назив на документот: Универзитетска диплома 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ 4. Датум на издавање на документот: 21.12.2010 1. Странски јазик: италијански јазик 2. Назив на документот: Универзитетска диплома 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ 4. Датум на издавање на документот: 21.12.2010 1. Странски јазик: шпански јазик 2. Назив на документот: Diploma de Español como Lengua Extranjera (DELE) 3. Издавач на документот: Instituto Cervantes 4. Датум на издавање на документот: 23.2.2007 1. Странски јазик: Француски јазик 2. Назив на документот: Certificat 3. Издавач на документот: Institut Francais de Sofia 4. Датум на издавање на документот: 9.7.2008	
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	да

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Жарко Асен Иванов**
Институција: Институт за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Научни области: **македонска книжевност** и **културологија во книжевноста**

Ред. бр.	НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ	Поени	
		во земјата	во странство
	Монографија/научна книга[1]		
1.	Тажачки песни од скопскиот земјотрес во 1963 г. (од архивските материјали на Васил Хаџиманов) (со Ана Мартиноска), 2023, Скопје: ИМЛ.	8	
2.	Македонски народни хумористични песни (од архивските материјали на Васил Хаџиманов) (со Ана Мартиноска), 2023, Скопје: ИМЛ.	8	
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во СЦИ/ЦА/останати или објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор[2]		
1.	„Легатот на Васил Хаџиманов како културно наследство“, Во: *Спектар 85/2025*, Скопје: Институт за македонска литература, стр. 225-238 (коавторство со Ана Мартиноска)	6	
2.	„Теренска истраживања Васила Хаџиманова након скопског земљотреса 1963. Године и процес реконструкције тужбалица (тажачки песни) из његове грађе 60 година касније“. Во: *Фолклористика, година девета, бр. 1, 2024*, стр. 43-55 (коавторство со Ана Мартиноска	6	
3.	„Репрезентација на траумата од скопскиот земјотрес во 1963 година во тажачките песни собрани од Васил Хаџиманов“. Во: *Филолошки студии 22.2/2024*, Институт за македонска литература: Скопје, стр. 35- 53 (коавторство со Ана Мартиноска)	6	
4.	„Македонскиот филм во транснационалните филмски процеси“. Во: *Context/Контекст 27*/2023, Скопје: Институт за македонска литература, стр. 79-90	6	

[1] Делот претставува заокружена целина (на пример, глава во научна книга).

[2] Меѓународен уредувачки одбор е одбор во кој учествуваат експерти од соодветната научна област од најмалку 5 земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува 40 % од вкупниот број членови.

5.	„Синеастичката преобразба на митот за Медеја во филмот на Пазолини“. Тема: Класичната култура денес: од традиција до рецепција, *Систасис* 41/2023, стр. 133-145.	6	
6.	„THE UNREMEBERED GOLDEN ERA: MACEDONIAN ANIMATED FILM 1971-1991“. Во: *Филолошки студии 20, 2/2022*, Институт за македонска литература: Скопје, стр. 1- 3	6	
7.	„Страста на Андреј Тарковски за Андреј Рубљов“: значењето на духовноста за Тарковски во создавањето на филмот Андреј Рубљов“. Во: *Context/Контекст 25/2022*, Скопје: Институт за македонска литература: стр. 93-106	6	
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир		
1.	„Митски реинтерпретации: Пилад на Пазолини како социо-политички коментар“. *Зборник на трудови од меѓународната научна конференција „Мит и драма: современи толкувања“*, 2025, стр. 353-370.	2	
2.	„Критичката рецепција и влијанието на документарниот филм „Медена земја“, ВО *Зборник на трудови од 51. Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ*, 2024, Скопје : Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, стр. 693-711.		3
3.	„Креативната трансформација на Скопје: од *Кружно патување на сенката* на Д. Солев преку уметничката бајка до анимиран филм “. Зборник на трудови од конференцијата *Урбаниот профил на Скопје* во современата проза, 27 октомври 2022 (ур. Соња Стојменска-Елзесер), Скопје: Институт за македонска литература, 2023, стр. 105-115.		3
4.	„Предизвици при дигитализација на нематеријално културно наследство (врз примерот на аудио-материјалите од Васил Хаџиманов снимени во периодот по скопскиот земјотрес во 1963 г.)“, Коавторство со Ана Мартиноска, *Зборник Писменото и книжевно културно наследство во Скопје и Скопско*, ИМЛ, 2022 (стр. 67-79). (коавторство со Ана Мартиноска)		3
5.	„Малиот човек во големиот книжевен свет: рецепцијата на ‘Човечулец’ од Александар Прокопиев во европскиот книжевен контекст“, *Зборник на трудови од 48. Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ*, 2021, Скопје :		3

	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, стр. 618-635		
6.	„Постмодерна обрада бајке Снежана у причи Ловац А. Прокопиева“, во Зборник на трудови од 8. Меѓународна конференција у циклусу „Словенска фантастика“ (во печат)		3
	Секциско предавање на научен/стручен собир		
1.	„Митски реинтерпретации: Пилад на Пазолини како социо-политички коментар“, на *Меѓународна научна конференција МИТ И ДРАМА: современи толкувања,* одржана на Филолошки факултет при УКИМ во Скопје, 29 – 30 ноември 2024 година		3
2.	„Предизвици при дигитализација на нематеријално културно наследство (врз примерот на аудио-материјалите од Васил Хаџиманов снимени во периодот по скопскиот земјотрес во 1963 г.)“, на Меѓународен симпозиум за балкански фолклор ,,Фолклористиката и културното наследство', Скопје, Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, 22 ноември 2024 (со Ана Мартиноска)		3
3.	„Етномузиколошките истражувања на Васил Хаџиманов на тажачките песни од скопскиот земјотрес од 1963 г.“, на Струшка музичка есен – Историски аспекти во развојот на македонската музичка култура, 20 – 22 септември 2024, Струга, Сојуз на композитори на Македонија (со Ана Мартиноска)	2	
4.	„Кинематографска репрезентација на траумата: семејното насилство во италијанскиот филм ‘И утре е ден’ (‘C'è Ancora Domani’)“, на Меѓународен научен собир „65 години италијански студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 17 – 18 октомври 2024		3
5.	„Постмодерна обрада бајке Снежана у причи Ловац А. Прокопиева“, на 8. Међународна конференција у циклусу „Словенска фантастика“ (27.5.2022)		3
6.	„Креативната трансформација на Скопје од Кружно патување на сенката на Д. Солев преку уметничката бајка до анимиран филм“. Конференција *Урбаниот профил на Скопје во современата проза*, ИМЛ (27.10.2022, Скопје)		3
7.	„Македонскиот филм во транснационалните кинематографски текови“, на *49. Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ*, одржан во Конгресен центар, Охрид, 4 – 5 септември 2022 година		3
8.	„Малиот човек во големиот книжевен свет: рецепцијата на ‘Човечулец’ од Александар		3

	Прокопиев во европскиот книжевен контекст“, на *48. Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ,* одржан во Конгресен центар, Охрид, 3 – 4 септември 2021 година		
	Одбранета докторска дисертација		
	„Книжевна и визуелна адаптација на фолклорот – од фолклорен образец, преку литературна трансформација до анимиран филм“, одбранета на 15.5.2026, на Институт за македонска литература, Скопје.	8	
	Одбранет магистерски труд		
1.	„Помеѓу реалноста и фикцијата – Поетиката во сценаријата на Чарли Кауфман“, одбранет на 27.11.2017, на Институт за македонска литература, Скопје, Македонија.	5	
2.	„Анимиран-документарен филм – Историја, теорија и естетика“, одбранет на 15.7.2019, на Универзитет за аудиовизуелни уметности, Скопје, Македонија.	5	
	Учесник во научен проект (најмногу во 3)	национален	меѓународен
1.	*Енциклопедија на македонската литература (автори и дела)* Носител: Институт за македонска литература, (2021 – 2023), https://mke.iml.edu.mk/Home/Index	2	
2.	*Траумата во литературата* Носител: Институт за македонска литература, (2025 – 2026)	2	
	Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или изработка на семинарски труд)[3]		
1.	Народна култура	0,54	
	СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ	**Поени**	
		во земјата	**во странство**
	Член на уредувачки одбор на научно /стручно списание СЦИ/ЦА/останати		
1.	Филолошки студии/ Philological Studies (2022 – 2024), секретар	2	
	Член на организационен одбор на научен/стручен собир		
	Траумата во литературата, 2025 – 2026	1	
	Награди/признанија за		

[3] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниот начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,03). Пример 3 (часа неделно)*15 (недели)* 0,03 (поени за часови вежби) = поени

	научни постигнувања			
1.	Државна награда „Гоце Делчев“ за 2024 година, за особено значајни остварувања во интерес на РС Македонија во областа на науката за книгата *Тажачки песни од скопскиот земјотрес во 1963 г. (од архивските материјали на Васил Хаџиманов)* (со Ана Мартиноска)	5		
2.	Награда „13 Ноември“ на Град Скопје за книгата *Тажачки песни од скопскиот земјотрес во 1963 г. (од архивските материјали на Васил Хаџиманов)* (со Ана Мартиноска)	5		
	Студиски престој во странство	до 3 мес.	до 6 мес.	Повеќе
1.	Балканолошки институт, САНУ, Белград, 25 – 27.10.2023 г.	0,5		

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ	120,54
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ	13,5
Вкупно	**134,04**

Рецензентска комисија

Проф. д-р Ана Мартиноска, с.р.
Проф. д-р Марко Китевски, с.р.
Проф. д-р Александар Прокопиев, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЦАРИГРАДСКИТЕ ТОПОСИ И МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРНА ПРЕРОДБА“ ОД М-Р МАРИНА ЦВЕТАНОСКА, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонска литература во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 24. редовна седница на одржана на 6.3.2026 г., формираше Комисија за оцена и за одбрана на докторската дисертација под наслов: „Цариградските топоси и македонската културна преродба“, изработана од м-р Марина Цветаноска. Комисијата е во состав: проф. д-р Илија Велев (претседател), проф. д-р Валентина Миронска-Христовска (ментор), проф. д-р Славчо Коволиско (член), проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева (член) и проф. д-р Тодор Чепреганов (член).

Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, Комисијата во наведениот состав ја прегледа и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Анализа на докторската дисертација

Докторската дисертација под наслов: „Цариградските топоси и македонската културна преродба“ од м-р Марина Цветаноска содржи 170 страници компјутерски обработен текст во А4-формат, фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина буквите 12, со користени библиографски единици, кои, главно, претставуваат научни изданија, интернет-извори поврзани со истражуваната проблематика, научни трудови, статии, книги и архивски материјал, поточно изданија и весници објавувани во XIX век. Трудот е структуриран со вовед, **шест** основни поглавја, заклучни согледби и библиографија. Основните поглавја се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, што овозможува прегледно, систематично и научно аргументирано следење на материјата што е предмет на обработка во оваа докторска дисертација. Дисертацијата се потпира врз домашна и странска литература од областа на историјата на Македонија и на Балканот, теориите на идентитетот, на македонската литературна историја, книги, учебници и публицистички објави во весници и списанија од XIX век, кои биле печатени во Цариград.

Темата на докторската дисертација „Цариградските топоси и македонската културна преродба“ е насочена кон истражување на културно-историските топоси во Цариград (Истанбул) кои одиграле значајна улога за текот на македонската културна и национална преродба на македонскиот народ во XIX век. Определбата за темата доаѓа од потребата да се проследи значењето на Цариград како еден од клучните центри во кој македонските просветители, преродбеници и интелектуалци имале можност да се стекнат со образование, да ја развијат издавачката дејност, да ги публикуваат своите учебници, речници и граматики, како и литературните и публицистичките објави, кои биле дистрибуирани во Македонија и кои ја одиграле клучната улога во тековите на македонската преродба.

Во **воведниот дел** од дисертацијата, кандидатката истакнува дека македонската културна и национална преродба во XIX век претставува сложен и повеќеслоен историски процес, при кој настаните и дејностите што се одвивале на територијата на Македонија биле поврзани и со културните и политичките центри надвор од нејзините географски граници. Кандидатката истакнува дека Цариград се издвојува како еден од најзначајните урбани простори во кој македонските просветители и преродбеници

остварувале суштинска дејност во областа на издаваштвото, публицистиката и образованието, со што воедно ја одбележува оправданоста на истражувањето за подлабоко и посистематско проучување на цариградските топоси како културни и мемориски јадра поврзани со македонската преродба.

Првото поглавје, насловено **Општествено-политичките и културните состојби на Балканот во XIX век,** составено е од три поднаслови. Во првиот насловен „Историско-политички контекст на Балканот“, кандидатката бележи дека проследувањето на историско-политичкиот контекст во XIX век овозможува Балканот да се согледа како простор на постепена, длабока трансформација, од империјална периферија до осамостојување на повеќе држави. Воедно, забележано е дека во текот на XIX и во XX век, интерес за Балканот, покрај еропската политика, пројавиле и голем број европски патописци и интелектуалци, па неговото географското значење било надминато и добило културно-политичка конотација. Во овој дел, кандидатката, податоците за Балканот, примарно ги користи произнесени од страна на Марија Тодорова, Барбара Јелавич и Марк Мазовер, со што дава прилог какви се согледбите на другиот по однос на ова прашање. Во продолжение следува разгледување на македонското прашање во контекст на Источното прашање, како и на позначајните конференции по однос на ова прашање. На крајот, кандидатката бележи дека историско-политичкиот контекст на Балакнот во XIX век претставувал динамична рамка во која се развивале процесите на национална еманципација, културна афирмација и политичко организирање на балканските народи. Во вториот поднаслов, „Националните движења и идеи за редефинирање на балканскиот простор“, кандидатката ги проследува пројавите на националните програми, културно-преродбенските идеи и прашањето за колективните, т.е. националните идентитети. Кандидатката националните движења на Балканот ги проследува преку етносимболичката, империјално-постимперијална, геополитичка и модерна рамка, односно преку современите теории за нацијата и национализмите, кои даваат можност за разбирање на балканските национални процеси во XIX век. Во последниот поднаслов, „Културната преродба на балканските народи“, кандидатката ги наведува почетоците на културните процеси кај балканските народи, нивните главни претставници, накратко, компаративно ги проследува појавите на определени литературни видови, жанрови во балканските литератури, при што акцентот е ставен на нивните заложби околу тенденциите за формирање на литературните јазици.

Во второт поглавје насловено **Македонската културна и национална преродба во XIX век,** преку повеќе одделни поднаслови, „Општествено-економски трансформации и генезата на преродбенската идеја во Македонија“, „Македонското прашање во балкански и европски контекст“, „Борба за црковна самостојност“, „Македонското јазично прашање“, „Просветно-културниот живот во Македонија во XIX век“, „Читалишта и библиотеки“, „Зачетоци на македонското печатарство“ и „Туѓите пропаганди и просветни влијанија“, кандидатката ги систематизира досегашните проучувања и дава преглед на позначајните политички, општествени, културни прилики кои влијаеле врз развојот на граѓанската култура, на националната мисла, на афирмацијата на македонскиот народен јазик, преку делата на просветителите, учебникарите и собирачите на македонските народни умотворби.

Македонските културно-книжевни процеси поврзани со Цариград во XIX век е насловот на третото поглавје, во кое кандидатката најпрвин се задржува на „Цариградските топоси како јадра на културна артикулација“. Кандидатката истакнува дека во рамките на истражувањето на македонската културна преродба во XIX век, поимот „цариградски топоси“ се наметнува како клучна аналитичка категорија преку која може да се согледа сложената мрежа на културни, книжевни и општествени процеси што се одвивале во Цариград како престолнина на Османлиската Империја. Во овој

контекст, кандидатката истакнува дека топосите не се разбираат како едноставни географски локации, туку како културно конституирани простори во кои се вкрстуваат институционалните структури, комуникациските практики и дискурзивните модели на една повеќеслојна општествена – империјална реалност. Тргнувајќи од современите теоретски мисли дека тие претставуваат динамични јадра во кои се акумулираат и трансформираат различни облици на културен капитал, кандидатката оценува дека во него се вбројуваат печатеното слово и образовните иницијативи, црковните и општествените активности – при што се овозможува нивно артикулирање во поширок колективни и национални рамки. Во продолжение, кандидатката се повикува на неколку позначајни теоретичари кои се занимаваат со поимот „топос“, а особено на Пјер Нора, и концептот „lieux de mémoire“ („места на меморија или места на сеќавање“), според кој овие места не се само географски точки, туку комплексни јадра на историска свест, во кои се вградуваат културни наративи, идентитетски репрезентации и колективни искуства, па оценува дека ваквата перспектива е особено продуктивна при истражувањето на топосите во тогашните услови на XIX век во Цариград, каде што различните етнички и културни заедници создаваат сопствени „места на меморија“, преку духовни, образовни, административни и други институции и социјални практики. Воедно, истакнува дека цариградските топоси во XIX век можат да се интерпретираат како динамични културни јадра во кои се вкрстуваат институционалните структури, образовно-духовните мрежи и книжевните практики на македонската емиграција и интелигенција. Во продолжение, кандидатката истакнува дека цариградските топоси не се само простори на физичко присуство, туку активни медијатори на културна артикулација, во рамките на кои индивидуалните иницијативи се трансформираат во колективни културни процеси. Токму преку ваквото разбирање на топосот како синтеза на простор, меморија и дискурс, се отвора можност за подлабоко согледување на улогата на Цариград како клучен центар во формирањето и развојот на македонската културна и книжевна преродба во XIX век. Притоа, кандидатката, посебно значајните топоси, ги врамува во три групи: економско-социјални топоси (ги вбројува хановите и еснафските собиралишта, особено Балкапан хан и болницата „Евлоги Георгиев“); црковно-духовни топоси (ја издвојува црквата „Св. Стефан“ во Балат) и образовни топоси (ја истакнува Семинаријата на островот Халки и училиштата основани во кои значајно учество земала македонската заедница). Според кандидатката, тие претставуваат клучни точки на интелектуална подготовка и културна трансмисија, во кои се формирале кадри кои одиграле значајна улога во преродбенските процеси. Покрај институционалните, кандидатката истакнува дека важна улога имале и урбаните и комуникациските топоси: квартови (mahalesı), читалишта, печатници, неформални собиралишта, во кои се одвивала секојдневната циркулација на идеи и искуства, се создавал простор за дијалог, размена и постепено оформување на колективна културна свест. Во продолжение, кандидатката во неколку поднаслови се задржува на животот на македонската цариградска емиграција и интелигенција, на изразената драстична промена на демографската карта и бројот на населението во Цариград и во целата Империја, на општествените промени кои настапиле во Османлиската Империја преку определени закони и правилници, реформи, просторната сегрегација и процесот на функционална поврзаност на различните заедници. Како што истакнува кандидатката, сето тоа овозможило Цариград да се потврди како комплексен урбан организам, кој во себе ги обединувал традицијата и новите текови, локалното и космополитското. Во продолжение, кандидатката ја истакнува заложба на македонската емиграција во црковно-националните процеси, во основањето на црквата „Св. Стефан“, во идејата за возобновување на Охридската архиепископија, во отворањето училишта, со што се потврдува дека македонската емиграција во Цариград претставувала значаен носител на

културните, просветните и национално-преродбенските процеси во XIX век. Во контекст на темата, кандидатката ги истакнува и заложбите на преродбениците кои биле поврзани со Цариград, како Партениј Зографски, Натанаил Зографски, Димитар В. Македонски, Јордан Хаџи-Константинов Џинот, Рајко Жинзифов, Димитрија и Константин Миладинови, Константин Петковиќ, Кузман Шапкарев и други.

Во четвртото поглавје, **Издавачка и печатарска дејност на македонските преродбеници во Цариград**, кандидатката дава пресек на печатниците во кои биле публикувани делата на македонските преродбеници. Истакнува дека во тоа време Цариград претставувал еден вид печатарски центар, бидејќи во него дваесет печатници биле исклучиво словенски, и дека македонските преродбеници своите книги ги печателе во печатницата на весникот „Македонија“, потоа во печатницата на Тадеа Дивичијан, во печатницата на Драган Цанков и Бојан Мирков (што се наоѓала во манастирот „Св. Бенедикт“) и во Патријаршиската печатница. Во нив биле печатени и весниците: „Цариградски весник“ (1848 – 1862), „Македонија“ (1866 – 1872), „Право“ (1869 – 1873), „Ден“ (1875 – 1876) „Зорница“ (1869 – 1880), „Новини“ (1891 – 1912), „Бугарија“ (1859 – 1863) и списанијата: „Читалиште“ (1870 – 1875) и „Бугарски книжици“ (1858 – 1862), во кои биле печатени личните творби, патописите, дописките итн., за што кандидатката оценува дека овие весници функционирале како медиум преку кој македонските интелектуалци и граѓани започнале да се појавуваат како препознатлива јавна категорија и фактор за покренување клучни национални прашања поврзани со јазикот, црквата и образованието. Во изработката на темата, кандидатката ги користи изворните весници, проследувајќи ги дописите за кои забележува дека опфаќаат широк спектар на општествени прашања поврзани со градскиот живот, од црковни и училишни до општински проблеми, дека најголемиот дел од нив потекнуваат од поголемите урбани центри како Битола, Скопје, Прилеп, Охрид, Велес, Солун, Воден и Кукуш, но и дека има и дописи од помали места и села, што сведочи за релативно широка мрежа на јавна комуникација. Од проследувањето на дописите, кандидатката забележува дека друг значаен тематски сегмент е за состојбите во образованието и црковниот живот, кои информираат за изградба на училишта и цркви, за активностите на црковно-училишните општини, за прославите поврзани со словенската писменост и традиција, и дека особено внимание се посветува на отворањето и работата на читалиштата како центри на културен и интелектуален живот. Од бројните проследени дописи, кандидатката одделува уште една тематска целина, за економските и социјалните проблеми. Според кандидатката, дописите од тоа време претставуваат значаен извор за проучување на општествените услови и историските процеси во Македонија и дека активната дописничка мрежа сведочи за рана форма на новинарска практика. Во продолжение, кандидатката кратко се осврнува и на публицистичките објави, писма и описи, кои често биле во однос на македонското прашање, против унијатската пропаганда, која се доживувала како закана за верската и националната стабилност.

Во петтото поглавје, **Квантитативен преглед на на печатарската и издавачката дејност во Цариград**, застапени се два поднаслова: „Квантитативен преглед на печатарската и издавачката дејност“ и „Културно-просторен атлас на македонските преродбенски топоси во Цариград (XIX век)“. Од проследените истражувања, кандидатката, во овој дел, печатарската и издавачката дејност ги одбележува како составен дел од културно-просторната организација на македонската преродба во Цариград, како значајни културни топоси околу кои се концентрирала дејноста на македонските преродбеници, кои ја надминале нивната непосредна техничка функција. Со цел појасно да се согледаат обемот, динамиката и тематската структура на оваа дејност, во продолжение кандидатката нуди квантитативен преглед на печатените изданија и публицистички објави поврзани со македонските преродбеници во Цариград.

Преку идентификацијата и мапирањето на печатниците, редакциите и другите значајни културни средишта, кандидатката го реконструира и културно-просторниот атлас на македонската преродба во османлиската престолнина, со што се овозможува поцелосно согледување на просторот во кој се одвивале преродбенските процеси. Методолошки, атласот е конципиран како синтетичка карта што ги поврзува просторната, институционалната и персоналната димензија на македонската културна преродба. Врз основа на историски карти на Цариград од крајот на XIX век, ги идентификува и ги мапира клучните локации на кои се одвивале процесите на културна комуникација и национална афирмација, при што топосите ги групира во повеќе категории: црковно-духовни, економско-социјални, издавачко-печатни, просветно-образовни и добротворни, со што се овозможува појасно согледување на нивната функција во рамките на преродбенските процеси.

Во шестото поглавје, **Лекторатот по македонски јазик и литература во Истанбул, како современ културен топос на македонско-турските врски,** кандидатката најпрвин се осврнува на значењето на лекторатите по македонски јазик, а потоа дава краток историски пресек за отворањето на лекторатот во Истанбул, поточно за започнувањето на соработката меѓу Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Истанбулскиот универзитет во 1985/1986 година, кога започнува да функционира лекторатот по македонски јазик и литература. Во продолжение, дава посебен осврт на неговата работа во периодот од 2016 до 2021 година, за соработката меѓу Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Факултетот за литература при Истанбулскиот универзитет, која започна со потпишување на договор меѓу двете институции во 2018 година, и со одржаниот Меѓународниот научен симпозиум „Урбани културни идентитети – Скопје и Истанбул“ во 2019 година, додека вториот меѓународен симпозиум „Интеркултурни дијалози во контекст на македонско-турските книжевни врски“ беше одржан во 2023 година. Резултатите од научните согледби од двата проекта се реализирани во два зборника. Во овој дел, кандидатката посочува уште неколку настани кои ја одбележуваат соработката меѓу Македонија и Турција на културен и образован план.

Во **заклучните согледувања,** кандидатката истакнува дека преку истражувањето се потврдува дека цариградските топоси овозможиле континуирана дејност на низа истакнати просветители и преродбеници, чии текстови и активности сведочат за постепеното обликување на модерната македонска културна и национална свест, но и како дел од пошироките европски и балкански процеси на модернизација, национална еманципација и културна трансформација. Во тој контекст, кандидатката заклучува дека цариградските топоси во контекст на македонската културна преродба имале суштинско значење за развојот на македонската национална и културна мисла, бидејќи Цариград не претставувал само административен и политички центар на Османлиската Империја, туку и еден од клучните наттериторијални простори во кои се одвивале процесите на културна комуникација, интелектуална мобилност и национална артикулација на балканските народи, вклучително и на македонскиот народ.

1.1. Предмет на истражување

Предмет на истражувањето е градот Цариград како еден од клучните центри од кој македонските преродбеници имале можност да ги дисперзираат своите просветителски, културни и национални заложби во преродба на македонскиот народ. Во тој контекст, истражувањето е насочено кон дејноста на македонските преродбеници кои престојувале или публикувале учебници на македонски народен јазик за потребите на македонските училишта, со што воедно вршеле негова афирмација и го започнале процесот за формирање на македонски литературен јазик; кон публицистичките објави;

кон локациите, т.е. топосите кои имале значење во образовниот и културниот живот на македонската емиграција; кон печатниците, т.е. весниците во кои биле печатени публицистичките објави, описите и дописите за економската, социјалната, образовната состојба во Македонија во XIX век.

1.2. Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Во рамки на досегашните истражувања, не е извршено целосно проследување и мапирање на топосите во Цариград кои имаат значење за македонската културна преродба.

1.3. Краток опис на применетите методи

При изработката на докторската дисертација „Цариградските топоси и македонската културна преродба“ е применет интердисциплинарен пристап, односно комбинирана методолошка постапка од културолошки и културно-историски приод на проследување. Со културолошкиот приод се детерминирани културните појави и процеси во проследувањето на предметот на истражувачкиот интерес, а со културно-историскиот приод е овозможена презентација на документи и материјали, преку кои се образложува и потврдува културниот и националниот развој на македонскиот народ. Притоа, кандидатката најпрвин хронолошки ги проследува политичката, економската и културно-образовната состојба во Македонија, во Османлиската Империја и на Балканот во XIX век. Притоа, преку методот на анализа и синтеза е согледана фактичката состојба на македонското јазично, културно и национално прашање во XIX век, како и цариградските топоси кои имале значајна улога за културната и националната преродба. Статистичкиот метод и табеларниот приказ кој го приложува кандидатката овозможува да се утврдат годините кога и за кои прашања и теми се пишувало во XIX век. Со примената на компаративниот и дескриптивниот метод, кандидатката го проследува текот на почетоците на просветителските текови кај балканските народи, додека со индуктивниот и дедуктивниот метод, од поединечните информации го креира општиот заклучок за општествената, политичката, економската и културно-образовната состојба во која се наоѓала Македонија во XIX век. Со користењето на општите научни методи, изведени се соодветни научни заклучоци од истражуваната проблематика, и согледано е влијанието и значењето на публицистичката дејност на македонските преродбеници во XIX век во Цариград, за Македонија и за Балканот.

1.4. Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од истражувањето на темата „Цариградските топоси и македонската културна преродба“ ја потврдуваат појдовната теза на темата дека цариградските топоси имаат особено значаење за развојот на македонската културна и национална преродба. Преку системското и интерпретативното истражување на цариградските топоси, кандидатката го означува Цариград како клучен наттериторијален културен, интелектуален и мемориски топос. Воедно, истражувањето ја надминува традиционалната национално-територијална рамка на проучување на преродбенскиот процес и го афирмира значењето на трансрегионалните културни центри во формирањето и артикулацијата на македонското прашање, на македонската културна и национална преродба. Како резултати од теренските истражувања, произлезено е мапирањето на конкретни цариградски топоси: печатниците, училиштата во кои се школувале или, пак, биле изградени од доброволни прилози на македонските еснафи; културните институции, еснафските организации, здруженијата, во кои и преку кои македонската емиграција го помагала културниот развој и активно дејствувала во борбата за обнова на Охридската архиепископија, како и во решавањето на

македонското прашање. Дополнителен резултат на дисертацијата е што отвора можност за понатамошни истражувања, не само во насока на цариградските топоси, туку и на другите топоси, односно европски центри каде што се школувале и дејствувале македонските просветители, интелектуалци и македонските друштва, кои имале активно учество во културниот развој на македонскиот народ, во решавањето на македонското прашање, во афирмација и одбрана на македонскиот идентитет и на македонското културно наследство.

2. Оцена на докторската дисертација

Докторската дисертација со наслов: „Цариградските топоси и македонската културна преродба“ од м-р Марина Цветаноска, претставува истражување во интердисциплинарното подрачје на културолошките студии. Докторската дисертација овозможува еден нов поглед на Цариград, како еден од клучните центри за развојот на македонската културна и национална преродба, кој не се разбира како едноставна географска локација, туку како културно конституиран простор во кои се вкрстувале институционалните структури, комуникациските практики и дискурзивните модели на една повеќеслојна општествена – империјална реалност. Воедно, преку извршеното мапирање на црковно-духовните, просветно-образовните, економско-социјалните и издавачко-печатните топоси во Цариград, кандидатката на еден начин врши реконструкција на културната географија и овозможува Цариград да се согледа како динамичен простор на културна интеракција, во кој биле поставени дел од темелите на македонскиот културен, литературен и национален развој во XIX век.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Марина Цветаноска, со наслов: „Цариградските топоси и македонската културна преродба“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

3. Исполнетост на законските услови за одбрана на дисертацијата

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила следниве рецензирани истражувачки трудови:

„Цариградските топоси значајни за македонскиот литературен, културен и национален развој во XIX век“. Зборник на трудови од 46. Меѓународна научна конференција, Меѓународен семинар за македонски јазик, култура и литература, стр. 474-485, Скопје, УКИМ, 2019.

„Проникнување на градските пејзажи на Скопје и Истанбул во *Балканска саѓа* од Луан Старова“. Зборник: Урбани културни идентитети. Меѓународен научен симпозиум во Истанбул (13 – 14 ноември 2019, Истанбул, Р Турција.). Скопје: ИМЛ. стр. 129-142.

„Конески и македонскиот преродбенски 19 век“, Меѓународен научен симпозиум „Конески и книжевната наука“, Катедра за македонска книжевност и јужнословенски книжевности, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 1 и 2 јуни 2021.

„Македонистиката на странските универзитети (Истанбулски универзитет, Истанбул, Р Турција)“, Меѓународен научен собир: 100 години Блаже Конески и 75 години Филолошки факултет, Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“; 13 и 14 декември 2021.

„Конески во наставата на Катедрата за македонски јазик и литература на Истанбулскиот универзитет“, LIV летна школа на МСМЈЛК предавања/тркалезна маса „Блаже Конески во наставата по македонски јазик на странските универзитети“, стр.165-169, Скопје, УКИМ, 2022.

„Публикации на македонските учебникари во цариградските гласници во XIX век“, Зборник на трудови од Меѓународен научен симпозиум: Интеркултурни дијалози

во контекст на македонско – турските книжевни врски, Институт за македонска литература УКИМ-Скопје и Факултет за литература при Истанбулскиот универзитет, Република Турција, 6 – 7 ноември 2023 год. во Истанбул, Република Турција.

„Крива Паланка во патописната литература во времето на Османлиската Империја (XV – XIX) век“, Меѓународна научна конференција „Крива Паланка и Кривопаланечко во времето на Османлиската Империја (XV – XIX) век“, 23 – 24 јуни 2023, Крива Паланка, Славишки зборник бр. 4, стр. 69-77.

„Вардар – гласник на македонскиот национален и културен сепаратизам“, VIII меѓународна научна конференција „Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања“, 28 – 29 јуни 2023, Скопје, стр. 143-151.

Ottoman cultural heritage in Balkan countries; ISBN: 978-605-74781-4-6, International Academic Conference on Economics, Business and Contemporary Discussions in Social Science, MIRDEC. 15-16 may - Lisbon, Portugal (online).

Меѓународна мобилност

Кандидатката реализираше студиски престој во Истанбул, Република Турција, од 14.11. до 19.11.2022 година во Народна библиотека; Државна библиотека – Бејазит; Библиотека при печатницата на весникот Македонија, Институт за туркологија; и во

Анкара, Р Турција, од 19.11. до 22.11.2022 година на Катедра за македонски јазик и литература при Анкарскиот универзитет, Претседателска национална библиотека.

Заклучок и предлог

Докторската дисертација на кандидатката м-р Марина Цветаноска, со наслов: „Цариградските топоси и македонската културна преродба“, претставува истражување во интердисциплинарното подрачје на културолошките студии. Изработката на оваа тема овозможува Цариград да се согледа како културен простор во кои преку етаблираните културни и образовни институции било овозможено да се афирмираат и да се врши трансмисија на македонските културни и национални преродбенски идеи. Резултатите од овој труд можат да поттикнат и други сродни истражувачи од областа на литературната историја, на културолошките проучувања, да извршат проучување и мапирање на значајни места во другите европски центри каде што се стекнувале со образование и каде што дејствувале македонските интелектуалци и македонските друштва во XIX век, а кои имаат несомнено големо значење за македонското културноисториско наследство.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Марина Цветаноска со наслов: „Цариградските топоси и македонската културна преродба“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Илија Велев, претседател, с.р.
Проф. д-р Валентина Миронска-Христовска, ментор, с.р.
Проф. д-р Славчо Ковилоски, член, с.р.
Проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева, член, с.р.
Проф. д-р Тодор Чепреганов, член, с.р.

Прилоī бр. 5

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“

3. Докторски трудови

Ред. бр.	Име и презиме на кандида-тот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	М-р Сузана Мицева	Од усното кон книжевното – фолклорните белези во современиот македонски роман за деца	From the oral to the literary – folklore features in the contemporary Macedonian children's novel	Проф. д-р Катерина Петровска-Кузманова	02 – 248 7.5.2026